РИСТО БУЖАРОСКИ

# ГАЛИЧКА ПОВЕСТ

# РИСТО БУЖАРОСКИ / ГАЛИЧКА ПОВЕСТ

НАШЕ
РЕВОЛУЦИОНЕРНО
МИНАТО

**БИБЛИОТЕКА НАШЕ РЕВОЛУЦИОНЕРНО МИНАТО**
— ЕДИЦИЈА СПЕЦИЈАЛНИ ПУБЛИКАЦИИ —

*Уредник*
Панде ТАШКОСКИ
*
*Соработник*
Атанас БОЈАРОВСКИ
*
*Редакција на материјалот за печат:*
М-р Драган ТАШКОВСКИ, Тошо ПОПОВСКИ,
Александар ХРИСТОВСКИ

*За издавачот: в. д. Главен директор*
Васко АНАСТАСОВ

РИСТО БУЖАРОСКИ

# ГАЛИЧКА ПОВЕСТ

НИК „НАША КНИГА“
СКОПЈЕ, 1976



Претседателот на републиката Јосип Броз Тито со својата сопруга Јованка Броз, придружувани од истакнати општествено-политички работници на СР Македонија во посета на Мавровскиот регион.



# *БЕЛЕШКА ЗА АВТОРОТ*

*Кога книгава веќе беше во печат, на 17 март 1976 година почина нејзиниот автор Ристо Бужароски. На неговите блиски и на оние што соработуваа во подготвувањето на книгава им е посебно тешко дека Ристо не ја виде отпечатена. Последниве години, овој човек кому животот му има поминато во практични акции низ Револуцијата и по неа, се фати за перото. И тоа со истиот жар и самопрегор како што знаеше да се бори и да раководи. Ристо Бужароски неизмерно многу го сакаше своето родно село, па врз прибирањето материјали за подалечното и поблиското минато на Галичник положи еден голем дел од и така разнишаното негово здравје. Веруваме дека низ редовите на оваа книга читателот ќе ја сети љубовта на нејзиниот автор кон Галичник, кон неговиот мачен но и богат со борби и отстојувања живот. Своите признанија и благодарност галичаните му ги изразија со следниве зборови при простувањето од него за време на неговиот погреб во Алеата на великаните на Скопските гробишта:*

*„На детска возраст како и твоите врсници, тргна по тешкиот пат на печалбарството, по корка леб, но и со една голема желба никогаш да не се разделиш од твојот и нашиот Галичник.*

*Твојот живот, почитуван Ристе, е своевидна големина. Уште како младинец, напоен со напредните идеали на Партијата и СКОЈ, Ти се определи за револуционерен пат. Уште од првите денови на нашата социјалистичка револуција се вгради себеси, давајќи значаен придонес во нејзиниот победоносен ȍд. Веднаш по доаѓањето на окупаторот во нашата земја и нашето село, Ти прв изрази револуционерен пркос очи во очи со окупаторот. Твојот пркос беше воедно и повик, галичаните масовно да ѝ се придружат на Народноослободителната борба во која животите ги дадоа над дваесет борци од нашето село.*

*И секогаш, сакан другар Ристе, и каде да се наоѓаше, Ти ќе посакаше за момент да се најдеш во Галичник, да му се восхитуваш на народниот мелос, кој ги испеал песните „Жали моме да жалиме“ и „Кондисал Ајрадин паша да ми го горит село Галичник“. И секогаш овие и многуте други песни за тешките печалбарски страдања ги следеше и ги пееше со насолзени очи. Со занес ги слушаше сказните за Ѓурчин Кокале од Лазарополе, за резбарите на Тресонче, Гари и Битуше, а не помалку ги сакаше луѓето од селата Растуше, Скудриње, Јанче, Велебрдо и сите други села и населби од Маврово до Дебар кои покрај твојот роден Галичник постојано ги посетуваше и непосредно разговараше со нив, за нивните проблеми и животот. Затоа беше сакан од сите и останувaш вечно сакан.*

*Ти знаеше да им се радуваш на сите успеси на нашата слободна татковина Социјалистичка и самоуправна Југославија, на Социјалистичка Република Македонија, на Галичник — тоа горостасо катче на Македонија, — како што го викаше Ти. За целиот свој живот, исполнет со извонреден ентусијазам и самопрегор, беше неразделно сврзан со Твојот и нашиот Галичник. Беше еден од оние што ги удрија темелите на задружниот живот во Галичник. Не паметиме ниеден собир, ниедно отчетување, без твоето присуство, без твоите зборови, кои често пати беа прекор. Но, прекор другарски и добронамерен кој отвора виделина, укажува на патишта и перспективи. Но во оваа година кога се подготвувавме да те посетиме во јуни на твојот шеесет годишен јубилеј од раѓањето и ти оддадеме достоен почит и признание принудени сме да го тоа чиниме сега на нашето опростување со тебе.*

*Ти, другар Ристе, последниве години се зафати да документираш многу настани од историјата на Галичник, далечната и блиската, со разубавена архитектура, со куќи поредени една над друга, во која со векови се опстојувало и се создавале вредности во богатата културна ризница на македонскиот народ. И ти лично, драги другар Ристо, напиша страници достојни во летописот на Галичник, а на нас твоите другари останува како аманет — порака да го овековечиме и да го издадеме делото на кое работеше последниве години за историјата на Галичник и блиските мијачки и други села. Тоа твое дело, ќе го објавиме и ќе биде читано од сите, посебно од младите кои толку неизмерно ги сакаше. Но, задната страница на ова дело сега ќе Ти ја посветиме Тебе. Тоа е нашиот долг кон тебе, како кон наш најблизок другар.*

*Твојот живот, другар Ристе е, едно трајно сведоштво што говори за светол лик на Револуцијата. Ова е единствена наша средба со тебе на која говориме ние, а Ти молчиш. Не те знаеме како таков. Те знаеме, и ќе те паметиме како непоколеблив, неустрашив, како храбар, хуман и отворен човек, како граѓанин кој го сакаше прогресот, верувајќи во моќта на работничката класа и самоуправното општество и како таков трајно ќе ни останеш во сеќавање ...“*

*Ристо Бужароски е роден во Галичник на 5 јуни 1916 година, во сиромашно печалбарско семејство. Детството и младоста му минуваат по типичната врвица што ја одредува печалбарската судбина. Кога го завршува основното училиште, на единаесетгодишна возраст, татко му го поведува на првата печалба. Две години слугува во една бакалница во Скопје, се разбира не само во дуќанот, туку и во куќата на газдата. Наредните две години работи во Монополот во Скопје, а потоа по печалбарскиот леб оди во Белград, — чиракува во млекарски дуќан, продава кисело млеко, чисти дворови и покриви од снег, пече костени на мангал и ги продава на белградските улици, а на осумнаесетгодишна возраст го прави и оној чекор, што како да е првата „повисока цел“ на печалбарот: отвора самостојна млекарска продавница. Но неуспева да „профитира“: наредната година го затвара дуќанчето — со загуба. И пак упорствувањето на гурбетчијата: во групи со други млади луѓе од Галичник се занимава со продавачка дејност, сè до позивот за војска. Во 1939 година се жени, а 1940—1941 постојано е повикуван на воени вежби во Дебар и во Кичево. На воена вежба во Дебар го зафтасува Војната. Кога фронтот на кралевската војска се распаѓа, Ристо се враќа во Галичник.*

*Во книгата за Галичник на Ристо Бужароски, ќе сретнеме доста податоци за времето пред Војната и за текот на НОБ во овој крај. Но, во оваа белешка да спомнеме дека тој е еден од најактивните учесници и актери на настаните.*

*Ристо Бужароски во периодот пред Војната постојано се движи во кругот на своите врсници печалбари и ги дели напредните погледи на мнозинството од нив, а во годините што непосредно претходеа на Војната, во Галичник младината внесува доста живост: тогаш се оформени две спортски друштва, а е формирана и драмска група која организира неколку претстави, меѓу кои и „Печалбари“ од Антон Панов. Бужароски е меѓу иницијаторите и*

*членовите на овие активности. Така сосема е природно што тој ќе се најде и меѓу првоборците на Народноослободителното движење од овој крај.*

*Окупацијата во овој крај, како и во целата земја, е примена со големо огорчување. Својата огорченост посебно ја искажуваше младината. Ристо Бужароски, поради јавната манифестација на бунт и непокорност е и апсен од окупаторите во западниот дел на Македонија.*

*Но неговото вистинско, свесно приоѓање кон борбата на КП, Бужароски му го припишува на личното влијание на Борис Канчески кој го воведува во идеологијата на комунистичкото движење и на борбата против окупаторот што ја води КПЈ. Есента 1941 година по три дена работа, Канчески го одредува Ристо за кандидат член на КП. По директива од Канчески Бужароски работи до мај 1942 година, кога станува член на келијата на КП што се формира во Галичник.*

*Една година Ристо Бужароски во Галичник ги врши задачите на Партијата, а посебно е задолжен за опфаќање во заедничката борба на луѓето од другите мијачки села: Селце, Росоки, Тресонче, Лазарополе и Гари. Во 1942 година во овие села се формирани групи на КП и месни народни одбори.*

*Во мај 1943 година Ристо оди во партизани како придружник на Елисије Поповски — Шпанец, а потоа е борец на Тетовско — Кичевскиот одред. 1943 година Бужароски е командир на чета, но на таа должност есента истата година е тешко ранет на Буковиќ. Кога почна Февруарскиот поход, како тежок раненик е испратен на лекување во Галичник при тамошната партиска организација. Рано пролетта во 1944 година, како излекуван, Ристо се враќа во партизани и набргу ја презема должноста командир на чета, а веднаш потоа и командант на придружниот баталјон на Првата македонска ударна бригада и заменик командант на Бригадата. На Сремскиот фронт, во македонскиот Петнаесетти корпус, Бужароски е заменик командант на Втората ударна бригада и заменик командант на Четиринаесеттата младинска ударна бригада. На Сремскиот фронт Бужароски е два пати полесно ранет.*

*По ослободувањето Ристо Бужароски зазема високи должности во ЈНА и во цивилната управа. Од ЈНА е преминат во резерва во 1953 година во чин потполковник.*

*Првата функција во цивилство му е претседател на Околискиот народен одбор во Дебар, а потоа зазема и редица други функции: претседател на Задружниот сојуз во Тетово, главен директор на „Стококооп", генерален директор на Југословенската земјоделска банка за СРМ, а освен тоа полни 12 години е народен пратеник, член е на Р. З. сојуз на СРМ, член на управниот одбор на Стопанската комора, претседател на Советот на Рибарскиот завод на СРМ, претседател на Управниот одбор на Климатско-бањските лечилишта, претседател на сојузното здружение и делегиран член на меѓународното друштво на овие лечилишта, претседател на фудбалскиот клуб „Вардар", член на Републичкиот одбор на здружението на борците од НОВ, а како пратеник ги врши и должностите претседател на Одборот за земјоделие при Стопанскиот собор на собранието на СРМ и претседател на Одборот за буџет на собирот на Собранието на СРМ, од која должност оди во пензија.*

*Бужароски е носител на „Партизанска споменица 1941" и на повеќе мирновременски и воени одликувања: Орден за храброст, Партизанска ѕвезда од III ред, Орден братство и единство II ред, Орден за заслуги за народ III ред, Орден на ЈНА и Орден на трудот од II ред.*

населението на овие општини. Така сосема е природно како тој да се најде и во редовите на Народноослободителното движење во овој крај.

Окупирајќи го овој крај, како и во некои села, [illegible] бугарските окупатори [illegible]

[illegible]

Оваа година Ристо Бужаровски во Галичник [illegible] 1942 година [illegible]

[illegible]

По ослободувањето Ристо Бужаровски извршува одговорни должности и во армијата успешно. Од ЈНА е преведен во резерва во 1953 година со чин потполковник.

[illegible]

Бужаровски е носител на Партизанска споменица 1941 и на многу други одликувања: Орден за храброст, Партизанска ѕвезда со III ред, Орден братство и единство II ред, Орден за заслуги за народот III ред, Орден на ЈНА и Орден за труд со II ред.

# КОН ОВАА КНИГА

Книгата „Галичка повест“ од Ристо Бужароски е меѓу првите и ретките потфати да се даде поцелосен и покомплексен приказ на Галичник, на неговиот живот и развиток од првите денови на неговото постоење, па сè до денешен ден. Досега за Галичник и неговите жители пишувано е главно фрагментарно или пак во рамките на дела кои се занимаваат со опишување на целата мијачија.

Меѓутоа, развитокот на Галичник поради својата значајна улога во историјата на македонскиот народ од времето кога неговите синови великани Партение Зографски, Ѓорѓи Пулески, Панајот Гиновски и други одиграа извонредно значајна улога во периодот на националната преродба, па сè до најсудбоносните денови на развојот на македонскиот народ 1941—1944, кога неговите жители во и вон селото дадоа значаен придонес во народноослободителната борба, заслужува да биде проучуван и опишуван. Мотивиран пред сè од големата љубов кон своето родно место, Ристо Бужароски ја согледа неопходноста комплексно да се изучува развојот на ова историско село и се нагрби со тешка задача да напише една целосна повест за Галичник, од неговите почетоци, па до сегашно време.

Во остварувањето на оваа своја благородна мисла Ристо Бужароски не појде по најлесниот пат врз скудни веќе издадени книги и написи, на брза рака да создаде краток поцелосен историски прирачник за селото. Согледувајќи ја сиромашноста и парцијалноста на постојниот материјален авторитет, покрај тоа што пристапи кон собирање на сè она што е напишано за Галичник, кај нас и во светот. И самиот тој се ангажира да собира до сега непознати факти од целокупниот живот на Галичник во минатото. Ристо Бужароски макотрпно, совесно и педантно, со голема настојчивост по пат на анкетирање на постари галичани, или други луѓе кои знаат за Галичник, како и на други начини — прибирање на фотографии, дневници на одделни луѓе, предмети од животот на селото во минатото и слично — по седумгодишна напорна работа успеа да создаде еден многу обемен ракопис, кој сам по себе има определена документарна вредност поради своите изворни материјали. Затоа овој труд на Бужароски претставува и определен пионерски потфат во собирањето на граѓа за историјата на Галичник.

Ние двајцата како редактори на материјалот, поради ограниченоста на обемот на книгава што му се нуди на читателот, од обемниот ракопис извршивме подбор на материјалот и определени редакции без да внесуваме какви и да се поправки и дополнувања, настојувајќи до максимум да се сочува автентичноста на она што авторот го напишал. Поради тоа, сакаме да истакнеме, дека книгава „Галичка повест“ е оригинално дело на Ристо Бужароски.

Авторот на „Галичка повест“ од самиот почеток на својата работа на книгата пред себе, затоа што немаше услови, не постави за цел да создаде

строго научен труд. Но, сепак тој, наслонувајќи се на бројни материјали и факти на читателот успева да му го прикаже сè она што е позначајно и побитно во долгата, сестраната и богатата историја на Галичник. И не само тоа. Авторот Бужароски, покрај тоа што на популарен начин ни го прикажува и стопанскиот, политичкиот и културниот развиток на Галичник, ни дава значајни податоци за состојбата во сточарството како главно занимање на галичаните, почнувајќи од бројот на овците и ергели коњи, преку арамилокот и борбите со арамиите, сезонските преселувања на огромни стада овци од Бистра во Солунско поле и обратно, потоа трговијата со млечни производи и друго, па сè до разјаснувањето на некои културни проблеми карактеристични не само за Галичник туку и за Македонија во целост, кои поради недостиг на материјали останувале во македонската историографија неразјаснети. За нашата историја се од особена вредност оние податоци што авторот Бужароски ни ги дава за членовите на семејството на нашиот преродбеник Ѓорѓи Пулевски што беше и предмет на мистификација. Исто тоа се однесува и на податоците кои говорат како биле прифатени бугарската и српската пропаганда во Галичник и мијачкиот крај, чии попови, учители и жителите во целост, следејќи го примерот на своите големи предходници Партениј Зографски, Ѓорѓи Пулевски, Панајот Ѓиновски, Исаие Мажовски и други и покрај големите пари ш тобеа готови да ги дадат споменатите пропаганди, упорствуваа со своето македонство.

Книгата „Галичка повест“ има своја вредност не само како труд кој најшироката јавност ја запознава со ова историско место, туку претставува и еден ценет прилог за идното научно обработување на историјата на Галичник и мијачијата во целост. Затоа книгата на Ристо Бужароски претставува како предизвик за натамошни истражувања и систематското обработување на севкупниот историски развиток на овој, за Македонија така значаен, крај. Самиот автор, Бужароски, вели дека неговиот труд е „предизвик на нашата млада историска наука за да направи темелна студија не само за Галичник, туку и за целата мијачија, бидејќи Мијаците како племе даваат благородни можности за научно изучување со што би се збогатила и историјата на македонскиот народ.“

Ристо Бужароски со оваа своја книга не само што достојно му се оддолжи на својот Галичник, и на македонската историска публицистика во целост, туку со ова тој ги задолжи и ги обврза и галичките и макадонските млади историчари и научници да се зафатат со натамошно проучување на галичката и мијачката историја и да „им дадат, како вели авторот, на идните поколенија пристап до нивните дедовци, прадедовци и натаму.“

М-р Драган Ташковски и Тошо Поповски

## *ПРЕДГОВОР НА АВТОРОТ*

*Кога се решив да пишувам книга за Галичник, свесен бев за многуте тешкотии што стоеја пред мене. Ми беше јасно дека не ќе биде едноставно да се прибере изворен материјал за времето од животот на селото за кое живи сведоци нема. Знаев дека не ќе можам многу да се опирам ни врз она што е напишано до ослободувањето за Галичник и мијачијата, бидејќи во тоа има необјективни и пропагандистички наметнувања и обиди да се докаже бугарската или српската припадност на големото, прекрасно и богато село Галичник, како и на целиот Малорекански предел. Знаев дека, со оглед на местото на Галичник во историјата на Македонија, досега доста недоволно е пишувано и од нашата македонска наука, на чии дела со голема сигурност би можел да се потпирам.*

*Морам да речам дека поедноставно ми се чинеше ако пишувам за поновата историја, времето пред Војната и времето на НОБ, за кој период ми остануваше да го изнесам своето видување на настаните, или да ги консултирам оние кои во тие настани беа актери.*

*Знаев дека за целата обврска со која се нагрбував оти и немам некои квалификации. Јас сум само со основно образование, а пред тоа немав никакво искуство во пишување слични трудови како овој што имав намера да го напишам.*

*Сепак, сето тоа не ме исплаши толку за да не почнам со работа.*

*Да се обидам да објаснам зошто, сепак, останав така упорен да се зафатам со оваа работа, која, како што реков, знаев дека за мене ќе биде напорна и макотрпна.*

*Уште од рана младост многу сум бил љубопитен кога се кажувало за минатото на моето родно село. Сум го голтал секој збор од постарите кога раскажувале за Галичник, но посебно ме возбудувале многучасовните раскажавања на деда ми Доксим Филипоски и на баба ми Стаматица Бужароска. Најмногу ме поткрепуваше воодушевувањето од фактот дека Галичник во сите фури и ветрови, со векови наназад, отстојувал и растел, — растел не само по бројот на домаќинства, туку и економски. Таков пример ретко може да се сретне*

*и пошироко. Растежот на селото можел да се постигне само со една висока, специфична сплотеност на целото село, — без оглед на социјалните разлики, кои во сите времиња постоеле.*

*И покрај многуте нафрлувања врз селото, во Галичник е зачуван македонскиот дух за време на отоманското ропство, а на туѓинските пропаганди од соседите, подлегнувале само ретки поединци, — но и тие не поради убеденост во големо српството или големо бугарштината. Арамиските банди со векови и до скоро биле една од најтешките црни чуми, но и покрај грабежите и убиствата, селото отстојувало. Борбениот дух на Галичник се изрази и во масовното активно учество во националните борби, во Илинденското востание и во НОБ и Револуцијата 1941-1945 год.*

*Галичник има дадено видни преродбеници. Негови синови се Партение Зографски, Ѓорѓи Пулески, Панајот Ѓиноски и многумина други. Мијачката зографска школа е прочуена и далеку вон границите на Македонија, а нејзе ѝ припаѓале цели тајфи од Галичник.*

*И сите тие податоци, но не само тие, не можеа да ме остават рамнодушен, — ме поттикнуваа и јас да кажам онолку колку што знам и колку што ми допуштаат силите, за далечното и поблиското минато на моето родно село.*

*Посебно бев поттикнат од најновата состојба, што е најизразита негде од 1955—1956 година, кога почна селото масовно да се раселува и да ги затвора портите на своите куќи, познати со својата чудесна архитектура. Знаев дека колку сме поблизу до она што го снемува, трагите се колку-толку посвежи. Оти времето, колку врви, ги покрива.*

*Отпрвин се обидов да поттикнам некои写 писмени од мене да пишуваат за галичката историја. Кога во тоа не успеав, цврсто решив сам да почнам со пишување, барем со тоа, а не како со свршена работа, да им дадам предизвик на младите историчари да се зафатат со попродлабочена и постручна обработка на материјата за Галичник. Ако барем во тоа успеам со оваа книга, за мене тоа ќе биде животна награда.*

* *
*

*На крај сакам да им оддадам признание на сите оние што ми дадоа несебична помош со свои искажувања. Анкетирав преку 450 лица од Галичник, Лазарополе, Дебар, од Долна и Горна Река, од Крушево, Гостивар, Софија, Солун, Дебар, Белград и Цариград. Повеќето од тие луѓе се стари над седумдесет години. Ми ги пренесуваа своите лични спомени или сеќавањата од раскажувања на од нив постарите.*

*Им благодарам на другарите учесници во НОБ и Револуцијата кои зедоа големо учество во делот од книгава што се однесува на периодот од 1918 до 1945 година. Всушност, тој дел може да се смета*

*како колективна обработка на настаните, а мене затоа ми се олесни работата. Посебно, за активниот удел во тој дел, им благодарам на првоборците од мојот крај.*

*Голема благодарност им оддавам на повеќе претпријатија и задруги за финансиската помош преку претплата за книгава, која одеше директно на сметката на издавачот „Наша книга" Скопје, со што се овозможи издавање на книгава. Посебно благодарам на сите општествени фактори од Гостивар за дадената помош и поддршка.*

*Материјалните трошоци поврзани со прибирање на материјалот за книгава не беа мали. Трудот, се разбира, исто така не беше мал. Од издавачот е исплатена само цената за дактилографските и редакциските трошоци. Од својте права се откажав како личен подарок кон овој потфат.*

*
* *

*Се чувствувам бескрајно многу задолжен за сè што сторила за мене мојата другарка Ана, од стапувањето во брак, низ времето на НОБ и Народната револуција, сè до денеска. Таа се лишуваше од многу лични задоволства, за да ме поддржи во сите мои потфати, па и во оваа, за мене прилично макотрпна работа врз книгава. Нејзината толерантност полни седум години, откако работам на овој труд, значеше повеќе од височина. Редовно ме придружуваше кога одев во потрага по материјали и ми го крепеше духот да издржам до крај. И материјалните трошоци не беа мали, но таа за сè имаше разбирање.*

*Книгата за Галичник ѝ ја посветувам на мојата другарка Ана Бужароска.*

*Со нејзина согласност, оваа книга нека биде подарок и оддолжување од неа и од мене за нашиот крај.*

*Март 1976 год.* *Ристо Бужароски*

како колективна обработка на песните, а мене ме гонеше да ја осетам работата. Посебно, за активниот удел во тој дел, му благодарам на првоборците од мојот крај.

Голема благодарност им должам на многу пријатели и организации за финансиската помош преку претплатата за книгата, која ја вплатија директно на сметката на Изданието „Наша книга" Скопје, со што се овозможи издавање на книгата. Посебно благодарам на сите одговорни фактори од Гостивар за големата помош и соработка.

Материјалните трошоци поврзани со прибирање на материјалот за книгата не беа мали. Трудот, се разбира, исто така не беше мал. Од Изданието ја испитувам само цената за фактографирањето и реализацијата трошоци. Од своја страна се откажав како давател монтерок кон овој потфат.

* * *

Се чувствувам бескрајно многу задолжен за тоа што отвори за мене мојата другарка Ана, со ентузијазмот во периодот на времето на НОБ и Народната револуција, се во семејата. Таа се ангажира огромно многу заедно, за да не изгубам ниту една потрага, па и во оваа, за мене пријатно мачна работа врз книгата. Нејзината колегијалност и помош, тоа обично само ребелиот на оваа група, започнувајќи од многу време. Разбирливо, придонесите каде свои ги потврди ги материјалите на пр пожелувам, оттука тие при сврт. И материјалните трошоци не беа мали, но тие ги се внесе работи.

Книгата за Галичник ѝ ја посветувам на мојата другарка Ана Бунтевска.

Со целосна согласност, оваа книга нека биде подарок и за моите другари од неа и од мене за нашиот крај.

Март 1970 год.

Ристо Бунтевски



## НАСЕЛУВАЊЕТО НА ГАЛИЧНИК

Името на селото Галичник првпат во пишуваните документи се споменува во втората половина на 14 век. Потоа во Тимор — тефтерот од 1493 година. Но 508 ( тефтерот се чува при Претседателството на владата во Цариград) Галичник како и други мијачки села се споменува како напуштено село, а неговото име се бележи и во документите од 16 век.

Меѓутоа, во многу трудови кои целосно му се посветени на најголемото мијачко село или кои делумно зборуваат за него, се дадени според мене доста основани хипотези според кои Галичник како село е старо над илјада години. Во овие трудови е искажано тврдење оти мијачкото племе му служело на цар Самоил, а некои автори со свои факти ја оживуваат легендата, која и денеска се одржува меѓу галичаните, за врските на Галичник со првиот архиепископ охридски Јован. Охридскиот архиепископ потекнува, според Голубински, руски научник од минатиот век, од областа Агноандика (Дебар, Дримкол и Река). Според сите досегашни преданија Дримколци се по потекло Мијаци, како и цела Река. Јован ги обиколувал чукарите по Бело-Брдско, Песогорица и Јанче до Галичник. Тоа е во периодот до 1018 година. По Голубински, Јован е роден во село Јанче.

Се споменува оти малото првобитно црквиче света Петка во Галичник е подигнато на иницијатива од калуѓерот Јован кому Галичаните му носеле секој ден по едно лепче или секој петок по пет лепчиња. Поради петте лепчиња кои му се давани на калуѓерот Јован, кој во 1018 година станал архиепископ охридски и на таа положба останал сè до 1037 година, има толкување дека е именувано местото во Галичник Петти Леп. Името на ова место по едно друго мислење е дојдено поради петгодишниот престој на Јована во овој предел (од 1014—1019 година).

И градбата на манастирот Свети Јован Бигорски како и самото име на манастирот се доведува во врска со првиот охридски архиепископ, а се наведува и фактот оти не би постоела потреба за неговото градење кога во овие предели не би имало фатено корен мијачкото племе и најголемото мијачко село Галичник.

Иречек, пак, следејќи ги правците на движење на поразената Самуилова војска, конечно се допира на фактот оти таа го минала Вардар и отседнала во западните краишта на Македонија. И историчарот Шлимберже е на исто мислење како и Иречек.

Споменатата врска на мијачијата со Самоиловите војски, им дава право на Мијаците, секако ако е наведеното точно, да се сметаат како спомагатели не само на Јована, туку и на Самуила, за кого се вели дека регрутира храбри борци за својата војска од племето Мијаци. Иречек смета, оти луѓето од Дебарската област (Дебар, Дримкол и Река), се сметаа за болјари со аристократска гордост.

Една од големите мијачки одлики е пренесувањето и прераскажувањето на главните собитија и доживувања на помладите генерации од колено на колено. Таквите пренесувања и прераскажувања се како еден вид воспитување и бодрење на духот на помладите. Па и тоа ни укажува на можноста за одредување на времето во населувањето од првите доселеници галичани.

Не се задоволив само со тие раскажувања, како што не се ослонив само на цитираните истражувања од други. Појдов по трагите на легендите за со нешто подоказателно документирање да ја потпрам категоричноста на тврдењето за староста на Галичник. Од повеќето легенди со ваква содржина јас одбрав неколку.

## ЛЕГЕНДАТА ЗА ЛЕВЕНДИ ЃУРО

Едно од најстарите кажувања кое и денес живее кај галичаните е легендата и песната за Левенди Ѓуро. Таа легенда е најдоследно пренесувана со векови, а се врзува уште за староселските колиби. Левенди е грчки збор, кој означува храброст, гордост. Левенди му е додадено дека Ѓуро бил храбар и самостоен. Тој најдалеку се отиснал со своите овци од месноста Старо Село и се сместил во планината Солумуница за да го пасе своето стадо. Солумуница е скоро еднакво оддалечена од Старо Село, Галичник, Кичево и Маврово и е најзасолнета од врвици и патишта, па му овозможувала најспокојно да го напасува своето стадо. Како што кажува легендата, тука покрај колипката за живеење е умрен и закопан.

Според легендата и песната, во Старо Село е дојден од Панонија, овча наија, од селото Ѓелемерија, сега на грчка територија. Со него е дојден и неговиот брат Стојан, а во с. Ѓелемерија е останата една нивна сестра која се викала Марија .Ѓуро не бил женет, а имал, кога дошол во Старо Село, околу 30 години. Стојан е помлад од него а и тој не бил женет. Кога се сместил во Старо Село, како во место за живеење, во селото веќе имало пред него дојдени доселеници. Со Стојана се ределе — еден дома, еден кај овците во Солумуница.

Еднаш Ѓуро не дошол дома на договорениот ден за смена со Стојана. Брат му почекал до утредента, па кога и тогаш не дошол, Стојан тргнал во Солумуница да види што е со Ѓура. Во придружба

со него тргнале и некои од комшиите. Кога стигнале во Солуминица го нашле Ѓура болен. Ѓуро го пратил Стојана во нивното старо село Ѓелемерија, за да му ја донесе сестра му Марија. Ѓуро му вели на Стојана:

*Ој ти бре брате, брате Стојане,*
*Јавни си коња, коња дорија,*
*От слези долу во Панонија,*
*Во Панонија овча наија,*
*Овча наија село Ѓелемерија,*
*Да ми ја викнеш сестра Марија.*

Стојан го јавнал коњот и отишол по сестра им. Кога стасал дома во с. Ѓелемерија, за да не ја исплаши Марија, не ѝ кажува оти е болен Левенди Ѓуро, туку и вели да облече најубаво руво, руво велигденско и да оди со него кај Ѓура, зашто Ѓуро ќе се жени. Песната понатака вели:

*Ај ти бре сестро, сестро Маријо,*
*Облечи руво, руво велигденско,*
*От ми те викат Левенди Ѓуро,*
*Левенди Ѓуро, ќа ми се женит.*

Марија на повикот се зготвила и најубаво се облекла и тргнале со Стојана во Солуминица. Кога наближиле на Марија и станало сомнително, викањето зашто Стојан бил многу замислен и му вели во песната:

*Ај ти бре брате, брате Стојане,*
*Зашто пилиња, жалосно пејет,*
*Да не је болен, Левенди Ѓуро?*

Стојан на Марија и вели:

*Овде имает секакви пилиња*
*Затеја таке, жалосно пејет.*

Кога наближиле до Солумуница, Марија не само што не се смирила, туку била уште повознемирена без оглед на одговорите Стојанови. Понатака во песната му вели Стојану:

*Ај ти бре брате, брате Стојане,*
*Зашчо овде мирисат темјанoвина, —*
*Да не ја умрен Левенди Ѓуро?*

Стојан веќе и самиот вознемирен од Марijиниве предчувства, повторно се обидува да ја смири:

*Овде имајет секакви цвеќиња*
*Зате мирисат темјановина.*

Кога дошле поблиску до колипката, Марија видела повеќе луѓе, а меѓу нив е иден поп на тумбичето. Навистина конфигурацијата на теренот е таква што кога се иде од Кичево за Солумуница, ритчето и колипката се гледаат и од поголема далечина. Марија, целата растреперена, го праша Стојана:

*Ај ти бре брате, брате Стојане,*
*Зашчо се збрани онолку луѓе,*
*Зашчо је со них и еден поп?*
*Да не је умрен Левенди Ѓуро?*

Стојан не можел повеќе да ја држи Марија во неизвесност, бидејќи и самиот од глетката се уверил оти е умрен Левенди Ѓуро, па на Марија и вели:

*Ој ти мила сестро, сестро Маријо,*
*Не ми је умрен, Левенди Ѓуро,*
*Тук ќа се женит за црна земја,*
*За црна земја, за Македонија.*
*Зате се збрани онолку луѓе*
*Затеја имат и еден поп.*

Марија писнала и го потерала посилно коњот. Кога дошла пред колипката го нашла умрен Левенди Ѓуро, но сеуште незакопан. Марија се онесвестила, дури во некои верзии се вели дека и таа умрела од жал.

Песната, легенда за Левенди Ѓуро ја забележав по кажувањето на Милан Цинцароски и на Ружа, Трајчевица Муратоска.

Се разбира, легендата како легенда, не дава егзактни податоци, но извесни указанија содржи. Така, на пример, споменувањето на зборот **наија** („во Панонија овча **наија**“) кој потекнал во време на турското владеење, потоа стиховите — „Тук ќа се женит за црна земја, За црна земја за Македонија“, кои во легендава секако влегле во блиско време, преку комитските песни, укажуваат на начинот на изменувањето на легендата. Оти, како што ќе видиме, гробот што се поврзува со името на Левенди Ѓуро е стар околу илјада години.

Направив еден напор да ја потврдам староста на овој гроб, како и староста на други гробови околу Галичник, за да се добие појасна претстава од кога се населувани овие предели. Меѓутоа не сакам да бидам категоричен за тоа од какво потекло е ова население, бидејќи за тој вид тврдење не се чувствувам квалификуван.

Освен гробот што легендата му го припишува на Левенди Ѓура, откопав и два гроба во месноста Света Петка и два пред црквичето во местото Старо Село. Остатоците од скелетите беа прегледани во Институтот за судска медицина и беше установено оти коските се стари околу илјада години, освен еден скелет од Света Петка чија старост беше оценета на 900 години.

По раскажувањата на мнозина стари галичани, кои ги слушале преданијата од колено на колено, селото Сушица и селото Галичник првобитно биле населени како една населба во месноста Старо Село, нешто во Света Среда и нешто во месноста Света Петка. Сите тие три месности сочинуваат една целина, а и сега постојат белези на првобитните колиби и темелите со нешто ѕид од старото црквиче во Старо Село. Од оваа месност галичаните и сушичаните се истовремено иселени на сегашните месности на с. Галичник и с. Сушица.

Причината за напуштање на местото Старо Село е на два начина раскажувана и тоа: прво, дека нешто преди илјадата година завладеала болеста чума и дека од таа причина избегале во сегашната месност. Таа прва верзија за мене е неприфатлива, зашто избраните месности на с. Сушица и с. Галичник, кои се еднакво оддалечени од Старо Село, на по околу 3—4 км. претставуваат мала заштита од таа страшна заразна болест. Втората верзија кажува дека избил голем пожар, што ги зафатил скоро сите колиби. Кога веќе биле приморани повторно да подигаат какви такви домови за живеење, тогаш побарале посигурни месности, зашто Старо Село е прилично голема глапка со надвиснати ридишта околу неа. Од друга страна, Старо Село било врвица, зашто низ него минувал патот Дебар — Бистра — Маврово — Гостивар, па жителите сакале и од тоа да се куртулат зашто морале да трпат секакви наезди при преминувањето на несаканите минувачи. Сето тоа ги натерало да сакаат посигурни погодности за обновување на своите домаќинства. Едни ја одбрале сегашната месност Галичник, а други сегашната месност Сушица, па така и настанале овие две сегашни села. За мене е сосема прифатлива втората верзија.

Првите колиби биле подигани со лесен материјал, воглавно со проќе и кал, а од темел биле помалку подѕидани, нешто налик на подоцнешните бачила по Бистра. Покасно со оформувањето на новите месности, веројатно подучени од пожарот, почнале да ги прават куќите во Галичник и во Сушица од потврд материјал, повеќе од камен и греѓе.

## ПРАВЦИТЕ НА ДОСЕЛУВАЊЕТО

Како во првата месност староселска, така и во новата месност Галичник, доселениците доаѓале од три главни правци. Во таа смисла ни укажуваат сите стари раскажувања на галичаните како и многу историчари и други писатели во трудовите за Галичник. Првиот правец од каде што се доселувале во ова место е Галик и околината на Галик, кои се во близина на Солун. Вториот правец на доселување е од внатрешноста на Македонија, пред сè од Мариовско и Дримкол. Првите не се од мијачкото племе, а второве, Дримколциве, се нешто од племето мијачко, а нешто не. Третиот правец на доселување е од внатрешноста на Албанија, воглавно од реонот на Дурус и Елбасан. Има некои указанија дека некои фамилии се доселиле и од реонот на Санџак и Нови Пазар, тоа не е потемелно утврдено, но како претпоставка може да се прифати.

Најголемиот број доселеници се од реонот на Галик.* Тоа е непобитно и со голема сигурност утврдено. Во реонот на Галик живееле припадници на мијачкото племе, па и името Мијаци е донесено со доселениците. Главните занимања и таму биле овчарство и нешто полоделие. Обичаите кои ги донесле првите доселеници, секако се покасно изменети во нешто, додека белезите на тие обичаи се задржани и до поново време. Носијата која ја употребувале додека биле во реонот на Галик е слична со подоцнешната носија во Галичник, но набргу биле приморани во нешто да ја менуваат, пред сè поради големите разлики во климата помеѓу Галик и Галичник. Носијата е сообразувана со приликите на надморската височина од 1300 метри како и до близу 2000 метри на која што се сместени некои бачила каде што ги паселе овците. Со време носијата е толку изменета со внесување низа новини, што сосема се губат белезите од првобитната носија, посебно во најново време, кога таа станува многу убава и атрактивна. Во говорот од првобитните доселеници, покасно, па до најновото време, разликата секако е прилична, но основниот дијалект е задржан онака како што се зборувало таму.

И по доселувањето на жителите од Галик во Галичник, тие во зимските месеци се враќале со стадата назад во топлите реони. Покасно, кога се зголемува бројот на добитокот и нараснува на десетици илјади, се одбираат и други реони во Солунско, па и понатаму. Галичаните отсекогаш го користеле реонот на Енице Вардар. На тој начин се смета дека долго време се одржувала врската на доселениците со нивната првобитна постојбина Галик. Има раскажувања од стари галичани оти долго време и роднинските врски се одржувале, па и затоа галичките полуномади, со нивните овци, радо се примани во тие реони.

Доселувањето од внатрешноста на Македонија, од Мариовско и Дримкол, сосема е потврдено со постоењето и сега на многу свежи сеќавања од некои членови на тие семејства. Една од тие

фамилии е старата фамилија Влческа која е дојдена од Мариово, а не се Мијаци. За оваа фамилија ќе биде даден подоцна детален опис, зашто таа е по низа елементи многу интересна. За доселениците од Дримкол е исто така свежо сеќавањето во фамилијата на Кецароски кои се од таму доселени во релативно ново време. Дури се смета дека од оваа фамилија има многу иселени и во други правци на Балканскиов Полуостров.

Податоците за третиов правец на доселувањето, од Албанија, се исто така со голема сигурност утврдени. Се смета дека тие не се албански поданици, туку оти се и самите доселени како дел на словенското племе Мијаци, кои претходно, барајќи погодни места за живеење и овчарење, прво допреле до наведените реони во Албанија. Од таму сè повеќе фамилии постапно се доселени во Галичник. Претпоставката е дека не само поради убавите погодности што им ги пружа Бистра Планина и другите планини околу неа, туку дека и поради пријателски, роднински и познанички врски се довлечувани во новата месност, во Галичник, зашто се претполага, а се има и некои сведенија, дека и тие се по потекло од реонот на Галик. Овие, кога дошле од тоа подрачје, изгледа уште во Албанија, почнале да ја сообразуваат носијата која во прво време немале многу голема разлика од носијата галичка и албанска, — арнаутска, освен што била нешто поизразита разликата во женската носија. Ако веќе рековме дека и овие доселеници од реонот на Галик постапно, по етапи, ,се доселувани во Галичник произлегува оти во обичаите и навиките немало меѓусебна голема разлика и, што е уште поважно, тие кога се доселувале во Галичник сè со задоволство примани од староседелциве, за разлика од оние кои се дојдени од Мариовско, а не биле припадници на племето Мијаци.

Тие се воглавно правците од каде дошле првите доселеници, а покасно постепено долго време доаѓале нови фамилии. Се претпоставува дека тој процес траел сè до времето на Ѓорѓи Кастриоти. Оттогаш наваму Галичник претежно се развивал од својот сопствен прираст, што, пак повторувам, не значи оти не доаѓале и нови доселеници.

Уште на почетокот да речеме, ако тоа ќе биде покасно подетално изнесено, дека во Галичник до 1843 година имало неколку муслимански семејства, наречувани од турско потекло. Не, тие не се дојдени во Галичник како доселеници со исламска вероисповест, туку во самото село како Словени ја примиле таа вера, во ерата кога е вршено масовно потурчување, изгледа уште пред појавата на Синан Паша. Што значи, тие се потурчиле, а во наведената 1843 година повторно се покрстени од страна на познатиот првенец галички и мијачки Томо Томоски „Ќејаја". Дека е така ни укажува и презимето на една од тие покрстени фамилии која денеска се презива Паковци и има прилично разгранато семејство. Паковци го добиле презимето по галичката изрека за нив: „Бее овци и пак се вратие во стадото, пак овци станае". Што значи дека биле помаци

и се вратиле пак во својата вера. Или: пак — овци, се вратие пак — овците во своето стадо и така им останува презимето Паковци. Има верувања од некои дека еден дел од тие муслимански фамилии се дојдени во селото како такви. Таа претпоставка е сомнителна од проста причина, што се знае дека галичаните нерадо примале и христијански жители кои не се од племето Мијаци, а камоли да се прифатат луѓе од друга вероисповест. На крај, таа традиција и се докажува со најновото покрстување во 1843 година.

## КАКО СЕ ОФОРМИЛ ГАЛИЧНИК ПО МААЛА

Кога го одбрале староселците ова место за ново живеалиште, местоположбата била густо обрасната со четири вида шума, и тоа: борова, чамова, букова и дабова. Горната страна, почнувајќи од Пеш во правецот Бундалевци, Бошњаковци, Скала, била претежно борова и чамова шума. Во сред село долу до Кокошарник, од Чучка спрема реката Ѓиневица и отспроти, виреела букова шума. Во месноста околу Пулевци и нешто подолу била дабова шума која и сега ја има во лоша и закржлена состојба. Значи, Галичник со сегашниот изглед, сосема гол, ни не лични на тогашната положба, кога староселците го одбрале за населување. Системно и организирано ја секле шумата со намера да обезбедат поарен видик за одбрана на селото од разни нафрлувања на арамии и други натрапници, а втора причина е, но секако помала, за да може овците, козите и коњите, поблизу да ги пасат околу селото и пак да можат да ги бранат, пред сè од луѓе, а и од дивеч. Тие се причините што Галичник денес е сосема гол, без шума, зашто и понатака со помасовното растење на домаќинствата и со зголемувањето бројот на стоката потребите за отворен видик биле уште поголеми, оти пак и арамилакот расте. Така шумата е исечена и не е обновена. Дури ни карши село не дозволувале да се спушти шумата подолу од патот, кој врви од Песогорица кон Маврово над Куцулова ливада, баш од исти причини. И Ѓурѓево Брдо е оставено голо за да обезбеди што поголема прегледност. Ѓурѓево Брдо е во многу нешта интересно за галичката историја, па затоа и посебно ќе зборуваме за него.

И понапред рековме дека по доселувањето во новата месност, жителите подучени од пожарот староселски, со доаѓањето во сегашнава месност, почнале куќите да ги прават многу потемелно и од потврд материјал. Според раскажувањето на стари галичани, а други документи нема, првите куќи доселениците староселски ги изградиле во Оне Мало. Тоа е кај Пулевци, Тортевци и околу црквата Света Петка.

Мнозина мислат оти се Пулевци најстара галичка фамилија. Но изгледа дека Пулевци се едни дури од релативно поскорешни доселеници. Верувањето дека се стари доселеници зема како

доказ што дабовата шума во Галичник и денес се вика Пулев Орман. Пулев Орман е наречена не поради староста Пулеска, туку затоа што е таа куќа подигната од прилика насреде дабовиот орман кај што и сега дабчињата се до самиот нивни двор. Оттука е и именувањето Пулев Орман. Причините за првото подигање куќи на ова подрачје се следните: Во месноста галичка, во суровите зими тоа маало е најтопло, сончано и ниско. Многу подоцна зафаќало невреме наесен и многу порано снегот напролет окопнува. И месноста пред сè во близината на селската мала река како и Гиневица им овозможувала да имаат и по некое какво такво градинче. Таа месност, поправо тоа маало, е поблизу до Скала и Укален и патот кој води за село Јанче и кон Радика. На тој начин и пак пред сè во зимите, полесно могле да се спуштат до Радика. Исто така, бидејќи сè уште немале голем број добиток, полесно могле да го пуштаат на пасење покрај рекиве и кон Скала, а особено оние кои имале помал број овци, со оглед на шумата, како што веќе рековме.

Потоа, како што се зголемува бројот на домаќинствата, било со нови доселеници или со физички делби, се оформувале и другите маала и тоа: Канческо и Ѓиноско маало. Понатака се одело спрема Пачо и Чучка маало. Паралелно со развојот на овие маала се одело кон маалата Попоско, Николоско, спрема Странка и Буцеско маало — Долни Буцевци. Понатака се ширело селото со еден дел кон Камиловци, а со друг кон Чалоско маало, околу Упија. Потоа оделе со нови домаќинства кон Бурдиче, Геговци и околу Бундалевци, потоа се оформува и Бошнакоско маало, околу Ленишча. Кога веќе селото зема замав во растежот, се формира Томоско маало и се одело кон Купевци и Жеваировци, а најдоцна е оформено Пеш Маало.. Пеш Маало е и највисока врвна точка на месноста Галичка во правецот кон Купевци, Бундалевци, Бошњаковци, па затоа и овие маала се помлади во оформувањето на селото. Можно е во овој сплет на формирање на маала некое да сум испуштил или редоследот да не е најпрецизен. Исто така маалава повеќе ги нареков по фамилии, сега познати, зашто многу имиња маалски се поизумрени и позаборавени. Често пати маалата се наречувани и по некои позабележити називи како и најмногу според називите на чешмите. Еве некои од нив: Веѓиниште, Николиче, Кумево Чешмиче, Пачо, Мицоско Чешмиче, Упија, Бурдиче, Каданиче, Бундалеско Чешмиче, Јанкуличе, Мангароско Чешмиче, Митров Кладенец, Студенец, Чудуличе и др.

Галичник го дели на два дела малата река, која извира од под „Лустерот Говедарнички", како што ја нарекол крастата голема чешкиот писател Лудвиг Куба. Текот на мала река е низ сред село, помеѓу Геговци и Бужаровци, Контевци и Мангаровци, Шандуловци и Граолковци, Ќипровци и Канчевци и се влева во реката Ѓиневица која извира зад Дупна Краста (а местото се вика Нави рови, поради изворите) и тече покрај село. На оваа река биле сместени сите воденици и валавици галички. Потоа Ѓиневица преку

Кокошарник, покрај Јанче се влева во Радика. Оваа река, иако е очигледно со мало количество вода, во времиња на поголеми дождови и провали, поради многу стрмниот пад многу надојдува и има однесено неколку човечки животи, пред сè на жени, перачки.

## ТИП ГАЛИЧКА КУЌА — АРХИТЕКТУРА

Галичката куќа уште од првите населеници е правена, како што рековме од тврд материјал. Секако во првото време не се водело доволно сметка за изгледот и за архитектонски решенија, но понатака, како што се развивало селото и се проширувало со новите маала, со развивање на разните занаети, а пред сè на мајсторско-ѕидарскиот занает, почнало постепено плански да се подигаат куќите, а плановите ги правеле самите мајстори. Дека овој ѕидарски занает во Галичник е стар и познат далеку од Галичник, ни зборуваат многуте написи за тоа како и раскажувањата на самите галичани. Зидарскиот занает е еден од првите што се развиле во селото, потоа се камено-режачите, дрводелците и дограмаџиите. За галичкиот тип куќа, покасно, кога се развива овој ѕидарски занает, се интересирале и многу странци, пред сè архитекти, како и наши домашни стручњаци. За овој тип куќи правени се многу научни испитувања, добивани се факултетиски дипломи и докторски дисертации, зашто многу се придавала важноста на галичкиот тип куќа. Ценето е и внатрешното уредување (градење), но пред сè вниманието го привлекува надворешниот изглед на куќите.

Јас немам доволно стручни способности типот на галичка куќа детално да го опишувам со сета архитектонска вредност. Само ќе се обидам да дадам преглед на внатрешното градење и уредување, пред сè за да се види и степенот на културата и сознанијата, како растело селото и преку оваа форма на живеење. Секако развојот на внатрешниот елемент на куќата е зависен од повеќе нешта, како: големината на семејството при нејзиното градење, материјалната положба на домаќинот кој гради, како и од приликите од мајсторството кои постоеле при правењето на куќата. Сигурно има и други моменти, но овие ги земам како најбитни.

Со развивање на свеста на луѓето, се развивал и усетот за поубаво живеење во новоподигнатите куќи. Дури ми се чини може да се рече, оти овој начин на уредување влијаел и врз развојот на домашниот фолклор кој е со многу нешта сврзан со внатрешното уредување и опремување по подигањето на куќата. Посебно, пак, кога е развиено печалбарството, луѓето се здобиле со нови сознанија за начинот на живеење, па и потребата за внатрешното уредување, заради зачувување на хигиенските услови, било перманентна грижа на домаќинот и градителите. Кога зборувам за хиги-

ената, покрај развивањето на свеста и усетот за поубаво, да спо-менам дека врз тоа многу влијаела и потребата за изнајдување посолидни решенија, зашто, како што се знае и до најновото време под еден кров живееле голем број членови, а чувале и добиток: овци, кози, крави и коњи, додека пак галичаните од секој пат посветувале внимание на домашната и надворешната хигиена.

Трајноста и цврстината на куќите била еден од основните елементи, како што реков подучени уште од пожарот староселски, како и од времето во кое живееле овие луѓе. И пак ќе ги спомнам честите напади од арамиите, оти и тоа ги терало луѓето да мислат како да се заштитат и со начинот на правењето на куќата. Долгите и сурови, близу шесмесечни, зими исто така укажале влијание на ориентирањето за правење куќи од посолиден материјал за да можат во зимски денови поарно да се затоплуваат. Не е мало значењето и за обезбедување услови за сместување поголеми количества прехранбени артикли за луѓе, а и за добиток. Од сите тие причини, а сигурно има и уште, куќите почнале да се прават така, за да имаат долг век на траење, луѓето биле принудени и при самото градење да мислат и на фактот дека тешко се има услови за нови доградувања на истиот објект.

Пред да почне еден домаќин да прави куќа, обичај било, прво да се повика главниот мајстор и да му се предочи потребата на тоа домаќинство. Често пати требало да му се каже: за колкав број членови на семејство мисли да прави куќа, колку добиток мисли да чува во куќата, со колку пари располага или мисли да потроши во правењето и за кое време треба да му биде изградена. По така изнесеното барање, главниот мастор пристапувал кон правење на планот и го поднесувал на барателот на разгледување. Дури потоа конечно се здоговарале.

Покрај комфорноста, хигиената, цврстината и трајноста, постојано била присутна грижата и за заштита од огин. И тоа е една од причините куќите скоро секогаш да се ѕидаат од камен, до голема височина, а некои до под самиот кров. На сите стари куќи правеле и метеризи кои требало да им послужат за одбрана од арамии. Не мал број куќи метеризите ги спасиле при настојувања на арамиите да ги прокопаат од надвор. Како збир на сите нешта што ги наведов напред, функцијата била темелно земана предвид. Дури и не гледале многу дали куќата ќе биде ефтина- туку каква услуга ќе му даде на домаќинството. Далечината за снабдување со градежни материјали како: греѓе — носени од Горна Река, песок — носена од Радика, камен — носен со коњи од околните ридови и друго, секако овој тип куќи ја прави скапа во правењето. Целиот материјал е носен со товарни коњи.

Воглавно во Галичник има два типа куќи: едниот е правен со камен до под кров, а другиот е правен со камен до висината на чардакот а оттука до кровот се од две страни штици полнети со песок. Куќите по правило имале од надворешната страна однапред клавани некои ситници, како на ќошето на чардакот куки

древени за редење свадбарски барјаци; нешто под пенџерињата куки за редење тенки гредичиња за сушење алишта. Покривите и на едниот и на другиот тип се правени со камени плочи, иако во прво време доста биле покривани со убаво исплетена слама која ја noселе од Горна Река, Гостивар, Кичево и од Дебар. На кровот на куќите правена е голема баџа, сместена над домашното огниште. Во внатрешниот распоред, колку и да има членови таа фамилија, скоро без исклучоци однапред се предвидувало да има чардак, некој поголем, некој помал, и место за отворено огниште. Понатака какви простории куќата ќе има зависело од сите понапред наброени елементи. Исто така, како по правило, се предвидувале клед и трем. Кледот е за чување артикли за исхрана, а служел и за гувеење млади невести и белеење девојки свршеници. Тремот служел за чување добиток. Во најголем број куќи внатре правеле мал параклис наречен „домашно црквиче". Тремот е веднаш до темелите најдолу, а кледот е насреде, на целина. Чардакот и огништето се највисоко со меѓусебна функционална поврзаност или што би се рекло на трет спрат, иако тоа не е. Има во некои куќи и отстапувања, така што огништето не е поврзано со чардакот туку со некои од другите одаи.

Ретки се куќите со еден влез. Обично се со два влеза, а најчесто и најмногу со три влеза.

Оздола нагоре: еден влез за в трем, еден влез за в клед и еден влез за в чардак и на огниште. Со сето тоа однадвор гледано се добива впечаток на многу хармонично направена мала тврдина. Се водела сметка секојпат главните простории за живеење, а посебно чардакот, да имаат убав преглед надвор и да бидат просториите што е можно повеќе сончани. Често пати тоа зависело и од погодноста што им ја дава одбраната локација. Сите куќи се со покриви на четири води, а баџите усогласени според ветровите. Во Галичник јужниот ветар најмногу пречи.

Дворовите околу куќа и по некое мало градинче секојпат се чувани во беспрекорен ред и чистота. Во еден од дворовите, ако ги има повеќе, се чуваат големи карми со огревно дрво. А исто така водвор е направена и убава за тие прилики фурна за печење сомуни. Треба да се спомне оти ретко која куќа имала во дворот, а пак најмалку внатре, вода за пиење. Обично вода се носело во стомни и ѓугуми од маалските чешми. На перење жените оделе на мала река и на Ѓиневица или над село, што е уште еден знак дека многу воделе грижа за хигиената.

Чардаците биле најмногу употребувани за муабети што ги воделе старите, за пречек на гости, за славење домашни слави и имендени, а најповеќе за правење на познатите галички свадби. Некои чардаци се правени толку големи што можат одеднаш да примаат на софра поседнати и по стотина свадбалени. Огништето е главно сврталиште на децата и жените каде што воглавно се одвива и целата работа околу сите потреби. Покрај огништето навечер долго во ноќта се седело најчесто на пламенот од разгоре-

ните цели цепеници и во чад. Покрај тие огништа се испредени и најголемиот број на галичките легенди и приказни од бабите и дедовците што им ги раскажувале на младите. Околу огништето се береле и комшиите и роднините ноќе на попретки, на нивните фурки и вретена и примитивни чекрези. Околу него се играни и разни игри, пред сè од момчињата и девојките за да си го убијат времето покрај работата.

За чардакот, огништето и кледот, покрај другото, испеани се и многу песни. Еве како гласи една од нив:

*Пејет пиле сино и зелено, пејет пиле,*
*Будит моме бело и црвено, будит моме:*
*Стани моме здраво не станало, стани моме!*
*По ридови с'лнце огреало, по ридови,*
*По чардаци крстатни барјаци, по чардаци,*
*Во дворови китени сватови, во дворови,*
*Во претследи шарени ковчези, во претследи,*
*А во кледи свршена девојка, а во кледи.*

Еве и една песна која најмногу се пеела при вечеринки покрај огниште со која се поттикнуваат момите за носење свежа вода за пиење:

*С'лце зајде, мрак по поле падна;*
*Во двор седит, четири јотрви;*
*Се караат и се зговарает, —*
*Рет се редит на вода да одит.*
*Рет је падна Варгиде девојке.*
*Не отиде Варгида девојка,*
*Ток отиде Варгидино мале.*
*Тамо најде незнојна делија.*
*„Камо ти ја Варгида на вода?"*
*„Синојка ми Варгида умрело*
*Вода носа, задуша ќа меса."*

Еве уште еднаш да се вратиме на чардакот. Тој е во сите домаќинства најпрактично и најубаво опремен. На неговите странични ѕидови има најголем број прозорци, зашто, како што рековме, тој е поткровје и најмалу има опасности од влагање на арамии. Над прозорците правени се полици во широчина од околу 25 см на кои се чуваат некои украси и по некое одбрано јаболко, како и по една-две и повеќе ламби на газија. Однатре под прозорите во височина од 30—40 см и широчина околу пол метро,

се правеле троњови со шуплива внатрешност, а одозгора со капаци, за чување постелина. Тие се послани со убави мутавчиња, ткаени за таа цел во една тена која служи за седење, а често и за спиење. Обично на едно од ќошињата од кое пенџере најубаво се гледа во селото, се редела овча кожена постеќија каде што седел најстариот на домаќинството. Ако е чардакот поврзан функционално со огништето, по правило на средниот ѕид што ги двои, се правело поголемо долапче со целосен отвор во ѕидот, а од двете страни отворот бил затворен со вратничиња. Тоа долапче често пати на жените им служело за подај и поземи, а исто така во некои моменти на жените, а почесто на девојките, им служело и за прислушување, што зборвет во чардакот старците. Тоа пред сè ако се прави муабет за вршачки, дали лафот ќе биде даден или не, зашто пред време младите тоа не треба да го знаат.

Однадвор на чардаците, мартаќите за сушење алишта, често пати им служеле на жените и за давање знакови со роднињето или со пријателите, а знаците однапред биле договорени. Обесено црвено ложниче има едно значење, префрлена постеќија е друг знак; врзани ризинчиња за сушење поинаков знак итн. Во поново време, кога фамилијарната стега во нешто попуштила кон младите, честопати девојките и момчињата на сличен начин си давале ишарети.

Надворешните влезни враќе, на галичката куќа се многу естетски правени и повеќето се во вид на голема коњска подковка. Многу од нив се направени со многу естетски клепани камења и тоа воглавно од три камења: два големи клепани од страните и еден цел, во полукругот лежи на страничниве. Прагот е исто така од убаво изработен камен. Пред горниот влез, каде што се влага за чардакот и огништето, направени се подѕидани столчиња каде што обично си седеле старите домаќини. Невести и девојки ретко кога седеле на нив, зашто ако ги виделе од село ќе речеле „Видите ји „ошмарине" како денгубит". На згодно место до ѕидовите од куќата мнозина правеле длабоко соѕидани котарчиња за чување дење врзани бачилски кучиња. Тоа било обично во сточарските семејства, каде како и горните камења во вид на полукруг, биле еден вид и симбол на овчарството и коњарството. Овчарските фамилии обично на влезната врата однадвор беселе и коњска потковка за терање лоши духови, како и черепналка врзана со главица од лук.

---

* Во потрага за материјали во врска со правците на населувањето на Галичник, наидов на името Галич и добив извесни указанија дека жителите на Галицкото кнежевство се иселувале кон југот на Балканот. Поради тоа се обратив до Академијата на науките на СССР и еве го во превод писмото со одговорот:

„Почитуван Бужаровски Ристо!

Во врска со прашањето за кое се интересирате, за постоењето на кнежевството Галич на територијата на Русија, Институтот за археологија при Академијата на науките на СССР, располага со следните сведенија.

Галицкото кнежевство со престолнина Галич постоело во XII — XIII век во горниот ток на Днестар (јужната граница на Полска). Населението на ова кнежевство во основа не се раселувало, но има сведенија за делумно преселување на населението од кнежевството на југот на Балканот.

На Дон кнежевство Галич не постоело. Поподробно за ова прашање можете да се запознаете во „Руска летопис" за XII — XIII век.

Соработник на секторот за археологија на средните векови при Институтот за археологија на Академијата на науките на СССР

Москва, 28 март 1975 г. — Доктор на науки Плетнева Светлана Александровна

## СТОЧАРСТВО

Пасиштата на Бистра од дамнина ги привлекувале овчарите со нивните стада. Можеби и една од причините за населување на Галичник и на другите малорекански села било токму ова природно богатство. Бидејќи над надморската висина од 1300 метри и повеќе, нема услови за развој на земјоделието, а другите занимања уште не биле развиени, до пред неколку века со сточарство се занимавало скоро сето население на Галичник. Иако се одгледувал и друг добиток, бројот на овците во поодделните домаќинства ја одредувал нивната економска состојба. Има податоци дека само во Галичник, кога оваа стопанска гранка била во својот зенит, се чувале близу 150.000 овци.

Постепено, како што расте бројот на овците, се развива и коњарството. Тоа било неминовно. Во тоа време коњите служеле за транспорт на луѓето, опремата и за снабдување стока за широка потрошувачка. Галичник нема плодно оранично земјиште, па сите прехранбени артикли биле носени со коњи од оддалечените пазаришни центри, како што се Дебар, Гостивар, Кичево, Охрид, Битола и Солунско. Често пати по бројот на коњите, „ергелињата" се ценела и економската моќ на домаќинството. Како расни и убаво одгледани, коњите биле секогаш мета за ограбувања не само од арамиите, туку често пати и од окупаторските војски, поради погодноста за товар и јавање.

По сè поголемата концентрација на овци и коњи во поедини домаќинства, се добил и називот „ќеаја". Некои од ќеаjите во одделни временски периоди го зголемуваат бројот на овците и до по 12.000 грла, односно до 300 коњи и ждребиња во ергелињата. Таквите биле навистина поретки, оти, за еден неук или самоук домаќин селанец да стопанисува со таков импозантен број добиток потребно е вистинско мајсторство, бистрина и храброст. Тие целата економика ја воделе, така да се рече, на „рабуш", а денес, за да се одгледуваат 12.000 овци и 300 коњи, се ангажира мал штаб на административни службеници.

По овие покрупни сточари „ќеаjи" следуваат поситните сточари кои имаат од 200—1200 грла овци и по некој коњ. Таквите сточари за да можат полесно економски да опстанат формирале

еден вид задруги ,таканаречени „карашици“. Во нив се здружувале по 5—10 сточари, со 5000—8000 овци и формирале заеднички бачила и трла. (Бачило е седиште за престој на стоката во летен период, а трло во зимскиот). Ваквото здружување им овозможувало, покрај другото, да обезбедат најмување сејмени за одбрана од арамии. Често на овчарите, било да се од селото или главени од други места, им се дозволувало вмешани да држат и помал број свои овци. Така изнајмениот овчар поради својот мал број овци, секако поарно го пасе и чува стадото, а профитот на галичанецот е сигурно поголем.

Се смета дека веќе во половината на 18 век бројот на овците пораснал на 100.000 до 120.000 грла и дека имало околу 5000 коњи. Во овој период, како и подоцна, во Галичник покрај овците чувале и планински кози и помал број крави „буша“. Се претпоставува оти некогаш бројот на козите се движел и до 5000, а на кравите до 700. Пред сè козите, а секако и кравите, служеле за дополна во сопствената исхрана. И ова било пресметано, за да не се троши овчото млеко, бидејќи од него правеле висококвалитетно бело и „јако“ сирење и кашкавал, а произведувале и поголеми количества овча маст и урда.

Според некои показатели и раскажувања ,Галичник го достигнал развојниот врв во овчарството околу 1900 година. Тогаш се смета дека бројот достига до 150.000 овци и околу 8000 коњи. Поради ваквата економска сила на Галичник, големо било осолнувањето на него на илинденските востаници, но не само поради тоа, туку и поради огромната доверба што тие ја чувствувале спрема Мијаците, кои исто така земаат активно учество во Востанието.

Во периодот од 1912—1941 година опаѓа бројот на добитокот. Покрај влијанието на низа други елементи, за таквото опаѓање причина е пред сè помасовното одење на галичани на печалба, а причина се и тогашните воени прилики од Балканските војни и Првата светска војна.

Галичките ќеаји со зголемувањето бројот на добитокот и сè поголемото збогатување, чувствуваат потреба за потемелни зафати и за што посигурно и поорганизирано стопанисување. Се јавува потреба за откупување земја пред сè за зимувалишта и правење посигурни зимски засолништа. Со откуп на земја прво се почнало во реонот на Солунско, а потоа по левиот и десниот брег на Вардар во реоните: Градско, Неготинско, Кавадаречко. Поедини сточари ќеаји откупуваат и од 500—6000 хектари убава земја и пасишта. На откупеното земјиште подигаат поарни трла кои на луѓето им пружаат подобар „комфор“. Се откупуваат дури и по некои куќи во селата чии жители се иселуваат во Турција. Таквите места се наречени „чифлизи“. Дури и сегашната галичка задруга „Бистра“ има над 1000 хектари земја во овој реон.

Сточните производи ги продавале по сите пазари во Македонија и надвор од неа. Иако поблиски им биле Дебар, Прилеп, Охрид, Кичево, Битола, Солун, често се одело дури и во Цариград и Сараево. Интересно е дека скопскиот пазар е користен во помала мера. Во поново време, по Првата светска војна, во 1927 година покрупните галички трговци, како Лазар Цубалески и Стамат Дукоски, извозуваат самостојно дури на американскиот пазар. Сами одат во Америка и продаваат кашкавал, без ничие посредништво. Како за нешто што е вредно за одбележување за тој настан пишува белградската „Политика", оддавајќи им признание на овие двајца вредни галичани, а преку нив и на цел Галичник. Овие двајца како и други, пред да заминат за Америка, имаат свои преработувачки капацитети, „складови" за преработка на „телемето" (полупреработено млеко). Тие го откупувале млекото од ќеајите и го преработувале во бело сирење и кашкавал. Во овие складови и денес се врши преработка на сирење и кашкавал.

Сточарите, ќеајите, секогаш во селото го воделе главниот збор. Нивниот авторитет не бил наметнат само од економски причини, туку тој се должи и на нивната вистинска интелигенција и смелост. Тие секојпат се јавувале и како судии помирители, а биле почитувани и од сите околни села и секаде онаму каде што оделе по својата стока. Совети на ќеаите често се прифаќани и и од турската власт, од пашите и од беговите. Од нив се викани на сите поголеми советувања, а тие со својот ум и бистрина не ретко ѝ се наметнувале на турската управа. За ова ќе има во целиов напис низа примери, но, сега за потврда на констатацијата ќе наведам само еден. Помеѓу дебарските (Дебар е секојпат административен центар) и тетовските паши настанувала љубомора околу Галичник и се водени меѓусебни расправии со разни дофрлувања. Тетовскиот Ајрадин-паша, многу познат по злото кое го нанесувал, им забележувал на дебраните зошто толку тактизираат и политизираат со галичките каури. Овие пак му одговориле дека кога тој би ги запознал и видел и сам на нога би им станувал.

Кај галичките ќеаји се вработувале луѓе од сите блиски околни села, а посебно од Горна Река, Косово и Метохија, Кичевско. Дебарца и од други места. Еве една мала пресметка на вработените во Галичник:

Ако само на 200 овци е вработен еден човек, доаѓа дека на 150.000 овци се вработени 750 овчари надвор од Галичник. Ако го земеме бројот 5000 коњи, а на 20 коњи да работи еден човек, доаѓа околу 250 коњари или вкупно 1000 вработени надвор од Галичник. Ако пресметаме во сегашна вредност на пари и да земеме по 200.000 стари динари месечна плата на секој од вработените, месечниот платен фонд изнесува во денешна вредност околу 200 милиони динари. Ваквиот показател, кој е најблизок до вистината го подигнува угледот на Галичник и на неговите ќеаји, особено имајќи го предвид времето.

Нив ги афирмира и човечкиот однос спрема вработените и селската сиромаштија. Напролет, при нивното доаѓање со стадата на летните пасишта, првиот „смлс", првото млеко, го делеле на галичката сиромаштија и на сиромаштијата од селото Јанче. Еве што вели за тоа Пата Изаирова од тоа село: „Напролет, ко ќе дојдее ќеајите в Галичник, секоја куќа во Јанче се „омрсуваше". Млеко на секоја куќа се делеше и тоа не малу. Самите ќејаји го носее со коњите и го делее по куќи. Тога беше и за нас празник". Постоело и уверување кај ќеајите дека ако првото млеко го поделат на сиромасите, преку целата година овците ќе бидат здрави и млечни.

Ќеајите со овчарите однапред правеле планови кој ден, на која страна треба да пасе стадото. Тоа е всушност прегонско пасење. На тој начин се дозволува и побрзо обновување на тревата, па секако и приносите во месо и млеко се зголемувале. На пасиштата им посветувале големо внимание, ги чистеле од смреки, ги ѓубреле и навреме ги коселе. Срамота била голема за ќеајата ако му е пасиштето нечисто и обраснато со коприви.

При наемањето овчари, а нагодувањето обично се вршело за една година, строго се водела сметка да се изберат овчари за секоја намена. Зависно од категоријата била висината и на платата. Најстрого се водело сметка за изборот на млзничарите од кои зависела килажата на млекото, како и за јаганчарите од кои се очекувал принос за поарна продажба. Овие две категории биле и најдобро платени. Коњарите биле исто така посебна категорија на одбрани луѓе, физички јаки и храбри. Смелоста покрај другото е ценета и затоа што коњите се често интересен објект за арамиите. Тие биле постојано во движење, најчесто во шума, заради снабдување на бачилата со огревно дрво.

Во овој дел за галичките сточари и ќеаји ќе поместам уште некои забелешки, показатели и обичаи за да се добие една поцелосна слика. Овчарите, во една работна година, во посета на своите семејства оделе два пати годишно, — еднаш на пролет, по доаѓањето на бачило и еднаш на есен, пред тргнувањето на зимувалиште. Одмор добивале од 15—30 дена, зависно од староста на овчарот, неговите стручни квалитети, а често пати и од наклоноста на ќеајата или параќеајата. Таквите отсуства галичаните и овчарите шеговито ги наречувале „на преслекување". Секако во одделни прилики, како за радост или за жалост, добивале по неколку дена и вонредни отсуства.

На бачило не бил дозволен пристап освен со дозвола на ќеајата или за случајни намерници. Тоа било практикувано од повеќе причини, а една од поглавните е секако штедење во исхраната, за кое се водела голема сметка. Преку летото, кога ќеајата го посетувал бачилото, тој бил пречекуван со почит и страв, но пак за тоа скоро секогаш се правела за него и за овчарите „вареница". Доказ за тоа колку воделе сметка за сè што може да се исползува е и односот кон познатиот планински чај.

Бистра е многу богата со оваа билка од која се прави многу вкусен чај, а за неговата вредност се произнесени и повеќе медицински стручњаци. И чајот се берел под надзор и голема контрола од овчарите, за да не се корне и на тој начин да не се уништува, што сега за жал не е случај.

Патот што морале да го минуваат овците на пролет и на есен траел по 25 до 35 дена, зависно од оддалеченоста на трлата.

На пат се тргнувало пред паѓање на првиот снег и во рана пролет. Големите буљуци овци и карвани од ергелиња коњи, секако причинувале и штети низ обработливите полиња. Сточарите таквите штети ги надоместувале на лице место, па затоа за нив и нивните стада, патот бил без поголеми пречки од месното население. Но во тие нестабилни, многу тешки и опасни денови, сточарите морале да го врват патот со многу добра организираност и сестрана безбедност и претпазливост, поради арамиите.

Покрај храбрите сточари тие со себе земале и сејмени за заштита, а има примери кога морале да се снаоѓат и на други начини. Така, на пример, според повеќето кажувања семејството Муратоски поради таква причина го добиле презимето. Муратовци имале еден многу чесен, умен и храбар овчар по име Мурат. За да помине полесно стадото покрај многубројниот турски аскер и разни „башибозуци", Мурат излегувал напред и го прикажувал стадото како негово. И стариот Филип се прикажувал по негово име, па од тоа велат и е останато презимето Муратоски.

Сточарите, поради специфичноста на своето занимање, биле принудени да одгледуваат и голем број шарски кучиња. Кучињата биле најверните другари на овчарите и чинеле главна „разговорка" за нив. Не се ретки случаите верните кучиња да спасуваат цели стада, а и овчарски животи, било од дивина — волци и мечки, — било од арамии. Оваа раса куче е мошне добро приспособена за планински чувар, а верноста кон стопанот и кон стадата им е неограничена. Затоа за нив подеднакво се грижеле сите вработени луѓе. Од друга страна за шарпланинците може слободно да се рече дека не бараат големи трошоци. Нивната исхрана е многу лесна и релативно ефтина, напати се задоволуваат и со една „топка" бакрда. Тие често се јавуваат и како претходници на стадата. Стражарската функција на бачилата и на овците ја вршат така „стратешки" што се добива впечаток како да се организирана војска. Нивното најавување за присуство на несакани лица или дивина е како прецизен часовник. За нив како и за „угичите", брави предводници, има многу легенди меѓу сточарите. Постарите и искусните сточари, просто можеле да ги „читаат", нивното завивање секојпат нешто им претскажувало.

Така се кажува дека пред да му ги украдат овците од бачило на Стамата Бужароски и Јована Филипоски од планината Никифорица, дома во Галичник се нашло едно такво куче што два дена и две ноќи не можеле да го смират, постојано завивало. Жените од семејството го молеле Стамата да го испрати кучето

на бачило, оти како што веледе „жалит за тамо“. Стамат со брат му Василко, излегле да го надгледуваат и да го „итаат“ завивањето. Кога виделе дека постојано ја чува главата наведната и завива свртено кон планината, Стамат го испратил постариот син на бачило да види што има таму. Уште пред да тргне син му в планина, дома стигнал овчар и му соопштил на Стамата оти се нападнати од арамии, — еден овчар е убиен и извесен број овци и коњи се запленети. Покрај веста Стамат со трогнатост го помилувал кучето и го нахранил. По раскажувањето на бабата Стаматица Бужароска, тоа се случило во времето помеѓу 1915 и 1917 година.

За вредноста и љубовта кон кучињата како и за „угичите“ — предводници, испеани се и повеќе песни од галичаните и овчарите. Еве една од нив:

*„Нафтасае арамии,*
*арамии арнаути;*
*Челник Пеја го врзаје,*
*калеш угич ми заклае,*
*црна кучка отепаје,*
*сиво стадо потерајe.*
*Сиво стадо не им одит,*
*Челник Пејо проговарат:*
*„Ајви вами арамии,*
*пушчите ми десна рока*
*подајте ми списан кавел,*
*да е засвира на стадото,*
*да би стадо кинисало.*

Без угичот и кучето, според песнава, стадото не тргнува. Понатака песната гласи:

*„С'излогае арамии*
*му пушчие двете роци,*
*му дадое списан кавел.*
*Тој не свирел на стадото,*
*тук је свирел на сестра му,*
*на сестраму Анѓелина:*
*„Ај ти сестро, Анѓелино,*
*ако спиеш, разбуди се,*
*ак вечераш, не дојади,*
*нел кажи им на браќата*
*ме фатија арамии,*

*нек соберет „тебабија“*
*сиво стадо не тргнуват*
*калеш угич ми заклаје*
*црна кучка отепаје.“*

Како што се гледа од песнава, на угичот — предводник и на кучето им е дадено еднакво значење за бачилата и стадата.

Бачилата и трлата во кои живееле бачилските дружини, се изградени од прачки и слама а котарите во кои се дотеруваат овците за молзење се од плетени прачки или подѕидани со камен. Во состав на бачилото се наоѓа и „аргач“. Тој е сместен во близината на бачилото,а поставен е така што претставува еден вид засолниште за спиење на овците. Овците спијат овде, а не на бачило.

Еве каква била поделбата на работата во бачилото и како се викале луѓето кои ја вршеле таа работа: **Ќејаја** е стопанот на стадото и бачилото. **Параќејаја** е заменик на ќеајата и во негово отсуство го раководи бачилото и трлото. **Бач** е лице кое е најстаро по функција по параќеајата и раководи со млечното производство (го мери млекото, прави телеме, прави бело сирење и го одредува количеството млеко за потквасување за исхрана на овчарите). На бачот му е помошник **фичур**, момче што му помага во сè, а најмногу во одржување на хигиената околу производството (перење цедила, миење казани, носење вода, одржување на огнот и др.). **Котарџија** е лице кое ги тера овците за молзење од котарот кон молзничарите и се грижи за одржување на котарот. **Коњар** е лице задолжено да работи со товарните коњи и да го снабдува бачилото со сите потреби, а една од поглавните работи му е снабдувањето со огревно дрво. **Одаџија** е лице кое е задолжено да врши разни работи и што одржува врска меѓу бачилото и ќеајата. **Телемеџија** е лице кое го носи со коњи полупреработеното телеме за конечна обработка до складовите. **Бравар** е овчар кој ги пасе и се грижи за бравите кои посебно се одгледуваат за приплод. **М'лзничари** се мајстори за молзење на овци и имаат видна вкономска функција. Познато е дека овцата како и другиот добиток, ако не биде навреме убаво измолзена, лесно прегорува. **Јагнчари** се грижливо одбрани овчари што ги пасат јагнињата. **Шилегар** е овчар задолжен за одгледување на закаснетите и позакржлавени јагниња шилежиња. **Јаловичар** е овчар кој ги пасе јаловите овци. **Сугаричарот** и шилегарот е слична функција.

Една од посветените работи во сточарството е стригот на овците. Пред почнување и по завршувањето на оваа работа се прават мали гозби. Се канат гости и помагачи. Тогаш на бачилото исхраната е побогата и поразновидна, а се донесува и бостан. По стригот волната се става во арани (големи вреќи) — и со коњите се пренесува на одредените пунктови.

Една од најважните работи во овчарството е екот на јагнилото. Тогаш често пати се зголемува бројот на вработените, а

ќеајата во тоа време постојано е присутен и најзагрижен. По неколку пати во ноќта, скоро сите стануваат да погледнат какво е времето, плашејќи се од снег, виулици, ветрови и дожд. Невремето често пати предизвикува загуби што стигнале и до катастрофални размери. Ова се случува поради слабото инвестирање за заштита на овците од невреме.

Галичник е надвиснат над селото Јанче и реката Радика. Зимно време кога се наближува времето за објагнување на овците, за да дознаат какво ќе биде времето, галичаните испраќале луѓе до месноста „Скала" која е оддалечена 2—3 километра од селото, а има поглед на Радика и Јанче. Ако виделе дека таму има снег или тревата е многу потемнета, не чекајќи повик од трлата, испраќале луѓе на помош при објагнувањето. Се смета дека кога има снег во Јанче има снег и во Солунско, поради многу блиската надморска височина. Во прогнозата претскажувачите многу ретко се лажеле.

Кога децата првпат се испраќале на гурбет со стадата, во нивните семејства тој ден бил еден од најголемите празници. И не само тој ден, туку и преку целата година сѐ до враќањето на првото „солунче" од гурбет се правеле разни „редови" за среќно враќање. Еве некои од нив:

На денот кога се испраќа „солунчето", а и неколку дена понапред, семејството на детето го посетуваат сите роднини и другарчиња. Обично на прв гурбет се тргнува на 11 години, по завршеното основно училиште. Роднините на детето го даруваат или парично или во облека, а и му носат низалки од костени, прошарани со по некоја сува смоква и по некое нанижано париче. Во часот на тргнувањето од дома, а тоа е обичај и при испраќање на старите и на сите печалбари, обично најмладата девојка или невеста, која има татко и мајка, односно живи родители, се испраќа на чешма со молчење да донесе вода во „букаре". На рачката од букарето се става зеленило и париче. Детето треба да го клоцне букарето, да го земе паричето, а пак сега најстарата жена со истурената вода го попрскува детето и изрекува по некоја молитва. Во тој чин детето гурбетчија, не треба да се сврти назад до извесно растојание од дома. Имало и обичај и некоја од постарите жени да го трие детето по лице со ракавот од кошулата за да не го фати урок. Тој ден, без обѕир што се тагува заради разделбата со сите машки членови кои тргнуваат на гурбет, најголемото внимание е концентрирано на „солунчето". За него најмногу се тагува и се страхува. Жените најчесто ги испраќале до месноста. Черешничето под Фрчец. Тоа е оддалечено од Галичник 4—5 километри. Тука е најболниот чин за галичките семејства — разделбата. Од Черешничето до Фрчец глетката е тажна, но и живописна. При испраќање на најмилите поради неизвесноста до нивното враќање болката е голема. И скоро половина час, додека гурбетчите не се сокријат од видикот, се извикува „Со здравје, мајке".

Пред да се разделат испраќачите од гурбетчиите се „пладнува“ кај Черешничето. Пладнувањето е последното заедничко јадење при разделбата. Тука се прават големи гозби. Најчесто, по обичај се јаде „комат“ — пита со ориз. Коматот со ориз се готви поради верувањето дека гурбетчиите ќе се вратат со толку златници колку што има зрна ориз во него. Обично, ако има прво солунче, тоа прво почнува да јаде од питата, а пак ако нема прво солунче, тогаш прв почнува да јаде најстариот член на семејството. При последното збогатување со гурбетчиите, ним, а пред сѐ на децата, им давале, покрај другото, јаболка со парчиња заденати во нив.

Истиот ден навечер, во семејствата кои испратиле прво солунче се собирале девојки и момчиња како и врсници на испратеното дете, на бакрда. Таа ноќ во тоа семејство не се спиело. Саноќ се пеело и се играло, често пати со солзи поради тагувањето за испратените.

Преку целата таа година, со некои ситни обичаи, се потсетувале на првото солунче.

Обично се знаел денот кога се враќале гурбетчиите на пролет, а пак за таа фамилија која има прво солунче, тоа било посебен настан. Се правела за него колиба од слама во дворот, се собирале сите негови другарчиња, роднини и комшии, и кога ќе се појавело на видик солунчето, колибата ја запалувале, а на огнот се пржеле јајца за среќното враќање .Кога солунчето ќе пристигне, доаѓаат роднини, пријатели и комшии на честитање за среќното враќање и го даруваат солунчето со разни дарови. Како најголем симбол бил дарот бели плетени волнени чорапи и везени минтанчиња, а пак неговата мајка преку зимата му спремала нова целосна облека, првосолунечка.

Заради желбата за здраво и богато враќање на сточарите од зимувалиштата, во пролетните денови девојките, момчињата и младите невести, оделе во планините покрај селото да берат билје. Тоа било најчесто на празниците Ѓурѓовден и Спасовден. Со песни од повеќе стотици девојки, момчиња и невести, се береле првите пролетни цвеќиња и задолжително, млечки. Со доаѓањето дома куќата се кителa со билките, а млечката се фрлала на покривот на куќата, поради верувањето дека ќе врне млеко преку летото. Се кителе ведрата во кои се молзе млеко, бутините во кои се мати маштеницата и др.

Еве неколку стиха од една песна која се пеела од берачките на билки:

*„Одит билки на билјачки,*
*еј билјаро, билјаро еј,*
*дал' имаје многу билки,*
*еј билјаро, еј,*
*многу беје, дробни беје,*
*еј, билјаро, еј.“*

Како друга „мерка на претпазливост“ било над портите во сточарските домови да се закове коњска плоча. Тоа значело, според верувањето, дека расните и убави коњи не ќе може да ги фати никаков урок од зли очи. За некои галичани се спомнува, дека кога ќе погледнеле во некои караван коњи товарени со дрва, сите одеднаш ги фрлале самарите, што било знак дека тие луѓе биле урокливи.

Постарите сточари имале и други суеверија, како забранување да се коле добиток во среда и петок, бидејќи тие денови биле посни.

Галичките сточари правеле и многу убава „создрма“. Тоа е многу варено овчо месо без коски и без капка вода, а чувано е во „кулетки“ — затворени балони направени од утробата на овцата. Во „кулетки“ и „јанџици“, а исто така и во меови, направени од овчи кожи, чувале маст и кисело млеко, процедено и малку потсолено. Во меови носеле вино и ракија од повеќе пазари, а најмногу од Солунско. За галичани позната е и многу саканата еницеска ракија и елбасанско масло. Кога се претурувало така носеното вино пред свадби и веридби, се празнувало. Виното се претурувало во за тоа подготвени и убаво изработени „фуцелиња“, — буриња.

Старите галичани многу биле мераклии на капка убаво вино и ракија, веројатно поради исхраната, која се состоела од месо, солена пастрма, суви солени риби, но сепак најголема срамота било да се види пијан човек во селото, освен на свадба, но и тогаш ретко.

Се раскажува во врска со пиењето една анегдота. Еднаш еден карван од триесетина коњи товарени со вино и ракија доаѓал дури од Солунско. Патувајќи повеќе денови, карванџиите, придружени и од некој повратник гурбетчија, додека стигнале со карванот до месноста Царева Чешма, која е на десетина километри од Галичник, капка по капка ги испиле виното и ракијата. Се вратиле пак назад во Солун по друго вино, без да се јават дома. Кога повторно дошле со новиот товар вино и ракија до селото, тој повторно бил преполовен.

Галичаните, а пред сѐ овчарите, биле приврзани повеќе кон песната отколку кон орото. За орото поголеми мајстори биле играорците од Лазарополе и Гари.

За тоа дека биле сточарите љубители на песни се гледа и од многуте песни за бачилата, за стадата, коњите и кучињата, и за сѐ што е сврзано со нив и нивната работа. И за планината Бистра се испеани многу песни. Исто така, постојат песни за арамиите и сејмените со кои галичаните, а пред сѐ сточарите, се срекаваат преку целиот свој живот.

Постари луѓе секојпат се собирале на „теферич“ и „муабет“ и седеле со часови. Во таквите разговори најчесто се правеле коментари за домаќинствата, за нивниот занает, за овчарските тајфи, за подготовките при одење на зимувалиште.

Трговијата, односно пласманот на производите се секојпат присутни при водењето на нивните разговори. За нив секојпат било полесно да произведат отколку навреме да ги пласираат своите производи по поволни цени. Во постаро време немало многу трговци,

па самите сточари биле принудени да бараат погодни пазари. Коњите и во оваа прилика ја играат мошне важната улога. Кога се носело белото сирење, овчата маст и урдата на така оддалечените пазари, скоро редовно се тргнувало одвечер за да патуваат преку ноќ, а рано изутрина да бидат на пазар. Вака патувале за да ги одбегнат дневните топлини и да не се расипат овие осетливи продукти.

Посебен проблем во тоа време претставувала продажбата на јагнињата. Отсекогаш тие биле продавани на грчките пазари. Често пати во тоа биле уценувани од купувачите затоа што галичаните сточари не продавале млади јагниња „цицалчиња". Јагнињата се продавале во мал број во летните месеци, а повеќето, наесен, кога обично јагнето достигнувало тежина од 25—35 кила месо.

Во така одгледаното и продадено јагне ја гледале својата сметка. Во тоа време немало организирани кланични места, или доколку имало некаде, тие биле со мали капацитети и примитивни. Таквата ситуација ги присилувала сточарите да ги продаваат јагнињата живи често пати и немерени. И покрај таквото продавање на јагнињата, квалитетот имал решавачка улога за постигнување на цена. Еден начин за процена на квалитетот на јагнето било и нивното набљудување на пасиштата. Се гледало колку високо и далеку скокале јагнињата при играта, како и во која планина се тие пасени.

Со жалење биле продавани убавиот коњ и ждребе, макар што во дадени моменти, пред сè во блиските села, продавале и од нив. Во одгледувањето на коњите, може слободно да се рече, оти сточарите најмногу воделе сметка за економичноста. Чувањето на коњски ергелиња од по неколку стотици коњи, а притоа од нив за услуга одвај да се употребувале една четвртина, не зборува за голема економичност. Таквото чување на големи ергелиња најчесто произлегува од љубовта кон коњите и заради престиж, — да се рече тој и тој ќеаја има големо ергеле.

Меѓусебните односи во селото биле на високо ниво и тие се одгледувале како составен дел на целокупното живеење. Секако за тоа придонесувало и нивното главно занимање, сточарството. Тоа ги терало за меѓусебно организирање за одбрана од секакви непогодности и ограбувања на долгите и тешки маршути што ги поминувале со стадата од Галичник до Солунско и назад. Освен тоа и заедничкото одење во карвани за продажба на нивните производи, снабдување со стока за широка потрошувачка, заедничка одбрана на селото од сите видови арамилоци и угнетувања, придонесувале меѓусебните односи да се развијат до тој степен што биле свесни дека несплотени не можат да егзистираат во овој планински предел.

Не ретко се случувало, кога еден сточар од повеќе причини, на пример болест по стоката (поради немање ефикасни средства за лекување), ограбување од арамиските банди, ќе осиромаши, тогаш со помош на соседите, парична или најчесто со собрана стока, тој човек повторно да започнува да го развива своето домаќинство и

понатаму да стопанисува. Меѓусебно сточарите вршеле бескаматни позајмици и тоа во четири очи, без било какви напишани документи, потврди или меници. Срамно било и многу незгодно ако се дознае дека некој некого парично го позајмил. Незгодата не била за оној што ја зема позајмицата, туку за оној што ја дава.

Помалите сточари најчесто ја продавале својата стока и производи во заедница со ќеајите, заради постигнување поголема цена.

И во овие прилики потреби, меѓусебното помагање во прво време кај сточарите, а покасно и кај печалбарите, било навистина за почит и восхитување. Јас во моето истражување не сретнав ниту еден случај на судски спорови од било кој вид. Сите спорови кои евентуално произлегувале по било која основа, се решавани меѓусебно или со посредство на селскиот совет, составен од селските првенци. Нема случај на противставување на решенијата од тој совет и секојпат била постигнувана согласност на заемно задоволство. Секако и ова го подигало авторитетот и угледот на галичаните во селото и надвор од него.

Посебно е за одбележување помошта што е давана од страна на селото на некое помладо домаќинство кога тоа требало да оформи свој дом. Помошта се состоела во тоа што сточарите со своите коњи и многубројните вработени луѓе доаѓале на помош да носат камен, песок од Радика, разен вид граѓа и друго. Ако се нашле во селото галички ѕидари — мајстори и тие оделе по неколку дена на помош на младиот домаќин. По завршувањето на изградената куќа, просто го преплавувале домаќинот со разновидни дарови. Ова е одлика на солидарност и многу големо другарство. Исто така, се давала голема помош при оженување и омажување на посиромашни галичани. Целото село, а пред сè најблиските, настојувале сиромашното семејство да не осети дека припаѓа на понизок слој. При таквите свадби уште била поголема веселбата, песната и орото.

Галичките сточари посебно биле ценети и почитувани од страна на чаршијата од сите градишта каде што поминувале или со кои имале каков било однос. Тоа не било случајно. Таквиот однос на чаршијата се должи пред сè на големата куповна и продажна моќ на галичките сточари.

Ако се гледа од понапред споменатиот број на вработени луѓе и месечниот платен фонд, покрај неколку илјади жители што наоѓале егзистенција преку директна вработеност со стоката, секако дека и чаршијата гледала свој голем интерес да одржува добри односи со галичаните. Има раскажувања од постари галичани дека некои поголеми трговски дуќани во повеќе градови живееле и се обогатувале од галичаните. Толкава била довербата кон нив, што често пати им давале на галичаните стока од тие дуќани без пари, преку писмо, на вересија и тоа стока во поголеми количества. Дуќанџиите од чаршиите се натпреварувале кој поарно ќе ги задоволи галичаните, со цел да не ги загубат како муштерии. Исто така, трговците — накупци или пак прекупци, и покрај не ретките уценувања, биле принудени да водат голема грижа за односите со овие

извори на заработувачка. Во многу случаи, таквите трговци вршеле однапред капарисување на производите, а најчесто го користеле моментот преку зимскиот период, мртвата сезона, кога сточарите имале најголема потреба за пари.

За да се согледа одблиску растежот на Галичник преку развојот на сточарството, јас успеав со голема помош на повеќемина, а најмногу со помошта што ми ја дадоа Владо Черепналкоски, Русе и Русевица Кипроски, да извршам една реконструкција по домаќинства, за тоа како се движел бројот на имањето. Веројатно во тие бројки ќе има и само приближно точни податоци. Еве како изгледа распоредот и бројот на добитокот, сопствените летни планини и сопствените зимски кршли.

Филипоски Ристе, со 12.000 грла овци и околу 200 коњи. Пендароски Дуко, со околу 6.000 грла овци и околу 110 коњи. Кипроски Каража, има помеѓу 5.000 и 6.000 грла овци и околу 150 коњи во ергелето. Филипоски Филип наречен „Филип Глава" околу 5.000 грла овци и околу 120 коњи. Грандески Арсе 2.000 до 3.000 овци и стотина коњи. Томески Томо и Тодор Томоски имаат околу 5.000—6.000 овци и 150 коњи. Куцулоски Меле, околу 800 овци и триесетина коњи. Брезоски Мате во заедница со синовите Глигор, Нестор и Ристе го достигнува бројот од околу 12.000 овци и ергеле од 150 коњи. Бужароски Стамат достигнува број од 3.000 овци и околу 35 многу познати еднобојни коњи, сите со чило влакно.

Бројот на сточарските семејства во Галичник постојано расте наспоредно со растежот на селото и со поделбата на зајакнати и проширени домаќинства. Еве како тој број натаму се движи:

Будалески Косто со околу 5.000 грла овци и околу триесетина коњи. Зборот „околу" кој редовно го употребувам поради претпазливост, понатаму ќе го изоставам, но треба да се подразбере. Буцески Деспот со 1.000 овци и 15 коњи, Буцески Серафил со 600 овци и 10 коњи, Бундески Стрезо до 400 овци и 5 коњи, Ванкоски Филип со 800 овци и 15 коњи, Бошнакоски Лазар 400 овци и 8 коњи, Бошнаковски Јован со 800 овци и 12 коњи, Бошнакоски Шпиро со 200 овци и 3 коња, Бундалески Јован со 200 овци и 4 коња, Бисерински Митре со 200 овци и 5 коњи, Бундоски Коста со 400 овци и 6 коњи, Барјамоски Мијаил и син му Десо со близу 1.000 овци и 10 коњи, Бундоски Трајан со 600 овци и 10 коњи, Бундоски Гене со 400 овци и 8 коњи, Бужароски Мијаил со 200 овци и 4 коњи, Владически Пане со 200 овци и 5 коњи, Ажиески Гале со 300 овци и 5 коњи, Гегоски Русе, Крсте и Иван со близу 2.500 грла овци и 25 коњи, Јурукоски Јосе и син му Блаже со 500 овци и 10 коњи, Јурукоски Павле 400 овци и 8 коњи, Јурукоски Кузе 300 овци и 4 коњи, Јурукоски Тодор 300 овци и 5 коњи, Јурукоски Коло близу 500 овци и 10 коњи, Каркински Дело и брат му Тало со 1.500 до 2.000 грла овци и 40 коњи, Камилоски Аврам со 1.500 овци и 40 коњи, Камилоски Јосе со близу 1.500 овци и 40 коњи, Каркински Арге 1.800 овци и 20 коњи, Крцкоски Кузе со 1.700 овци и 35 коњи, Крцкоски Трајан 200 овци и 3 коња, Крцкоски Василко и Пефе со близу 300 овци и 6

коњи, Кукоски Филимон, Нико и Самоил со 1.500 грла овци и 10 коња, Канчески Филип со 600 овци и 10 коњи, Канчески Ило со 300 овци и 6 коњи, Казакоски Вељан со 200 овци и 5 коњи, Кудузоски Никодин со 300 овци и 5 коњи, Канчески Угрин со 1.000 овци и 12 коњи, Лепчески Алекса со 600 овци и 16 коња, Маркоски Симе со 1.000 овци и 12 коњи, Мангароски Аврам и син му Владо имаат 1.000 грла овци и 13 коњи, Музески Анте со 200 овци и 3 коњи, Муратоски Јован со близу 3.000 грла овци и 20 коњи, (со него повеќе пати и во разно време ќе се сретнеме во овој напис), Муратоски Алекса со 2.000 овци и 12 коњи, Муратоски Вено, Димо и Борис со 1.500 грла овци и 10 коњи, Муратоски Ило со 400 овци и 6 коњи, Гиноски Каража со над 1.500 овци и 20 коњи.

Сите досега спомнати фамилии имаат свое поколение, а исто така и оние кои што подоцна ќе ги споменам, а од тој аспект пројдов на поединечно именување на сите галички сточари, било тоа да се ќеаји или пак лица со помал број имање. Ми се чини, вака убедливиот приказ ја осветлува економската моќ на ова место и ги потврдува големиот број констатации за целокупниот историски развој на Галичник.

Продолжувам со набројување на други сточарски фамилии:

Гиноски Коста со над 1.000 овци и 12 коњи, а Трпко Гиноски ја достигнува цифрата помеѓу 4.000—5.000 овци и над 100 коњи. За овој галички умен првенец ќе стане збор и понатаму. Томоски Тало со 600 овци и 7 коњи, Томоски Велимир со 500 овци и 6 коњи, Змејкоски Димо со 1.500 овци и над 20 коњи, Пендароски Тало, Дамјан и Томе со близу 1.200 овци и 20 коњи, Пендароски Симон со 2.000 овци и 20 коњи, Лакински Гино со над 2.000 овци и 15—20 коњи, Калачоски Смиле со 400 овци и 6 коњи, Калачоски Соле 400 овци и 6 коњи, Караѓозоски Арсе, Драган и Миле со над 1.400 овци и 12 коњи, Муратоски Трајче со близу 800 овци и 7 до 8 коњи, Жикоски Пане, Аким и Јосе со над 600 овци и близу 12 коњи, Чалоски Трајан и Вено околу 400 овци и 8 коњи, Чалоски Тодор со 4.500 овци и над 35 коњи, Чалоски Марко со близу 2.000 овци и околу 12 коњи, Чалоски Лазар околу 400 овци и 6 коњи, Луканоски Деспот со околу 300 овци и 5 коњи, Филипоски Рафе и Гале со близу 800 овци и 10 коњи (Рафе во помладото сточарско време е познат како многу смел и вешт јавач и многу добар играорец. Јас него го паметувам како јаваше постојано на една многу убава маска и беше уживање да се гледа таа корпулентна фигура од човек).

Филипоски Косто и Драган со околу 600 овци и десетина коњи, Филипоски Мијаил и Петре со близу 500 овци и 6 коњи, Филипоски Доксим со околу 1.500 овци и десетина коњи, (Доксим е мој дедо по мајка и беше многу голем раскажувач вљубен во историското минато на Галичник. Јас од него имам со часови слушано многу интересни раскажувања). Филипоски Стрезо, брат на Доксима имаше околу 1.000 овци и 8 до 10 коњи, Филипоски Иљо и син му Кирс имаат 500 овци и десетина коњи, Филипоски Јован, исто брат на Доксим, имал околу 2.500 овци и близу педесетина коњи. Јован и

Стрезо се познати придружници во свирење на кавал на нивниот брат по мајка Гале.

Перчуклиески Огнен со син му Стојан имал близу 600 овци и 6 коњи, Чоланчески Васе над 4.000 грла овци и 60 многу убави расни коњи, Угриноски Пејко близу 500 овци и 8 коњи, Шулески Нестор над 300 овци и 5 коњи, Пендароски Гино 200 овци и 4 коњи, Пангоски Трајан близу 2.000 овци и 20 коњи, Раваноски Мино близу 500 овци и 10 коњи, Черепналкоски Апостол (Поле) над 6.000 овци (Поле е татко на мојот раскажувач Владо Черепналкоски, сегашен пензионер. Поле важел во Галичник како еден од најспособните ќеаји. Неговиот брат Русе Черепналкоски достигнал број од околу 3.500 овци и 15 коњи), Черепналкоски Иван со 1.000 овци и 8 коњи, Черепналкоски Филип со 400 овци и 4 коњи, Черепналкоски Аврам со околу 250 овци и 4 коњи (покасно Аврам имаше во селото и многу убаво снабдена бакалница, со стока за широка потрошувачка), Черепналкоски Кире со 300 овци и 4 коњи, Черепналкоски Трајан со 350 овци и 6 коњи, Черепналкоски Мате со близу 300 овци и 3—4 коњи, Цинцароски Милан со 300 овци и 4 коњи, (тој за кусо време ќе ја прославува својата стогодишница), Брезоски Вено, Ефре и Коста со над 1.000 овци и 10 коњи (Овие тројца браќа покрај со овците се занимаваат со трговија. На денешна улица „Маршал Тито“ во Скопје, имаа млекарски деликатес многу убаво подреден и солидно снабден); Кипровски Русе со околу 700 овци и 8 коњи.

Ако се изврши собирање на бројот на семејства кои се занимавале со сточарство, се гледа дека во Галичник нивниот број излегува околу стотина. Секако дека тој број се менувал, некогаш бил поголем, друг пат помал, во зависност од развојот на Галичник, времето за кое се зборува и од други причини.

Сè до 1920 година галичаните со своите стада оделе на зимување во Солунско, Енице Вардарско, Драмско и околу реката Галик. По изменувањето на политичките прилики на Балканот, со завршувањето на Првата светска војна, границите меѓу Грција и стара Југославија станаа непремостива пречка за терањето на стадата во старите реони околу Солунско. Од тој временски период се извршува целосна преориентација на реоните во кои порано се вршеше зимско пасење на овците. Сега овците се носат по левиот и десниот брег на реката Вардар, а повеќе во реоните од Градско па сè до Гевгелија. Ако се гледа само за скратувањето на маршутата Галичник — Солунско, тогаш секако со настанатите промени сточарите биле во полза. Но, од економска гледна точка, заради подоброто одгледување на стоката (тоа е полесно поради благата клима, топлите зими, а била пресудна и близината на големиот снабдувачки и потрошувачки центар Солун) промената никако не им користи на галичаните. Неколку од нив користејќи ги сите тие погодности, покрај овците, држеле поголем број коњи, а исто така и молзни крави. На пример, Стамат Бужароски, држел во месноста Лембед, близу Солун, околу стотина млечни крави, а млекото го продавал на солунската чаршија.

Еве како изгледа списокот на галичките ќеаји кои биле сопственици на откупените летни пасишта и зимски трла — чифлици:

Чоланчевци ги имале во своја сопственост во летниот период планините Солуминица, Черкежица и Плоча. Зимско пасиште каде што ги сместувале своите трла е Голбаш, во близината на Солун. Томовци ги користеле во летниот период планините: Требишка Рупа, Чукни Топаница и Женската. Марковци ја имале планината Султаница.

Покасно во повардарието имале свои чифлизи на откупени земјишта следниве сточари: Косто Бундалески во Манастирец, во близината на Кавадарци, Апостол Черепналкоски имал чифлик во Дуброво — Неготинско, Русе Черепналкоски и Димо Зоекоски во село Добрушани — Штипско, Камиловци и Каркинци имале чифлик во селото Енешево, Геговци — Русе, Крсте и Иван во село Читаклија, Кузе Крцкоски и Арге Каркински во село Ацијусуфлари, Тало Томоски во село Десово — Прилепско, Гино Лакински во село Боротино — Прилепско, Каража Гиноски во село Црешко — Штипско, Симон Пендароски во Лангада — Солунско.

На вака откупените летни и зимски пасишта, галичките сточари влијаеле за внесување многу новитети кај луѓето од односниот крај. Таму тие по нешто и инвестирале, но несразмерно со нивните можности, поради нивната голема претпазливост и недоверба во времето.

Сточарството во историскиот растеж и развој на Галичник најмногу стагнира или опаѓа во периодот од 1912 до 1941 година. Во овој временски период за стагнацијата и опаѓањето влијаат неколку елементи, како: екот на Балканската војна, кога голем број галичани се во војска, сè до Солунски фронт. Потоа, како што веќе понапред реков, сè поголем број галичани се преориентирани на други занаети и занимања, а најмногу влијание укажа масовното одење на печалба, во повеќе правци на светов и отварањето голем број дуќани и занимавањето со разновидна трговска дејност. Сето тоа донекаде условува да настане и поголема концентрација на капитал и стока во поедини галички домаќинства, и тоа кај оние кои се порешителни и подоследни во продолжување на сточарската традиција. Сè така, оваа појава трае до Втората светска војна, кога уште повеќе се стагнира и уште во поголеми размери се смалува бројот на сточарските семејства. Но пак бројот не се смалува до катастрофални размери. Тој број на добитокот во ова време се движи помеѓу осумдесет и сто илјади грла овци. Еве што изјавува Тало Филипоски за тој временски период:

„Јас како дете, младич од околу петнаесетгодишна возраст, во 1943 година бев при маршутата кога се тераа галичките стада на зимувалиште. По спогодба меѓу германските и бугарските окупаторски власти, требаше сиот галички добиток во еден дел да ја мине албанско-бугарската граница во селото Челопек — Кическо. На тој ден границата кај Челопек ја поминаа околу осумдесет илјади грла овци. Поради општата состојба, гледано низ призма и на

опасноста која застрашуваше од арамиски и бандитски напади на добитокот и луѓето, галичаните до окупаторската бугарска граница имаа ангажирано покрај своите и други сејмени, околу сто и педесет луѓе од Албанија, под оружје, за придружување на ова стадо. Но и од самите придружници, „заштитници", се имаше голем страв, а спрема клањето на овците за лична исхрана: се однесуваа онака како што може да се однесуваат башибозучки луѓе".

И понапред рековме дека по завршувањето на Првата светска војна условите за стопанисување во овчарството сосема се изменија. Новите граници, меѓу бивша Југославија и Грција на овчарите им го отежнаа префрлањето на стадата за зимување во Солунско и во другите погодни реони. Исто така, го губат и големиот потрошувачки и снабдувачки центар Солун. Принудени да зимуваат по левата и десната страна на Вардар, оттогаш воглавно и почнуваат со купување земјиште погодно за правење трла и ги создаваат таканаречените „чифлизи".

И во трговијата во прилично голема мера се влошува состојбата. Пласманот на овчарските производи е доведен во мошне големи тешкотии, бидејќи галичаните своите производи (месото, јагнињата, кашкавалот и белото сирење) претежно ги продаваат преку грчки трговци. Новосоздадената ситуација грчките трговци ја користат и вршат најразлични економски притисоци.

Подолго време галичките сточари со нивната упорност, се приспособуваат кон новонастанатата ситуација и не дозволуваат многу нешта да се одразат врз севкупното стопанисување. Барајќи излез од таквата состојба тие на 13 август 1929 година се решаваат да ја формираат првата сточарска задруга. Секако дека за такво здружување се потребни понапредни погледи, кои галичаните ги имале. Ние спомнавме за здружената форма во „карашици". Првата сточарска задруга од 1929 година го добива името Сточарска задруга „Бистра" во Галичник. Правилата на таа задруга се печатени во битолската печатница „Просвета" сопственост на М. Ивановиќ во 1930 година.

Правилата на оваа прва сточарска задруга во Македонија се опфатени со 69 члена, кои ги регулираат многу прецизно и сите права и должности на задругарите и задругата. Јас ќе изнесам само некои покарактеристични податоци:

Во членот 54 се вели: „Заеми задругата зема кога нејзини средства и недостасуваат, но претходно за тоа решава Собранието кое во исто време ја утврдува висината на долгот".

Членот 55 го регулира резервниот фонд и целосно го разработува начинот за неговото формирање и како може да се користи. Член 57 го регулира поднесувањето на завршната сметка на крајот на годината, влоговите во стоката и другите влогови. Една од важните одредби на правилата е дека административните лица ги поставува управниот одбор, кој им одредува плата и може да ги отпушти од работа. Органи на задругата се: управен одбор, надзорни

одбор и собрание, а постојат книговодител, стручен персонал и послуга.

Како што се гледа задругата е организирана многу темелно, а има и мошне јак почетен задругарски капитал. Првите членови задругари според оригиналниот список, каде презимињата се на иќ се следните 32 лица:

Алекса Ленчевиќ, Драган Караѓозоски, Алекса Муратоски, Вено Муратовски, Коста Гиноски, Филимон Кукиќ, Марко Чаловиќ, Русе Черепналковиќ, Гаврило Ажиевиќ, Аврам Камиловиќ, Тодор М. Чаловиќ, Тихомир Михајловиќ, Апостол Р. Черепналковиќ, Дело Каркиќ, Димо Чаловиќ, Ѓино Лаќовиќ, Трајче Муратовски, Јефто С. Муратовски, Никола Јуруковиќ, Василко Веновиќ, Пејко Угриновиќ, Гаврило Д. Филиповиќ, Стефо Чаловиќ, Доксим Ѓ. Филиповиќ, Лазар Бошнаковиќ, Стрезо Филиповиќ, Димо Филиповиќ, Јован Бошњаковиќ, Деспот Буцевиќ, Коста Бундалевиќ, Караџа Т. Ѓиновски, Јосиф Камиловиќ.

На првата страна на оваа книшка — правилник на првата сточарска задруга „Бистра“ во Галичник потписници се како претседател на општината Тихомир Михајловиќ и секретар Трајче Штиљановиќ; на округлиот печат пишува Прва сточарска задруга „Бистра“, Галичник.

Новата задруга „Бистра“ во Галичник е формирана 1945 година и е една меѓу првите задруги во СР Македонија. Новата задруга го задржува името од традицијата и се до денес работи под тоа име.



Галичник во времето на Балканските војни



Галичник — детаљ









Автопортрети на Макрија Негриев Фрчковски и Филип Негриев Фрчковски од Галичник кој го изработија дрворезниот дел на иконостасот во манастирот „Јован Бигорски“ и друго.

Детаљ од иконостасот во манастирот „Јован Бигорски“ изработен од Макрија Фрчковски од Галичник и Петре Филипоски од Гари.

Горѓи Пулески

Фреска во црквата „Света Богородица“ во Петрич — дело на Ристо Макриев Фрчковски и неговиот брат.

Гробот на Хаџи Партение Зоографски кој се наоѓа во црквата „Свети Стефан“ во Цариград (Истанбул). (Снимил: Драган Хаџиевски)







Ристе Макриев Фрчковски еден од бројното семејство иконописци.

Графика од фамилијата Фрчковски.



Лазар Личеноски и неговата сопруга Зоја Личеноска, сликани во Галичник во галичка носија 1953 година.

Последните иконописци од фамилијата Фрчковски: Јаков Фрчковски во средината, со синот Кузман и ќерката.





Попот Авросија Поповски, убиен 1913 година.



Луке Тортески-војвода — еден од многу активните борци пред и во Илинденското востание. Врши разни курирски задачи. Умрел 1914 година.



Дели Софка — името Дели галичаните й го дале поради нејзината нескротена природа и извонредна храброст. Била женски десетар и многу смел курир за одржување врска со сите села. Често се преправала како просјак за да помине низ турскиот аскер.



Војводата Пејчин Томоски — уште во својата 18-та година станал одметник против Турците. Спеани се песни за него. Во борбите 1903 година е ранет и станал инвалид. Неговиот револуционерен дух е одржан през цело време, а во 1942 година станува прв претседател на Месниот народно ослободителен комитет на Галичник.



Храбриот борец против армиите — Соле Калачоски од кого и арамиите се плашеле.

Воденицата на Гале Којчески на реката Ѓиневица во која се фрлени провокаторски писма од бугарската окупаторска полиција во текот на Балканските војни и Првата светска војна.

Познатиот кеаја Трпко Ѓиновски со неговото најблиско семејство кој херојски се бори против арамиските банди на чело со злогласниот Каљош Зајаси.

Семејството на Тодор Томоски снимено кон крајот на 19 век.









Јован Ѓиновски со својата сопруга Фроса потекнува од познатата фамилија Ѓиновски. Активен учесник во Илинденското востание. Убиен на 2 Август 1908 година.



Познатиот учител Павле Аџиески, со своите, трга по невестата за неговиот син Стево Аџиески, 1921 година.



Галичка свадба — на сликата младенците Дамјан и Рокса Пендароски со своите, во дворот на црквата „Света Петка", која во втората половина на 19 век служеше како училиште, наречено даскалница.







Свадбен обичај — младоженецот се опростува на гробишта од своите блиски починати.



Галичка носија — за млади жени и девојки



Погреб во Галичник на кој учествуваат 9 попови кој вршеле црквена служба во селото. Снимено кон крајот на 19 век.



Група галички девојки на домаќинско-шивачкиот курс во Галичник 1937 година.



Една генерација на галички девојки која заврши домаќинска школа во 1929 година.



Учениците со учителката Рокса Филипоска, 1939 година во Галичник



Познатото сточарско и трговско семејство Чоланчески.



Меѓу најстарите Чоланчески е ќеајата Василко Чоланчески со еден дел вработени луѓе кај него. Неговото имање во местото „Ѓолбаш“ оддалечено од Солун околу 60 км. под патот Солун — Кавала, каде што е направена и фотографијата.









Покрај копаничарството, галичките терзии се ценети уметнички творци. Еден од познатите терзии Ѓорѓе Кежароски со неговиот син Аќим за време на везење на женски клашеник.

Еден од најпознатите галички ќеаи Филип Филипоски наречен „Филип глава“ (без јагне и бројници не одел)

Преработка на кашкавал во Галичник — во посета е ќеајата Јован Филипоски

Молзење на овци на бачило под контрола на самиот сопственик познатиот галички ќеаја Апостол Черепналкоски во десниот агол.

## ПЕЧАЛБАРСТВО

Паралелно со развојот на сточарството се врши и сѐ поголема концентрација на капиталот, изразен преку зголемувањето на бројот на овците и другиот добиток во рацете на поедини домаќинства. Зголемувањето на домаќинствата по број на членови и на бројот нови куќи исто така е причина да се зголеми потребата од вработување на повеќемина заради обезбедување егзистенција. Поситните сточари конкурентно се понемоќни и сѐ повеќе паѓаат под сеопшта зависност од големите ќеаји. Со растежот на селото и поради зголемувањето бројот на домаќинствата, се јавуваат и други дејности и занимања. Особено почнува да се развива занаетчиството и ѕидарството. Сѐ повеќе се врши внатрешно диференцирање и поделба на занаетите.

Од друга страна, одејќи на зимување со добитокот, а посебно во реонот на Солун, помладите луѓе се здобиваат со нови сознанија, а пред сѐ солунската чаршија остава на нив видни траги и влијанија. Гордоста и природната бистрина на овие луѓе ги терале на обмислување за оттргнување од примитивниот начин на живеење, одејќи по стадата и ергелињата. Сѐ повеќе им се всадува желба за менување начинот за создавање заработувачка. Галичанецетот, секојпат се стремел да биде самостоен, независен од други и рамен на секого. Во врвниот развој на сточарството, имало околу илјада лица вработени во Галичник од други места, додека самите галичани почнуваат да одат во други земји и градови на печалба. Постапно, но константно, сѐ поголем е бројот на оние кои се отиснуваат во нов свет, во неизвесност, во потрага за подобар живот. Главната одлика на галичаните за меѓусебно потпомагање и овде дошла до полн израз. Еден влече друг, се помагаат, позајмуваат и сѐ повеќе се води битка за штедење на многу тешко спечалената пара во туѓина. Тие се неверојатно настојчиви, амбициозни и работливи. Од ништо создаваат нешто и растат до големи трговци, претприемачи и сѐ до видни индустријалци. По поединечните големи успеси на неколцина печалбари, се накачува бројот на галичаните што одат на печалба до деветстотини па и до илјада и сто. Таквите лица се здобиваат и со богати нови сознанија, влијаејќи се од начинот на живеење во поцивилизираниот свет, каде овие печалбари гурбетуваат.

Како последица на растежот на печалбарството и на здобивањето со нови сознанија, галичаните, по враќањето од гурбет, носат и низа новини кои во тоа време и за тие услови претставуваат мода. Збогатената лична култура и сè помасовната писменост ги тера постапно да менуваат многу работи во селската живеачка. Тие новини, не без отпор, влегуват и во домаќинствата на сточарите. И од нив, сè повеќе, дел на младите членови се оттргнуваат од сточарството и одат на печалба. Од примитивно нанижани бројници, почнуваат да се внесуваат како подорак донесен на постарите, бројници со ќилибарски зрна и кончени пускулчиња, во разни бои. Место трат секало чакмак, за палење тутун, се носат разни запалки и ќибрити. Место опинци, а подоцна отворени ниски кондури без врвци, се внесуваат чевли наречени „ѓети" со високи петици. Старите изделкани и со рака обработени стапови и овчарски крлузи, што служат за потпирање на старите, се заменуваат со убаво изработени бастуни, од кои особено се познати египетските. Внесени се в село и првите чадори. Место старите драпни и надглавници, што ги носеле жените, сè повеќе се носат и се даваат на подарок многу убави шарени калемќари. Гурбетчиите сè помасовно се враќат од печалба убаво наоблечени, во европски костуми и со вратоврски. Како своевиден куриозитет била вратоврската, а галичаните на шега ја викале „оглавче за водење". Фесот и кечето покасно и качкетот се заменувале со шешири. И за нив галичаните се подбивале: „Машала, гурбетчијиве ни се враќаат со котли на главе".

Веќе еднаш реков, имало отпор против внесувањето на наброените и други нови нешта во селото. Но тие отпори секојпат биле на безболен начин кршени. Ми се чини и тоа е еден белег за степенот на природната и лична, ако може така да се рече, образованост. Секако ќеајите нерадо ги гледале своите и роднините со „оглавчиња" и „котли на глава", но и не биле категорични во спротивставувањето.

Каков бил развојот на печалбарството јас ќе се обидам да го прикажам преку бројот и распоредот на галичаните кои имале свои дуќани во повеќе земји и градови. Оваа реконструкција ја извршив со помош на Штиљана Мауроски, Блажета Кржалоски, Блажета Буцески, Дамјан Шушлески, Трајчета Лепчески, Загета Куцулоски и во Софија со Милета Жикоски, Васета Јанкулоски и Тома Ѓиноски, за Романија со Шпира и Елена Алаутоски. Еве како се распоредени дуќаните:

### ГОСТИВАР

Стефо Чадловски — хотел, Ристо Бундалески — хотел. Трајко Попоски — хотел, Спиро Тримчевски — фурна, Виљо Тримчески — кафана, Евге Тримчевски — бакалница, Ѓино Бисмилоски — млекарница, Сиљан Колачески — кафана и трафика, Доксим Бисероски — трафика, Русе Тортески — бакалница, Ѓорѓе и Заге Венески — кино сала.

## СКОПЈЕ

Огнен Героски — дуќан, Неце Героски — дуќан, (За сите лица што се занимаваат со млекарски и слаткарски занает ќе ги наведувам само имињата и за секого треба да се подразбира дека имал самостоен дуќан). Ристе Најчески, Вељо Трута, Гене Болински, Огнен Гролкоски, Јован Ќипроски, Соле Пангоски, Петре Пангоски, Евге Бошкоски, Доксе Бошкоски, Аврам Бошњакоски, Димо Ванкоски, Јован Танушески, Љубе Чудулоски, Вене Чудулоски, Блаже Богески, Кузман Брезоски со синовите, Фиљко Буцулоски, Милан Куцулоски, Илија Глувчев, Страте Перчуклиески, Дине Перчуклиески, Ристе Перчуклиески, Никола Гролкоски, Доне Гролкоски, Доксе Пакоски, Танаско Илиески, и ан галички Миле Шаревски, Трајче Шизимоски, Трпко Желчески, Меле Цубалески, Стефо Шаитка, Софре Трбушкоски; браќате Вено, Ефре и Косто Глигориеви (Брезовци) покрај деликатес на сегашна Маршал Тито улица тие биле и ангросисти по млечни производи, имале свои мандри за преработка на млечни производи и свое стадо овци; Доксе Дирлески и син му Борис, Натаил Дрлески, Димко Жантески, Трпе Шукороски, Томо Жантески, Трпе Јаковлески, Каре Желчески, Стрезо Желоски, Аврам Жикоски, Глигур Жикоски, Лазар Жикоски, Исаче Бошкоски, Ламбе Ажоски — хотел со ресторан, Натаил Бундалески — хотел со ресторан, Драган Муратоски — хотел со ресторан.

## СРБИЈА

**Белград:** Лазар Брезоски — угостителски ресторан, Исаче Дренковски — бакалница, Бундоски Трајан со брата му — фарма со крави, Софронија Огњаноски — свој дуќан и големо стопанство во Бочар — Банат и производител е на млечни производи; Браќата Брезоски со Шпира Алаутоски — трговски дуќан со млечни производи на мало и големо и мандри за преработка на млечни производи, Мате Сушички и Јован Јанкулоски, Трајан и Дамјан Бундалески, Јован и Лазар Ажиески, Доксе Бундалески и Аврам Пендароски (за набројаните двојни презимиња, треба дасе подразбира дека се ортаци).

Тодос и Лазар Бужароски, Страте Бужароски, Стефо Ажиески, Стрезо Прлеоски, Пандир, Блаже и Алекса Кароски, Спиро Пакоски, Лазар Шалтаноски, Мане Пакоски, Ѓорѓи Пакоски, Вело и Мартин Шушички, Софре Бужароски, Васе Кецкароски, Мојсо Музески, Ѓорѓе и Доксе Чадлоски, Лазар Секулоски, Десо Бајрамоски, Томо Брезоски, Марко и Драган Шулески, Русе Кецкароски, Васе Цубалески, Ило Цубалески, Дуко Жукелоски, Наум Николоски, Косто и Заго Канчески, Митре Черепналкоски, Софре Черепналкоски, Слободан Бужароски, Драган Черепналкоски, Никола Којчески, Митре Филипоски, Лазар Кецкароски, Деспот Кецкароски, Васе Франгоски, Лазар Бундалески, Симон и Мојсо Брезоски, Васе Чалчески,

Никола Маркоски, Васе Маркоски, Трпо Брезоски, Кипро Бундалески, Томо Пендароски, Крсте Пендароски, Блаже Пендароски, Глигур Чадлоски, Јован Бундоски, Никола Ванкоски, Вељо Чадлоски, Стрезо Караѓозоски, Васе Томоски, Siљан Сиљаноски, Ристе Крлачоски, Аритон Тортески, Блаже Јанкулоски, Крсте и Соле Гегоски, Блаже Мелоски, Спиро Бундоски, Стрезо Маркоски, Косто Маркоски, Миле Бундалески.

Јас не одев кон тоа сиве овие наведени галички дуќанџии во Белград да ги набројувам по карактерот и видот на дуќаните. Сакав само да ги набројам имињата, додека пак нивните дуќани се разновидни, како: млекари, бакали, пиљари, пекари, со мешана стока, дуќани за продажба на стока на мало и големо, а некои од споменатите држеа и свои крави во околината на Белград, а млекото го продаваа било во сопствени дуќани било на белградската чаршија.

## БУГАРИЈА

**Софија:** Аврам Чалоски, Трајан Росоклиоски, Драган Крцкоски, Трајче Жикоски, Митре Грданоски, Ѓорѓе Бабалиески, Каража Чалоски, Деспот Прасароски, Косто Ѓиноски и Васе Јанкулоски, Миле Жикоски, Трпо Шалески, Крсте Чапароски, Ѓорѓи Чалоски, Томо Чапароски, Петре Черепналкоски, Марче Чалчески, Блаже Пакоски, Трајче Чачески, Ѓорѓе Чачески, Деспот Чачески, Косто Ангелкоски, Гале Росоклија, Васе Росоклија, Софре Ангелоски, Стојан Куноски, Јаче Камилоски, Исаче Фрчкоски, Методија Фрчкоски, Саве Јурукоски, Ѓорѓе Пакоски, Цеко Кеноски, Паскал Кеноски, Иван Пангоски, Андон Чалоски, Доксе Чалоски, Тодор Гликароски, Блаже Пулески, Стојан Плешкоски, Глигур Тортески, Миле Фрчкоски, Апостол Фрчкоски, Ѓорѓе Черепналкоски, Иван Чалоски, Доксим Чалоски, Доксим Ванкоски, Филип Лузески, Веле Ропаноски, Доксе Ропаноски, Соле Куцулоски, Пане Куцулоски, Филе Муратоски, Дамјан Филипоски, Русе Бислимоски, Мане Бислимоски, Тодор Гегоски, Аврам Гегоски, Ристе Гегоски, Јанко Бајрамоски, Наќе Бајрамоски, Лазар Колачески, Шпиро Јанкулоски, Лазар Брезоски, Кузе Трошаноски, Мате и Луке Бабалиоски. Ни овде како во образложението под Белград не ги наведувам дејностите на овие дуќани кои се исто така од повеќе бранши. Ќе го наведам само името на Аврам Чалоски кој е еден од најголемите индустријалци во Бугарија се до 9 септември, кога му е се национализирано. За да не ја повторувам повеќепати карактеристиката на сите галичани печалбари — дуќанџии е иста или слична без оглед каде и да се наоѓаат. Однапред напоменувам оти ми било невозможно сите дуќанџии стопостотно да ги набројам па е сигурно дека се некои испуштени. Како што се гледа од досега наведениве на едно исто презиме се јавуваат по неколку имиња. Треба да се знае оти секое име претставува свој сопствен дуќан без оглед на повеќепати спомнатото исто презиме.

**Пловдив:** Арсе Папатанососки, Луке Авросиески, Славко Папатанасоски, И. Топузоски. **Бургас:** Алекса Ванкоски, Вено Ванкоски и Ристе Ванкоски. **Трново:** Србиноски Алекса.

## ГРЦИЈА

**Солун:** И галичките печалбари во прилично голем број оделево Солун. Ќе ги наведам оние лица кои имале свои дуќани во Солун: Рапо Рапоски, Дамјан Жикоски, Глигур Караноски, Гапе Гулабија оженет и умрен во Солун, Танаско Кудузоски, Штиљан Топузоски, Гале Ѓурески, Меле Брезоски, Ѓорѓе Мангароски, Павле Мангароски, Јован Шулески, Тало Каркински, Алекса Канчески, Јосе Жикоски, Дамјан Брезоски, Евге Чадлоски, Томо Куноски, Серафил Дукоски, Борис Бислимоски, Мане Бислимоски, Томо Ажоски, Постол Бужароски, Павле Ќипроски, Кузман Мешкоски, Ѓорѓе и Заге Веноски, Косто Граоркоски, Крсте Мелоски, Деспот Крцкароски, Доксе Силјаноски, Серафил Јурукоски, Ристо Пилевски, Аврам Мандически, Крсте Мандически, Соломон Лакински, Тодор Мицоски, Иван Шуриоски, Симон Караѓозоски, Лазар Кунчески, Василко Караѓозоски, Јосе Билински, Деспот Маркоски, Симон Карадакоски, Насте Карадакоски, Венте Топузоски, Јордан Арсланоски, Рафаил Лепчески.

**Лариса:** Чанговци, Куцуловци, Жантевци, Крцкоски, Писевци, Лаќинци, Ќубуровци и Чанаковци, **Кардица:** Гоговци, Ларовци, Прлеовци, Ажиевци и Кузман Гегоски. **Трикала:** Шаторовци, Брезоски Трпко, Черепналкоски Мате **Катерино:** Волчески Митре. **Ливаѓа:** Бундалески Арге и Трпко Желчески. **Кажани:** Цуцулоски Борис и Ванкоски Мане. **Воло:** Бундоски Русе, Бундески Јаков, Гегоски Кузман и Попоски Трајко. **Атина — Пиреја:** Дукоски Стамат и Косто, Ванкоски Иван, Ванкоски Ѓорѓе, Дукоски Аритон и Бундалески Косто. **Халкида:** Бундалески Софре и Васе Лузески. **Фива:** Кукоски Нико и Јанузоски Ѓорѓи.

## РУСИЈА

**Москва:** Раде, Макрија и Димо Јанкулоски, Таљо Каркински, Симе Маркоски, Стрезо Бундалески, Ќипро и Ѓино Бундалески, Страте и Стрезо Бундалески. **Киев:** Кипроски Русе.

## ЕГИПЕТ

**Каиро:** Каркински Иљо, Ристе Упиноски, Иљо Тортески, Блаже Перчуклиоски, Трајче Цубалески, Томо Тортески, Павле Гугулоски, Мане Тортески, Петре Желчески. Миле Желчески, Ладе Торте-

ски, Јордан Пљачкоски, Ристе Мешкоски, Теофил Перчуклиоски и Упиноски Ристе. **Александрија:** Тримоски Јаков, Тримоски Шпиро, Гривчески Јосе, Шаклески Никола, Шаклески Јаќим, Шаклески Филип, Мауроски Штилјан, Тримоски Штеријо, Бужароски Тодор иЛазар, Бужароски Страте, Шулески Мане, Јурмоски Стефо, Гугулоски Павле, Цубалески Васе и Аврам, два дуќана, Равановски Васе, Пљачкоски Аврам, Куцулоски Наќе, Куцулоски Димо, Кипроски Веле.

## РОМАНИЈА

**Букурешт:** Филип Ристев Брезоски, Аврам Нанески, Спиро Бундалески, Филип Бундалески, Спиро Брезоски, Дамјан Ѓозински, Јордан Брезоски, Исо Мицоски, Мицо Мицоски, Ристе и Глигур Бабалиески, Ристе Танана, Спиро Алаутоски, Лазар Цубалески. **Брашов:** Рафе Пакоски. **Рашиор Диведе:** Аритон и Лазар Лоноски. **Турнонагореле:** Огнен и Деспот Алаутоски. **Каракал:** Смиле и Ефре Алаутоски и Стојан Кутрески.

Мислам за ваквата импозантна бројка на галичани со свои дуќани, во повеќе земји и светски градови, не е потребен посебен голем коментар. Самиот број на дуќани е таков и толкав што недвосмислено ни укажува на вредноста и општите карактерни црти на овие луѓе. Но и покрај тоа, заради поарна проценка ќе наведам само некои побитни нешта за тие проценувања.

Ниеден од сите споменати галички печалбари, дуќанџии, не е тргнат на гурбет со капитал понесен од дома. Најчесто на гурбет се тргнувало и без пари, односно со нешто собрано или позајмено пари за пат до одбраната цел. Најчесто на пат се тргнувало со заложување нешто од женскиот накит кај побогатите, а покасно со добиената печалба повторно накитот или „дублата" се откупувале. И ваквата позајмувачка се договарала без какви било писмени документи и потврди. Тоа е правено во четири очи за никој да не знае. Покрај тоа треба да се има предвид дека на првиот губретлак се тргнувало воглавно на 11 до 12 годишна возраст, па така може да биде појмливо, што сè го чека печалбарот за да дојде до основен мал капитал за отварање на свој дуќан и создавање постабилна работа.

Меѓусебна помош на еден со друг во туѓина, е секогаш присутна, но и тогаш се одмерува се дава пред сè на вредниот домаќин и штедливиот човек.

Во првите години на губетлакот, децата се главувале како чираци при други, свои или страни лица, а тоа по галички е наречено давање на „кадана". Детето се давало во туѓи домаќинства, дуќани и друго, поради галичкото начело тоа од почеток да се навикне на тешкотии, да знае да почитува туѓ имот, за да може покасно своето да го чува; за учење на други луѓе и карактери, или со еден збор, да осети и да научи како се работи, како се печали и што значи да

бидеш свој човек и самостоен во долгата и тешка борба за егзистенција.

Родителите одвреме ги подготвуваат своите деца за сите можни изненадувања во животот. И самите родители често се пред своите деца сурови, немилосливи, ама со татковска грижа. Не покажуваат никаква сентименталност и тоа се пренесува од колено на колено. Само така, со таквата корава, но полна грижа спрема сопствените деца, се постигнувала целта. Од нејаки деца станувале горди, чесни и вредни работни луѓе. Наместо љубовта на родителите јавно да се манифестирала во раните детски години, таа се изразува подоцна, после, тогаш кога ќе почнат овие да создаваат со сопствен труд.

По две, три години „кадана" и чираштво, постапно, со паситни работи, но самостојно, почнува ерата на самообмислување, самогрижа. Се развива младешка иницијатива и упорност за што поскоро осамостојување и почнува штедење до самоодречување.

По првите добиени искуства, на „кадани" и со веќе здобиени печалбарски белези, ваквите момчиња од 13—14 години се групираат по тројца, четворица и повеќемина живеат заедно, работат заеднички работи, а често и заеднички се хранат. Сето ова се прави со цел, и овде, да се заштеди со самолишување. Често пати заедничките собички се по тавани или по мемливи подруми. Заеднички се плаќа кирија, вода, струја, заеднички се снабдува огрев и сè друго што им е потребно за живот и работа. До сопчето за живеење обично се настојувало да се има уште една помошна просторија, каде што вршеле подготовка за продажба на кисело млеко, во лончиња, за печење костени на мангали на улици, печење на семенки како и низа други работи, преку кои може да се спечали по некоја пара. Таквите услови на живеење најчесто оставаат последици за младите сè уште незајакнати тела.

Во поново време, кога веќе изумираат мајсторските занаети, најчесто заработувачка била преку продавање на кисело млеко, што го носеле во корпа на рамо, од врата на врата и од кат на кат. Овие продавачи не ретко се малтретирани, терани и исмејувани. Но, галичкото момче е тргнато на печалба да спечали за себе и за домашните, па сите тие незгоди ги поднесува стоички, а и, како што рековме понапред, подготвено е од своите родители за борба со суровиот живот во туѓина. Упорни се во своето настојување, а често на поедини „госпоѓи" и домаќинки им вршат паситни услуги како: купување весници, фрлање ѓубре, одење во бакалница и што сè не, само муштеријата да се задржи за постојан купувач. Пред нив постојано стои целта да се спечали за да ги помогнат своите кои се оставени далеку во Галичник и за да можат, ако не секоја година, барем на две или три да се најдат со нив и со нешто спечалените пари да однесат дома подароци; да почувствуваат домашна топлина и љубов, да се проveselat со своите врсници, да се разиграат на својата селска слава Петровден, да појдат побратими јаваjќи потседлани коњи на прочуените галички петровденски свадби. По два

до три месеци поминат весел и безгрижен младешки живот, повторно ќе тргнат по истиот пат на туѓина, во неизвесност, на нови маки, но и со нови надежи за поголеми успеси во работата, поради претходно здобиеното искуство.

Продажбата на млекото се врши изутрина, пред „госпоѓите" да појдат по покупки, а трае до 10—11 па сè до 12 часот претпладне. По враќање од продажба, нема одмор: се врши подготовка за утре: се мијат лонците, лончињата и казаните за варење на ново млеко, сè до двата часот попладне. Навечер се излага на додатна работа, се оди по куќи, особено зиме, се чистат дворови од снег, се носат дрва од подрум на спрат, се продаваат разни слатки пред школските порти. Најчесто се печат на мангали костени и се продаваат на некои попрометни улици и ќошиња, често прогонувани од жандари.

И сега кога ги пишувам овие редови, јас лично не можам да ја заборавам глетката кога една студена есенска вечер група жандари не збрка мене, Парета Бошнакоски, Шпире и Никола Дренкоски и Блажета Јанкулоски по плоштадот во Белград каде што е сега Офицерскиот дом и околу театарот. Еден од нас, бегајќи сосе распален мангал, се сопна и му се растури жарот на улица. Почна ветрот да го разнесува и постоеше опасност од пожар. Се создаде цела паника. Жандарите што не гонеа не заборавија, па некако сите избегавме. И јас бегајќи го испуштив мангалот и без него отидов в соба. Дури жалев за губитокот на мангалот, ме пречека стариот Павле Дренковски, крив на една нога, кој на нашата група ни беше како домаќин. Наместо да ми даде утеха, ме удри неколку пати со стапот, — како сум смеел да го оставам мангалот, моето основно средство за работа. Тоа од него беше татковски, зашто целата група бевме на 14—15 години.

Вакви и слични, но сигурно не побезболни се ситуациите во кои запаѓале сите млади печалбари кои не одат при своите позафатени со дуќани или на друга постабилна работа. Но сеедно, кој со каква работа почнува, сите имаат еден заеднички именител: работа и работа и големо штедење за создавање на почетен капитал за отворање дуќани или за друго посолидно и поперспективно занимање. И пак за сите млади галички печалбари е заедничко дека на крај успевале, што е најарен доказ наведениот број на галички дуќани по Балканскиот Полуостров, на Блискиот Исток, во повеќе европски држави па дури и во Америка.

Ако веќе рековме на едно место, дека од Галичник одат на печалба и по над илјада души во годината, не сметајќи ги сточарите со нивното полуномадење, тогаш не се тагите и маките само на овие над 1.000 души. Тие се на повеќе илјади или најарно и највeрно речено на целото село, оти секој е врзан со некого во блиска или нешто подалечна роднинска врска. Само тој што не го вкусил, не знае колку е горчлив тој печалбарски леб.

Ако се земе, што е апсолутно неможно, но како пример, дека секоја година печалбарот идел и седел по два месеци во годината со своите, тогаш би дошло дека во 50 години печалбарски живот, еден печалбар е дома со своето семејство со своите најмили само 100 месеци или 8 години и 4 месеци. Зарем ова не е најболното и најтрагичното, па макар и многу пари да се печалеле, сè би било попусто.

Но горделив е мијачкиот човек. Упорен е и отпорен. Сите маки и несреќи стоички ги поднесува, се бори, создава, гледа домаќинство. Тој каде и да оди, што и да види и доживее, секојпат е дома со мислите, со своите, и секојпат се враќа во своето гнездо уште по искален, пообразован, за уште штотуку го прескочил домашниот праг, да мисли за нов пат, за нов ѓурбет.

Галичник е на околу 1300 метри надморска височина, па уште со првиот ден на доаѓањето од печалба, домаќинот почнува да го снабдува домаќинството со сите потреби за живеачка преку зимата барем за шест месеци: со храна, огрев, волна за работа и со сè што е потребно за тој временски период. Затоа се штеди и бори за спечалување и тоа му е постојана преокупација на секој галички печалбар. На преден план е брашно за леб и се носи со товари пченка, пченица, а подоцна и готово „маќенско" брашно. Мешарките мораат секојпат да се полни, а друго како кој може и колку што е економски јак. Во Галичник сé може да се позајми, но позајмување брашно за леб, претставува веќе срамота.

За галичката жена може да биде посебно збор, а за да не неправам неправда кон неа, наведувам, оти таа со своите одлики во ништо, или во многу малку нешто, заостанува зад своите мажи печалбари и сточари. Затоа е и успехот поголем во Галичник, отколку било каде. Жената е основен темел на куќата или, како што галичаните велат: „Мажот со товари да носи дома, а жената со игла да изваѓа од дома, таа ќе го надваса". Покрај другото, во практика жената е водител на домаќинството и основен воспитувач на децата, зашто се знае колку време мажот е дома. Еве што вели за тоа Милетиќ кој ги посетил овие краишта во 1916 година:

„Мијаците се до ден денешен најдаровито племе од сите други племиња. Таквите духовни особини се еднакви кај мажите и жените". Откога ги спомиња успесите на мажите, печалбарите, копаничарите и друго, за жените понатака вели: „Мијачката жена не останала поназад од мажот во своето искуство". Мислам дека Милетиќ има полно право. Како пример ја наведува работата околу везовите на носијата која е женски производ: везовите на моминските долами, елеци, ракави и кошули, плетени и везени чорапи и другото е можно само кај природна бистрина и умешност. Зарем некој мајстор уметник им правел нацрт за везот? Зарем некој учен фарбар им одредува истенчени нијанси за сите можни бои кои се застапени во тие везови кај галичката носија? Зарем некоја вешта шивачка им крои чаршави и везани перници и тн. Сето тоа сама го прави галичката жена, го прави и се воздига до уметник-

занаетчија-самоук. Веројатно и таквата жена е еден од главните елементи за верноста на нивните мажи и постојаната грижа за дома.

Многу е мал бројот на галичани кои не го окусиле горчливиот леб печалбарски. Сточарите галички се во нешто поповолна положба, бидејќи нивното полуномадење им овозможува секое лето да дојдат дома па дури по некој ден и во зимските денови пред да дојде јагнило.

Многу мал е бројот на луѓе од Галичник и целата Мијачија кои не ја почувствувале мемливоста на подрумските сопчиња. Таквите исклучоци се воглавно од редот на помалиот број терзии, поповите и еден број од даскалите. Малку се тие за кои не е месен „комат" со ориз, со молитва колку зрна на оризот, толку парчиња-златници да се спечалат. Многу мал е бројот на оние дечиња на кои како првосолунчиња, не им се бесени околу вратот низалки нанижани со варени костени и по некое париче на нив или не им се плетени бели волнени чорапчиња и палено колиби, по првото враќање дома од чираштво и „кадана".

Овие и ваквите горчини, што ги преживувале со векови галичките печалбари и нивните семејства, можат да ги почувствуваат во сета своја тежина само преживеалците на тие судбини и времиња. Од тука и традицијата кај галичаните нивните прочуени свадби да траат со денови, за луѓето да се подразвеселат и да се оддалат од вечните грижи. Затоа се и многубројните празничиња и празници, за да се појде по ракија и меѓусебно да се извидат луѓето, да ги разменат болките за своите кои се далеку од нив. Секое дојдено писмо од далеку е радост за домаќинството, за комшиите, за роднините и пријателите, а и ќе се раскажува по цело село оти таа и таа добила писмо и во него стои оти сите биле добри и здрави, комшијата, роднината, пријателот и ортакот.

Поради слабите комуникативни врски, поштански, телефонски и телеграфски, галичните имале и посебен вид кирации кои ги викаат саиџии. Тоа се луѓе кои ги обиколуваат поголемите печалбарски центри, собираат писма од печалбарите и „торбачиња" — пратки — пакети, и со денови патувајќи на коњи, за мала парична награда, ги носеле аберите во Галичник и обратно. Иако биле ваквите абери од по два и три месеци стари, тие биле сепак нови за оние што чекаат да чујат абер за своите. По ваквите ќирации — саиџии, печалбарите испраќале по некоја пара, а посебно оние домаќинства кои немале можност да бидат снабдени со сè за цела зима. Ќирациите — саиџии, уживале голема доверба, а ним тоа им било како главно занимање. Најтешки биле врските со оние ѓурбетчии, кои оделе во прекуморските земји и не било можно со коњи да се допре до нив. Тие семејства и печалбарите, биле секој пат во најголема неизвесност, зашто и идењето дома од печалба, и поединечно и групно, било многу поретко, а идењето било обично за Петровден или зиме за Божиќ и Велигден.

При испраќањето на мажите на печалба, постарите жени ги спуштале врзаните ракави надолу, што било своевиден знак на жалост и неизвесност, а постоело и верување оти со така спуштените ракави се брка од себе лошата и црната судбина. И калемќарите на глава ги менувале со други-со помалку шари и со потемни бои сè до враќањето на печалбарите.

Битка за заработувачка ги терала луѓето на учење и некои занаети, иако веќе рековме, а се виде и од прегледот на дуќаните во разни градови и земји, дека галичаните печалбари најчесто работеле како млекари. Меѓу таквите занаети спаѓа и ѕидарскиот — мајсторството. Повеќе фамилии од Галичник се занимавале со овој занает. Една од поголемите мајсторско ѕидарски фамилии е фамилијата на В' лчета В' лчески. Од В' лчевата фамилија која е доста голема, настануваат природни делби и покасно се израснати фамилиите Цинцаровци и Шукриовци, но во прво време сите ѕидари и оделе на печалба најчесто во Грција. Во разни грчки места преземале ѕидарски работи, а како многу вредни мајстори набргу се здобиле со авторитет, што им послужува да добиваат препораки од еден град за во друг, од едно село за во друго.

Покрај овие имало и други галички печалбари — мајстори. Такви биле и Ќупе Ќупески и Дојко Марески со синовите. Тие работеле во Солунско. За нив, повеќе од шега, јанчанските мајстори велеле: „Готово е галичките ѕидари ни го презодоа лебот“. Вакви шеги овие правеле затоа што Ќупе и Дојко не биле по занает ѕидари, ама се „снашле“, додека пак јанчаните се вистински мајстори.

Нове, Милош и Пере Гулески биле мајстори ѕидари и претприемачи, а Петре бил и дрводелец и диграмациja. Најмногу работеле во Романија во местата Каракол и Корабија. Преземале цели зданија и сите ѕидарски работи ги извршувале вработувајќи и други лица.

Мајстори ѕидари по занимање биле и Јосе Франго и Јован Камбуроски и работеле во Солун и Солунско во времето помеѓу 1850 и 1880 година. Овие двајца се многу вешти не толку по својот испечен занает, колку по својата бистрина и остроумност. Овие двајца биле и љубители на писменоста. Еден ден се решиле да одат при грчкиот владика во Солун и го молеле да им дозволи да отворат во Солун своја школа во која би се учело на својот галички дијалект. Му ветиле на владиката оти самите галички печалбари ќе ја финансираат таа школа, но такво ветување и одобрение не добиле. Со сигурност не можам да тврдам, но претпоставувам, дека нивната акција е поттикната од Хаџи Партенија Зографски, за кого се знае меѓу галичаните дека често пати одел во Солун и бил постојано во контакт со своите соселани галички печалбари. Исто така меѓу галичаните се раскажувало како Партенија постојано ги подучувал за многу нешта каде и да дојде со нив во допир. За школата ми раскажаа Ристе Калачоски, Васе Франгоски и Алекса Муратоски.

Арсе Кудузоски, Косто Пачоски, Томо Козолоски и Блаже Козолоски со татка му Галета биле познати во Солун по работата со клепан камен. Тие работеле во Солун пред 1900 година, а бидејќи таков

квалитетен камен немало во близината, вршеле увоз од Измир — Турција. Мајсторски изработените воденички камења ги продавале по цела Грција, а пред сè во солунските села. Такви изработени камења извозувале и за Бугарија.

Како што се гледа и од овој пример, занимањата на галичките печалбари, а посебно и поизразито во 18 и 19 век, биле многу разновидни. Од кондуктери на солунски трамваи, до ложачи на првите железнички локомотиви. Негде помеѓу 1905—1908 година трамваите во Солун биле со коњска влеча, а еден од старешините на таа организација бил Стрезо Несторов Брезоски. Ложач на првите локомитиви во Солун бил Мијаил Бајрамоски.

Ретко има крај на глобусов каде некој галичанец не допрел макар и на кусо време во потрага за печалба. Од Калкута во Индија, Русија и Америка до скоро сите европски држава и како и државите на Блискиот и Далечниот исток ги крстосувале овие вредни луѓе. А пак Балканскиот Полуостров го шетаат како да си излегуваат на „Пеш“, „Сама Бука“, „Стопанче“ и „Укален“ (места во непосредна близина на Галичник).

## ЗАНАЕТЧИСТВО И УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ

Од многу стари времиња галичаните се труделе на своето село да му дадат изглед и значење на помало гратче. Сето тоа е резултат од потребата за создавање услови за побезболно снабдување, имајќи ја предвид далечината на поголемите пазаришни центри. Оддалечени од нив, без посолидни комуникативни врски и транспортно-превозни средства, освен со коњи, овие луѓе морале да создадат што повеќе занаетчиско услужни дејности за да можат донекаде да ги задоволат своите потреби.

Прво почнале да се раѓаат услужни дејности во собразност со овчарството. Се создавале самарџии за обезбедување самари за нивните коњи, се подигале воденици за мелење пченка и пченица и валавници за валање галички тешки и збито изработени клашни, за валање на постели кои биле јаки волнени мутавчиња, волнени ложници, мутави и овчарски зобани, и се она што не може вредната женска рака да го совлада одејќи на река и на чешма за перење со раци и бувалки.

Водениците биле нужни не само за мелење на пченка и пченица за исхрана на домаќинствата, туку и за обезбедување на големите овчарски тајфи по бачилата и аргачите. Таа една цела војска од овчари треба да се прерани, а основното е брашно за бакрда и за сомуни. Потоа доаѓа и исхраната на добитокот и големиот број на бачилски — овчарски кучиња. За сето ова требало да се создаде една верига услужни капацитети, а посебно во поново време, кога селото нараснува на околу 700—800 домаќинства и бројот на вработените надвор од Галичник се накачува над 1.000 лица.

И не работеле за Галичник само галичките воденици и валавици, чиј број не е мал. За него работаат и јанческите и росочките воденици и валавици.

Еве како изгледа бројот во врвниот развој на овие две услужни дејности. Реконструкцијата ја извршив со помош на Русета и Русевица Кипровски во Гостивар.

На реката Ѓиневица подигнати се следните воденици: Тортеска воденица, а покасно и уште една нивна или вкупно две воденици; Тримоска воденица, Пангоска една, Крцкоски две воденици, Којчески две воденици, Меловци една воденица, Чадловци една водени-

ца, Брезовци една, Грдановци една, Караџовци една, Ванкоска една или вкупно 13 воденици. Дојдовме до заклучок дека имаме 5—6 воденици испуштено, што би проезлегло оти на реката Ѓиневици имало околу 20 воденици.

Во Јанче за Галичник работеле 5 воденици и две во Росоки или вкупно со јанческите и росочките за Галичник работеле 25 воденици.

За ова големо село работеле следните валавици: Тримоска, Пангоска, Крцкоска, Којческа, Мелоска или вкупно 5 валавици. Во Јанче, воглавно за Галичник, работеле 10 валавици и во Росоки две или вкупно за Галичник работеле 17 валавици.

За јанческите воденици и валавици се информирав од Кадрија Бастриоски и од Пата Изеирова. Важно е да се напомене дека стопаните на овие воденици и валавици скоро исцело живееле од нив, а поголемиот број и исклучително од нив. И од тоа се гледа колкав бил прометот со мелење и валање, а посебно во шпицовите кога тие работеле и дење и ноќе и се чекало со денови на ред. Воденичарите услугата ја наплатувале воглавно со ујем — мелено брашно, а валавичарите парично или во натура, најчесто со волна, а овчарите често услугата ја плаќале и со благота — сирење и урда или овча маст и месо. Исто така услугите се наплатувале и со огревно дрво што им го носеле сточарите со нивните многубројни коњи. Јанческите воденици и валавици, поправо нивните стопани, исцело живееле работејќи за Галичник. Посебно ценето е нивното валање кое било поквалитетно, а освен тоа често сами со свои добици, коњи и магариња, ја земале и ја враќале стоката, а тоа особено е важно за печалбарските фамилии, зошто тие дома немале свои коњи. Овие фамилии во галичките воденици и валавици морале да носат вежани на грб, било жито за мелење или руба за валање. Тоа било главно женска работа.

Во Галичник имало и три влачарници и тоа едната е Упиноска, втората Ванкоска и третата Мешкоска. И влачарниците биле до максимум искористени за влачење волна која служела за изработка на домашни потреби, особено алишта — бечви, долами, минтани, кусаци, чорапи, мутавчиња, волнени и ресави ложници и се друго што ги зработувале вредните раце на галичанките со предење, сновење, навивање, ткаење, вапсување, за покасно да ги преземат во своите виртуозни раце многу способните галички терзии, за шиење, а девојките и младите невести за везење. Не случајно е галичката носија и машка и женска, толку убава и позната во светот. Сето тоа се должи на сплет фантазии компонирани во завршната убавина.

Услужна дејност во селото вршеле и самарџиите. Во едно време еден е Јован Кумески и друг е Јаков Дренкоски. Повремено со самарџилак се занимавал и Петре Алаутоски. Овие многу добро работеле, но не могле исцело да ги задоволат сточарите кои биле принудени да се служат и со самарџии повикани и од други села како и од Дебар, Гостивар и Кичево. Галичкиве самарџии се занимавале повеќе со крпачка на самари, иако биле добри мајстори

и правеле и нови самари. Првото е за нив порентабилно поради времето и брзината.

Една од најстарите занаетчиски работи кои му биле секојпат неопходни на селото бил терзилакот. Во постаро време и терзиите оделе на печалба и ги нуделе своите занаети и услуги во многу места, градови и села по целиот Балкански Полуостров. Еве некои од нив: Дело Кржалоски, живее во времето од 1840—1876 година. Умрен е релативно млад, на 36 години. Уште во рана младост станал мајстор терзија и за цело време бил ангажиран со шиење во Галичник. Деловиот занает го продолжува неговиот син Марко Кржалоски. По примерот на татка си го изучува терзискиот занает и го применува сè до длабоката старост. Марко е роден 1877 година, како посмртче. Занаетот по пример на татка му го учи од други селски мајстори и набрзу станува познат мајстор во селото. Кога станува самостоен мастој се здружува со неговиот роднина, исто така познат терзија, Тосе Музески и заедно одат на печалба во Грција како терзии. Најдолго време се задржуваат во Бер и во Сереспиот крај. Во овие реони двајцата галички мајстори терзии остануваат околу пет години. Ваквото печалбарење им се здодејува и се враќаат во Галичник каде го продолжуваат својот занает. Марко живее до 1950 год.

Во својот живот Марко има доживеано и еден посебно тежок момент. Тој е како фигура многу убав човек со над два метра височина, а бил и многу стројно граден. И овој ваков маж ја осетил врз себе сета горчина на српската — бившојугословенска „ослободителна мисија". Во галичката историја се ределе и такви лица српски или бугарски кои со своите постапки на сè личеле, само не на луѓе. Еден од таквите е и злогласниот жандармериски поручник Терзиќ, кој просто во дадени моменти побеснувал и барал семожни форми за свое изживување. Еден ден го сретнал Марка Кржалоски. Веројатно и љубоморен на Марковата убава машка фигура, му наредува да легне на среде пат и му вели: „Легни да те прескочам подолж со мојот коњ. Ако се исплашиш или ако те нагази мојов коњ значи дека си бугараш. Ако пак не те нагази коњов и ако не се уплашиш тогаш си добар Србин". Никој не успеал во цела Горна и Долна Река да му се спротивстави на Терзиќ, па ни Марко не можел тоа да го стори. Легнал и Терзиќ го прескочил со коњот. Бидејќи коњот не го нагазил му се завртел на Марка и со потсмев му вели: „Здраво остај Србине". (Исказ на Блажета Кржалоски и на многу други галичани).

Терзискиот занает на Марка од неговите тројца синови, Пандил, Блаже и Алекса, само Пандил малку време го вршел, а покасно сиве тројца одат на печалба и во Белград имаат свој дуќан.

Една од интересните терзиски фамилии е и фамилијата на Бибо и Јосиф Франгоски. (Да напомнам и тоа дека ова име Бибо во Галичник е единствено. Вакви имиња дури и презимиња се среќаваат во селата од Горна Река). Овие терзии се родени браќа. Живееле околу 1800 година. Оваа фамилија се занимавала со терзилак од Биба и Јосифа сè до 1905 година. Занаетот се предавал од колено

на колено. Во Солун имале нивно сопствено место и магацин за шиење со две соби за шиење. Во едната соба често прибирале други галички печалбари сè додека не се сместат посигурно. Многу биле дружељубиви и помагачи на галичани. Работата добро им одела. Шиеле ќуркови и ги продавале по разни пазари и на солунската чаршија. Јосиф спечалил добар капитал, па често им давал на заем пари на галичките сточари преку зимските мртви сезони. Многу ги сакал своите соселани, а тој бил љубимец на сите галичани, поради неговото еснавско однесување.

На терзискиов занает му давам посебно место и простор. Според мене по копаничарството галичките терзии се вторите вистински занаетчии уметници. Ако добро се погледа галичката носија, машка, девојчинска и женска, посебно невестинската, ќе се види вистинска композиција од шари и везови, па зазема едно од првите места во светот по својата убавина и богатство. Таа е на таков уметнички степен благодарејќи на галичките мајстори — терзии, кои со саати и денови, со свиткани глави и вкрсноЗе, ја развиваат својата даровитост и везат уметнички изработки со срма и тенка преѓа.

Посебно во Галичник се познати мајсторите терзии Јурукоски — Зрзоски: стариот Мијаил Јурук со синот Јована и внуците Серафила Гача, Вукашина, Милета и Сека, а подоцна шиеле неговите многубројни внучиња, а луѓето во Галичник просто се грабаат за ред поради нивните прочуени везови на женските носии.

Јас ќе ги спомнам имињата на уште некои терзии: Нико Чапароски, Штилјан Чапароски, Јаков Дренкоски, кој е и самарџија и кондураџија, Јордан Шандулоски и татко му Стамат Шандулоски, Јован Бужароски, Соле Бужароски, Гале Којчески, терзија и воденичар, Борис Лакински, Алекса Сучкоски, Пејчин Томоски, познат илинденец, Стрезо и Филип Топузоски, Јован Ќупески, Кежароски Аќим, Кежароски Ѓорѓе, Кежароски Васе и Ѓино, Павле Дренкоски, Тодор Попоски, Ефто Ефтоски, Софре Контески како и синови му Ладе и Аврам Контески, а имало и други за кои помалу се знае.

Терзилакот се развивал како што се развивало и селото. Како што реков, во постаро време мнозина терзии оделе на печалба зашто носијата сè уште била поедноставна, па могле и помал број терзии да го задоволат селото. Покасно, со развојот на селото во секој однос, а посебно по зголеменото печалбарство, се развива и терзилакот до врвна уметност од овој вид, затоа што печалбарите се повеќе внесуваат богатство во носијата. Постепено се повлечуваат и оние што оделе на печалба и дури во одредено време, како на пример пред петровденски свадби, се викале на помош и терзии од другите мијачки села, пред сè од Лазарополе.

Сега ќе наведам од овој занает еден случај според мене вреден за одбележување.

Штилјан Чапароски бил еден од подобрите терзии во селото. Вреден бил и со авторитет. За неговото име врзани се повеќе настани но посебно интересни за одбележување се оние сврзани за неговиот терзиски занает.

Штилјан бил човек кој во својот занает полесно го прифаќал модерното и обмислувал како да го усоврши занаетот, како со помал труд да има поголем ефект во работата. Во 1905 година од Германија носи во Галичник прва „Сингер“ машина за шиење. Таа новина набргу се пренесува низ село, меѓу еснафот и неколку дена неговата куќа е просто нападната од 30-ина негови колеги — терзии. Се вртат околу машината чудејќи се како ќе шие Штилјан со неа. Објаснувајќи им го начинот на работата со машинава на селските терзии, дома се служи со пијалак и со мезелаци, па од направениот мастраф сигурно Штилјан би могол да купи уште две-три такви машини, но немал излез, — новатор е и ќе поднесе и таков мастраф. Така во Галичник почнала да работи под вредните Штилјанови раце и првата „Сингер“ машина.

Првата шијачка на машината била таа што Силјан за себе сошил минтан, порабен и без гајтани. Кога го облекол минтанот, мајка му, стара жена нејќела од срам со него да оди в црква, зашто бил прв галичанец со минтан порабен и без гајтани. Маките на мајка му не се свршиле само со минтанот. Штилјан донесол од Германија во исто време и прва машина за стрижење и потстрижување коса. Дотогаш галичаните се стрижеле со ножици, па по главите останувале малку и скалички. Штилјан спроти Велигден ја истригал главата со прво нумеро. Кога го видела мајка му, не само што не сакала да оди на Велигден в црква, туку се скинала од плачење велејќи му: „Со мојава поруганија како да се поведа в црков, сите во нас да гледает и да се потсмевает!“. Кога пошле в црков и кога Штилјан ја сонал капата, како што е ред, навистина сите се поттурнувале незнаејќи дали е причина болест или голем фодулак или е Штилјан поштукнат. Како и да е, Штилјан ја внесол и оваа новина во селото, што не останало незабележано и без селски коментари и мајтапи, како што и дотогаш се подбивале на сè невообичаено и „рационализаторско“.

Покрај своите вистински способности во занаетот, по овие два случаи, Штилјан станал мајстор — водач на една поголема тајфа, која заеднички работела подолго време. За да го потврди својот мајсторлок мислел Штилјан и смислил.

Сошил две машки променчиња — едното со зелено кадифе, а другото со црвено. Минтанчињата биле извезани со ветки. Новеве Ѓурески, познатиот дрводелец, му нарачал да му направи едно убаво мало сандаче. Во сандачето ги клал променчињата и го завиткал со свилено платно, па го ставил во вреќа за да не сврти внимание пред Турците. Лазим од Јанче го вежал сандачето, а Штилјан по него му го носи до Радика. Преку Скопје ги носи променчињава во Софија како дар на царот Фердинанд, за децата Бориса и Кирил. Фердинанд кога ја видел многу убавата галичка промена, го викнал во дворот Штилјана и го наградил со 30 илјади лева. Во тоа време курсот бил 22 лева за една франга.

Овој акт Штилјан не го прави од некои големи политички побуди, бидејќи тој се зафаќа да шие алиштиња и за синовите на стариот крал Петар, за Александар и Ѓорѓе. Стариот крал Петар, кога ја видел промената, многу му се допаднала и посакал да го види мајсторот што шиел. Го повикуваат Штилјана и тој оди во дворот во Белград, па и Петар го наградува со тогашни 30.000 динари. За првиот случај трошоците за материјалот му ги покриле членовите на „Галичкиот комитет“, што ја раководел борбата против Турците.

## ИКОНОПИСЦИ И КОПАНИЧАРИ

Галичник е прославен во повеќе балкански и европски земји покрај другото и по надалеку прочуените мајстори — уметници копаничари, иконописци и дрводелци. Тие скоро цели два века се распрснати во повеќе држави и места, пренесувајќи го својот занает, не само на луѓе од својот крај, туку и на други ученици во местата каде што подолго се задржуваат со работа, везејќи во дрвото како што ги везеле галичките терзии рувата и галичките моми нивните девојчински облеки и невестински промени.

Уште во почетоков, навлегувам во полемика со многу досегашни написи за овие вредни копаничари, а во врска со името на нивната школа. Таа во разни написи се наречува дебарско мијачка школа, дебарско-реканска школа, дебарско-реканско-галичка школа и тн. Ако се проучи детално историјатот на таа копаничарска школа, мислам оти ќе се види дека називот дебарско — реканска или дебарско — мијачка не одговара во полна мера на историската вистина поради следното:

Сите укажувања, што ни ги дава историјата, водат кон тоа дека славните копаничари потекнуваат исклучително од мијачките села и тоа: Галичник, Тресонче, Лазарополе, Гари, Осој и Битуша, а нешто и од Мелничани. Додавањето на оваа школа името дебарска, веројатно е поради тоа што Дебар секогаш бил главниот административен центар на ова подрачје кое ја опфаќа и Река, а не како резултат на појава од Дебар на мајстори копаничари. Според тоа за мене најадекватен назив на оваа школа може да биде **реканско-мијачка** а уште поадекватен чисто **— мијачка школа.** За да не бидат овие два назива прифатени како најверни, а особено последниов, треба да се има необориви докази против тоа, а дебарско никојпат не го претставува самиот Дебар, туку покрај Река во себе го вклучува и Дримкол и Жупа покрај постоењето на Горни и Долни Дебар. Освен тоа, уште од дамнина, од Дебарската каза се одвојува административно Реканската каза со седиште во селото Жировница. Дебар е седиште на поголемите и подоверливите султанови паши и везири бидејќи е во двете кази најголемо населено место. Веројатно од тие причини се уфрлува на името на оваа школа и **дебарска.**

Галичник е второ по големина место во двете кази. Освен тоа едни од најстарите и најпрославените мајстори копаничари се од Галичник, на пример многубројната фамилија Фрчкоска, покрај најголемата копаничарска фамилија од Осој — Филипоска и други фамилии од другите мијачки села.

Од 1843 година Галичник е чисто христијанско — православно село, што за овој занает, копаничарскиот, е од битно значење, оти оваа уметност се применува претежно по манастири и цркви. Лежи и називот Река и поради другите мијачки села кои се во еден дел сместени во близината на левиот и десниот брег на реката Радика, а каде што се раѓале, покасно изучените големи мајстори копаничари, пред сè во селата Осој и Гари. Затоа и може да остане називот „реканско-мијачка школа", но бидејќи веќе наведов од кои мијачки села потекнуваат главните и врвните мајстори, за мене е најприфатлив називот само „мијачка школа".

Логично е овие мајстори-уметници да се редат во редот печалбарски, затоа што нивната работа се одвива далеку од родните села, а пред сè низ Балканскиот Полуостров, и бидејќи во сè ја делат судбинаат на другите печалбари.

Најголемата и најпознатата галичка резбарска тајфа е фамилијата Фрчкоска. Од неа произлегуваат големи мајстори копаничари и иконописци. Според раскажувањата на старите галичани, овој занает бил многу постар во Галичник, уште пред да се појави тајфата Фрчкоска. Но, претходните биле со поскромни знаења, и повеќе правеле мали рачни работи, како мали икони за дома и по црквичиња, ги обликувале домашните „параклиси", а повеќе време работеле како дрводелци. Нешто во оваа смисла во една прилика се има произнесено и познатиот уметник од Галичник Лазар Личеноски, кој укажува на големата старост на овој занает.

Фамилијата Фрчкоска е резбарска фамилија негде од околу 1770 или од 1780 година, ако не и од порано. Првиот мајстор за кој се знае е Негрија Блажев, а како што се гледа, Фрчковци се викале Блажевци. Фрчкоски го добиле прекарот од нивниот занает и главниот алат кој им бил, „фрча" (четка).

Негрија го предал својот занает на неговите три сина: Макрија, Ѓурчин и Трајан. Овие пак во наследство го предаваат на своите синови: Макрија на синовите Серафима, Иса, Кузмана и Ристета; Ѓурчин на: Михаила, Панета и Теофила, а Трајан на: Нестора и Ефтима. Понатаму се зголемува бројот на мајсторите од оваа фамилија и занаетот се предава редоследно и по традиција и тоа: Ристе на Епифамија, Дамјана и Апостола; Кузман на Макрија, Јакова, Исачета — Овентија и Ѓорѓета; Нестор го предава занаетот на Негрија и Данаила и така по ред сè до ден денес, на сега живиот иконописец Кузман Фрчкоски.

Како што се гледа, од оваа фамилија, со предавање на занаетот од колено на колено, излегува една цела плејада врвни мајстори и вистински уметници на својот занает. Тие крстосуваат по многу земји, градови и села, а со своите вешти раце ја пренесуваат сла-

вата на својот Галичник. И не само неговото име туку и името на Македонија. Малку има стари цркви и манастири на Балканскиот Полуостров каде не допреле овие вредни раце.

Според многу указанија, Негрија го има учено занаетот во Грција, каде како печалбар дошол во допир со италијанско-венецијански учени мајстори копаничари. Но според искажувања на многу наши уметници тие од овие италијански мајстори го примиле само занаетот, но стилот во работата сами го сообразуваат според потребите и вкусот каде што работат. Јас ќе се обидам да наведам само еден дел цркви и манастири до каде допреле членовите на оваа лоза и каде што оставиле неизбришливи траги од својата работа.

Општо познато е дека иконостасот во црквата Свети Спас во Скопје датира од 1824 година, а е изработен од мајсторите Макрија Негриев Фрчкоски и Филип од село Гари. Овие двајца на иконостасот ги изработиле и своите ликови.

Исто така познато е дека овие мајстори околу 20 години работеле и во манастирот Свети Јован Бигорски. Работеле и на црквата Света Недела во Софија, Света Богородица во Пазарџик, Света Недела во Пловидив. Понатака работеле во Драмско, Белица, Зелехово, Димитрич, Хунск, Прохинис во Лариса и околината; во Пловдивско, Карлово, Сопот, Калофер, Клисура, Сливен, Нова Загора, низ реонот на Струга и Охрид. Со својата работа се наметнале и во Сараево и работеле во црквата Света Богородица; во Вран и Призрен и на многу други места низ реоните по Балканскиот Полуостров.

Од сиве овие великани — мајстори најмногу се истакнува Макрија. Тој со браќа му Ѓурчин и Трајан ги декорира и прочуените конаци на Азим паша во Скопје. Азим паша толку бил задоволен од работата на овие мајстори што кога ги исплатувал по спогодената цена им дал уште и бакшиш од по шест лири и ги понудил да им даде голем плац во близината на неговите конаци. Овие пак, паричната награда ја зеле, а плацот го одбиле, несакајќи да се иселат од Галичник. Понатаму оваа тајфа има работено и во Свети Крал во Софија, во Лом и околината и во Сливница. Во Романија работеле во повеќе места меѓу кои и Турнумугулери, каде што Деспот Алаутски има свои 12 дуќани во една улица, а јас наоѓам извесна врска помеѓу мајсторите и Деспота, бидејќи е Деспот нивни прв комшија во Галичник, а имал голем авторитет во Романија. Овие мајстори работеле и во Неготин, а во Свишов и на гробницата на Свети Араханѓел.

Во Плевенско и во селата работел Данаил. Негови дела оставил и во Николаево, Врбица, Лом, Видим, Кула, Горна Ореховица, Силистра и на многу други места. Исо работел во Романија и во Каролек, Корабија, Турнонугурели и блиските села. Исто така Фрчковци работеле и во Ловеч, Дреново, Стара Загора, Јамбол, Ќустендил, каде е Ѓорго Пулески и прв градоначалник. Работеле и во Енице Вардар, Русе, Варна, Добрич, Черна Вода, Тројански Манастир, Зелениково и други места.

Како што се гледа од досега наведениве места, а кои претставуваат само еден дел каде оваа разгранета фамилија работела повеќе од два века таа ги обишла Србија, Босна, Бугарија, Романија, Грција и Македонија.

Покрај Фрчкоското семејство од Галичник потекнуваат и други познати мајстори резбари. Еве некои имиња:

Иван Илиев со сина му Илија покрај другите места работеле и во Трнско, Ќустендилско и Царибродско. Крсте Попоски и Евгенија Попоски работеле во Воденско, Скопско, Кочанско и Гостиварско. Христо Мацакоски и Пандил Стојановски со Александра Василевски работеле во Моравско, Нишко, Лесковачко и други места. Теофил Крстев Ѓиноски работел во Србија, Црна Гора, Варненско и на многу други места. Дочо Крстев и син му Аврам работеле во Македонија и Бугарија. Петре и Глигур Пачауроски работеле во Романија и Бугарија. Милош Глигуров и Косто Јаковов се преселени од Галичник и Неврокоп и од таму оделе на работа. Макрија Балчевски, Исак Лепчески, Гаврил Ников и Алекса Колачевски работеле исто така во повеќе градови и села, а Аргир Шарески во Романија.

Постои голема можност да сум испуштил и други познати галички резбари и иконописци. Но и од наведениве се гледа дека покрај Фрчкоската фамилија, бројчено е јака и галичкава сеопшта мајсторска тајфа. Многу се нивните дела и паметници, по многу верски изданија, а дури и турските паши ги ангажирале за украсување на нивните конаци.

Раскажувачите од кои црпев материјал се многубројни, но ќе ги наведам само некои: Кузман Фрчкоски, Косто Ѓиноски, Трајче Чачески, Томо Ѓиноски. Од пишани трудови: Ѓеорги Трајчев, Симеоновски и особено Харалампије Поленаковиќ, кој во илустрираната ревија „Галичник“ од јули 1951 година меѓу другото вели:

„Копаничарството е вистински уметнички занает. Кој се посветува на копаничарство, тој навистина се посветува на уметност, оти тој со длабењето на рамното дрво го оживува него, материјата и од неа создава уметнички творби.

Мијаците се познати како најдобри копаничари не само во Македонија туку и на целиот Балкан. Ореовите стебла низ нивните раце стануваат навистина првокласни уметнички творби. Традицијата и документите — нивните дела, зборуваат дека најдобрите копаничари меѓу Мијаците биле оние од селата Гари, Галичник, Осој, Требиште и Битуше“.

Понатаму во истава ревија Поленаковиќ дава низа податоци, а меѓу нив и овие: „Познато е дека мнозина мијачки копаничари — резбари го учеле својот занает во Света Гора каде се одгледуваше и копаничарството, како што се одгледува и книжевноста и сликарството (иконопис — иконографија). Таму и по разните грчки области нашите копаничари го учеле занаетот при венецијански мајстори. Од нив ги учеле познатите стилови: ренесансниот, барокниот, рококо стилот, со сите нивни елементи. Примајќи ги искуства-

та и методите на италијанските мајстори, нашите копаничари, кога ќе се врателе во својот крај, работејќи во дрво, им дава на познатите стилови својствен, самостоен, индивидуален наш дух копаничарски. Тоа се творбите на Петре Филипоски од село Гари и на Макрија Фрчкоски од Галичник".

Пред да продолжам за фамилијата Фрчкоски, нешто би рекол и за две други фамилии од истиот занает, Паковци и Медаровци.

Мажите од фамилијата Паковци до едно време се занимавале со дрводелски занает. Покасно, најмладиот нивни член, Јордан Пакоски, се оддава на копаничарскиот занает, — го изучува и станува познат мајстор. Како копаничар Јордан оди на печалба и го нуди својот занает пред сè низ Бугарија и тој е еден од најмладите галички копаничари кој се занимава со тој занает сè до по Втората светска војна. Јордан имал четири сина, но ни еден од нив не оди по трагите на татка си Јордана, па и во оваа фамилија копаничарскиот занает изумира.

Во XIX столетие со копаничарство се занимава и галичката фамилија Медароска. Оваа фамилија не е мала, но кон крајот на XIX век во неа се губи копаничарството и од помладите членови не се наследува овој занает.

Сега повторно да се вратам на мајсторско копаничарската фамилија Фрчковци. Како што и понапред реков познатиот нивни уметник — копаничар Макрија, прави повеќе тајфи за работа и опфаќа истовремено и повеќе подрачја на Балканскиот Полуостров. Една од тие тајфи ја предводи Кузман Фрчкоски, а според написот на М. Груиќ, го работи во манастирот Лесново владичкиот столб и кубето на светиот престол, во периодот помеѓу 1865 и 1888 година, а од 1887 до 1888 година работи на иконостасот во црквата Свети Ѓорѓи во Призрен на покана од рускиот конзул Јасребов, (по П. Костиќ: Црковни живот православних Срба у Призрену и његовој околини у XIX столећу. Београд, 1928, стр. 84—87).

Во исто време другата тајфа од фамилијата Фрчковци е предводена од устабашијата Ристета. Околу 1877 работела во Бугарија и направила иконостас во Пловдивската соборна црква Света Петка како и во црквата Света Петка во Сливен и во црквата Свети Димитрија во истиот град. Бидејќи овие мајстори работеле подолго време во Бугарија во разни места и на многу зданија, се смета дека извршиле големо влијание во развојот на бугарските копаничари — на Тревненските. Посебно силно нивното влијание било во стилот и композициите на копаничарските објекти со врвна уметност. Ова е толку повеќе уверливо, бидејќи во тајфите Фрчковци работеле по Бугарија и некои од Тревненските копаничари. Тревненските копаничари секојпат им давале предност на мајсторите Фрчковци. Воопшто земено во целиот бугарски реон им давале предност на мијачките мајстори — копаничари во текот на целиот XIX век и имале предност во преземање на работите. И во некои други места се развило копаничарството под влијание на мијачките копаничари како

што е случајот во Калофер чии мајстори го изучиле занаетот кај нив. Уште во половината на XIX век неколку членови на фамилијата Фрчковци постојано се настануваат во Софија (а тоа е околу 1870 година) но уште држат врска со останатите членови во Галичник.

Од сето досега речено, за овој занает и за галичките мајстори печалбари, се гледа дека нивниот број е голем така што е голем и бројот на нивните уметнички творби. Овие галички мајстори со својот занает го крстосувале Балканскиот Полуостров цели две столетија. Оваа уметност „украдена" од вештите италијанско-венецијанските мајстори могле за кусо време да ја совладаат и да ја прошират до фантастични размери, само луѓе навистина какви што биле овие, а посебно од родот Фрчковци кои стануваат композитори и проектанти на своите дела, без да учат посебни школи и факултети.

Овде е место да се дадат и некои називи на нивниот алат. Преку дадениот опис на алатот ќе се види нешто и од галичкиот — мијачкиот дијалект. **Глето** е мајсторска алатка за копаница која е најчесто во употреба. Едно глето се вика **глето-ружарче**, со кое најчесто работеле на листови и цвеќиња, поради што е и наречено ружарче. За правење дрвени мали запчиња имале **глето запче.** За изработка на фигури на лоза и грозје имале глето наречено **зрнарче.** За разни шари, линии и жили на лисјето имале глето наречено **шараче.** За копање поголеми дупчиња на дрвото имале **глето требаче.** За работа на поголеми острини и завиутоци имале **глето секирче.** За работа на прави линии **глето разлачето.** За округли топчести површини глетото се викало **јолуче.** За ажурна техника на работа имале **глето внатрешно**. Сите глета пак заеднички ги викале **шепотила.** Како што се гледа, глетото е нивниот основен алат и нив ги имаат посебно за секој процес на работата. Глетава им ги правеле по нивна порачка Цигани мајстори-ковачи.

По глетото, од нивниот алат на ред се стругови — рендиња, кои ги имале во разни видови:

**Сврдло** е исто така нивен алат, а ги има околу десет до дванаесет вида, како што се: **шајкарче, брутарче, зарезиња** и други.

Работеле претежно на тезги — долги маси, кои биле прилично широки за да можат да кладат и дел од алатот за да им биде при рака. До тезгата секогаш имале долга клупа — стол, на која често седеле при работата. На тезгите имале дрвени **стегачиња** за зацврстување на дрвото на кое работеле. За чукање на дрвото правеле **токмачиња** од шимширово дрво. Дрвените чивии ги викале дрвени бруќе. Алатот го носеле во зимбили.

Овие мајстори копаничари ни во слободното време, дома, кога не биле на печалба, не седеле, туку по нешто работеле, како разни поситни фигури, помали иконичиња, рамки за слики и огледала, разни украси и друго. Таквите изработки им служеле за полесна продажба, затоа што како помали се и поефтини и полесно се носат со себе. Тие им биле речиси како готов капитал за повторно

одење на печалба и за на полесен начин да дојдат до почетна парица, се додека не се склучат нови поголеми зделки. Таквите фигури имале посебна убавина, зашто честопати им служеле како готови примероци за рекламирање. Во нив го внесувале сиот истенчен мајсторски вкус и со нив го докажувале своето мајсторство. Ваквите изработки честопати им ги давале и како подароци на свои роднини и пријатели, на црквичиња и манастири. Покрај нив за подарок на своите галички пријатели и роднини сточари им „везеле" со својот алат и многу вкусни „крлузи", кои се симбол на сточарското занимање, а имаат и практична вредност, оти со нив најлесно се фаќаат овците за нога, а на постарите им служат и за потпирање низ селските камени врвици. Правеле и икони за галичките „параклиси", домашни мали црквичиња, „шарки" за шарање лебови и галички нафорчиња, а една од тие шарки се вика „сваќата", а друга „патерица".

Процесот на учење на копаничарскиот занает, не е ни лесен ни едноставен. Ако веќе за занаетот се прифаќа зборот уметност и уметнички занает, од самото тоа произлегува дека треба вистински добра и интелигенција за да се совлада.

Процесот на изучување на тој занает воглавно тече вака: Избраниот чирак почнува со обично рендање на штици. Тоа го прави сѐ дури не се запознае со својствата на дрвото. Тој процес трае неколку месеци, а најчесто околу шест. Потоа почнува со работа на полесни шари. Тој процес трае од три до четири месеци. Натаму ученикот почнува да делка по полесни копаници. По тој процес работи на полесни и поедноставни цветови. После таков поминат период на учење од околу година и пол до две, добива в рака глето за работа и токмак, а тој веќе се смета како прилично подучен калфа. Оттука натаму развитокот на занаетот зависи од личната дарба, склоности и работни навики.

Досега во написов неколку пати го спомнав домашното галичко црквиче, параклисот. Еве што се чува во него и за што им служи на галичките домаќинства. Во него се чуваат неколку помали икони како и иконата на домашниот светец, а најчесто иконите на Свети Архангел Михајло, Света Пречиста, Апостол Петар и Павел, инаку најголемата селска слава, Исус Христос, Света Богородица, Свети Климент и уште многу други. Пред главната домашна икона секојпат стои кандило во посебно за тоа купена чаша од кристал во жолтикава боја или слична на неа. Ако се нема таква чаша кандило се пали во кафеална чаша наполнета со масло, а на среде се реди фитилче провнато на тенко петелче — ламаринче, а краевите на ламаринчето допрени се на чашата. До чашата стои помал железен или дрвен крст, изработка во капаница од галичките мајстори. Поимашните домаќинства имале сребрен крст. До крстот стои чаша или шишенце полно со светена вода донесена од црква, а најчесто од Водици. Покрај крстот што е накитен со босилек, се чува и помала китка босилек која служи за прскање со „света водица" по

куќните ќошиња за да се истера злиот дух. Тука се чува уште и црвено јајце кое треба да стои од Велегден до Велигден. Кандилото се пали навечер пред сите празници и празничиња, спроти недела, пред денот на испраќање на гурбетчиите на печалба, спроти свадби, раѓање, крштевање, вршачки и друго. За сето ова се грижи најстарата жена во домаќинството, која пред легнување навечер оди пред параклис, се моли и тивко изречува по некој збор од молитвата, зависно од тоа за што е упатена, како: „Чувај ми го боже детето, имај ми ги под рака и твојата пазува Богородице мила гурбетчиите, весело и порастено врати ми го господе првото солунче; да имаат род и пород синот или ќерката" и тн. или едноставно се испејува молитвата „Оче наш".

Од галичките домаќинства често копаничарите и дрводелците биле ангажирани да ги направат и украсат кофчезите на девојките во кои се носи нивната опрема, рувото, при мажењето. Познат е во Галичник Нове Ѓурески како многу сакан мајстор за изработката на такви ковчези, како и за други домашни дрводелски потреби. Ковчезите покрај дрводелските шари се шарале и со мрсни бои.

Галичките мајстори, поправо некои од нив, работеле и со гипсена длабореска шара, како и со позлатување на некои делови од иконостасите и иконите. Според Врањски гласник, Ѓиноските мајстори на порачка на кнезот Александар Караѓорѓевиќ и Белградскиот митрополит Петар, 1849 година подариле такви дарови во манастирот Свети Стефан Дечански. Еве уште што вели за нив Врањски гласник: „Фрчкоската тајфа работела во почетокот на триесетите години на XIX век фарбарски и гипсени работи на конаците од Хавзи-паша во Скопје." Понатаму се зборува за парична награда од Хавзи-паша и за понудата за плацеви, за градење куќи.

Сите галички печалбари, било од кој и да се занает, па и копаничариве, за меѓусобно комуницирање за да не ги разбере секој случајник или гостин-муштерија, употребувале свој шифриран речник. Него го употребувале честопати и за да не ги разберат младите, сеуште неиспечени чираци. Тој нивни „арго" е многу богат, но јас ќе наведам само некои изрази: „Скивни го ѓалево, клинчит" — што би значело, види го детево си седи, не работи; „муклес" што значи молчи; „муклевата" значи молчејќи; „догура коконата" — дојде госпоѓата; „одруга" — замина; „зрцалата коде ти се" значи, кај ти се очите; „манукот не жилави" — дотичниот не работи; „Ме мулкај да не досчукает манучињата" — не зборн да не разберат децата; „жбурни малку тунца во белото" — тури малку вода во млекото; „догурај во самовилите" — дојди рано изутрина; „мануков е шчукнат" — човеков е побудален; „спевај му на ѓалево" — кажи му на детево: „одгурај по оклање" — оди по јадење; „мускат клопањево" — смрди јадењето; „не скиват манукава" — не гледа женава; „му скубнала мануката" — му избегала жената; „скивни ја гурат како зуросана" — види ја оди како помочана.

Покрај практичната вредност на ваквиот речник, тој понекојпат им служел и за меѓусебно мајтапосување, како еден вид разонода. Често пати и во допишувањата со своите домашни си имале уговорени знакови како: двор, черешна, чешмиче или на пример чешмичето ни тече убаво, што значи: работата ни оди убаво. Или „жилавкава гурат" — работата оди. „Летово ќе биде распеано" — летово ќе си дојдам дома. „Ал је живо ушлестото" — ал је живо магарето. Некои пак од печалбарите кои биле пољубоморни или почувствителни кон своите млади оставени жени, им пишале: „чувај ја ливадата да не ти го покосит некој сеното", или „али го чуваш нешчото". Разделеноста со години е нешто како „црвец" што грицка по сѐ, па се јавува и љубомората или галички речено мисларката.

## ЗА ГАЛИЧКАТА ЖЕНА

За Галичката жена во трудов повеќепати и во разни прилики стана збор и беше даден по нешто материјал. За неа во своите трудови поприлично се искажуваат и многу автори, меѓу кои доста простор ѝ посветуваат и американскиот писател од југословенско потекло Луј Адамиќ, и чешкиот музиколог и етнолог Лудвик Куба. Низ сите мои прелистувања нигде не сретнав ни еден писател, кога зборува за галичката жена, да не ја воздига. Мислам дека галичката жена тоа ѝ го заслужува, но од неупатените има распространето мнение оти галичката жена е една од понеангажираните жени во работа. Меѓутоа, вистината за неа е сосема поинаква. Поради традицијата галичка во врска со занимањата на мажите, жената е таа која во најголема мера ја води целокупната грижа во домаќинството, — таа е основниот воспитувач на децата; таа ја подготвува целокупната материја за галичката носија; галичката жена е дури и физички работник во одржување на сè полесни работи обновување на куќата и дворовите, градинчето, таа ги одгледува и ги молзе козите и по некоја овца или, со еден збор, галичката жена е столб во домаќинството, таа е и онаа што по година, две и три останува без машка грижа за домаќинството, со вечни таги и чемери на душата.

Како што ќе се види и во целиов труд, галичката жена учествува и во сите мили или немили собитија кои се одигрувале во селото во текот на сите времиња. Не е мал бројот на галичките жени кои се активни учесници во сите ослободителни борби: како јатаци во комитските периоди, директни учесници во илинденското востание и во голем број се ангажирани во помагање на Народноослободилното движење и Народната револуција. Не мал број од нив се од сите окупатори малтретирани, апсени дури и претепувани.

Половината потреби околу дома и за домаќинството, претежно ги вршеле жените. Вежани носеле по некои и дрва за огрев, шума за исхрана за добитокот, носеле сено од планините и ливаѓето; на грб носеле пченка и жито воденици на мелење и вршеле многу други тешко физички работи. Во зимите, пак, кога воглавно и ја вршат целата подготовка за обновување на алиштата за целото

семејство, по цели ноќе зи предет, ткаат, везат на газиени ламби и на виделничиња со скусени фитили за да се заштеди во газијата итн. Жените на сиромашните домаќинства работеле не само за себе, туку и за побогатите домаќинства, и така да му помогнат на својот домаќин со по нешто заработка. На ќеајинските домаќинства им пределе волна, им ткаеле церги, мутави и мутавчиња, ткаеле литовиње од кои се прават надгозници за коњски самари и сè друго со што могле да заработат нешто. Галичката жена е прочуена и опишувана и како многу убава, па и тоа придонесло за некои мненија, оти е очувана бидејќи не е доволно ангажирана. Убавината на галичката жена се должи пред сè на сеопштата убавина и расни одлики на Мијаците, па и на галичани. Од друга страна, пак, одмерената и најповеќе правилна исхрана, чистиот воздух и сонце, што ги дава Бистра, постојаното движење во куќата и селото по стрмните патеки... Но и нешто друго: галичката жена морала да се грижи за својот изглед и убавина за нејзиниот маж да се врати од бел свет дома, иако е изложуван на разни мамки и влијанија.

Не случајно е денес таа која најлесно го прифати иселувањето на старите месности, зашто на тој начин се ослободи од оние чемери на душата и жалот на срцето, како и од вечното исчекување. Се ослободи живеејќи заеднички живот во градовите со своите најмили, со машките членови, ослободени од ропските синџири на печалбарството. Не вели при идењето мажот од печалба „Аирлија сваќе, си се променила". Не извикнуваат повеќе од Фрчец, Скала и Укален — „Создравије, мајке; создравије, човеку". Не јадат в планина комат со ориз под клопката, при испраќањето на своите и на првото „солунче". Не варат вечерта по испраќањето бакрда за, — колку трошки од неа, толку пари да се спечалат итн.

Жената галичка и мијачка е таа, за која со право може да се рече оти е за прв пат жена на вистинскиот живот, станата сега, по ослободувањето на СР Македонија. По прв пат не е жена на печалбар, по прв пат не стравува за своите, не чека поштар со наполу умрено срце, сè додека не ги отвори писмото и дури не види дали е со црна црта по рабовите или е радосно. Не чека депеши со: „Митре е малку болен, утре ќе го закопаме"! Таа за прв пат се нареди во редот со мажот и не оди зад него повеќе метри, туку еднакво дури дома носи и своја сопствена заработувачка. Тоа не значи дека и таа не тагува за оставеното, дека не посакува уште да појде по везник ветки, по бела и сина земја за белење, да појде на извор на река на перење, по билки и нишалки, по ракија и на оро пред цркков и во „Куцулова Ливада", и да ја запее песната „Ливадата зеленејет, мојво срце ми венејет". Таа сè уште тагува да појде на преображење на Св. Петка итн. Да, таа тагува, ама од носталгичност, а не за повторно да се врати на стариот начин на живеење, со разделби и печалба со жалост и страв. Таа е можеби само „жалба з амладост", истата носталигичност на веќе поостарените за младоста што ја поминале во турско; не затоа што во таа мла-

дост имале поубава „егзистенција“ или поголеми слободи, туку затоа што тогаш биле млади! Па затоа и она „пусто турско“! — што се изговарало со носталгија.

Дури и свадбарските песни се претежно тие што најмногу го спејуваат ликот на жената. „Шир ширисе мајко мој, на мојево место“, — „Дал немаше сваќе мори една скрупца солца“, — „Цутила ружа во кледи“, — „Што си дошла во туѓи дворови“, — „Девојка е зелен бор садила“, — „Месарија мечке растресена“, — „Моме одит ситно по венчање“, — „Добре дојде тугоземјанинке“, и многуте такви песни посветени се на жената, тивки и растегнати за оро играње и за седенки. Тажни и весели, според приликите за кои се спејани. Малку се галичките песни во кои не е главниот јунак жената, — само оние типично овчарските и арамските.

Многу редови можат да се редат за жената галичка. Барам да ми се прости за извесниот патос во кој западнав но нека не се сфати тоа дека неа ја редам, како жена над сѐ што е женско родено вон Галичник. Не, но ја редам во редот на оние жени, за кои со гордост има што да се рече.

За вредноста и ангажираноста на галичката жена со нешто нека се види и од следниве редови: макар нешто и да се повториме.

Посиромашните семејства, а посебно оние што имале повеќе женска челад, од побогатите ќејаински куќи земале работа, било за пари, било за надомест во противредност, а најповеќе со волна. На тој начин тие семејства доаѓале до волна за своите потреби, со неа ткаеле и пределе. Некои од овие сиромашни семејства кои немале можност со свои коњи и магариња да се снабдат со огревно дрво, работеле и за тоа, па на тој начин се обезбедувале за шестомесечниот зимски период со повеќе товари огревно дрво, а без да ги оптеретуваат своите домаќини.

Тие, веќе рековме еднаш, воделе сметка, без оглед на имашната состојба, куќите да бидат секојпат чисти или, како што велат галичаните, белени. Вежани во вреќи ја носеле белата и сината земја за белење и самите ја вршеле целата работа околу белењето.

Жените и девојките оделе „на ветки“, — брање прачки и шума, а нив ги носеле со везници — вежани на грб. Овие ветки им служат за на пролет плетење огради околу малите градинчиња каде што саделе по нешто зеленчук, лобода, свекло, компир, праз, миродија и по некое зелче.

Жената го одгледувала исцело домашниот добиток: крави, овци и кози. Во косидба одат по планина и по ливаѓето на берење сено, врзување бали — везници и често на грб носат вежани бремиња сено од далечина на два — три и повеќе километри. Најмногу такви свои ливаѓе за сено косење имаат во месностите: Павлидол, Богданец, нешто на Кртул, Десоктор, Стопанче, под Русин и во Русин, по Корита, Откаршија, над село спрема Говедарник и Требишка Рупа; помали ливадичиња има и во близината на самото село. Понапред беше збор и за на грб носење пченка и пченица за мелење воденици, и на грубите и тешки алишта и постели за валање во

валавици, зашто ложниците за спиење се некои до 10 кгр. тешки, а ретки се оние под 5 кила тежина.

Сеопштото воспитание на машките деца, сè до првото заминување на гурбет, на околу 12 годишна возраст, тежи исцело на галичката жена. Женските деца, пак, ги готват, подучуваат и ги упатуваат во животот сè до нивното мажење. Затоа е и галичката поговорка: „Каква е мајката, таква е и ќерката“. При тоа не смее да се остави впечаток оти татковците немаат удел во таквото воспитување. Тие уште како придонесуваат: со грижата околу издршката на семејството, со меѓусебните почитувања и со љубовта кон оставените, им даваат таква подлога на мајките, што овие врз очигледни примери на прекрасното држење на татковците можеле да ги подучуваат децата. Подиректно и поголемо воспитно влијание не ни могле да имаат поради карактерот на нивното подвоено печалбарско живеење. Чесноста, уредноста и чистотата, е почитување од сите и за сè. Како благодарност на старците, за така воспитаните деца и на нивните мајки, ги „колнат“ со „Да ми остареш долго да живиш и да обелееш“.

За Галичник и за приликите во него, може да се тврди, оти жената е таа која со сè во својот дом управува. И затоа галичаните имаат изрека која вели дека мажите се гости дома, а куќата ќе биде онаква какви што се жените во таа куќа. Особено голема надеж и верба се полага во најстарата жена во домаќинството, која е во сè предводник и темел на домаќинството. Затоа пак жените со големо нетрпение ги очекувале празниците, неделите, славите и имендените. За славите обично велат: „Го кршиме денот“. Во тие денови одат со големо задоволство в црква, не поради, како што би се помислило, тлкната религиозност. Црквата им била најпогодното место за меѓусебно видување, размена на мисли, распрашување за дојдените абери од гурбетчиите и за сè друго. Најчесто по црковниот обред си појдувале по ракија, на посета по родниње и пријатели, а и поради тоа да ги прошетаат и младите невести по своите блиски и подалечни роднини. Во тие денови просто се крстосувало селото, скромно, ама уредно облечени, а попладне, пред црков се береле девојките и невестите на селското оро кое се виело сè до мрак. Ората биле величествени и претежно се играло со песна. Редок бил случајот зиме да се има каков било музички инстумент — па ни тапан ни сурла, освен усна армоника (свирче). Кога ќе се фателе в оро по три четири стотини девојки и невести, убаво стокмени и со нешто накитени, низалки златни и сребрени, петлици, на минатите и елеците, златни, позлатени, сребрени и посребрени, даваат глетки како најубав извезен ќилим. Песните распеани одеднаш, од три, четири стотини нафатени во оро, се слушале дури до по Радика и до селата по неа. Особено тогаш кога се одело на оро во Куцулова Ливада, пееле песни по патот на прославеното Ѓурѓево Брдо и во ливаѓето на Св. Петка. Еве некои зимски песни што ги пееле во орото галичките жени, девојки и невести.

*Заврнало ми завеало, и ми завејало,*
*Излегле ми четири арамији, четири арамији,*
*Излегле ми на ден на Ѓурѓевден, на ден на Ѓурѓевден,*
*Замрзнале пушки за ќепиња, пушки за ќепиња,*
*А ќепиња за кара долами, за кара долами,*
*А долами за кара момчиња, за кара момчиња.*

Со оваа и повеќето песни, орото густо и широко, изгледало како нешто да се лела, кротко со одмерени чекори, а сите пеат во еден глас, сложно и течно. Постарите обично за „сеир" поседнувале околу орото на подигнати тумбичиња и одбирале девојки за свои идни снаи, а и „стражареле" за секој случај да не се случат некои шоегодлаци. Ево уште една песна која се пеела на така нафатените ора.

*Ливадана зеленеет, мојво срце ми венејет*
*За едно младо вдовичинско, дека одит парталаво.*
*Мили боже дај го мене, да му купа антарија,*
*Да ми одит променато, сѐ во руво велигденско,*
*Сѐ во руво велигденско, велигденско ѓурѓевденско.*

Во постарите времиња ваквите ора биле само женски — девојчински; во нив не било можно да се фатат и да заиграат возрасни машки. Ако во некоја прилика и тоа се случело, веднаш девојките го напуштале орото. Дури и свршеникот до својата свршеница било срамота да заигра. Младите невести со мажите формирале свое посебно оро, макар што и тоа биле многу ретко и само во поново време. Машките обично седеле настрана како и постарите луѓе или формирале свое машко оро.

Во поново време таа традиција е напуштена и почнаа да се играат шарени ора.

Досега е на повеќе места речено оти љубовта на галичките сточари кон коњите била голема. Еве една песна стара, спејана за коњот и девојката која се пее во оро:

*Коњ ми тропа ,Анѓе, коњ ми тропа,*
*Анѓелино моме с десна нога.*
*Ми одкопа, Анѓе, ми откопа, Анѓелино моме, оѕледало.*
*Се наведов, Анѓе, се наведов, се наведов Анѓе, се оѕледав*
*Се оѕледав Анѓе, се оѕледав, се оѕледав Анѓе се арексав;*
*Как су бело Анѓе, как су бело, Анѓелино моме и црвено*
*Ушче да бев Анѓе, ушче да бев, ушче да бев Анѓе црно оке*
*Ќа го земав, Анѓе, ќа го земав,ќа го земав, Анѓе, царевоно;*
*Царевоно, Анѓе, царевоно, царевоно Анѓе најмалоно.*

Оваа песна најмногу се пее во оро и е омилена еднакво во сите мијачки села. Со сигурност не се знае во кое село е прв пат спејана-зашто сите подеднакво во неа се вљубени и сите ја присвојуваат за своја. Старите галички раскажувачи се упорни во своето тврдење оти е испеана во Галичник.

Жените галички како што и на друго место рековме, во долгите зимски ноќи се береле од комшиите во една од куќите на заедничка работа на попретки. Во тие прилики правеле разни смешки за да го убијат времето и да ги подразвеселат младите. И тогаш, на таквите ора, пред да дојде дремката, постарите се фаќале во оро и играле на една нога по три пати к'лцаница. Во скокањето на една нога, тие грлено изговарале сите одеднаш само ХМ — ХМ — ХМ, на секое потскокнување, а често пати таквото оро го наречувале „мечкиното". Не ретко било по некоја постара жена толку да се замори скокајќи на една нога, што и да падне, на што младите се виткале в половина од смеење.

Просто биле принудени да изнаоѓаат разни форми и начини за да си ја подразбијат монотонијата и тагата за своите сакани кои со месеци и години не биле дојдени дома. Духот нивни, на галичките жени, е восхитувачки и рамен, ако не и поголем, од духот на нивните мажи. Моралот, гледан преку верноста, е исто така нешто свето и никакви бруки на видело не се излезени. Дури доцна — доцна во поново време, има еден до два случаи да се прекршат моралните норми и да се фрли свадбарскиот барјак од пенџере, за што долго време се правеле коментари и мајтапи.

Во таквите долги ноќни седенки, по нешто и се појадувало. Најчесто, печени компири во жар и пепел, како и варени, купувани од селата во Горна и Долна Река. Се појадувале варени и печени костени, варена и печена тиква, варени круши кајкушки, — мали, тврди и ефтини. А понекојпат се правела и алва со скромно зајре донесено од сите седачи или како што велеле „ерифене", се плускала пченка на огништата на решето за да скокаат „плускорци". Најстарата жена давала тон и командувала колку да се пушти фитилот на ламбата или виделничето со газија. Најчесто, за да не се гори газија, предењето било околу отвореното огниште и работеле на пламен од дрвата и воедно се топлеле. Тогаш се одвива и меѓусобен натпревар, која предарка повеќе вретена „ќе прецркалат" — напредед. За победничките се раскажувало по цело село, а особено ако е таа девојка, што ѝ било во голема мера и препорака за мажење.

Главните средства за предење се фурка, вретено и чекрек. Напредените вретена најчесто ги виткале во клопчиња старците и децата, за младите да не изгубат во време за работа. Таквите попретки се ределе по ред во сите маалски куќи.

Едно од основните воспитувања што им го давале мајките на децата, од време било, секојпат и насекаде да им се дава видлива почит на постарите. На софра за јадење најмладите најдоцна седнувале, а додека најстариот не направи молитва, никој не почнува

со јадење. Невестата или невестите, ако се повеќе, до прилично длабока старост, пред да седнат на јадење, на старите, свекорот и свекрвата, по три пати им целивале рака и тоа: со уста, со чело и пак со уста. Тоа е задолжително и по јадењето, пред да ја кренат софрата, пред давање чаша вода, пред служење локум и ракија и др. По кој знае по колку пати во денот, невестата бацува по три пати рака. Тоа го прави и на сабајле по турување вода на старите за миење лице, кога се дава и зема риза за бришење. Жената никогаш не седнува до мажот на софра и најчесто меѓу себе зема деверчиња. или золвичиња. Кога оделе в црква или на гости по ракија, одењето било по ред, еден зад друг. Најстариот напред, а најмладите назад. И на гости, кога ќе седнат во туѓа куќа, на свекорот и свекрвата невестата пак им бацува рака, па потоа и таа ќе седне. Навечер на спиење не оделе заедно мажот и жената, туку прво одел мажот, па бајги подоцна по него жената.Ниту по име жените мажите не ги именувале, туку со зборовите: Човекот, — тој — него, — негов — оној и тн.

Ако се погледа од страна на сите предни сведенија, со право може човек што не познава да дофрли оти е галичката жена на ропски начин поставена спрема мажот. Многу би била погрешна сликата и впечатокот, ако некој така се осмели да толкува. Треба навистина да се познава севкупниот живот, традициите, обичаите и односите, па да може да се сфати зошто сето тоа го правеле. Напротив, жената галичка од своите мажи е многу ценета и сакана. Посебно е почитувана и поради карактерот на нејзината улога во домаќинството и во воспитувањето, за што веќе беше доста речено. Да, мажите се навистина гости во своите домови, па со кажаните, очигледно чудни манифестирања, жената сака исцело да го врзе мажот за себе, за да не потпадне под многустраните мамки што ги среќава во светот. Жената е толку почитувана и со големи права во домаќинството, што како што ќе се види и од дадените податоци за општонародната борба, таа е дури ислушувана и од советите што ги сочинувале галичките и мијачките избрани членови И таа, жената, била повикувана на такви состаноци, ислушувана и не ретко прифаќани се нејзините мненија и совети.

Дека била сосема и исцело слободна, жената галичка, ни зборува и фактот оти во сите времиња, дали бил мажот дома или не, таа од ништо не се зазорува и е слободен учесник во сите собития кои се одигрувале. Таа била толку под самоконтрола и со свое сопствено достоинство, што во никое време не се зазорувала од други и вонселски средини. Таа дома чека и испраќа, и овчари, и коњари, и сејмени и дерудеции; таа им ставува софри и ги опслужува, зашто била и од нив сите со почит гледана. Нема во историјатот галички изразито немили случаи, па дури и од огромниот број на арамии, кои палеле и жареле во селото и по бачилата, малку има случаи да не се со најарен однос кон галичката жена.

## ПИСМЕНОСТ, ПРОСВЕТА И КУЛТУРА

Првото официјално училиште во Галичник е отворено 1867 година. Од оваа година Галичник навлегува во организирано школство, а се школуваат голем број галички деца. Според податоците со кои се располага, скоро сите машки деца стасани за училиште биле вклучени во училиште. Годината 1867 ја наведувам само како дата за формирањето на таканареченото „модерно училиште". Но други податоци, кои ќе бидат подолу наведени, ни укажуваат оти писменоста во Галичник е влезена далеку понапред. Исто така, пред да се формира ова училиште во 1867 година, галичаните, особено оние поимашните ги давале децата на учење во келијните училишта при духовни лица, во таканаречената „даскалница" во старата црква Света Петка, каде што учеле црковно писмо. Од таму пак, некои од децата ги испраќале на повисока степен на образование во манастирот Свети Јован Бигорски.

Ако се земе како веродостоен податокот дека во Галичник престојувал Јован Охридски, пред да биде благоположен за охридски архиепископ (1018 до 1020 година) и оти покрај него престојувале и други калуѓери испосници, дека на нивна иницијатива, пред се на Јованова, галичаните ја подигнале и првата црквичка Света Петка, тогаш секако може да се тврди оти и писменоста почнала да се пробива во Галичник уште од тогаш. Во истото време се оформува и манастирот Свети Јован Бигорски кој е во непосредна близина на Галичник. А Галичник во сето време е сметан за најголемо село во цела Река и Дебарско, па секако и Бигорски не можел да не повлијае врз писменоста во ова село како и во другите мијачки села.

Исто така еден од можните елементи од влијание за пробив на писменоста во селото е и правецот на доселувањето на неговите жители. Како што веќе рековме, тие се воглавно три правци: Галик, Солунско, внатрешноста на Албанија и внатрешноста на Македонија. Историјата дава извесни укажувања, макар и недоволно јасни и непречистени, за присуството на Самуиловите војски во овој реон и ја допушта претпоставката дека војските биле пополнувани и од Мијаците. Според тоа и тој факт не можел да не се одрази врз писменоста.

Сиве овие елементи можеби не се сигурни докази за да може поодредено да се тврди за времето на пробивот на писменоста во ова село, но тие тука се наведуваат како можни патокази на кои во секој случај треба да се укаже.

Како и по други, така и по ова прашање, се јавува еден голем вакуум време од една миленија за кое се нема посериозни сведенија за животот и историскиот пат на ова село. Затоа со поголема сигурност за пробивот на писменоста, просветата и културата може да се зборува негде од половината на 19 век и навамy, за времето на Партенија Зоографски, Ѓорѓи Пулески, Панајот Гиновски и другите видни преродбеници кои ги користеле сите можности за ширење на просветата меѓу нашите луѓе не само од Галичник, туку ширум Македонија.

Како еден од факторите кои можеле да повлијаат за раниот пробив на писменоста и просветата во Галичник секако е и самата местоположба на селото која ги тера луѓето во пазарното стопанство поради сточарството од една страна, а од друга пасивноста на овој крај, да тргнат во потрага по заработувачка или преку полуномадско сточарење или преку печалбарството. Сточарите, одвоени од домаќинствата скоро половина година, правеле маршути сосе стадата до 700 километри во двата правца, а пак печалбарите се далеку од своите огништа и со години. Сето тоа предизвикува потреба за допишување со своите сакани, што ги терало луѓето на описменување, а од друга страна допирот со различни, поразвиени средини, им отвара хоризонти што ја развиваат кај нив свеста за нужноста од просвета. Економскиот подем на селото преку сточарството, печалбарството и занаетите ја развива потребата за помодерно стопанисување, но и обратно, економската развиеност овозможува подобри услови за писменост и просвета.

Иако првото „модерно" училиште во Галичник што е наречено световно училиште, е создадено во 1867 година, доказите укажуваат оти далеку понапред писменоста е навлезена во Галичник. Во повеќе трудови што досега се издадени, се наведува дека Ѓорѓи Пулески е роден во 1838 година. Галичаните пак кажуваат дека е роден 1820 година. Но и без оглед на тоа, важно е дека со сигурност се знае оти Пулески уште на десетгодишна возраст веќе бил описменет. Партенија Зографски е роден 1820 година, а пред да замине во Охрид да учи при Димитрија Миладинов, во 1835 година, учел во манастирот Свети Јован Бигорски, па произлегува дека и тој околу 1830 година бил описменет. Томо Томоски, познатиот галички ќеаја и првенец, кој во Галичник извршил покрстување на муслиманските словенски семејства во 1843 година, водел свој овчарски, економски тефтер. Иконостасот во црквата Свети Спас во Скопје датира од 1824 година, а него го работеле прочуените мајстори Филип од Гари и Макрија Фрчкоски од Галичник. Се знае дека и тие двајца биле писмени, бидејќи на многу нивни трудови се потпишувале. Постои потписот кој гласи: „Петре Филиповски од Гари, Макрија од Галичник и Марко од Гари, дебрани од Мала Река". И не само

Макрија, туку и пред него, другите копаничари — галички врвни мајстори, темелно ја изучувале „Световната библија“ која им служи за вршење на нивниот занает. Татко му на Макрија, Негрија Фрчкоски, исто така познат мајстор, е роден во 1873 година. И тој бил писмен мајстор. Мајстори од родот Дренкоски околу 1818 до 1819 ги изработиле иконите во галичката црква Света Петка. И тие биле писмени луѓе.

Еве што вели професорот Д-р Харалампије Поленаковиќ во врска со ова кога го споменува галичанчето Кузман: „Во Солун Григорович ќе собира и македонски народни песни. Најголем дел од песните кои тој ги собрал се од Македонија. Сигурно во Солун ги добил, односно ги запишал. Меѓу солунските занаетчии Македонци имало доста луѓе и од Галичник. Еден од нив е и тринаесетгодишното галичанче Кузман (Козма, како што го вика Станко Враз). Овој Кузман му дал цела една тетратка изпишана со мијачки народни песни од кои некои со голема радост ќе ги препише Враз и ќе ги објави во списанието ,,Коло“, од 4. 05. 1847 година“. (Д-р Харалампије Поленаковиќ, Страници од македонската книжевност, Скопје, 1956 година).

Како што се гледа од дадените податоци од страна на Д-р Поленаковиќ В. Григорович на 10. 11. 1844 година ги зел овие песни од Кузман во Солун. Тогаш јасно е дека Кузман ги има запишано песните од Галичник и Дебарско на број околу 15, порано. Кузман (Козма) тогаш имал 13 години од што произлегува дека е описменет некаде околу 1839 до 1840 година. Се знае оти многу порано галичаните оделе во Солун, а посебно помеѓу 17 и 18 век. Таму одат масовно и галичките сточари, па секако имале можност и прилика за описменување, а за потребата од тоа веќе беше збор.

Еден друг, според мене важен податок, што ни го дава Поленаковиќ во истата книга, е дека во 1839 година како претплатници на книгите од печатницата на Теодосије Синаетски во Солун, се набројуваат голем број луѓе од Велес, поименично, а на страна 142, како претплатници се наведени 26 места од Македонија во кој број е и Галичник. Ако веќе тогаш Галичник како село е претплатник на книги, со сигурност може да се изведе заклучок дека поголем број луѓе од ова село во 1839 година биле писмени.

Доктор Глигор Тодоровски во „Малореканскиот предел“ (Скопје 1970 стр. 177) дава некои податоци за писменоста во Галичник и за училиштата. Покрај другото Тодоровски влегува во мала полемика за галичкото училиште и според мене со право ги побива тврдењата на некои автори кои сакаат првото училиште, световното училиште, да го прикажат како чисто српско. Јас мислам оти во тоа време, како и подоцна, ни збор не може да стане за некакви си српски и бугарски училишта, во вистинска смисла на зборот. Може да се зборува само за пропагандистички настојувања било на Србите, било на Бугарите и тоа далеку подоцна. Секако во тие свои настојувања споменатите пропаганди постигнувале и делумни резултати, но какви?

Павле Ажиески е повеќегодишен управник на подоцнежното училиште во Галичник. Како да го третираме него, — како српски или бугарски просветен работник? Тој не е ни српски ни бугарски. туку просто ги измамува и едните и другите, приклонувајќи се де кон едни, де кон други, зависно од тоа кој повеќе ќе го плати. (Во Битола Павле оди прво кај Бугарите, се здоговорува за платата, а веднаш потоа оди кај Србите и им вели: „Бугарите ми плаќаат толку и толку", на тоа Србите му ја накачуваат платата. И од кај нив повторно Павле се враќа кај Бугарите и уште повеќе ја крева својата учителска плата, за на крај, пак, по една година, и нив да ги напушти. Поради тоа и српскиот конзул во Битола, еднаш кога дошол Павле на спогодба се фаќа за глава и извикнува: „Тешко нама и Бугарима с вама". Што значи при немање на македонски училишта, бидејќи не била обновена Охридската архиепископија, па кој нема своја црква нема ни своја национална школа, Македонецот Павле од Галичник, како и мнозина други македонски просветни работници во ова време биле присилени да учителствуваат било во пропагандните српски, било во бугарски училишта, иако на децата им предавале на македонски јазик кој единствено и го знаеле, а и децата го разбирале).

Во половината на 19 век Галичник веќе има и свои образовани учители. Образовани за тој позив, се разбира, според времето. Ако се има тоа предвид, се поставува прашање дали училиштето од 1867 година е прво. По сеќавањата и раскажувањата на стари галичани уште пред 1820 година постоело училиште во „даскалницата" при црквата Свети Петка. Веројатно тоа не е земено предвид, затоа што она училиште кое е формирано во 1867 година се наречува модерно училиште, додека ова во „даскалницата" е училиште во кое се изучува црковната писменост. Во оваа смисла јас го подразбирам и Тодоровски кога вели:

„Во овој период и некои од општинските народни училишта кои веќе постоеле во малореканските села, почнале да примаат таква помош. Меѓутоа, овде треба да се подвлече фактот дека училиштата во малореканските села кои во 60-те години од 19 век постоеле и примале помош од Одборот во Белград, никако не треба да се третираат за српски училишта, како што некои од актерите на спроведуваната српска просветна и политичка пропаганда ги третираат. За пример ќе го наведеме Иван Иваниќ, кој тврди дека во 1867 година во најголемото малореканско село Галичник било отворено училиште на српската пропаганда. Ова мислење го застапува и Јован Хаџи Васиљевиќ, тврдејќи дека пред 1870 година, училиштето што се наоѓало во селото Галичник, каде се употребувала манастирска метода во наставата, било преобрнато во модерно српско училиште во кое предавал Крсте Ѓиноски, одржувајќи го божем српското училиште во селото Галичник сè до 1878 година, кога Ѓиноски со сето свое семејство се преселил во Врање".

Во својот труд Тодоровски го наведува и Јордана Хаџи Константинов — Џинот кој во „Цариградски весник“, бр. 412, од 1859 година пишува дека по завршувањето на манастирското ќелијно училиште во манастирот Свети Јован Бигорски, полни 38 години Крсте Ѓиноски учителствувал во Галичник, потоа во Дебар, во манастирот Свети Јован Бигорски, во Тетово, Врбен и во селото Кракорница, а во 1881 година се преселува во Врање, поради прогон од бугарската пропаганда за освета. Од ова произлегува дека е сосема сигурно оти Крсте Гиноски учителствувал во Галичник бајѓи далеку пред 1867 година. Чинам оти може да се тврди, од сето досега изнесено, дека во Галичник постоело народно училиште уште пред 1820 година, иако келијно, но секако организирано со настава според сеопштите прилики од времето. Исто така со голема сигурност може да се тврди дека галичките деца се испраќани на дошколување во манастирот Свети Јован Бигорски пред 1820 година. Во оваа смисла донекаде се изјаснува и доктор Тодоровски кој вели:

„Постоењето на галичко општинско-келиско училиште, Џинот го потврдува и во една негова статија печатена во „Цариградски весник“ од 1. I. 1859 година, со учителите Крсте и Кузман. Ј. Константинов — Џинот покрај Ѓиноски споменува и втор учител во Галичник, Кузман“. (Јас доста време иследував да разоткријам кој е овој Кузман. Бидејќи не се работи за Кузе Џубалески, си поставувам врашање, не се работи ли за она тринаесетгодишно момче што му ја предава тетратката на Глигорович во Солун со 25 запишани песни од Галичник и Дебар. Средбата со Глигорович, како што рековме, е во 1844 година, — Кузман тогаш имал 13 години. До споменувањето од Џинот во 1859 година би бил на 28 годишна возраст, — сосем прилика за учител. Јас само правам хипотеза преку сметање со времето, староста и името. Секако тоа интересно тринаесетгодишно момче, Кузман, треба да се разоткрие бидејќи како што и Поленаковиќ претполага, најверојатно не се негова работа само тие 25 песни што му ги предал на Глигорович. По овие учители во Галичник, во периодот од 1860 година, се споменуваат и други општински учители, како: Павле Глиќароски, Кузе Џубалески, Алексо Попоски и Јосе Ажиески. — Р. Б.).

Подоцна, помеѓу 1884 и 1887 година, Крсте Ѓиноски и послужил на српската пропаганда за создавање српски училишта во Галичник и во другите мијачки села. Во тоа време се споменува како учител, фатен од српската пропаганда, и галичкиот учител Стрезо Попоски, за кого Тодоровски вели дека бил во Призрен и барал помош за тие училишта, изведувајќи дека по овие места има само домашни учители, а дека други од надвор е тешко да опстанат. Доктор Глигор Тодоровски во споменатата книга на стр. 184. и 185. наведува дека од учебната 1887/88 година српската пропаганда и просветата веќе почнува систематски да навлегува во најголемото малореканско село Галичник. Постои еден документ — список на учители во Србија и Македонија — на кои требало да им се исплатат принадлежностите за ноември и декември 1887 и за јануари 1888 година

Во списокот се наоѓа и името на Павле Тодоровиќ, учител во српското училиште во Галичник. Д-р Глигор Тодоровски искажува мислење дека иако Павле Тодоровиќ се појавува во српскиот список за принадлежности, не може со голема веродостојност да се прифати верувањето оти бил српски учител во тоа време. Ваквото мислење го поткрепува со фактот што самиот српски конзул во Битола, при крајот на 80-те години и последната деценија на 19 век, не верувал оти во Галичник има српско училиште.

Веќе кога сме при српската пропаганда во Галичник, — интересно е да се спомене еден извештај што го праќа Ристо Огњановиќ, познат српски настроеник меѓу галичаните, но многу чесен и карактерен човек, кој покасно станува и професор во Скопје. Ристо Огњановиќ негде околу 1890 година е испратен да ги проучи мијачките села, а посебно Галичник и да види какви корени има фатено бугарската пропаганда во тој крај, посебно во школството. По повеќе време престој во Галичник, Ристо Огњановиќ праќа извештај до министерството за надворешни работи, до просветното одделение. Во својот извештај покрај другото вели дека според разговорот што го водел со многу галичани, ни бугарската пропаганда не се почувствувала порано од 1882/83 година. И точно е, дека порано, сè до 1880—1890 година, Галичник бил без посериозни туѓи пропагандистички влијанија, било какви и од која и да е насока. Бугарската и српската пропаганда се служела со врбување платени лица, но и тогаш почва наоѓаат кај многу малу луѓе, бидејќи огромното мнозинство е апсолутно патриотски настроено, а веќе во тоа време се јавуваат и правите вооружани борци за слобода на македонскиот народ, а нешто покасно се и илинденските востаници.

Ристо Огњановиќ понатаму во својот извештај вели дека во сите малореکански села постоеле селски училишта, но оти тие училишта се старовремски и во нив се учи само пишување, читање и црковно пеење. Сите тие училишта ги самофинансирал народот, па според тоа во нив и немало туѓи влијанија.

Огњановиќ не го поднесува Стреза Поповиќ како српски пропагатор, па за него вели оти ги лаже и Србите и Бугарите и дека тој наместо српски бил егзархиски учител. Дури и Огњановиќ бил врбуван за таа цел и понудена му е висока плата, која овој со презир ја одбива со зборовите што им ги вели на многу галичани, па и на Ламбета Ажоски и на Филимона Бужароски. Иако Огњановиќ им рекол на споменатите: „Мени је српска ствар изнад свега, она је у мом срцу", сепак во својот пишуван труд: „Један критички осврт на управу у јужној Србији", во списанието „Јужна Србија" (кн. II. бр. 18, од 1922 година) тој многу смело и отворено ја критикува српската управа за состојбата во овој крај и сочувствува со народот и со неговите тешкотии, па меѓу другото вели: „Овај народ је преварен", мисли од страна на Србите.

За Павлета Ажиески во овој труд веќе стана збор. Бидејќи случајот со него е доста илустративен за односот кон српската и бугарската пропаганда, ќе се задржиме малу повеќе и на неговата

личност. Роден е во 1872 година во сточарска фамилија. Основно училиште завршува во Галичник, а потоа оди во Цариград каде учел гимназија, — спорно е дали завршил четири или три класа. Негов стрико е Партенија Зографски. Во периодот на турското владеење, Павле учителствувал во Галичник и е еднакво „оболен" спрема српската и бугарската пропаганда, зависно од тоа кој ќе плати повеќе. Куќата во која е роден, а правена е воглавно за да му служи на Партенија Зографски, нему му служи за да оформи прво српско училиште, иако пред тоа е егзархиски учител. Српски учител станува под влијание на доктор Исо Ажиески, кој е српски воспитаник и воен лекар. Негов дедо, татко на жена му, е Трпко Ѓиноски, голем сточар, ќеаја и еден од првенците галички. Од егзархијата Павле примал плата 40 лири годишно, а Србите му дале 50 лири и 100 динари годишна кирија за неговата куќа. Српскиот конзул во Битола бил резервиран кон оданоста Павлева, па во тој резервиран став како избезумен од Павлевото држење и барање пари фаќајќи се за глава ги извикал веќе кажаните зборови: „Тешко нама и Бугарима с вама". Но и каква и да е болката на српскиот конзул, Павле е прифатен од нив, а тој ги прифаќа не нив, туку нивните 10 лири повеќе и 100-те динари за кирија.

Само по една година подоцна т. е. во 1892 година, во Галичник се формира и прва српска црквена општина, по дебарската, која е формирана во истата година. За прв претседател е поставен Аврос Јаковљевиќ, галичанец кој пред тоа бил кмет во селото. Аврос го придобива и Арса Томиќ — Томоски и Серафила Ивановиќ.

Во истото време приватно српско училиште држел и Павле Тодоровиќ, па со Павлевото Ажиески се прават две приватни српски пропагандни училишта во селото, со околу 40 ученици. И двете училишта работеле без одобрение на турската управа.

И српската и бугарската пропаганда, Галичник постојано го наречуваат и го сметаат за клучно место во дебарскиот и реканскиот реон и затоа се повеќе жестоко се судруваат. Тоа галичките учители, како двајцава Павлевци и други, го користат за изнудување повисоки примања, а таа е воглавно и целата нивна идеологија и „приврзаност" кон овие туѓи на македонството пропаганди и кон нивните извршители.

Павле Тодоровиќ бил во политичкото српско просветно одделение заведен под шифра XXIX, а за годината 1893 му биле исплатени 480 динари. На Павлета Ажиевски исплатено му е во истата година 120 динари, а се водел под шифра XXXII. Освен на овие двајца, и на претседателот на галичката општина, Авросију Јаковљевиќ, му е одредена месечна плата од 48 динари, која му е редовно исплатувана преку српскиот конзуул во Битола. Дека целиот галички „србизам", а тоа важи и за „бугаризам" бил парично стимулиран се гледа и од извештајот на српскиот конзул од Битола, во кој стои: „Успехот на српската пропаганда во Галичник зависи од количеството пари што ќе им се дадат на луѓето".

За безкрупулозната пропагандистичка борба меѓу српската и бугарска пропаганда за тоа кој повеќе да навлезе со своите училишта и учители, еве што кажува, пак, Георги Трајчев. Разочаран поради пробивот на српската пропаганда вели:

„По отворањето на бугарската гимназија во Солун, побарани се пет ученици за солунскиот пансион. Галичанецот Огнен сака и неговиот син да биде примен. Бидејќи не е примен тој го праќа сина си во Србија. Павле станува српски даскал. Павле Ажиески е незадоволен од егзархиската плата како учител; Србите му ветуваат поголема плата и тој се продава и минува на српската страна... Српската пропаганда успеа да се загнезди само: во Галичник, Лазарополе, Тресонче, Осој и Горно — Мелничани, зашто имаше на своја страна неколку продадени души за српската пропаганда. Глупавата бугарска политика, пишува понатаму Трајчев, помогна Србите да станат владетели на тие за нас скапи и историски земји. Но и тука се појави српската ненаситна злоба спрема блгарштината во тој крај". (Г. Трајчев, Книга за Мијаците, Софија, 1941, стр. 173, 175).

Како што се гледа, пред појавата на таканаречените „културни" училишта — мислам световни, не могле да фатат никакви корени со својата пропаганда во овие места и во Галичник ни Србите ни Бугарите и дека писменоста навлегла многу порано од нивната наметлива појава. Народните училишта што ги финансирало самото население многу рано си ја нашле благопријатната почва за сеење семе на писменоста. Колкаво било меѓусебното кошкање на Србите и Бугарите околу овие места ни укажува и доктор Тодоровски во „Малореканскиот предел", каде го изнесува овој податок: „Во сообразност со ова било и претседателствувањето на Крсте Ѓиновски од Галичник на митингот одржан во Врање на 10. III. 1885 година, каде била донесена и резолуција од 7 точки во која се барало спречувањето на бугарските претензии во Македонија".

За да си го закрепнат српството во Македонија, белградските министерства за просвета, за надворешни и за внатрешни работи давале стипендии за македонски ученици меѓу кои и за ученици од Галичник. Особено друштвото „Свети Сава" било заангажирано преку сите форми да создава идни кадри за подоцнежна пропаганда низ повеќе места, па и во Галичник. (Друштвото „Свети Сава" е основано во Белград во 1886 година.)

Павле Тодоровиќ, стипендијант на српското министерство за надворешни работи, учел во гимназијата во Шабац, а тој е после еден и од постарите српски учители во Галичник. Симон Поповиќ (Попоски — Р. Б.) ја завршил богословската учителска школа во Белград и е долгогодишен српски учител во Галичник. Павле Ажиески, за кого беше збор е и српски учител. Ристо Огњановиќ е исто така српски учител во 1898 година во српската скопска гимназија. За него, имајќи посебно висока оценка, за да не оди во Галичник за учител, Србите веселе оти во Скопје ќе биде покорисен за „српското дело". Марко Симоновиќ е српски учител во Галичник. Арсо Томоски исто така е нивни учител во Галичник, но и од него како

За безкрупулозната пропагандистичка борба меѓу српската и бугарска пропаганда за тоа кој повеќе да навлезе со своите училишта и учители, еве што кажува, пак, Георги Трајчев. Разочаран поради пробивот на српската пропаганда вели:

„По отворањето на бугарската гимназија во Солун, побарани се пет ученици за солунскиот пансион. Галичанецот Огнен сака и неговиот син да биде примен. Бидејќи не е примен тој го праќа сина си во Србија. Павле станува српски даскал. Павле Ажиески е незадоволен од егзархиската плата како учител; Србите му ветуваат поголема плата и тој се продава и минува на српската страна... Српската пропаганда успеа да се загнезди само: во Галичник, Лазарополе, Тресонче, Осој и Горно — Мелничани, зашто имаше на своја страна неколку продадени души за српската пропаганда. Глупавата бугарска политика, пишува понатаму Трајчев, помогна Србите да станат владетели на тие за нас скапи и историски земји. Но и тука се појави српската ненаситна злоба спрема блгарштината во тој крај". (Г. Трајчев, Книга за Мијаците, Софија, 1941, стр. 173, 175).

Како што се гледа, пред појавата на таканаречените „културни" училишта — мислам световни, не могле да фатат никакви корени со својата пропаганда во овие места и во Галичник ни Србите ни Бугарите и дека писменоста навлегла многу порано од нивната наметлива појава. Народните училишта што ги финансирало самото население многу рано си ја нашле благопријатната почва за сеење семе на писменоста. Колкаво било меѓусебното кошкање на Србите и Бугарите околу овие места ни укажува и доктор Тодоровски во „Малореканскиот предел", каде го изнесува овој податок: „Во сообразност со ова било и претседателствувањето на Крсте Ѓиновски од Галичник на митингот одржан во Врање на 10. III. 1885 година, каде била донесена и резолуција од 7 точки во која се барало спречувањето на бугарските претензии во Македонија".

За да си го закрепнат српството во Македонија, белградските министерства за просвета, за надворешни и за внатрешни работи давале стипендии за македонски ученици меѓу кои и за ученици од Галичник. Особено друштвото „Свети Сава" било заангажирано преку сите форми да создава идни кадри за подоцнежна пропаганда низ повеќе места, па и во Галичник. (Друштвото „Свети Сава" е основано во Белград во 1886 година.)

Павле Тодоровиќ, стипендијант на српското министерство за надворешни работи, учел во гимназијата во Шабац, а тој е после еден и од постарите српски учители во Галичник. Симон Поповиќ (Попоски — Р. Б.) ја завршил богословската учителска школа во Белград и е долгогодишен српски учител во Галичник. Павле Ажиески, за кого беше збор е и српски учител. Ристо Огњановиќ е исто така српски учител во 1898 година во српската скопска гимназија. За него, имајќи посебно висока оценка, за да не оди во Галичник за учител, Србите велеле оти во Скопје ќе биде покорисен за „српското дело". Марко Симоновиќ е српски учител во Галичник. Арсо Томоски исто така е нивни учител во Галичник, но и од него како

и од Павлета, Србите не биле задоволни зашто и понатака одржувале врски со егзархискиот владика во Дебар, Козма. Исто така не биле задоволни ни од српските учители во Галичник Јосета Томоски и Глигура Брезоски, кои примале по 36 наполеони плата. Марко Симоновиќ, кога го отпуштиле Србите од галичкото училиште, отишол во Солун и таму пак станал учител во српско училиште.

Покасно во Галичник биле српски учители и следните лица: Павле Николиќ, Јосиф Ажиески, Тодор Павловиќ, Константин Огњановиќ, Доксим Михаиловиќ, Милица Михаиловиќ, сите со завршена српска гимназија во Битола; Коста Јосифовиќ, со завршена учителска школа во Алексинац; Тодор Димитриевиќ — Лепчески, српски учител и надзорник за школство за Галичка, Дебарска, а едно време и Полошка Околија; Душан Јаковљевиќ — Брнбалчески исто така бил учител во Галичник и храбро е загинат при Колубарската битка, во редот на четите од 1300 каплари.

Сигурно дека некои српски учители сум испуштил, а јас ги наведувам овие како поистакнати селски фигури од кои поголемиот дел биле приврзани за платената српска пропаганда, иако од еден дел од нив, како што се виде од понапред ,Србите не биле задоволни. И меѓу себе овие, иако биле по нивната определеност истомисленици, не се трпеле секојпат. Така на пример: Тодора Димитриевиќ и Душана Јаковљевиќ ги сметале за недоволно фанатизирани Срби, па поради тоа дури понекојпат им дофрлувале дека се наклонети кон бугарштината, што е резултат од навистина многу чесното држење на овие двајца кон македонското галичко и мијачко население, почитувајќи ја нивната национална посебност.

Таа пропаганда знаела да биде незадоволна не само со Павлета Ажиески, туку и со Тодора Павловиќ — Мангароски. Во неколку инспекторски извештаи се опишани, покрај другото и како грубијани, тешки кавгации и тепачи на школските деца. Дека биле навистина тепачи на деца сведоци сме и ние т. е. мојата генерација. Во тие инспекторски извештаи за Павлета се наведува и тоа како бил пијаница, а самиот Павле, на таквиот прекор, му одговара на инспекторот Мрав: „Пиши што сакаш. Јас сум еден Павле Ажиески". Овој случај е дојден по една меѓусебна тепачка помеѓу Павлета и Арсенија Јаковњевиќ. И на тоа Павле му рекол на инспекторот Мрав: „Егзархијата ми нуди повеќе пари и ако јас поминам таму, дури тогаш српско име нема да се спомне во Галичник". И навистина Павле е Павле — бекрија, ќефлија,горделија и смел човек, кој дури и од дебарските Цигани е наречен „Цигански крал", за што и во друга прилика ќе стане збор.

Втора по ред, ако може за некој си ред да се зборува, учителска фигура во нешто слична на Павлета е Тодор Павловиќ — Мангароски.

Тодор е роден на 28 април 1873 година. Се укажува и на уште еден датум на раѓањето, 28 април 1871 година. Основно училиште завршил во Белград во 1890 година, потоа учел еден клас богословска школа во Ваљево, и завршил три класа гимназија. Гимназијата

ја завршил 1894 година. Во 1895 година и 1896 година е питомец во домот „Свети Сава" во Белград, а еден клас учителска школа завршува во Алексинац 1897/98 година.

Како учител Тодор бил во следниве места: од октомври 1898 година во Велес, од таму е префрлен во Галичник и поставен е за учител во 1899 година, каде останува сè до 1909 година. Во Долно Мелничани е учител од 1910—1911 година. Потоа е назначен за управител на сите основни училишта во Порече од 1911 — 1912 година од каде е преместен за управник на училиштата на Горна и Долна Река до 1913 година. Повторно оди во Галичник 1914 — 1915 година како застапник на школскиот надзорник за околија Галичка.

Од 1915 година до 1918 година Тодор е српски војник на Со унски фронт, во петта чета на воено станични службеници, и воедно е управител на основните училишта за Подградец. Од 1918 — 1919 година е пак школски надзорник за Галичка околија. Од 1920 до неговото пензионирање е учител, а некое време и управител на училиштето во Галичник. Пензиониран е на 1. XII. 1929 година.

Покрај учителскиот позив, Тодор е за време српската окупација и политички активен како српски воспитаник. Од Павлета по овој случај се разликува во основа. Тој е редовен српски човек и нивни, така да се рече „идеолог", додека Павле ја почитува само својата девиза „ко да више". Тодор како истакнат србоман во 1912 — 1913 година е околиски началник со седиште во Жировница, а во исто време е началник на воената станица, претседател на месното учителско здружение, претседател на пододборот на црвениот крст, претседател на пододбор за заштита на воени сирачиња. Семејството на Тодора во Галичник е познато како Мангаровци, а пред тоа се викале Дурузовци. Според некои стари раскажувања дојдени се од Дуруз (Драч) Албанија.

Еве од прилика како станал Тодор српски човек. Неговиот вујко Аритон Цубалески бил егумен во манастирот Свети Јован Бигорски. Со негово посредство е пратен на српско училиште во Белград и Србија. Аритон бил приврзаник на српската партија и човек од доверба на таа пропаганда, па и Тодор по негова препорака бил примен во српско училиште. Аритон како егумен, иако србомански настроен, познат е во Галичник како чесен човек и со одреден авторитет во сите села на Долна Река. (Еве едно кажување за Аритона: Кога еден ден одел од манастирот Свети Јован Бигорски за село Скудриње, сретнал три жени од истото село кои биле рисјанки прво, а пред да се сретнат со Аритона помуслиманети. Го допреле и го замолиле да ги исповеда и да ги причести. Аритон се согласил на тој чин и договориле место и време за причесна. Кога се нашле на здоговореното место, пред егуменот Аритона излегле не три жени, туку уште три други, Аритон ги исповедал и ги причестил. На тоа жениве му биле многу благодарни и го замолиле никому за тоа да не кажува, туку причеснава да остане

како нивна и негова тајна. Аритон ги окуражил, но колку го извршил ветувањето зборува и моево пишување за нив).

Како што и повеќе пати реков, Тодор во сето време од неговото службување и учителствување, сè до неговата длабока старост, е убеден во себе и српството. Како таков делува преку школството: наставата, родителски средби, како и преку сите политички настани и собитија што се одигруваат во селото и околината. Посебно по завршувањето на Првата светска војна тој е наполно активен и проповеда српство каде и да се најде. За него има меѓу галичани многу раскажувања, па јас ќе наведам некои од нив. Следново кажување ми го потврди и неговиот син Боне Мангароски, кој исто така ми даде и други податоци, на што сум му посебно благодарен.

Кога бил српски начелник во Жировница, дошла директива селата по Река официјално да се декларираат како српски села. Тодор ги собрал сите жировничани пред неговата канцеларија. Кога селаните му рекле дека не можат да дадат таков потпис, зашто е ова село муслиманско, а дека нивните првенци биле на аџилак, по кусо убедување, Тодор влегол во канцеларијата почнал да врти на телефонот, а го отворил прозорот за да го слушаат селаните за да чујат што ќе зборува. По секунда, две викал „Ало г. генерале! Овде Тодор Павловиќ . . . Јесте, да скупио сам све сељаке, ево их овде пред зградом“. Малку почекува и повторно извикнува „Да, молим, јесте. Све сам им објаснио, но они неће да се декларирају за нашег краља и Србију“. По малку пак: „Молим? Шта молим? Како да покољем све сељаке, све мушке главе?“ Пак почекува и извикнува: „Ама, молим вас г. генерале то је тешко. Како? Како изволите? Све да покољем? Ама то су добри људи предомислиће се. Како, све!? Молим ја ћу сада да их ставим пред пушке жандара, али молим вас на вашу одговорност . . . У реду г. генерале, сада ћу да почнем“.

И кога селаниве целите преплашени чуле што наредил божемниов генерал, влегле во канцеларијата и му рекле:

„Господине Тодоре, ќе потпишеме, те молиме, ако ние грешивме ти не грешавај“. На тоа Тодор повторно врти на телефонот, и изигрува како пак да зборува со генералот и вели: „Ете господине генерале, ја сам вам рекао да су добри људи и да ће се покајати и сада ће сви да се рекларирају за Србе. У реду, хвала господине генерале, поздравићу све Србе Жерноничане“, и го затвора телефонот.

Многу слични кажувања има за Тодора како за еден од поекспонираните Срби од овој крај, заедно со Тома Лоноски и Тихона Крцкоски. Тоа е тројка која ги раководи и уште неколкуте српски настроени луѓе, а на чело на сите како најдосетлив и најбистар е Тома Лоноски. Јас на ова место му давам поголем простор Тодору затоа што се работи за учител, а зборот е за писменост, културата и школството во Галичник. Како што велат многу галичани, Тодор бил во суштина „богум создан човек за политика и српство во Галичник“.

Какво „српство" и „бугарство" било кај овие учители, вклучувајќи го и Тодора, може да ни послужи и ова раскажување, кога Павле Ажиовски и Тодор Мангароски, тргнале при конзулатите по плата. Павле е егзархиски учител, а Тодор е српски учител. Но тоа ништо не им пречи да одат заедно како соселани. Кога дошле во Извор — Кичевско, решиле да се закрепат со јадење и да испијат по некоја чашка со јадењето. Кога влегле во анот, се кладиле, а Тодор е предизвикувачот, дали може да изеде 20 јајца варени, 20 јајца пржени и да испие 3 оки вино. Павле не верувал и ја прифатил опкладата, — ако сето тоа Тодор го изеде Павле ќе плати. Присутни биле и други галичани. Тодор ја добил опкладата! Потоа сите се подразвеселиле и убаво се поднапиле и на тоа згора Тодор му ветил на Павле оти ќе добие поголема плата ако стане српски учител. Павле се согласил и отишле право во српскиот конзулат, а тогај изгледа бил конзул Балугџиќ. Но оттука Павле отишол при Бугарите им ја кажал вистината, па овие му дале нешто повеќе. Кога се вратил повторно кај Србите им кажал што му дале Бугариве, па овие уште еднаш му ја накачиле платата и изгледа тогаш конзулот ја кажал веќе кажаната вистина: „Тешко нама и Бугарима с вама".

Во тој натпревар на српската и бугарската пропаганда и едната и другата сметале на овие луѓе. Така на пример во текот на 1915 — 1918 година бугарската пропаганда се опирала на Шпиро Личеноски. Тој бил задолжен да дели на населението државна пченка за јадење. Односот негов спрема фамилијата Тодорова Мангаровски бил лош, како и спрема некои србомански фамилии. По свршувањето на Првата светска војна, Шпиро бил многу исплашен, а има раскажувања дека и тој бил на списокот за ликвидирање, па сосе фамилија се иселил во Романија. Таму тешко се снашол и фамилијата просто му гладувала. Жена му Тодорова Мангароски е сестра Самоилова Бошнакоски, а Самоил се оженил со Стојна Личеноска. Бидејќи е Самоил шура на Тодора, го молел да му прости на Шпиро за да може да се врати во Галичник. Тодор се согласил, веројатно под влијание на жена му Невена и му рекол да му пише да си дојде сосе фамилија и дека Тодор ќе направи Шпиро да стане галички учител. На тоа ветување овој се враќа од Романија, но Тодор не успел да го назначи за учител и тогаш двајцата се договориле Шпира да го запопит. Тодор отишол при скопскиот владика Варнава, но Варнава не му дал согласност да се запопи со негово владичко одобрење. Сепак на Тодора му рекол: „Јас ќе поминам со молчење, па ќе побарам охридскиот владика Јосиф да го запопи". На тоа Тодор оди во Охрид и успева да го запопи Шпира, па потоа како поп испратен е во Дебар да попува.

Еве уште некои кажувања за Тодора Мангароски што ги добив одејќи по трага по материјали за мојов труд.

Набргу по свршувањето на Првата светска војна, како србоман, Сотир учителот од Тресонче и Стамат од Лазарополе, а изгледа е вмешан уште еден од Лазарополе, вршеле некои уценувања

на богатите луѓе, преку бакалинот Бајрама од Ростуше, на кого ултимативно му поставиле да собере 30 златни лири, зашто инаку, како „Турци“ побогатите луѓе од селата муслимански — торбешки ќе настрадаат. Бајрам исплашен се нафатил да ја изврши таа работа и собрал 30 лири. На некој начин Тодор Мангароски разбрал за оваа работа и со патлакот в појас слегол во Ростуше и го посетил Бајрама. Кога го стегнале Бајрама за да им ја каже вистината, Бајрам исплашен му кажува сè и ги извага 30-те лири. Тодор ги зел овие пари и му рекол на Бајрама повеќе да не собира, а може слободно да им каже на нарачителите оти Тодор ги зел парите. Кога по неколку дена дошле набројаните српски „просветари“ да си го земат нарачаниот „отлак“, Бајрам им раскажал за сè. И поради тој случај Тодор со предните тројца повеќе години не зборувал, поправо тие со него не зборувале.

Еден од најмирните српски учители во српското училиште беше Симон Попоски. Со него знаеја и неговите ученици да се насмејат, користејќи го неговиот кроток и тих карактер. Учениците на неговите часови беа слободни. Тој е син на познатиот и неколку пати спомнат српски поп Ѓорѓија, кој в црков, за време бугарскиот владика Козма, се занесол и го споменал српскиот владика Варнава, поради што е пратен по казна еден месец да служи во манастирот Свети Јован Бигорски како и на „покајание“. Симон е слика на Ѓорѓија по мирнотија. По, Ѓорѓија сите селски деца трчаа да го пресретнат и да му целиваат рака, зашто тој од неговите џебови, големи како вреќи, ќе дадеше на секое дете од скриените шеќерчиња или локумчиња испомешани со влакна. Ѓорѓија кога одел поќуќи, сè што ќе му даделе го ставил во џебот. На веселби и слави, свадби и крштавања се претекале со наздравување сите по ред со намера да го поднапијанат за смеи, а и дека имал многу убав глас за пеење. Галичаните го споредувале неговиот глас со глас на јак ѕвонец. Во секој случај неговиот син Симон како учител беше многу толерантен и со учениците и со родителите на учениците. Не знам, но јас просто се сомневам оти во неговата учителска кариера оборил ученик на завршните испити. Ми се чини за такво нешто не бил способен.

Во повеќе нешта сличен на Симиона е и галичкиот учител Јован Мелоски. кој исто така долго време учителствувал, а едно време бил и управител на галичкото училиште. За разлика од Симона, Јован играл и политички игри во врска со приликите во селото. Воглавно се определувал онаму каде што се добива повеќе, па е тешко да се определи каква игра играл во тој поглед. Едно е во таа смисла сигурно: Јован е во најповеќето време со Тихона и верен на Бранка Тодоровиќа, повеќегодишен галички пратеник и ќејаински наклонет. Често се трудеше да зборува на српски, за што не беше многу надарен, поради што учениците се подбиваа со него, а еве и еден пример.

Во мое време, кога одев во основното галичко училиште, неколцина ученици имавме голем мерак да фаќаме пилиња што влегуваа во училниците. Еднаш не зафтаса Јован, оти тој прв дојде од учителите и почна да вика по нас и да не брка. Во меѓувреме дојде управителот Тодор Павловиќ — Мангаровски и се развика: „Шта радиш, бре будало". Јован целиот впиперен му одговори: „Господине управителе, овие мангупи фатају врапци". Ние тоа му го зедовме на мајтап и долго време му дофрлуваме, скриени да не не види „фатају врапци". Факт е дека и Јовановите карактерни црти беа толерантност, поднеслив и пристапен беше спрема учениците и родителите, ама со скромни учителски знаења.

Ристе Попоски е долгогодишен учител во Галичник. Потекнува од поповска фамилија. Татко му негов е терзија, Ристе е големо конте и многу уредно се носеше. Галичката носија од поодамна ја напушти и се облакаше, како велеа галичаните „европејски". Беше голем љубител на убава „капка" и редовен посетител на слави, родендени, имендени, свадби и на сите други празнувања. Тој е редовен гостин по ставените софри, а и многу убаво пееше. Неговите политички определувања се слични на Јовановите, со повеќе предиспонираност кон бугаризмот. Важи како поначитан учител и природно бистар човек, што му помага полесно да се носи со сите инспектори и школски управители. И како педагог е нешто појак од Јована и Симона, но затоа и многу повеќе детински расположен и лесно скротлив во секое друштво. Не значи со таквото негово дружење како учител дека е имун на политика. Сака да се меша и да му се чуе зборот, но не е толку завдаден како ни другиве двајца, Јован и Симон, за разлика од Павлета, а посебно од Тодора.

Сега, без некои високи научни претензии, ќе се обидам да изнесам податоци за животот и работата на дејците кои потекнуваат од Галичник, а нивното дело е од значење за нашата национална историја, па и пошироко. На тој начин сакам да ја истакнам улогата на Галичник во културната и просветната историја на Македонија.

**Хаџи Партенија Зографски — Ажиески**

Животниот пат на Партенија Зографски е мошне богат, — извесно време дури им бил учител на децата од рускиот цар. Партенија е прв Македонски епископ во Кукуш (1859 до 1861 година), митрополит ехзархиски во Пирот, но пред сè е значаен како филолог — славист и како историчар, фолклорист, публицист, и учебникар. Партенија прв ја разработи структурата на македонскиот јазик. Неговото образование, неговата широчина во интелектуалните сознанија, неговиот однос кон другите луѓе и народи, го нареди меѓу најголемите проповедачи на братството меѓу народите во неговото време. Тој сè до смртта е неуморен деец, неуморен

сејач на семето на културата, писменоста и меѓусебната љубов. Затоа за него и како за личност, се неподелени симпатиите во сите реони каде што се движел и дејствувал, пред сè во рамките на Македонија, па и во средините на другите народи на Балканскиот Полуостров.

Неговиот дух е немирен и ни се претставува како една многудејателна фигура што го крстосува Балканот и големата словенска земја Русија. Тој е духовно лице, но не забито во плаштот и одеждата. Дури уште поголем е надвор од духовната област, тогаш кога насекаде ја разнесува љубовта човечка и кон човекот: кога со се што му стои на располагање, најпрвин со својот надарен ум, се бори за Македонија и за славјанството во целост. Таков бил Партенија: благ, опстојателен, упорит, неимар и пастир.

Партенија посебно со својот кроток и благ карактер се прочул во сите краишта на Македонија, така што во 1858 година, кога целата Пољанска епархија (Кукуш и Дојран) се дигнале против неморалниот грчки владика Милетија, барале на негово место да се назначи Партенија Зографски од с. Галичник.

Партенија, каков што го паметат старите галичани, бил готов секојпат и секому да му помогне и да го поучи во разни прилики, било дома, во селото, било надвор од него. Посебно неговиот однос спрема галичаните се изразувал кога неколку пати навратува во Солун каде често ги собирал печалбарите и сточарите на долги ноќни разговори. Слична популарност добива меѓу сè поширок круг луѓе и краеви во Македонија со двете негови главни животни дејности: духовно-црковната мисија и просветната дејност. Се здобива со голем круг пријатели, македонски преродбеници од сите краишта на Македонија, а посебно се зближил со браќата Миладиновци и Робеви што донекаде ќе се види и од оригиналниве преписки што ќе бидат подолу дадени.

Од 1857 година до 1875 година биле издадени 15 македонски учебници составени од: Партенија Зографски, Кузман Шапкарев, Димитар В. Македонски и Ѓорѓи Пулески.

Македонските учебници што ги издал Партенија Заграфски ги имаат овие наслови: „Кратка свештена историја на Ветхо и Новозаветната црков, — преведена од Партенија Зографски“ и „Начелно учение за децата“ печатена во 1859 година.

Овие учебници како и трите учебника на Пулески издадени во 1872, 1873 и 1880 година, доаѓаат во тоа време, како и другите изданија од другите македонски просветители како голема општествена потреба во македонските училишта. Сега македонските деца учат во школите од учебниците напишани на нивниот мајчин македонски јазик. Со тоа овие учебници се и жив писмен документ против пробивот на бугарски учебници и на бугарски јазик, односно на сеопштата бугарска пропаганда.

Со каква радост биле примени во Македонија и во нејзините училишта учебниците на Партенија Зографски, зборува најарно фактот како реагирале луѓето во Кукуш по воведувањето на учебни-

ците од страна на Димитар Миладинов. За тоа зборува помошникот на Миладинов, Рајко Жинзифов: „Родителите не можеа да се нарадуваат кога ги слушаа своите деца да им читат од свештената историја на отец Партенија, и ним не им требаше да прашаат што е напишано во книгата, зашто сами го разбираа тоа што се читаше“.

Во тоа време кога борбата против грчката духовна хегемонија ја водеа Македонците во сојуз со Бугарите, имало некои стремежи да се воведе и изгради еден заеднички општ литературен јазик. Тоа би бил таков јазик кој ќе биде еднакво застапен со јазичните особености на бугарските и македонските народни говори. Во колку би се усвоила таквата синтеза, тогаш тој јазик би се вовел во бугарските и во македонските училишта. За оваа појава Блаже Конески вели:

„Не само на практиката што се служеше Партенија Зографски со својот мајчин јазик, ами тој се обиде и теоретски да го постави прашањето каков треба да биде писмениот јазик што ќе се употребува во Македонија. Тоа го стори во своите две статии за јазикот. Првата излезена во „Цариградски весник“ во 1857 година, во неколу наставки, почнувајќи од бр. 315 (9 февруари); втората во сп. „Блгарски книжици“ 1. I. 1858 година под наслов „Мисли за блгарскиот јазик“.

Со тие статии истапи како прв застапник на тенденцијата да се воведе кај нас јазик општ со Бугарите, но таков што да претставува компромис меѓу бугарските и македонските говори. Во времето кога ова стануваше, бугарскиот литературен јазик беше веќе доста напреднат во својот развиток. Тој се изградуваше врз основа на источно — бугарските говори, најоддалечени од македонскиот јазик, а во тоа време се одрази една историска закономерност, зашто Источна Бугарија претставуваше средиште на бугарската економска и културна преродба. Кон крајот на 50-те години од минатиот век уште нема установен бугарски правопис, а не беше дефинирано ни основното прашање, врз кои народни говори ќе се изградува литературниот јазик, па тоа прашање беше на практика решено од претходниот книжевен развиток во Бугарија. Затоа тезата што ја истакна Партеније од основа противречеше на тој природен развиток.

Неговите погледи ќе ги проследиме во II-та статија, бидејќи таа го сумира кажаното за устројството на литературниот јазик во првата“. (Б. Конески, Македонските учебници од XIX век, Скопје, 1949,29)

Конески го цитира Партенија Зографски: „И други пат сме кажале, пак сега кажуваме — пишува Партеније — што за да может да се составит еден општи писмени јазик прво е потребно да излезет на јаве сите месни наречија и на јазикот ни, врху които општиот јазик имат да се зидат: догде се не направит тоа нешто никој не может и не имат право да судит и да радит за општ писмен јазик, ослонвашти се на едно толко кое и да е оно наречие:

секое подобно судење и редење, како и неполно, тоа е суетно и безплодно".

Партенија оди дури и подалеку. Тој тврдел оти македонските говори се пополнозвучни, поплавни и постројни и во многу односења пополни и побогати. Претставителите на тоа наречје се југозападните страни на Македонија. Партенија се стремел дури да издаде за него и граматика, но на жалост не успеа во тоа, макар што можел тој тоа и успешно да го стори. Тоа го покажуваат неговите забелешки по одделни јазични прашања. „(Блаже Конески, Македонски учебници од XIX век, Скопје 1949 стр. 30).

Понапред наведените цитати, како и другите нецитирани изданија, зборуваат каква била преокупацијата на Партенија во борбата за македонското самобитие во сите насоки на неговата дејност, во тоа крстопатно време. Не биле и од него неможни некои грешки. Но тие не се такви за да може било што посериозно да му се префрли или прилепи, на пример бугарофилизам. Партенија е еден од покултурните и пообразованите духовни дејци што се јавени на историско — преродбеничката сцена.

Неговата наобразба е широка со видици и погледи. Таа е во нешто проткаена со извесни влијанија на општословенство, но никогаш не е оддалечен од својот род ироднина. Десетина години поминато во Русија и во рускиот царски двор, како духовно лице и воспитувач на царските деца, секако оставиле врз него некои трагови, но малу и безболни, кои не могле да го скршнат од неговиот пат. Истото нешто се гледа и од неговата преписка со Миладиновци и Робевци. Еве некои фотокопирани преписки со нив: фотокопија.

Од предните документи се гледа каков бил односот спрема Партенија од нашите други учени преродбеници. Покрај другото еве за тоа што ни вели академикот Конески:

„Што се однесува до разликите меѓу македонскиот и бугарскиот јазик, тие се од него наполно правилно установени, иако во некои случаи, при денешните познанија, можат да се извршат доуточнувања. Сето тоа ни го претставува Партенија како прв наш човек со извесна научна концепција за јазикот, со една система од погледи на народните говори и нивниот однос кон литературниот јазик, човек што навистина во тоа време допринесе за разработка на македонската граматика". (Блаже Конески, Македноски учебници од XIX век, Скопје, 1949 стр. 32).

Ваквата оценка за Партенија е доволна за согледување на неговата величина. Затоа се многу остри и критиките врз неговите погледи изречени од Бугарите. Конески, како и други наши научни работници, имаат дадено доволно податоци за ликот и дејноста на Партенија. Затоа јас само ќе изнесам некои биографски податоци, како и некои искажувања од страна на галичани за него.

Партенија е роден во 1820 година во Галичник. Има некои раскажувања дека е роден некоја година порано (1918 година) Правото име му е Павле Х. Василков Ажиески. Како дете учел во манастирот Свети Јован Бигорски. Во 1835 година на 15 — го-

дишна возраст, оди во Охрид во училиштето на Димитар Миладинов каде го продолжува образованието. Таму учел по грчки и останува една година во која доаѓа во допир со ученици од други краеви (подоцна некои од нив му се соборци). По таа година татко му Василко оди на аџилак во Ерусалим и го зема со себе сина си Павлета (Партенија) и од тогаш го добиваат надимакот аџи. По враќањето од аџилак оди на училиште во Атина, каде завршува средно образование. По Атина се префрла во Атос каде во Зографскиот манастир се покалуѓерува и се предава на верска дејност и духовна служба. Овде го добива името Партенија, а по името на манастирот и презимето Зографски.

Како изразито бистар и добар ученик, манастирската управа го праќа во Русија во духовната академија во Москва.

Во Москва набргу го засакале сите професори и управата, како послушен, кроток и ревносен ученик. Таму ги изучува јазиците: грчки, латински, еврејски и старохелдејски. Кога ја завршува академијата станува духовен воспитувач на царските деца во Петербург по препорака на веќе стариот архимандрит Анатолије од с. Лазарепоље. По една негова беседа во Соборната црква, на која присуствувал и царот, ослободител и император на Русија, многу му се допаднал Партенија и тогаш му кажал Анатоли оти се од ист крај и го препорачал за духовно лице во царскиот двор, односно за воспитувач на царските деца. Царот со радост го зема и на оваа должност Зографски останува 12 години (има кажувања дека бил 10 години).

По овој период, Партенија му се обратил на царот со молба да го ослободи, за да може да се врати во својот крај и да му служи на својот народ. Уште го замолил да му помогне да ги смени грчките книги и учења и да ги замени со славјански. Царот се согласил и веднаш издал наредба да се пуштат поголем број црковно — словенски книги, одежди и други црковни материјали. Со еден специјален параход, Партенија оди за Цариград, потоа за Солун. Кога стигнал во Македонија, ги разделил книгите и другите материјали низ цела Македонија, а потоа се настанува во Цариград и почнува да работи по црковно дело. Од 1857 година работи на своите дела, за кои веќе стана збор. Станува бугарски владика на Полено — Кукушката епархија, а во месец ноември 1859 година оди за Кукуш. Кога изгорува црковната архива во митрополитскиот дом во Дојран, тој ја надоместува. Грчките црковни главешини почнуваат системно да го прогонуваат и го викаат во Солун на казнение. Партеније наместо во Солун бега во Цариград, од каде ја продолжува борбата за црковна слобода, како и за сеопшта национална и културна преродба.

**Во 1869 година Партенија е избран за нишавски митрополит со седиште во Пирот. Оттука ја продолужва својата борба. На пат за Цариград во истата година се разболува и останува во Софија** на почивка. Во Софија ракоположил неколку свештеници како и **во другите градови по пат (Пазарџик, Самоков и Пловдив). Пак се**

враќа во Пирот од каде бил постојано во врска со своите цариградски пријатели и им праќал помошти од разен вид. Во 1872 година оди во Цариград, а на 7 февруари 1875 година умира. (За датата на неговата смрт има извесен спор). Погребот е извршен во црквата Свети Стефан во Цариград.

Партенија во неговиот богат животен пат, покрај други места во Македонија, редовно ги посетувал и родното село Галичник, каде бил многу омилен. При секое негово престојување имал време за разговор со старите и за давање поука на младите. По неговото враќање од Русија поминал низ Охрид и со себе го зел на гости во Галичник неговиот прв учител по школувањето во манастирот Свети Јован Бигорски, Димитрија Миладинов.

Старите галичани како на пример: Доксим Филипоски, Лазар Цубалески, Милан Цинцароски, Нико Кукоски, Ристе Крлачоски, Стефо Ажиески, Лазар Ажиески и многу други, за Партенија ми раскажувале оти кога идел во Галичник, во неделите и празниците, в црков пеел и држел свети миси. На крај на секое пеење ќе беседел за времињата и приликите во кои се живее и им го бодрел и подигал духот македонски. Многу бил тих во зборувањето, но со отсечен изговор. Посебно пак многу им раскажувал за Москва и Русија, по неговото враќање од таму.

Разновидни и многустрани се раскажувањата на галичани за Партенија Зографски. А сите се совпаѓаат во тоа дека татко му Василко, иако по занает сточар, кој има околу 5.000 грла овци, бил многу авторитетлија во селото. Бил писмен и умен човек. Љубител бил на писменоста, па затоа лесно се решил синот да го прати на школување и сестрано да го помага во тоа.

Не случај Партенија го носи со себе во Галичник, на неколку дена на гости, Димитрија Миладинов, по неговото враќање од Русија, ниту може да се верува дека Миладинов имал толку слободно време само за гостување, иако е очигледна големата меѓусебна поврзаност. Престојот негов во Галичник е сигурно користен и за разговори со научна цел, а Партенија од долгогодишното искуство што го добил во Русија имал и што да му раскажува на Миладинов. (Миладинов бил и пошироко претставен на галичаните, па и тоа е од интерес за науката).

*
* *

Во сите досегашни издадени трудови во кои се зборува за Партенија Зографски, се кажува дека тој е умрен од природна смрт. Многу галичани сметаат дека смртта на Партенија е предизвикана од неговите политички противници кои не биле ни малку по број, ниту пак само од една страна. Тој противници имал и кај егзархистите, големобугари, и кај Грците. Дури се смета дека меѓу неговите противници се вбројуваат и некои српски духовни средини. Ваквата мисла кај галичаните е потврдена од не мал број луѓе, а најповеќе од неговото семејство кое е доста големо во Галичник.

Некои членови од семејството тврдат дека при крај на животот Партенија со ништо не бил вознемирен за здравјето, ниту пак давал било какви знаци оти е пред умирачка. Еве што ми изјави за тоа неговиот внук Лазар Ажиески, во Битола:

„Чичко ми Партенија не само што не давал никаков забележителен знак оти е пред умирање, туку напротив, имал пред себе уште планови за работа. Сè уште крепко делувал, а умствено бил сосема зачуван. Нашите знаеле оти Партенија имал заштедно и некоја пара, но по смртта негова ништо не му нашле од сето тоа, како ни други негови вредни материјали што ги имал при себе во ракопис. Нашите стари апсолутно беа уверени оти е Партенија на тих и смислен начин ликвидиран од неговите противници."

На сличен начин беше категоричен и Стефо Ажиески во повеќето разговори со мене. И меѓу другото ми велеше: „Апсолутно Партенија не е умрен од природна смрт. Тој е отруен, — насилно усмртен. Тоа ми го кажуваше и мојот татко Павле Ажиески како сосема сигурно дека Партенија е уморен. Татко ми Павле и се интересирал за таа работа во Цариград и неубедливо му велеле оти Партенија си умрел по природен пат. Исто така тоа ми го раскажувал и чичко ми Јосиф, познатиот стар галички учител, а Јосиф е татко на Лазара Ажиески."

Колку јас лично што се сеќавам и дедо ми Доксим Филипоски кој важеше во Галичник за многу добар раскажувач и природно интелигентен човек, велеше оти е Партенија насилно умрен во Цариград. Јас не сум бил во тоа време со таква намера за подлабоко да се интересирам и да истражувам, но сега, по многу искажувања и од разговорите што ги водев со Лазара и Стефа Ажиески, ми се надоврзува како низ магла раскажувањето на деда ми Доксима, па и кај мене се создава уверување оти постои сериозна можност за претпоставка за насилна смрт на Хаџи Партенија.

За претпоставката за смртта на Партенија еве што ми изјави Мате Бабалиески, роден во 1897 година во разговорот што го водевме во неговиот стан во Софија во присуство на неговата сопруга, Павлета и Софка Камилски.

„Пане наш е син на стариот Ѓорѓија Бабалиески. Роден е околу 1844 година. Уште од младоста Пане е духовно посинет од Партенија Зографски — Ажиески. Многу ми се бендисал неговиот талент за учење и неговите многу скромни навики.

Од Софија каде што биле Бабалиеските на печалба, а каде што Пане учел гимназија, Партенија го праќа на повисоко школување во Швајцарија, на филозофски науки. Тоа е во времето околу 1860 година. Во сè е Пане под покровителство на Партенија како и на негова материјална издршка. Пане успешно ги изучува филозофските науки како и некои јазици и станува образован човек и по неколку години се враќа во Софија. Бидејќи имал високо филозофско образование испратен е за главен училишен инспектор во Јужна Ромелија. Сите научни кругови знаат оти е Пане духовно посинат од Партенија и како таков во тие кругови е и третиран.

Пане, како млад и образован човек, главен училишен инспектор, поканет е на една свеченост и на бал. По кусо време на балот добива тежок напад, макар што до тогаш неговото здравје е безпрекорно. По нападот го носат право на операциона маса во болницата ва Пловидив. Пане воопшто повеќе не се разбудил ниту над него е извршен оперативен зафат. Тука е умрен.

Меѓу сите наши луѓе и некои бугарски учени, се сметало оти е Пане на балот отруен од противниците на Партенија Зографски, бидејќи, како на духовен син, противниците на Партенија се и Паневи.

Се интересирале нашите по неговата смрт од каква болест е умрен, и тоа не само нашите од фамилијата, туку и Паневите пријатели од редовите на интелигенцијата, но за тоа не добиле никакви појаснениja и сета работа била завиткана во таинственост. Во тоа време се сметало дека Пане е толку напреден, интелигентен и школуван, што пред него стоела убава иднина и можност да стане продолжена рака на Партенија Зографски, па дека поради тоа е отруен на балот.

Пред тоа време и Партенија е умрен, поправо, по мнение на многумина, па и по моето мислење, и Партенија е уморен, може би од иста рака.“

Ако се прифатат верувањата на споменатите и на други галичани за насилна смрт на Партенија, тогаш е уште полесно да се прифати и труењето на Панета на споменатиот бал, а околностите наведуваат на таква помисла.

Кога неговите од семејството се интересирале кај докторите во Пловдив за каков напад се работи, од кои причини го добил нападот, зошто не е извршена обдукција, на сето одговорот бил едноставен Пане добил напад. Пане не живеел во време кога медицинската наука, па и општествените, не би требало повеќе да се занимаваат со случајот.

Најмногу за Паневата смрт се интересирале неговите три брата: Смиле, Рафе и Јаков Бабалиески.

## ЃОРЃИ ПУЛЕСКИ

Ѓорѓи Пулески е македонски национален и културен преродбеник од Галичник. Самоук граматичар, историчар, поет, собирач и издавач на народно творештво и голем револуционер. Автор на речници (1873 и 1875), на две стихозбирки (1879) ,една граматика (1880 год.). Ја пишува и првата македонска историја која е оставена во ракопис и која лежи под клуч во софиските касети. Како што ми раскажуваа многу галичани, покрај тоа Пулески има оставено и други необјавени ракописи. (Неговите правнуци, сега жители на Скопје, Симон и Васе Пулески, дури сметаат, по кажување на нивните постари, дека Ѓорѓи имал закопано во едно сандаче некои свои книги и ракопис, во дворот на неговата куќа во Галичник. Со

Симона Пулески, Блажета Јанкулоски и Вена Пачоска, според указанијата, отидовме во дворот, копавме, но ништо не најдовме. Симон дојде до заклучок оти не сме го погодиле правото место).

Покасно Пулески станува и прв градоначалник на Кустендил.

Во македонските учебници од XIX век Блаже Конески вели:

„Од Партенија Зографски до Ѓорѓи Пулески, меѓу тие два сина на Галичник, се повлече значајна линија на развиток. Пулески не беше образован како Паритенија; тој беше само разбуден самоук, човек од народот, што не одбираше многу од граматички правила и интерпункции ,макар и да говореше за тие работи. Но нели токму тоа направи да биде Пулески непосреден изразител на мислите и стремежите на народните низини, повеќе одошто некои тогашни наши интелектуалци што во помала или поголема мера сепак подпаѓале под туѓо влијание? Пулески изрази, таков каков што беше, со својот ѕидарски ум, нешто повисоко. Можеше да го стори тоа, ваштo борбената свест во нашите широки народни маси порасна. И не само што го издигна гласот за самостоен македонски литературен јазик, за македонска самостојност, ами тој собра и своја дружина да се бори за идеалот што го проповедаше, — за македонската слобода.“

За галичаните Пулески е легендарен јунак. За него велат оти бил бестрашен, правичен и дружељубив, а дека сиромавиот работник му бил негов брат од друга мајка. Од него се плашат и албанските арамии и башибозуците од турскиот аскер.

Галичаните навистина можат посебно да се гордеат со нивниот син Ѓорги Пулески кој никогаш од себе не ја симнал галичката бела долама каде и да одел и каква работа да работи. Тој не се откажувал од галичката носија и кога е меѓу учен свет или меѓу ѕидарски работници во кои и самиот припаѓа; било кога е истакнат четоводец и претходница на руски војски или меѓу плачкашите од Љума и Пешкупека. На дофрлувања отстрана секојпат одговарал: „Оваа галичка облека ми го чува галичкиот дух“.

Кога паднал во тешка материјална положба и кога се решил да побара во Софија работа од надлежните, тие ултимативно му поставиле ако сака да работи да ја соблече неговата облека и да се облече во европски алишта. Ѓорго им одговорил: „Ако сакате вие да ме принудите да си ја фрлам народната облека во која сум пораснал и сум работел толку време за својот народ, тогаш јас не ви ја сакам ниту вашата служба ни платата“. (За тоа зборува и К. Шапкарев, во „Народни песни и старини“).

Според доктор Блаже Ристовски (Георгија Н. Пулески и неговите книшки „Самовила македонска“ и „Македонска песнарка“), сите галичани кон Ѓорга се однесуваат со восхит и тоа како оние од неговото време така и помладите генерации. И Ѓорго подвлекувал оти му е многу важно што меѓу Мијаците ужива доверба. Ова го илустрира и фактот што под настојателство на галичкиот трговец Угрин Жиков (изгледа оти се работи за Жикоски) во Софија во 1880 година во печатницата на Б. Прочек беше напечатен првиот дел од

третиот учебник на Пулески, „Речница“. Исто така Ѓоргов спомагател е и Стамат Андреевиќ, ѕидар од Галичник.

Според досега објавените трудови, Ѓорго Пулески се смета дека е роден во 1838 година во Галичник. Г. Трајчев во книгата „За Мијаците“ вели оти е роден околу 1820 година. Јас донекаде го споделувам мнението на Трајчев и мислам дека Пулески не е можно да е роден во 1838 година. Ако го прифатиме тој податок и фактот дека умрел во 1894, произлегува оти Пулески живеел само 56 години. Галичаните со право реагираат и велат: „Па зарем и самата негова најпопуларна слика во долама, препашана со сабја, не зборува дека тој веќе на неа е дедо како што е инаку наречуван.“ Јас се што можев сторив за да ја уточнам годината на неговото раѓање. Иако чув противречни изјави, сепак се укажува дека Пулески е роден помеѓу 1815 и 1820 година. Старите галичани укажуваат оти Ѓорго живеел околу 75—80 години.

За Пулески најубедително зборува галичанецот Трајче Чачески, кој живее во Софија и знае повеќе работи да раскаже за Ѓорга. Тој вели:

„Иако во длабока старост, Ѓорго со ништо ја немаше изгубено својата храброст и виталност. Едни софиски силеџии често му досадувале на дуќанот од браќата Бабалиески. При еден таков случај се завтасал на дуќанот Ѓорго Пулески кој инаку често одел на муабет таму. Кога видел како ги тормозат браќата Бабалиевски, се разлутил. Кај што седел имало една мала секира — ја грабнал и се впуштил на силеџииве. Тие веднаш избегале и повеќе не се појавиле во дуќанов. Тогаш Ѓорго имал околу 75 години, а поживеал оттогаш уште некоја година и редовно одел на поседување и муабет по галичките дуќанџии — печалбари“.

Пулески уште во многу рана младост, впрочем како и повеќето галички деца, тргнал на печалба со татка му во Романија. Првото место на печалбарскиот живот му е Турно-Могурели. Работи како мајстор и набргу ја пројавува љубовта кон писменоста. Во повеќе раскажувања за него се тврди дека толку бил вљубен во читање и пишување, што дури и од спиењето крадел време, макар што се знае колку е напорна мајсторско-ѕидарската работа. За да го налутат поголемите калфи и чираци од еснафот, му ги крале пишаниците, а тој одново почнувал да ги пишува. Многу бил дружољубив и крајно правичен. Не зборувал многу, но сакал да се пошегува. Таков бил и дома во Галичник кога се дружел со своите врсници, но бил и лесно запалив, ако се работи за неправда или за заштита на послаб. Тие негови одлики ги задржал преку целиот живот.

Во Српско-турската војна оди како доброволец во српската војска и се одликува со голема храброст. Ѓорѓо таа борба ја смета и како борба за ослободување на Македонија од турското ропство. Потоа пак се враќа во Турно-Могурели на работа. Гладот за писменост и наука не попушта и тој постојано наоѓа книги за читање.

Кога руските војски во 1877 година поминале преку Романија, во ослободителната војна, Пулески образувал своја чета од македон-

ски печалбари во која имало и некои галичани и се ставил на располагање на руските војски. Учествува во сите поважни битки, а посебно се истакнува во борбите за ослободување на Шипка и Стара Загора. Со влегувањето во Софија продолжиле борбите за ослободување на Дупница и Ќустендил. Пулески со својата чета во оваа борба бил претходница и многу се истакнал тој лично, а и борците од неговата чета. Одликуван е од рускиот император со орден „Св. Ѓорѓи“ и дадена му е царска сабја.

Според многуте галички искажувања, јас воглавно на нив се опирам, Ѓорго бил уште во раната младост многу буен, претприемчив и храбар младиќ. Храброста негова и правичноста честопати го фрлала во борбени акции против арамилаците што се вршени над Галичник. Таквите негови акции личат на боречките карактеристики на ајдутите. Пулески уште со двајца други галичани и двајца од Тресонче, навистина претставувал страв и трепет во пограничните места во Албанија, од каде воглавно и потекнуваат најголемиот број арамии. Со оваа мала дружина одел да им се свети на арамиите и да враќа украдени овци и коњи, во што повеќепати имал и успех. Поради таквото негово храбро однесување е и стравот што им го задавал на тие арамиски реони. Затоа се испеани за него песни од самите Албанци.

Кога галичкиве првенци, селскиот совет, се исплашиле Ѓорѓе да не ги предизвикуваа арамиите за уште поголеми арамилаци, се договориле и го повикале Ѓорга и двајцава други галичани на разговор и им рекле дека треба да престанат со одење на освети. Ако не сакаат да го послушаат овој совет, да го напуштат селото или во противно ќе бидат принудени нешто да преземат против нив. На тој состанок двајцата Ѓоргови придружници дале ветување оти ќе се смират, додека Ѓорго разлутен го напуштил состанокот ништо не ветувајќи. Набргу потоа заминал од селото и неколку години не се вратил назад. Тогаш уште првенциве му рекле, оти него многу го ценат како и неговата храброст, но дека е во интерес на селото да не се предизвикуваат арамиите. Се претпоставува оти тогаш Пулески бил на возраст помеѓу 20—25 год.

За делото на Пулески се пишани многу редови од повеќе историчари. Ме чуди дека никаде не најдов Пулески поконкретно да се прикаже родословски. Никаде не е спомнато како се викал татко му, како се викала и од која фамилија е жена му, освен што Петар Чакар во неговите написи во „Нова Македонија“ тврди дека Пулески имал син единец и дека од синот имал два внука кои се викале Ѓоко и Драгиша Пулевчевиќи. Понатака за нив вели оти Наум Евро ги зел со себе во Струга и ги поставил за занаетски учители од почит и љубов кон деда им Ѓорѓи Пулески; оти овие двајца во Струга биле сè до некаде 1923 година и понатака никакви траги од нив нема.

Кога малце подетално се вдлабочив во оваа работа и поведов една прилично широка анкета меѓу галичаните, дознав дека Ѓорго Пулески немал син, па не можел да има внуци од син. Како дошол Чакар до ова сознание е работа за постудиозно полемизирање.

Од тие и слични причини отидов на разговор при Злата Пулеска, мажена за Стефа Шароски, а мајка на доктор Митра Шароска, па во нејзино присуство водевме подолг разговор и од неа ги добив следниве сведенија.

„Ѓорго Пулески немал синниту внуци од син. Тој имал само една ќерка која се викала Велика. Ќерка му Велика била нешто изучена и била учителка во Галичник, кога имала околу 22 години. Мажена во с. Сушица. Еднаш се подразболела и во придружба со уште една жена отишла во Дебар на лекарски преглед. Кога се вракала од Дебар, под с. Скудриње ги фатиле непознати Арнаути или Турци, не се знае точно и Велика без причина ја измрцвариле со ножеви и ја убиле. На нејзината придружничка ништо не и сториле. Сите наши постари мислеа оти е тоа сторено како освета поради односот на Ѓорѓа Пулески, нејзиниот татко, спрема Турците и арамиите Арнаути. Ние имавме една многу убава слика на која беше сликан Ѓорго со неговата ќерка Велика. Таа слика и некои книги и други пишани работи Ѓоргови, ги закопавме под нашата куќа во Галичник под брестовите кога во 1920 година го нападна Калош Галичник. Тоа го сторивме кога припукаа пушките. Јас лично како девојка учествував во закопувањето на тие материјали и после што стана, дали некој ги пронашол или не, не знам. Како што ми се чини, работите ги закопавме во едни дисаги, а ги покривавме и со штици“.

И Злата не знаеше да ми каже ништо за жена му Ѓоргова. Но пак затоа и таа ми даде своја верзија на една песна што се пеела од Албанцте со следнава содржина: „Нани лули шкрето ѓало — нухте ерде Ѓорго Пуле“. Исто така Злата не знаеше да ми го каже името на татка му Ѓоргов, додека за староста Горгова вели: „Зарем не гледате и на неговата слика со долама и сабја — стар е над 60 години“.

Таа ми го даде и овој ред на нивниот родослов:

Ѓорго Пулески имал брат по име Томо, помлад од Ѓорѓета. Ѓорѓе има само една ќерка по име Велика, за која беше збор. Брат му Томо имал два сина: Крсте и Митре. Крсте имал деца по име Томо, Васе и Симон. Митре имал деца: Ристе, Горѓе, крстен на Ѓорга Пулески, Петре и ќерка Злата, мојов соговорник. Злата има еден син и ќерка.

Разговарав и со Симона и Васета Пулески но и тие повеќе не знаеја за нивниот родослов, па морав да се задоволам со предните податоци. Злата е родена 1903 година.

По разговорот со Злата, разговарав со Алекса Муратоски и тој категорично ми тврдеше дека Ѓорго Пулески немал син. Понатака ми рече дека Ѓорго и Томо имале и сестра која била мажена кај Зрзовци, но набргу овдовела и потоа се премажила за Деспота Чалоски. Умрела околу 1908—1912 година. Алекса ми рече дека живеела над 80 години. За истиов случај разговарав со Трајчета Чапароски и Кузета Фрчкоски кои се комшии со Пулевци и тие категорички ми потврдија оти Ѓорго немал син па, се разбира, ниту внуци од син, како што тврди Петар Чакар.

Секако галичаните се најмеродавни да ја познаваат барем таа работа, поправо да знаат дали Ѓорго имал син и внуци од синот, посебно што од Чакар се тврди дека тие биле во Струга по Првата светска војна. Ако тоа би било верно сигурно за ова би знаеле барем не малата фамилија на Ѓорго Пулески, ако не и сите галичани. Сите луѓе со кои разговарав за тоа се во прилична старост, па би морале да ја знаат таа работа, посебно што се работи за Ѓорго Пулески, кого го носат во своите срца. Би било многу чудно сите, дури во детали да знаат за Ѓорговата ќерка Велика, која е поодамна убиена, а за синот (единец!) да не знаат.

Васе и Симон Пулески категорично ми изјавија дека Пулески немал син. Ѓорго бил рано овдовен, па затоа веројатно ја имал само ќерка му. Злата, пак, Пулеска — Стефовица Шароска, ми откри и за четири сестри Ѓоргови за кои досега, барем јас не сретнав да било зборувано. Една сестра била мажена за Аци Глигура Бужароски, таа се викала Елена, втората сестра се викала Ана, мажена прво кај Зрзовци — Јуруковци, набргу овдовена и премажена ва Деспота Чалоски — стариот, трета сестра е Олга, мажена за Петрета Јанкулоски, четвртата е мажена за Арсета Шушлески порано Влчески, а која е родена некаде 1820 година по искажувањето на Дамјана Шушлески кој исто така категорички тврди оти Ѓорго немал син.

По истово прашање јас разговарав и со Велимира Бужароски кој е роден 1906 година и еве тој што ми раскажа: „Со Пулевци сме роднина по баба ми Аци Глигурица Бужароска. Таа се викаше Елена и сестра Ѓоргова и Томова. Родена е некаде 1810 година, а умрена 1880 година. Живеела околу 70 години". И Веле ги наброја и другите три спомнати сестри Ѓоргови и Томови. И понатаму ми рече: „Како што ми кажуваше стрико Шпиро наш, Ѓорго Пулески живеел над 70 години. Тоа е сосем сигурно. Ѓорго апсолутно нема син. Тој имаше само една ќерка по име Велика која е убиена по Радика. Ѓорго е многу рано овдовен и после воопшто не е преженет. Овие податоци биди сигурен се точни" ми вели Веле.

И Блаже Јанкулоски ми ја потврди изјавата Велева затоа што е една сестра Ѓоргова мажена за стариот Петре Јанкулоски. Таа се викала Олга. На неа е крстена сестра му Блажева Олга, а брат му Блажев, Петре Јануклоски е крстен на стариот Петрета, маж ѝ Олгин Пулеска. И Блаже и неговите исто така не знаат и не веруваат Ѓорго да имал син како што пишува Чакар.

Исто така разговарав и со Савета Чалоски и со жена му Магда Бужароска кои ми го потврдија сево кажано и уште ми кажаа дека татко му на Ѓорга Пулески се викал Димитрија.

Еве уште еден податок кој ни зборува за неточните податоци на Чакар по ова прашање. Бидејќи Ѓорго Пулески немал син, на него го крстиле Ѓорга Митрев Пулески, брат на Злата. Тој сега живее во Софија. Ако Ѓорго имал син, немало потреба според галичките обичаи, да го крштаваат наведениов на неговото име за да не биде Ѓорговото име заборавено — неспомнато. Да потсетам и тоа

дека крстениот Ѓорго немал никојпат никаков контакт со Евра, ниту пак бил учител, а уште помалку во Белград и Струга.

Според сето досега изнесено, мојата верзија се проширува и се утврди: Ѓорго и Томо Пулески имале уште четири сестри кои горе ги набројав, а едната од нив е родена околу 1810 година, како што ми изјави Веле Бужароски. И од тој факт произлегува дека Ѓорго Пулески е роден помеѓу 1815 и 1820 година, без оглед на редот на раѓањето, зашто се знае дека Томо е помлад од Ѓорга. Во Галичник, со оглед на печалбарските занимања, а печалбар бил и татко му Ѓоргов Димитрија, децата се раѓале на по околу 2 години. Секако имало во тоа и исклучоци, особено во сточарските фамилии, како и кај оние печалбарски фамилии кои порано си оделе дома почесто, отколку оние кои оделе на печалба во подалечни земји, а пред сè во прекуморските.

По опишаните разговори, го поканив на разговор и Данчета Шукријоски кој е роден 1906 година. Покрај другите прашања евс и тој што изјави по предниот случај:

„Биди сосема сигурен дека Ѓорго Пулески немал син. Ако би имал ние сигурно ќе знаевме, а камоли да имал внуци од син. Ѓорго е многу рано овдовен, а имал само една ќерка Велика која е убиена по Радика од Албанци заради освета на Ѓорга. Таа е заклана со ножеви, точно не знам која е годината, но знам дека мајка ми, која како стара жена, била со повеќе жени да ја земат убиената Велика од по Радика. Веројатно мажи не смееле да одат по неа. Ние сме роднини со Пулевци по баба, која е сестра Ѓоргова и Томова, а имале уште други три сестри мажени кај Бужаровци, Зрзовци-Чоловци и Јанкуловци. Таа е целата вистина за Ѓорга", категорично ни изјави Данче Шукријовски, сега жител на Скопје.

На ден 5 април 1974 година по осми пат појдов во Софија, а овој пат престојував четири дена.

Си ја поставив следнава задача за доиследување:

Да ја откријам куќата на последното живеење на Ѓ. Пулески — каде и во која куќа е умрен. Гробот каде е закопан по неговата смрт. Да разговарам со внукот на Ѓ. Пулески сегашниот Ѓорго Пулески, кој му е внук од второ колено на стариот галички „архитект". Внукот сега живее во Софија како боречки пензионер. Да разговарам со други галичани, кои исто така денес живеат во Софија по случајот Ѓоргов Пулески. Да се интересирам и за други собитија од животот и делувањето негово. Во главно, тоа беа моите задачи што си ги поставив во моево одење во Софија. Да не се сфати погрешно, јас не сум одел таму само заради Ѓ. Пулески, туку и за целосно прибирање податоци за трудов што го пишувам. И овој пат голема помош ми пружи Томо Ѓиноски, Васе Пандилов Јанкулоски и Блаже Пакоски, за што уште еднаш им се заблагодарувам, а посебно на Мара и Тома Гиноски каде и на квартира престојувам кога одам во Софија.

Еве до какви резултати дојдов:

Последните денови од животот Ѓ. Пулески ги поминал во фабриката за чоколадни бомбони на Аврама Чалоски. Во истата зграда имало и станови за живеење. И денеска таа служи за живеење, на сегашната улица „Отец Паиси“ Н⁰ 18. Пулески имал свое сопче кое му го ставил на располагање Аврам, зашто многу го ценел и го почитувал. Пулески му бил во прво време Авраму како патрон додека овој уште немал здобиено видно богатство. Под патронат Ѓоргов, бил под сеопшта заштита, па во знак на благодарност му дал Ѓоргове соба за живеење ,бидејќи е Ѓ. Пулески сам, — без семејство. Во истата фабрика живеел и Аврам со својата фамилија. Со најголема сигурност се смета оти Ѓ. Пулески тука е умрен, но каде е закопан, каде е неговиот гроб, или не се знае, или не се разоткрива од некои други причини.

Колку му бил Аврам благодарен на Ѓорга зборува и фактот што на сите истакнати места во фабриката ја држел сликата Ѓоргова, сè до национализација по 9 септември. По предното изјава ми дадоа неговиот внук сегашниот Ѓ. Пулески, Томо Ѓиноски, Коста Ѓиновски, Васе Пандилов Јанкулоски, Доксим Чаловски и жена му Манева Аврамов Чаловски. Подолго водев разговор со сегашниот Ѓ. Пулевски, жител и пензионер од Софија, во неговиот стан, во присуство на веќе спомнатите спомагатели.

Еве ја во целост неговата изјава:

„Јас сум роден 1907 година во Галичник, а во Софија дојден сум 1929 година. Пред тоа сум работел во Солун. Татко мој е Митре, а тој е син на Тома, брат на чичка ми Ѓорга Пулески, а имале и четири сестри. Таткото пак на Ѓорѓа и Тома се викал Димитрије на кога е и крстен мојот татко Митре. Бидејќи стрико ми Ѓорго немал машки деца, туку само една ќерка по име Велика, заклана по река Радика, мене ме крстиле на него, па еве го носам името на чичка ми Ѓорга Пулески. Тоа е галичка традиција, за во кругот на семејството да не остане името ненаследено и славено. Како што реков, тој немал машки деца, зашто е рано овдовен и покасно не е прежeнет сè до неговата смрт. Категорички изјавувам, дека Ѓорго Пулески немал син, туку само една ќерка — Велика. Чичко ми Ѓорго и Велика се сликани заедно и таа слика нашето семејство ја имаше сè до 1920 година, кога со некои ракописи и книги Ѓоргови ги закопавме. (Ми го кажа местото што летово пак ќе се обидам да го откријам, по втор пат).

Стрико ми последните години ги живеал во фабриката Чалоска, каде, по сè, е и умрен. Јас многу се интересирав за неговиот гроб, но за чудо никако да го дознам, како да е во голема тајна завиен, во што и не се сомневам. Неговите необјавени ракописи, со сигурност се знае оти ги чувал во касата Аврам Чалоски, а за нивната судбина знаат Маневица Чаловска и Доксе Чалоски. Јас колку што знам, тие се сега во државниот архив.“

Во подолгиот разговор што го водевме, еве уште што ми најави Пулески: „Кога бил како градоначалник во Ќустендил, требало и плата да му одредат. Покрај другото, од него барале да се откаже

од неговата галичка облека и му рекле: „Распиши се дедо Ѓорго!" Тој им одговорил: „Јас нигде не сум се потпишал, за сега да се распишам". И на тоа сè се свршило. Чичко ми живеел живот над 70 години, а не како што е на повеќе места опишуван. (Ги потврдува моите констатации по прашање на годините — Р. Б.). Чичко ми, сите галичани печалбари во Софија ги помагал со сè што можел, а најповеќе им го бодрел духот македонски со разни совети и раскажувања. Секој ден одел по печалбарите, што пак овие едвај го чекале — да дојде при нив на муабет".

Еве неколку податоци за сегашниот Ѓорго, мојов раскажувач. Уште од 1932 година е во напредното движење на Бугарија. Се движел само со напредни работници и интелектуалци. Доста е начитан, а како самиот што вели, пример му бил неговиот чичко Ѓ. Пулески. За време на Втората светска војна е сврзан со движењето на отпорот против фашизмот и е директен соработник. Во тој правец и младите галички печалбари ги помагал и ги упатувал, — во омраза кон фашизмот, — како Петрета Јанкуловски, Милоша Крцкоски, Блажета Трошановски, Бошка Дуковски и други. Покрај другото им давал и материјали за читање и ги упатувал во тајните на борбата против фашизмот. Член е на КП на НР Бугарија и одликуван е со „Орден на борците против фашизмот", и со „Орден 9 септември — 1941-1944 година". Дома чува увеличена слика на чичко му Ѓ. Пулески и го сликав со неа заедно. (Види ја сликата на двајцава Ѓ. Пулески, чичко и внук и двајцата со по две одликувања: стариот руски, а младиов на НР Бугарија). А самиот ми вели: „Јас бев задоен со минатото на мојот чичко на кого се восхитував уште како дете и затоа бев определен кон напредно движење во мојот живот, зашто не е сеедно да си внук на еден таков јунак и народен човек, македонски преродбеник, каков што бил мојот чичко по дедо". (Ѓорговата слика со која се манипулира во науката е објавена за прв пат 1913 година, во Македонското емигрантско списание, печатено во Петроград, „Македонски голос". Под неговата фотографија е напишано на руски јазик „Пулески е најстар борец за ослободување и за национална самобитност на Македонија". Потписник е „писател").

Од така пријатниот и исцрпниот разговор, со истата придружба отидов по трет пат на разговор со Доксета Чалоски. И овој пат добив впечаток оти тој знае повеќе работи за Ѓорѓи Пулески. Покрај другото, тоа го темелам и врз следното: На двапати ми подвлекува оти ракописите на Ѓорга Пулески (некој некогаш му давал 600.000 динари во тогашна вредност), покасно ги зел Мане Аврамов Чалоски и дека мисли оти тој го знае трагот нивни. И сега Доксе ми изјави: „Имаше Ѓоргови материјали — ракописи што се чуваа во касата Аврамова Чалоски. Јас по национализацијата од 9 септември, ослободените материјали ги селев од фабриката близу десетина дена, за што ми се збоктиса. Ракописите ги зеде Мане. Пулески уживаше голем авторитет кај Аврама, кој слики Ѓоргови чуваше обесени низ фабриката, а друго не знам што да кажам, разговарај и со Маневица наша", ми рече на крај Доксе. Бидејќи и овој

пат не можев да дојдам до повеќе сведенија од него, оттука отидов со Тома Ѓиноски дома у Маневица Чалоска, снаа на фабрикантот Аврама, која многу љубезно ме прими и на моето прашање директно ми изјави:

„Сосема сигурно знам и сум ги гледала Ѓорговите ракописи, ги имаше мојот маж Мане Не знам која тема ја обработувал, но материјалот не беше мал. Мане се занесуваше со мислата да ги чува тие ракописи, да ги печати, или да ги даде во Македонија. На жалост набргу дојдоа од власта и со закона му рекоа Маневе да им ги предаде ракописите од Ѓорга Пулевски зашто во противно ќе биде арестуван. Тој мораше да ги предаде и сега тие материјали се наоѓаат во државниот архив. Дали нешто му платија, не знам со сигурност, но ми се чини оти нешто му додоа. Ѓорго Пулески во нашата фамилија бил многу почитуван, зашто тој понапред го помагал мојот свекор. Ми се чини оти Ѓорго при нас е и умрен, но повеќе ништо не знам, не можам ништо да кажам, како ни за гробот негов каде е“.

Сега кога ги поврзувам предните изјави, а по однос на Ѓорговите ракописи, се осмелувам да направам една ваква претпоставка:

Бидејќи се знае оти Ѓеорги Трајчев „Книгата за Мијаците“, ја работел на таван — таванско сопче во фабриката Аврамова Чалоски (претпоставка е оти Аврам Чалоски и финансирал за таа работа), ако се земе во обзир дека Г. Трајчев за Ѓорговиот животен пат дава само — нецели дваесет реда, додека пак за Томе Томовски и Тодора Томовски дава 142 реда и за Партенија Зографски 156 реда, според мене произлегува:

На Г. Трајчев му биле лесно достапни ракописите на Ѓорго Пулески, бидејќи се виде дека тие биле чувани во касата на Аврама Чаловски за што и самиот Трајчев на стр. 42 вели, во последните нецели два реда: „Запазил е единграмаден том ракописи белешки за славна — македонска општа историја“. Од предното сосема јасно се гледа оти тој грамаден том му бил достапен, но не смее или не сака, повеќе да го изнесе на видело Ѓ. Пулески, бидејќи би морал да го цитира. А да го цитира, Ѓеорги Трајчев ниту можел, ниту смеел, зашто е Пулески најотворен во своите македонистички ставови и погледи. Пулески е најотворен борец во XIX век против пропагандата и апетитите на голема Бугарија преку претензиите кон Македонија. Трајчев тоа сето го знае и не случајно му посветува во Книгата за Мијаците. не цели 20 редови. Сличен е случајот и со писателот Симеоновски. И тој ја пишувал својата книга која е понапред цитирана, при Аврама Чалоски, и тој бил финансиран од него. Исто така ни тој не ни го разоткрива Ѓорга Пулески, и ете така, според мене Ѓ. Пулески се обвитува во таен превез како и од повеќето бугарски автори. Не е случајно а за мене сосема е јасно од кои кричини тоа се прави.



*Академски сликар Лазар Личеноски:* *Галичка гозба*

## ПАНАЈОТ ЃИНОСКИ

Панајот Ѓиноски е роден во 1848 во Галичник, а поради турските зулуми е преселен во Врање каде што и умрел во 1886 година. Неговото име во нашата културна историја посебно го истакна, преку своите трудови, д-р Харалампие Поленаковиќ, но за него говорат уште Томе Смиљаниќ — Брадина, Јован Хаџи Васиљевиќ и др.

Панајот во своето време станал познат со зографскиот занает, но не само со него. Тој е и познат собирач на народни умотворби и на податоци за обичаите, а ја преведува и „Ерминијата", учебник за зогравство. Во руското списание „Живаја старина", по неговата смрт е издаден зборник под наслов: „Зборник на Панајот Ѓиноски од село Галичник, песни, обичаи и разни мали материјали".

Ѓиноски станал зограф во многу рана младост, но во текот на околу три години, до високо мајсторство го совладал тој занает. Еднаш, работејќи во Карлово во Бугарија, ја повредил едната нога и како последица од таа повреда цел живот останува инвалид. Бидејќи бил неподвижен, се повлекол во своето родно село. Лежејќи помешечки, почнал интензивно да чита разни книги и да пишува. Оттогаш и почнал да собира народни песни, да бележи обичаи, приказни, поговорки и досетки, за што Галичник имал неисцрпен материјал. Но, покрај галичките, Панајот ги опфатил и дебарските обичаи. Според Харлампие Поленаковиќ, едно време бил и учител во Бујановац, откако во Врање, по неговото иселување со дел од семејството, го надополнил своето знаење. Кога се појавил како лексикограф тој наедно ги опишува и географската положба на мијачкиот крај, односно обичаите на Мијаците . Нив ги запишал и ги објавил рускиот конзул во Црна Гора, Павел А. Робински во списанието „Живаја старина".

Според Поленаковиќ Панајот се зафатил и со собирање на речнички материјали, со намера да состави речник на мијачкиот дијалект. Споменатиот речник во препис на Ристо Огњановиќ, Поленаковиќ го пронашол во Српската академија на науките и уметностите во Белград. Гиноски препишал и еден руски речник календар, потоа граматика и други материјали.

Панајот потекнува од сточарското семејство Ѓиноско, кое во Галичник и во околината и пред и по него е многу познато. Од неговиот сој и род е и познатиот кеаја Трпко Ѓиноски кој посебно е познат поради неговиот храбар отпор што му го дал на злогласниот Кальош.

За Панајот Гиноски не бев во состојба да соберам повеќе изворни материјали, па затоа читателот го упатувам на повеќето трудови што за него ги има објавено Академикот Д-р Харалампије Поленаковиќ.

## ПОКРСТУВАЊЕ — 1843 ГОДИНА

Покрстувањето на муслиманските семејства во Галичник извршено е во 1843 година. Таа акција ја презел и ја извршил познатиот галички ќеаја и првенец Томо Томоски. Затоа, би сакал да дадам нешто подетални податоци за Томо Томоски и за неговиот род. Ова е потребно, бидејќи тој е познат и по многу други значајни работи во целиот Дебарски санџак и подалеку од него, а покрстувањето пак е круна на неговите акции преку целиот живот.

Сточарската фамилија Пардовци се доселени во Галичник од мијачкото село Осој кое е сместено на левиот брег на Радика и левиот брег на Гарска Река. Стариот Пардо Пардоски додека живеел во тоа село бил средно имотен човек. Решил да се пресели во Галичник пред се поради богатите пасишта на Бистра во кои гледал можност за побрз развој и збогатување преку сточарството. Од друга страна Галичник е веќе на далеку прочуен и е најголемо мијачко село. Во Галичник се доселува во 1774 година и прво со своето семејство се сместил во маалото „Странка". Со себе дотерал во Галичник околу 3.000 грла овци и триесетина коњи.

Пардо бил претприемчив човек а имал и развиени политички погледи. Тој се користи со времето кога руските војски ја потиснуваат турската империја и си го отвораат патот кон Цариград. По претрпените неуспеси на военото поле, Турците се принудени на склучување мировен договор со руските федмаршали Суворов и Задунаевски, и се потпишува познатиот Кучук—Кајнарџиски мировен договор. Пардо мисли оти и овој дел на Македонија полесно ќе здиши, а тој ќе може полесно да го зголемува бројот на овците.

При доселувањето во Галичник имал еден син Пејчин, роден 1764 година. И Пејчин бил како млад човек смел и иницијативен. Таквите особини на сина му Парда и го поттикнувале на поголеми стремежи кон богатење. Набргу почнале да се зголемуваат бројот на овците и достигнале до 5.000 грла овци и убаво ергеле коњи. Пејчин, по доселувањето со татка му во Галичник, добил два сина Томо и Марко. Кога поостареле, бидејќи се зголемува бројот на семејството, браќата Томо и Марко се делат и прават во исто време две куќи над чешмата Упија која е на сред село. Така се создава презимето Марковци, а по Томо презимето Томоско. Стара-

та нивна фамилија останува и понатаму во Странка и го задржува презимето Пардовци. Томо и Марко, иако се поделуваат, живеат братски живот и меѓусебно се помагаат во сè и сешто.

Томо Томоски набргу го развива своето стадо, а неговиот авторитет расте во селото и во целиот дебарски крај. Тој е наречуван како човек „ѕвездалија" и ретко могле луѓето да го издржат неговиот директен поглед. Бил доста развиен, со јако изразити црти на машкост. Одот му бил аристократски, па му давал уште повеличествен изглед. На сите собири бил многу внимателно ислушуван. Кога одел на разговори во Дебар, сите пред него дојдени станувале на нозе оддавајќи му посебна почит. И понатака, бројот на овците го накачува на околу 8.000 грла и има веќе големо ергеле коњи. Околу 1821 година Томо со стадото оди во околините на Његуш, Бер и Вардаријата во денешна Грција.

Истата година е и делувањето на ордите на Али-паша Јанински. Покрај ѕверствата што ги прави Али-паша низ цела Грција и покрај масовниот колеж, Томо од 1821 година до околу 1831 година преку зимите се движел во овие реони. Поради собитијата предизвикани со ѕверствата на Јанински и Султанот Мехмет II, Томо во голема мера настрадува. Поголемиот број овци и коњи му се реквирираат или крадат, но Томо со нему својствената упорност, ум и претприемчивост пак набргу го накачува стадото на околу 8.500 грла овци, а ергелето му брои од 200 — 250 коњи и ждребиња. За сето време неговиот углед постојано расте и се повеќе ја поприма улогата, покрај Ѓурчина Кокале од Лазарополе, како првенец не само во Галичник, туку и во целата мијачија и во Дебарскиот санџак.

Карактеристично е дека во тоа негово време и во другите домаќинства во Галичник расте овчарството и коњарството. Се смета оти бројот на овците достигнал помеѓу бројката 70 и 80.000 грла овци, и неколку илјади коњи.

Томо Томоски поради зголемениот број на овци решил да купи свои планини, за постојано, за да може во нив и по нешто да инвестира и да создаде поголема сигурност во стопанисувањето. Оди во Цариград и од Портата — дворот, добива одобрение и ја купува планината Чукнитопаница, која се наоѓа над Кичево. По површина пасиштата зафаќале околу 950 хектари и имало околу 350 хектари букова шума. Кога ја купил оваа планина, поради големата блискост на шумата, дошол до заклучок оти има многу волци, што му правеле големи пакости на стадото и покрај тоа што имал голем број расни шарски кучиња. За да се ослободи од волците наредува да се соберат сите кучиња, одредува голем број овчари и со се што можат почнале да чукаат и тапаат, а со помош на кучињата прави голема хајка. Од тој момент, поправо од чукањето и тапањето оваа планина и го носи името „Чукнитопаница".

По оваа планина ја купува и планината наречена „Женската". Така се приближува годината 1843.

Не е точно утврдено од кога, во Галичник пред 1843 година имало неколку семејства со муслиманска вероисповест. Со сигурност не се знае дали како муслимани се доселени во Галичник или се од поодамна потурчени Мијаци. Пишаните трудови по ова прашање не се категорични ни во едното, ни во другото тврдење. Но ако се анализираат посебните особености што ги имаат Мијаците во целост, а некои поизразито галичаните, ми се чини дека е најприфатлива поставката дека овие првобитно биле Мијаци и оти под сила или од интерес, што не е исклучено, примиле муслиманска вероисповест. Ако се потсетиме дека на фамилијата В'лческа што е дојдена од Мариовско, бидејќи не била мијачка по првиот смртен случај галичаните не и дозволувале починатиот да го погребат во заедничките мијачки селски гробишта, туку овие биле принудени да го закопаат во својот двор, неприфатливо е, без оглед на времето, галичаните да дозволиле населување на жители од друга вероисповест.

Томо ќеаја во неговата првенечка улога во селото, мијачијата и во дебарлијата, почнал да обмислува што и како да направи селото да биде само со една вероисповест, зашто почнало да се зборува оти муслиманските семејства требало да подигнат џамија за вршење на верските обреди. Често пати пред подоверливите членови на галичкиот совет гласно размислувал велејќи: „Како да дозволиме до црквата да имаме и џамија". Уште од почетокот треба да речеме, оти Томо, покрај сите свои својства што го краселе како човек и првенец и спрема овие муслимански семејства се однесувал апсолутно човечки и без предрасуди. Не бил Томо религиозно толкнат, а што ќе се види подолу. Но сепак сакал селото да му биде со една вероисповест и чисто рисјанство. Како што ми раскажувале некои галичани дури му давале предлози да ги иселат муслиманите, но Томо тоа никако не го прифаќал и направил план за покрстување.

Како што и понапред е речено, поради Томовиот голем авторитет и дебарските паши често пати го викале на советодавни собири каде секојпат неговата реч била со внимание ислушувана. Еден ден кога бил на некој состанок во Дебар, дознал оти синот единец на главниот паша, кој бил многу бесен и самоволен, решил по секоја цена да го одземе прекрасниот коњ што го јавал Томо Томоски. На тој коњ му се припишуваат такви својства што надалеку рамен му немало.

Томо Томоски по свршената работа во Дебар се враќа дома и постојано му се врти во главата тоа што го чул во Дебар за синот од пашата. Неколку дена никому ништо не кажувал, но бил постојано замислен и излагал на прошетка кон „Пеш". По некој ден, така размислувајќи донесол решение својот убав коњ да го жртвува, но пак за тоа тој да му послужи за добивање согласност за покрстување на муслиманскиве семејства во Галичник.

Кога во себе ја донесол таквата одлука го собира селскиот совет и ја кажува својата намера, како и за тоа што чул во Дебар за намерата на синот од пашата . И им рекол: „По некој ден ќе добијам покана од пашата од Дебар да одам на прославата на роден ден на сина му. Решив, мојот коњ да му го носам на дар и со помош на коњот да добијам дозвола за покрстување на нашиве муслимани во селово“. Кога го чуле излагањето на Томо, членовите на советот како еден се побуниле велејќи му дека ако треба сите главите ќе ги дадат, ама коњот што го јава Томо кеаја не го даваат. Томо отсечно повторно им вели оти цврсто решил тоа да го направи и веднаш определил од советот кои уште двајца ќе одат со него во придружба на таа прослава и состанокот го завршил. По сè изгледа за неговата намера му пратил абер и на Ѓурчина Кокале.

По некој ден кога требало да замине во Дебар на прославата, Томо им наредил на синовите и на жените, коњот што можат поубаво да го опремат и да го накитат, а седлото да го прекријат со свилена аша. Дома почнале сите со ред да плачат поради решението на Тома, но Томо останал при својата намера. За себе нарачал да му донесат од бачило по ред и убавина друг коњ за него за јавање. Томо и придружбата тргнале за Дебар водејќи го коњов кој треба да се даде за дар. Томо намерно водел сметка да пристигне во Дебар меѓу последните канети гости и пак со однапред одредена дипломатска цел. Кога стигнале во дворот на пашата, двајцата што го придружувале останале со коњиве во дворот, а Тома по слугава го однесле во одаите на пашата каде што веќе биле поседнати сите аги и бегови. Пашата станал да се поздрави со Тома и го поканил да седне на местото одредено за него. Томо му вели: „Светли паша, пред да седнам сакам на синот да му го подарам дарот што му го носам за да му биде на среќа, радост и долг живот“. Пашата се согласил и излегле заедно во дворот со Тома и сина му и Томо со свечена церемонија му го предава коњот. Син му и пашата биле воодушевени зашто и пашата ја дознал намерата на сина му и многу се плашел оти ќе биде посрамотен пред Тома и пред големото село Галичник. Влегле повторно во пашината одаја и на сите гости пашата им кажал каков дар Томо му подарил на сина му и од радост не можел да издржи, а да не им ја раскаже целата вистина за намерата на сина му. И му се завртел пак Томове и му вели: „Томо, мој брате, ти ми го спаси образот, барај што ќе бараш како дар од мене и се што ќе побараш ќе ти биде исполнето, жими алаха и образов мој“. Томо на тоа му одговорил: „Светли паша јас не го носев коњот мој за дар за да барам од тебе дарови, туку го носев од љубов кон тебе и кон сина ти. Јас не ти барам дарови, ама ќе ти поставам едно прашање и ќе те замолам да ми одговориш на него“. Пашата на тоа на Тома му рекол: „А бре Томо ќеаја, тебе сите те имаме за умен човек, кога ништо не бараш јас на твоето прашање лесно ќе ти одговорам“. Томо му го поставува прашањето на пашата убаво, гласно за сите да чујат: „Светли паша, ако имаш градина со најубави цвеќиња посадена, а на среде

израсле неколку трње, шо би направил ти светли паша". Пашата се поднасмејува и со раширени раце му одговара: „Томо мој ќеаја, па искорни ги трњето да не ти пречат во така убавата градина". Томо му се заблагодарува на одговорот и со многу кроток и изменет глас му вели: „Јас не сакам трњето да ги корнам, туку сакам да ми дозволиш да ги калемам со моите убави цвеќиња, и тие да си останат во бавчата и да си виреат. Во моето село имаме неколку фамилии од твојата прекрасна вера, кои сакам да ги покрстам, а во знак оти не ги потценувам луѓето и верата, јас лично и другите галички правенци ќе омажиме наши ќерки во нивните семејства. Не треба, паша, да имаме во такво место и црква и џамија". Кога го чул ова пашата и другите сите поседнати гости, повторно се свртел кон Тома, се удрил по образот и му вели: „Томо, твојата мудрост на далеку е позната, ме фати на зборот што ти го дадов и од мене имаш изин да правиш што мислиш дека е најарно. Само јас ќе ја известам и Големата порта, а ти без да чекаш врши си ја работата".

И другите поседнати гости останале вчудоневидени, но се согласиле со зборот на пашата. Само еден се јавил и рекол: „Светли паша, тоа ќе важи само за Галичник" и пашата тоа го потврдил. Кога Томо со придружбава се враќа во Галичник и на селаните им ја соопшува новината, настанува голема радост и веселба. И муслиманските фамилии биле многу радосни зашто нема повеќе да постојат никакви разлики во селото. Само три фамилии не се согласиле за покрстување и се иселиле од Галичник со големи почасти од сите и со испраќање. Двете фамилии се населиле во селото Маврово, а една фамилија се населила во селото Леуново.

Поради порисјанувањето, а обредот се изврши во манастирот Свети Јован Бигорски, кум бил Исаија Чапароски со неговиот петогодишен син Митрета, настанало кошкање помеѓу првенците турски — дебарски и тетовски. Тетовските паши не могле да сфатат да може да се случи такво нешто, и пашите дебарски толку да попуштаат пред тоа каурско село и им дофрлувале: „Зарем не ви е срам вие паши на Турска империја толку темание да им правите на тие каури". Дебарлииве, сигурни во своите постапки, им одговарале: „Ако и вие од поблизу ги запознаете и вие на нога ќе им станувате". Таквото кошкање меѓусобно и понатака се продолжува, што не значи дека и на некои дебарски големци не им било криво.

Некаде околу 1845 година, пред селото Галичник, кај месноста Ѓурѓево Брдо еден ден доаѓа силна и многубројна турска војска. На чело на таа војска стои личнo по злосторства познатиот Ајрадин паша. Тој крстосувал во повеќе реони и казнувал се каурско. Ајрадин Паша дошол со намера да се освети и над селото Галичник, а и да ги посрамоти пашите дебарски. Намерата му била да го запали Галичник зошто имал со себе и топчиња. В село не влегол. Раширил шатори на Ѓурѓево Брдо. Еден од помладите офицери требало да појде в село со некој абер од Ајрадина и за таа

цел се пријавил еден млад офицер. Овој бил порано сејмен у Тома Томоски. Кога дошол вело, покрај свршената работа, му ја кажал на Тома намерата на Ајрадина и му рекол брзо да преземаат мерки. Томо кога го чул аберот и ги видел шаторите распнати на Ѓурѓево Брдо, набрзина го свикува советот и наредува што повеќе млади моми и невести убаво да се наоблечат и да излезат пред чешма Упија. Истовремено зема со себе неколкумина од првенците и оди на Ѓурѓево Брдо кај пашата Ајрадина. Томо пред него отишол ладнокрвно и спокојно и го поканил пашата да дојде в село, а не да седи карши село. Пашата го одбил и му ја кажал намерата, оти ќе го гори Галичник. Томо, бидејќи веќе ја знаел намерата, без голема возбуда му вели на пашата: „Алал нека ти е Паша за намерата. Јас не те молам да не го гориш селото, туку те молам да го извадиш ѓузлукот и убаво да го погледаш од сите страни селото. Во колку, паша си видел поарно каурско село од него а верно на султанот, тогаш пали го".

Се подзавртел пашата, се промешколил и по малку го извадил ѓузлукот и подолго време го посматрал Галичник. Топчињата веќе биле свртени кон селото. Го спушта ѓузлукот и пак по малку го крева и го гледа Галичник. Тоа го правел неколку пати и му го дал ѓузлукот на неговиот прв помошник и тој неколку пати го погледал селото. Така по ред се изредиле повеќето главни официри, а пашата се пооддалечил од местото. По некое време се враќа до Тома и му вели: „Алал нека ви е, селото навистина ви е убаво". Се свртел и наредил топовите да се наличат кон Радика. Седнале со Тома и со придружниците и се почестиле меѓусебно со тутун. Томо на тоа му вели: „Ти паша го виде селото однадвор, сега те канам тебе и твоите официри да одиме на тутун и кафе, да го видиш селото и однатре". Пашата се согласил и со прилична придружба отишле во Галичник каде веќе чардаците на Тома биле подготвени за пречек. И таа цела ноќ преседале во гоштевање и муабети. Утредента Ајрадин си ја повлекол војската без да го запали Галичник. За тој настап спејана е и многу популарната песна која и ден денес се пее бајѓи подалеку од Галичник. Томо Томоски на Галичник му носел многу погодности и пријатни моменти. Неговиот авторитет е неограничено голем.

Понапред во описот на покрстувањето не се доискажав за до крај спроведената одлука на Томо кеаја и другите галички првенци. Томо Томоски омажил во покрстените фамилии по некои верзии две свои ќерки а по некои една. И другите првенци дале свои ќерки за невести во новопокрстените фамилии.

Во некои објавени трудови се изнесуваат податоци дека и првенецот лазороски и мијачки и големиот пријател на Тома Томоски, Ѓурчин Кокале, во знак на солидарност дал ќерка кај новопокрстениве. Јас тоа мислење не го споделувам од проста причина, што до таков податок и покрај сето настојување не дојдов. Точно е тоа дека Ѓурчин Кокале дал една најубава ќерка од своите чети-

ри, која се викала Чолана у Чоланчевци, но Чоланчевци не се по потекло од муслиманска вероисповест. И билем, Чоланчевци понапред се викале Огненовци и го смениле презимето на Чоланчевци по името на Ѓурчиновата ќерка Чолана која навистина ги имала сите особини поради кои била многу почитувана во новата средина и, од љубов кон неа, како што се гледа, го смениле и презимето.

Томо е убиен 1856 година во превојот Јама над Гари, по патот кој води за Кичево. Кога е убиен Томо, загинал и неговиот сејмен кој постојано одел со него. За неговото убиство се претпоставува оти е од политички карактер. Поправо, поради неговиот голем авторитет и поради навреда на Турците со опишаното покрстување во Галичник. Пред да биде убиен, а бидејки секојпат носел со себе во ќесе околу 300 златни дукати, им велел на синовите, кои често го предупредувале да не носи толку пари зашто ќе го убијат арамии: „Јас намерно го носам ќесево со пари. Доколку бидам убиен вие треба да знаете од која страна сум загинат. Ако загинам од арамии, парите ќе ги земат, ако пак бидам убиен, а парите не се земени, ќе знаете оти сум убиен од други побуди и ќе знаете што да правите." Навистина кога го нашле убиен него и сејменот, по враќањето на неговиот коњ без стопани, парите биле негибнати. По тој, не безначаен податок, селаните се увериле оти е убиството од политичка природа.

Томо Томоски имал четири сина и една ќерка. Синовите се викале: Тодор, Арсе, Јакоф и Шпиро. Ќерката е мажена, како што веќе беше речено, при покрстувањето на галичките Турци, у Сил-јановци, покрстени Паковци. Сите негови четири сина имале по нешто од особеностите на татка им Тома, а најповеќе од неговите карактерни црти наследил син му Тодор Томоски.

Тодор бил уште покрупен маж од татка му Тома. Неговата става била во вистинска смисла на зборот, става на планинец: висок, а без „грам" сало. Под него не можел да издржи секој коњ. Тодор бил постојано во движење и ги крстосувал своите бачила како и бачилата на соселаните. Сите овчари, без оглед од кое бачило, кон Тодора се однесувале како спрема сопствен газда. Има приказни дека на ниедно бачило каде што одел кучињата не лаеле.

Турскиот аскер, беговите и пашите и нему му давале големи почасти, како поради авторитетот на татка му Тома, така и поради почитувањето на неговите лични особини: ум, храброст и претприемчивост.

Тодор има шест сина и седум ќерки. Синовите се: Јаќим, Рафе, Аврам, Јосиф, Стојан и Тало. Ќерките биле: Кала, Цвета и Преранда, додека за другите четири не ги дознав имињата. Од неговите синови посебно се истакнувал Рафе, чии особини биле во голема мера наследени од деда му Тома и од татка му Тодора. Рафе водел многупати вооружени борби со арамии, а еднаш во борбата која ја воделе во Чукнитопаница со арамии, Рафе, е убиен како и неговиот сејмен. Оваа борба со арамиите е водена околу 1862 година кога

им се украдени околу 12.000 овци и 300 коњи, зашто арамискава дружина била многу голема. Во таа борба учествувале и овчарите, но како што се гледа, резултатот е поразителен за Томовци.

Тодоровата жалост за погинувањето на сина му Рафета била неизмерно голема. Рафета го жалело и цело село зашто бил многу омилен. Откако го исплакале и закопале Рафета, Тодор заминува за Цариград, облечен како што секогаш одел, со убав фес на глава, срмен елек и срмен џамадан, долама убаво надиплена и везана од галичките терзии. И коњот Тодоров што постојано го јавал бил грижливо одбран и со голема љубов одгледуван. Секојпат јавал силен и палав коњ.

Веднаш по пристигнувањето во Цариград, побарал да биде примен од султанот Абдул Азис. Султанот знаел за фамилијата Томовци уште од понапред, од акциите што ги преземал Томо и го примил Тодора со нужните почести. Тодор добро владеел со турскиот јазик и на прашањето од султанот кое добро го донесло дури во Станбол, Тодор се подробно му расправил за убиството на сина му Рафета и за големата пљачка што му ја извршиле арамиите. Султанот многу внимателно го ислушал и го прашал што бара од него. Тодор побарал да му даде султански ферман и еден табор аскер за да оди во Малесија и да си ги врати овците и коњите. А за смртта на сина му рекол дека сам ќе се разбере онака како што знае. Понатака побарал од султанот таборот аскер Тодор да го управува и неговата заповест да се слуша. Султанот му го дава ферманот на рака, а за битолскиот валија му дава наредба да му стави на располагање еден табор аскер. Тодор со таборот трга кон Дебар и по тридневно патување стасува во градот убаво камуфлиран за да не би го откриле предвреме некои арамии и убијциве на сина му.Вториот ден, ги опколува со аскерот сите села во Малесија, Миридита и Љума.

По опколувањето на арамиските села, издава наредба сето оружје, пушки, патлаци и друго, веднаш да се предаде на аскерот, на определени пунктови. Исто така во наредбата гласело секој кој има ограбено овци или коњи од Тодор Ќеаја од Галичник да ги донесе во точниот број, на определените пунктови. На крај на наредбата стоело: „Кој не ќе ја изврши до крај наредбата, ќе биде стрелан на јавно место." Во меѓувреме Тодор пратил абер во Галичник и им соопштил на неговите каде се наоѓа и ги повикал да дојдат синовите и сите овчари и коњари во Љума. Уште во првиот ден по издадената наредба, арамиите гледајќи голем број на султанов аскер околу селата, во целост ја исполнуваат наредбата без инцидент.

Од Галичник дошле синови му Симеон и Јаќим и со овчарите и коњарите го прифатиле добитокот и го потерале за Галичник. Третиот ден блокадата била укината, а Тодор му се заблагодарува на аскерот, на официрите, а преку нив и на валијата битолски и на султанот и си оди за Галичник да ги обновува бачилата.

По овој смел потфат Тодор од страна на Арнаутите е наречен „Чимсе Крале“. По овој случај едно подолго време не се јавиле арамиите за грабежи и насилства на Бистра.

Но иако биле силни, и секојпат на штрек и Томо и Тодор, поради нивниот голем број на добиток и повеќе бачила, биле мета на грабежи. Се раскажува дека во тие борби се изгинати и многу арамии како и повеќе овчари томоски. По еден таков грабеж и палење на томоските куќи и бачила, Томовци дури еднаш биле принудени со целото семејство да се преселат во Крушево каде што престојувале близу шест години. Вратени се повторно во Галичник на големи молби и настојувања на селскиот галички совет, а и по препорака од мијачките првенци порано доселени во Крушево. Така пак оваа прочуена фамилија се враќа во Галичник и нивното семејство живее со многу поколенија се до тоталното иселување на Галичник, во денешно време.

Тодор е умрен по кусо боледување во 1876 година. Погребен е в село со големи почести, слично на неговиот татко Томо ќеаја. На погребот присуствувале и пратеници од сите мијачки села, Горна и Долна Река и дебарлијата, а имало и пратеници од Мијаците и од градот Крушево. На тој начин му е оддадена последната почит на Тодор Томе, „Жимсе Крале“.

## АРАМИЛАЦИ НАД ГАЛИЧНИК

Низ целата историја на постоењето, Галичник, како и другите села од овој предел, е постојано под притисок на арамилаците. Тешки се злата што ги имаат направено пљачкашите арнатуски орди, — некогаш како одметници од централната турска власт, а често и под нејзина закрила. Но не е арамилакот само чедо на турското владеење. Злосторствата што се вршеле од арамиите често се поттикнати, порачани или толерирани и од актерите на странската пропаганда од соседите. Како што ќе се види, арамилакот се протега до најблиската историја, — до времето на бивша Југославија, времето на окупацијата, а остатоците од пљачкашите банди го извршија последното злосторство над Галичник во 1946 година.

Штетите што му се нанесени на Галичник и на целиот предел не се само материјални: крадење цели стада, пљачкосување на домови, уценувања и слично. Најтежок бил зулумот во човечки животи. Десетици и стотици жители од овој крај паднале како жртва на арамиските злочинци.

Во ова поглавје ќе опишеме само дел од случаите на пљачки и убиства од поновата историја на селото.

Арамилиците потекнуваат вглавно од албанскиот реон Пешкопеа — Љума, Долни Дебар и нешто од околината на реката Шкумба, но и од други реони. Позлогласни села, кои испраќале на арамиска „печалба" во Галичник се: Калис, Дарда, Реч, Лизунија со своите села, селата од Долни Дебар и селата околу реката Шкумба. Во нешто помала размера арамии се регрутираат од селата околу Кичево, како Зајас, Другово и други. Некои арамилаци над Галичник се вршени и од страна на лица од селата на Горна Река, и еден од нив по раскажување бил Рустем од Жужна. Веројатно дека имало и од други села, пред сè од реоните на Албанија.

Арамилакот над ова големо село се развивал и растел аналогно на развојот и растежот на Галичник. Некои семејства од Албанија, исцело се издржувале од овој „занает".

Покрај заштитата со сејмени и друго и галичаните морале да водат и воделе секогаш борба за одбрана на селото, стадата, бачилата и луѓето во нив. Постојано биле вооружени, легално или илегално. И расходите за одржувањето на оружјето и снабдува-

ње со потребна муниција, најмногу добиена по илегален пат, биле значајни во сеопштите расходи. И покрај борбата што самите ја воделе, стравот и постојаната неизвесност за животите биле составен дел од животот. Понекојпат галичаните шеговито велеле: „Море фала богу што има арамии и што со нив се расправаме, инаку и ние ќе почнеме да блееме како и нашите овци.“ Сепак ваквите кажувања се болни за нив, бидејќи арамилакот претставува една од посебните пречки за, можеби, уште поголемиот економски и целокупен подем. Еве како би се движел горе—долу бројот на арамилаците и имињата на арамиите. Ќе наведам поголем број на арамиски тајфи и поединци, кои се јавуваат како главни актери во тие собития.

Една од поголемите арамиски тајфи ја предводеле Лан Каљоши и Асан Каљоши. Едно време овие злосторници се појавуваат во Галичник и во двојна улога, како дерудеции и како арамии. Ним дерудецилакот им помага во дадени моменти за полесно пљачкање, Лан Каљоши бил искрвавен арамија, познат како таков од 1830 година сè до 1870 година. Тогаш во Битола бил еден од главатарите Ќерим-паша. Тој го апсил Лан Каљоша и го осудувал на 101 година затвор. Асан Каљоши оди во Цариград да го моли Султан Азис за помилување. Овој го условува со тоа да го киднапира познатиот скопски владика роден во село Дуф — Гостиварско. Асан со дружина од 40 души по неколку дена демнеење го начекува владиката во близината на Дуф, го заробува и го носи во Албанија. На протест од Русија, Србија и Грција, султанот праќа свој пратеник за да го ослободи. Владиката бил ослободен, а поради извршеното ветување, Лан Каљоши е помилуван и пуштен од затвор. Овие двајца арамии немале никакво друго занимање освен пљачката, а главниот извор им е Галичник и околните села по Бистра. Асан Каљоши имал два сина, Мурат и Мифтар Каљоши. Тие ја продолжуваат традицијата со арамилак сè до 1944 година, кога Мифтар е убиен од страна на албанските партизани. Значи континуирано оваа арами-

---

* Дерудеција — заштитник, полномошник. Должност на дерудециите била да ги чуваат селата и сточарите од арамилак. Галичките сточари исплатувале околу 1500 лири дерудецилак годишно.

Дерудецилакот со сејменлакот во Галичник се развиваат во врска со појавата на арамилакот. Дерудециите и сејмените требало да ја зголемат безбедноста на галичаните од нападите на арнаудските банди. Посебно појавата на дерудеции и сејмени е во врска со сточарското занимање, — бидејќи бачилата, стадата со овци и ергелињата коњи, се сместени в планина, па јасно е дека им е потребна подобра заштита.

Сејмените се најмуваат во договор со дерудециите ,како моќни луѓе во реонот од каде што се регрутираат членови на арамиските тајфи.

Дерудецилакот и сејменлакот не се појава само кај галичаните и во мијачијата. Тие, по сè изгледа, се дојдени како појава од страна на Албанија, а дерудеции и сејмени имало по целата турска империја на Балканскиот полуостров, со цел поуспешно да се зачува рајата од индивидуални и групни арамилаци и од други одметници.

Сејмени најмувале побогатите галичани и за телохранители, бидејќи нивниот живот бил постојано во опасност имајќи предвид дека секогаш сто-

ска фамилија врши злодела од 1830 сè до 1944 година. Во повеќето време редовно имале тајфа од околу сто вооружени пљачкаши.

Елез Јусуфи, а покасно и неговите синови Цене, Јусуф и Садик, се позната барјактарска фамилија од Албанија. И за нив има сведенија дека спрема Галичник играле двојна улога: како дерудеции и како арамии. Се знае пак, од друга страна, оти од оваа покасно произлегуваат и доста учени лица, дури некои од нив се поврзани со албанското народноослободително движење.

Нивното арамиско делување трае негде од 1845 година, па до 1944 година. Една од нивните пљачки е и ограбувањето на околу 2.000 овци од Галичник, што се протерани преку Циганскиот Премин на Кораб. На тоа место со нив се судрила бајрактарската фамилија на Гани Сердари која е позната како чесна фамилија и која била противник на арамилаците. Тие излегувале во заштита на галичките сточари.

Цене Лези е уапсен во 1949 година во селото Жировница и спроведен во Ростуше.

Зенел Траци од Реч — Албанија е исто така од познатите водачи на арамиска тајфа. Тој ја крстосувал цела Бистра и грабел сè што е интересно и вредно. Тоа го правел и секаде каде не најдувал на поорганизиран отпор. Се знае дека последната негова поголема кражба била во 1930 година ,кога ограбува петстотини овци од Галичник. Не е доволно документирано, но се мисли дека тие овци припаѓаат на Муратовци од Галичник. И тогаш на молба од ова семејство Гани Сердари врши влијание и успева да врати еден дел од украдените овци. Зенел Траци живеел околу седумдесет години и умрел во 1945 година.

Осман Лита, со браќа му Џафер и Мустафа од Љума исто така играл дволична улога. Едно време и членовите на оваа фамилија се дерудеции во Галичник. Биле многу перфидни и лукави арамии, и често вршеле потфати во дослух со некои галички сејмени, испратени овде по договор. Се смета дека тие имале тајфа од околу

чарите биле во постојано движење. Такви биле поголемите ќеаји и побогати трговци Томо и Тодор Томоски, Апостол Черепналкоски, Деспот Бабалиески — Алаутоски и други.

Дерудециите како и семејните, всушност преставувале своевиден намет меѓу многубројните други намети над рајата. Но, покрај појавата дерудециите и сејмените да се јавуваат во улога на божемни заштитници и вистински пљачкаши, за што во оваа книга на многу места станува збор, треба да се одбележи дека некои од нив чесно се држеле на зададената беса. Неколцина семејмени ги имаат положено и животите во одбрана на заштитуваните галичани. Така, на пример заедно со Томо Томоски и со Рафаила Томоски загинале и нивните сејмени, а и поодделни сејмени од семејството Шеовци, од кои неколцина имаат учествувано во Каљошовата банда, се имаат покажано и како чесни во одбрана на селото.

Во Галичник, покрај веќе споменатите, сејменувале и: Мустафа Идреју, Ан Катари, Мје Пренчи, Исен Каца, Селим Амети — Полинатан, Осман Селмани Јусуф Казија, Мет Селмани, Муарем Рамадан Хоџа Казим Лами, Мифтар Марку, Али Котари, Полешивци, Каја Елес, Аџи Адеми, Шаки Бег од Дебар (кој ја штител фамилијата на Чоланчевци) и други.

двесте души. Не со голема сигурност, се претполага дека нивни луѓе биле учесници и во палењето на Галичник во 1920 година.

Интересно е дека се сметаат како истакнати арамии и Зоговци од Албанија, кои по ослободувањето на Албанија се избегани во Белгија.

Билал Чеља од Беланци — Дебарско бил арамија на глас. Тој покрај Галичник и мијачките села, ограбувал каде што ќе стигнел. Имал тајфа од околу четириесет души. Тој и тајфата, по една успешно извршена пљачка, се испијануваат во месноста каде што е сега сместена дебарската фабрика „Гипсара" и тука во пијана состојба скоро сите се исклани од страна на фамилијата Гутјук од Жупа, поради осветничката „ќимка". Тоа клање е извршено во 1890 или 1891 година.

Али Пустина бил ајдук — арамија кој покрај кражбите во Галичко, имал вршено и убиства во Дебарско. Тој го убил Митрета Томов Докузоски, во 1898 година, во месноста Алчије, поради некоја расправа при избори за одборници. Али Пустина е убиен 1920 година до селото Ташмарунипгге од страна на српските жандари.

Таир Тола е од фамилија бајрактарска и арамиска од село Горица — Албанија. Имал околу сто вооружени луѓе и вршел арамиски потфати од околу 1850 година, а убиен е околу 1910 година, од свој човек, од својата организација, поради лична навреда.

Рам Дука од Дебарското село Спас е арамија, но не со тајфа туку сам. Смел крадец на овци во помал број. Загинат е на Солунски фронт. Од неговата фамилија има многу чесни луѓе и побратими со галичката фамилија Караѓозовци. Браќа му Мифтар и Рустен Дука на споменатата галичка фамилија и извадиле од арамиски раце двајца грабнати луѓе. По тој „себап" станати се и побратими и до денес нивните семејства одржуваат пријателски врски.

Се знае дека во Галичник вршеле арамилак и арамии од селото Топојане — Албанија. Тие се Али Алил, Нер Цеку, Бавто Дани и други. Овие се појавуваат како водачи на помали арамиски тајфи. Пљачкале овци, а многу пати и коњи. Коњите после ги продавале низ албанските села. Многумина ми потврдија оти во борби водени со галичаните за одбрана, изгинале доста луѓе од нивните тајфи.

Поради овие и вакви арамилаци, галичаните не биле сигурни ни тогаш кога со своите каравани оделе да ги продаваат своите производи или кога оделе да купуваат за домашни потреби. Тие се наоѓале во голема опасност од арамиите и во Мавровскиот Орман. Низ средината на овој орман врви патот од Гостивар за Галичник. Поради густата шума, тоа е најпогодно место за пљачкосување. Галичаните оваа месност ја имаат наречено „Отоманбанкаси". Во таквите пљачкосувања земано е сè, а честопати сосе коњи и се заробувани луѓе за подоцнежен откуп — уцена. (За поминувањето низ оваа месност, како и за процената што ја вршеле арамиите постои една анегдота. Пред да се појават да пљачкаат, арамиите меѓу себе си велеле: „Наслушувајте арно, кога ќе врви караванот. Ако се пее песна, ако се зборува за жени, за ора, не појавувајте се, врват лазаровци, а од нив

нема што да се опљачка. А ако се зборува тивко, за домаќинлак, за овци, за коњи, за свадби, тогаш излагајте и држте. Тие се галичани — има што да се краде.“)

Пред да започнам со описот на најголемата трагедија што ја доживеа Галичник во 1920 година ќе наведам уште неколку арамии.

Мурат Џеку од село Ѓурица — Албанија е познат по плаљчкањето по галичките бачила и во селата околу Бистра. Во тоа време во Галичник биле како турски жандари Сал Дена и Есад Горана. Џеладин Сефер од Љума бил долго време познат арамија и за Галичник, па на галичаните честопати им задавал страв. Медија и Салија биле сејмени во Галичник. Покасно во 1920 година учествувале во големата галичка трагедија.

Мисим Афмети е еден од арамиските водачи познат и меѓу самите арамии како човек со голема немилосрдност и без човечки чувства. (Тој имал девет живи жени и над 20 синови и ќерки. Кај него дома ги чувал киднапираните Дамјан Чалоски и Соломон Муратоски од Галичник.) Неби Мат е познат арамија на кого галичаните му припишуваат својства на еден од највештите и најитри. За него има раскажување оти можел вешто и незабележано да влезе во бачило, а да не го откријат познатите бачилски кучиња.

Џан Марку, секојпат настроен за потешки злодела, повеќе делувал со своите арамилаци осамено. Внук е на Рам Мамути, чесен човек и домашен сејмен на Апостола Черепналкоски.

Исеин Дреја е познат дерудеџија и за него лично нема сведенија дека се бавел со арамилак. Тој испраќал сејмени во Галичник. Меѓу сејмените тој испратил еден од своите внуци. Наводно, Исен не му исплатил од неговиот ак седум лири и по неколкупати расправии, овој за да го оцрни Исена пред галичаните, самиот формира арамиска дружина и во 1919 година од бачилото „Чаушица“ пљачкосува околу илјади овци. Галичаните ,стопаните на овие овци, кои биле здружени во „карашици“ се: Трајче Муратоски, Пејко Угриноски, Милош Јурукоски и Филимон Кукоски. Тие одат во Дарда и со помош на пријатели сејмени, успеваат да вратат околу двесте овци.

Со Каљош Заjаси се арамии, а понапред познати како сејмени, Медија, Шабан и Мазлан, сите тројца од Дарда. Како познати сејмени, при пљачкосувањето влегуваат во галичките куќи на прелага.

Ако се набројуваат сите пљачкаши, бројот би бил многу голем. Овие што ги наведов се оние потешките кои Галичник не ќе ги заборави.

Сега ќе се обидам да ја обработам веќе спомнатата најголема трагедија на Галичник од 1920 година. За реконструкција на овој настан ми помогнаа многумина, а морав да бидам претпазлив, оти за него има повеќе верзии. Од најголема полза ми беа раскажувањата на оние што најмногу ја почувствуваа трагедијата, — Дамјан Чалоски и Ружа Трајчевица Муратоска како и Соломон Муратоски и Васе иСтевка Томоски.

Во 1920 година, месец ноември, пред мракот Галичник бил сардисан од сите страни. Со голема пукотница околу 130 арамии, под водство на Кањош Зајаси од Зајас, Кичевско, го почнуваат тој многу болен чин за Галичник.

Нападнати се повеќе куќи, а со некои галички семејства водена е вистинска борба сè до в зори утредента. Најголемата битка со оваа арамиска банда водена е пред куќата на познатиот галички ќеаја Трпко Ѓиноски. Пушките не запреле цела ноќ. Трпко заедно со неговите синови и со некои комшии се спротивставувале со неверојатна ладнокрвност и храброст. Добро биле вооружени и нештедејќи и муниција, не дозволиле Кањошовите луѓе ни да се допрат до вратата, а не да влезат в куќи. Ноќта Трпка го раниле и останал траен инвалид, губејќи го едното око. Изутрината арамиите биле приморани дури да сакаат „беса" од Трпка за да се повлечат. Силниот отпор што го даде Трпко Ѓиноски на Кањошовата банда беше потпомогнат од Угрин Канчески, Рафе Канчески, Авросија Тортески, негови комшии, како и од Косто и Каража Ѓиноски од неговата фамилија. Со пушки биле снабдени сите со исклучок на Авросија Тортески.

Втора куќа која по смелоста и отпорот се одвојува од другите галички куќи е Каркинската. На крај арамиите успеваат да ја запалат оваа куќа, а во борбата е убиен Наќе Каркински. Посериозно пушкарање е водено и со многу малиот број оставени жандари околу станицата. И неа арамиите успеваат да ја запалат и во неа изгорел еден од бранителите. Отпор преку ноќта давале и други галички куќи, но без поголеми резултати и ефекти.

Владо Черепналкоски ми раскажа за тоа дека кога Кањош го нападнал Галичник, пред куќата нивна, на Апостола Черепналкоски и пред куќата на Мелета Куцулоски, Кањош поставил свои луѓе за со нив да не влезат арамиите и да направат пакост. Тоа го направил поради следното: Преди некое време Кањош работел во Солунско кај некој Грк кој не му ја исплатил заработувачката. Меле и Апостол биле пријатели со газдата на Кањоша и го натареле да му го исплати долгот. Исто така, Кањош бил овчар неколку години кај Мелета Куцулоски. Овие два момента го натерале да ги поштеди нивните куќи од ограбување.

Бандата на Кањош таа ноќ врши големи грабежи. Според општата процена на мнозина галичаните како и посебно на киднапираните лица, за кои ќе стане збор, таа ноќ товарени се над двесте коњи со опљачкана вредна и ценета стока: облека, постела, галички познати кожени ложници (за оздола и покрив), сточарска опрема и сè што арамиите сметале дека е од поголема вредност ,покрај личното преоблекување на лице место во нови галички алишта. Освен тоа од Галичник се опљачкани и пари во висока вредност. Стево и Васе Томоски за извршената пљачка од Кањоша велат: „Кога арамиите, на чело со Кањош, дојдоа в планина и кога ставија на куп сè што беше опљачкано, за нас настана големо чудо за гледање. Ние, како млади, просто не можевме да замислиме толку големо богатство. Делбата меѓу себе ја вршеја цели три дни."

Во составот на оваа арамиска банда биле и повеќе бивши сејмени и некои галички овчари. Самиот водач, Кальош, бил негде во периодот од 1910 година до 1915, како што рековме, овчар кај Мелета Куцулоски, затоа распоредот на галичките куќи им бил добро познат, па лесно им било да се ориентираат во побогатите куќи. Во куќите Муратоски, кои според некои сведенија се главна цел при нападот на Галичник, како и во куќата на Тодора Чалоски, арамиите се влезени на прелага, давајќи беса, и во тие две куќи извршена е тотална пљачка. Кај Тодора Чалоски вкупната пљачка изнесувала дванаест товари, се разбира сосе коњи, а од куќата Муратоска девет товари и пак се поведени и нивните коњи, а и сите двесте товари пљачка биле товарени на коњи, украдени таа ноќ.

Покрај парите и опљачканата покуќнина, на Тодора Чалоски му е одземен и малиот син на возраст од шест години, Дамјан Чалоски. На Муратовци им се киднапирани, стариот Софре Муратоски, Трајче Муратоски и Моне Соломон Муратоски. Покрај овие, киднапирани се Васе и Стефо Томоски.

По многу успешно извршената пљачка (само еден убиен арамија и неколкумина полесно ранети), пред зора со целокупната „печалба" и над двесте товарени коњи Кальошевата банда се повлекува. Само уште да напоменам дека во нивниот ѕверски однос тепани се и некои жени од фамилијата Чалоска и Муратоска, кои ги бранеле и се обидувале да ги оттргнат децата. Малиот Дамјан Чалоски при повлекувањето на арамиите, плачејќи викал по неговиот чичко Лазар Чалоски. Лазар пукал во арамиите, но без резултат. Софрета и Трајчета Муратоски уште на излегувањето од селото ги претепале. По Дамјана тргнал и нивниот измеќар Имер.

Од Галичник оваа арамиска дружина отишла во месноста Бачишка Бука, близу реонот Чукнитопаница. Тука целата банда останала четири до пет дена сосе заробените лица. Пленот го разделиле меѓусебно. Никаква потера не стигнува од страна на власта, сè до шестиот ден. Арамиите толку биле комотни и дрски што за цело време се снабдувале со леб од Галичник и од другите околни села. За со лебот, имајќи ги околу себе бачилата, за нив не претставувало никаков проблем. Од Бачишка Бука до Галичник се комуницира, се одржуваат врски не само за снабдување со леб, туку со правени обиди за враќање на заробениците. Во тоа донекаде се успеало: преку посредништво на Ефтета и Јована Куцулоски, со испратени педесет лири, вратен е четвртиот ден Софре Муратоски, во многу лоша здравствена состојба. Од тепање и мрцварење тој набргу подлегнал на раните. Исто така преку коњарот на Тодор Чалоски, вратени се и Васе и Стефо Томоски. На овие двајца, лично Кальош им дал дури и по некоја пара и по еден од украдените галички калемќари.

Петтиот ден, арамиите од своите стражарски места забележуваат дека доаѓа потера од војска и жандари. Потерата, иако точно знаела каде е местото на кое се стационирани арамиите, не оди со таква постројка за да постигне вистински ефект, а што не било

тешко, туку оддалеку почнува да пука, просто како да им дава сигнал на арамиите да се заштитат. Се отворил оган, кој повеќе личел на свадбарско пукање. Арамиите безбедно се повлекуваат преку Мала Влаиница, Дуфскиот реон. Нистровскиот реон, го врват остриот и висок Корабски реон и албанско-југословенската граница и непречено со целокупниот плен и со тројцата заробеници, двете деца и Трајче Муратоски си одат во Дарда — Албанија.

Дамјан и Соломона ги задржуваат во заробеништво девет месеци, а Трајчета само три месеци. Пред крајот на декември месец истата година, Каљош со поголема група и со заробеницивe, доаѓа повторно непречен од никого во Галичник. Дамјана Чалоски под стража го остава во воденицата на Геле Којчески, а со Трајчета и Соломона Муратоски доаѓа под куќата на татко му од Соломона, Јован Муратоски и го тера детево да плаче и да вика по татка си, за да се докаже дека се живи заробениците. Откога домашните го чуле Соломона, арамиите го вратиле назад во воденицата, а со Трајчета отишле дома кај неговата фамилија. На домашните Трајчета им го покажале на вратата врзан. По кусо време и мала расправија го пуштиле да си влезе дома, а арамиите, со Каљош на чело, остануваат пред куќи. Покасно на молба од фамилијата Трајчева, влегуваат во соседната куќа која е празна и купена од Муратовци. Тука се спогодиле и за Трајчета се добиени 270 златни лири. Арамијата Каљош многу инсистирал да дојде лично Јован Муратоски, татко му на Соломона. По долго време и истрпен страв, Јован доаѓа пред Каљоша. Тој бил исплашен, а арамиите му зборуваат со висок тон на арнаутски. Јован оди дома и се враќа со 200 златни лири, како откуп за Соломона. Истовремено доаѓа и баба му на Дамјана Чалоски, Мијалица Чалоска, и таа со 200 златни лири, за да го откупи внукот Дамјан Чалоски. Арамиите откако ги зеле златниците го ослободиле само Трајчета додека другите две деца повторно ги однесле во Дарда и ги чувале во заробеништво уште седум месеци. Интересно е пак да се напомне дека при повторното доаѓање на Каљоша со заробеницивe во Галичник, имало одреден број војска и жандари кои патролирале низ село. Дали тие не дознале за арамиивe, или едноставно не сакале да знаат и покрај големото комуницирање во тој момент, читателот сам нека извлече заклучок.

За двеве деца кои останале во заробеништво целиот седуммесечен период преку посредници се врши преговарање за нивното ослободување. Сè е попусто! Еден ден во Галичник доаѓа пратеник од страна на Каљоша, постар човек, татко на веќе еднаш спомнатиот Ќазим и бара да се пратат уште четиристотини златни лири. Јован Муратоски и Тодор Чалоски му даваат на Ќазима и придружник, Ристо Канчески, галичанец, па ги испраќаат бараните пари. Кога овие двајца тргнале со парите за Албанија, Јован ја известува жандармеријата во Ростуше. Жандарите ги стигнуваат. Албанецот го претепуваат и му ги земаат парите и им ги враќаат на Јована и Тодора. Стариот Албанец утредента умира од тепањето. Но, работата не се свршува и децата остануваат и понатаму во заробеништво.

На деветтиот месец, на Кораб планина, негде во близината на југословенско-албанската граница, граничарите и жандарите, одејќи во патрола, го пресретнуваат арамијата Ацица од Дарда и сестра му на арамискиот водач Кальош, која била дојдена во Дарда. Се враќала дома во Зајас и по краткотрајно пушкарање Ацица е ранет и заедно со сестрата на Кальоша заробен. Ги носат и го предаваат во околиското место. Дури сега, на тогашната власт и текнува да преземе посериозни мерки за спасување на двете девет месеци заробени деца. Преку тогашната албанска власт е поставен услов, ако бидат пуштени децава, ќе бидат ослободени и Ацица и сестра му на Кальош. Арамиите овој ултиматум го прифатиле. На деветтиот месец се врши размена и тоа, прво се пуштени Ацица и сестра му на Кальош, а после децава.

Дамјан и Соломон прво се префрлени во едно село во близината на албанско-југословенската граница, на албанска територија. Тука се чувани два-три дена. Преку татко му на споменатиот Ацица, однесени се во Призрен и предадени на албанскиот емигрант Селман Мифтар. Селман прво ги преоблекува децава во нови алишта и бели капи, им дава по еден чибук, како поздрав на домашните и ги предава во жандармериската станица во Призрен. По кратко време, со придружба од жандари децата се донесени во Гостивар и предадени во кафеаната — анот на Стефо Чадлоски. Тука ги преземаат Соле Калачоски и Стрезо Јурмоски и ги носат дома и конечно ги предават на нивните родители. Разбирливо е, дека не само во нивните семејства, туку и во цел Галичник, настанала општа радост.

Еве уште некои сеќавања на Дамјана: за сите девет месеци колку што се чувани во заробеништво, ниту еднаш не се преслечени, и по нивните млади тела се напластувале вошки. Децата биле сместени во куќата на арамијата Мисим Афмеди, за кого реков дека имал девет жени и дваесет синови и ќерки. Внатре се движеле слободно, додека надвор воопшто не ги пуштале. Во основа постапувањето со нив било човечно, бидејќи воопшто не ги малтретирале.. Исхраната им била како и на останатите членови од семејството на Афмеди. Лебот бил месен од пченкарно брашно, без сол. Така јадат и тие, поради верување оти ако има помалку сол во јадењето, подобро ноќе ќе гледале, а секако тоа за нив и нивниот „чесен“ занает е многу важно. Кога се вратиле децата во Галичник кај нив се чувствувала албанската лексика, бидејќи таму се зборувало исклучиво албански и многу македонски зборови имале заборавено. Албанскиот јазик наполно го совладале.

Случајот Кальош и неговиот ѕверски арамилак, тогашниот југословенски печат не го одбележал, додека некои софиски весници гд одбележале и го искористиле да ја изразат „жалоста“ над оставената „бугарштина“.

Кальош е убиен во 1934 или 1935 година од свој човек над кладенецот каде што пиеле вода. Тогаш арамиите се поделиле на две групи и отвориле меѓусебен оган. По кратко време арамиската дружина се растурила.

За овој тежок и многу болен настан за Галичник ќе дадам некои свои оценки. Еве според мене кои биле условите што му оделе во прилог на Каљоша и на неговата банда слободно да пљачкаат низ Македонија, и јасно, да го изврши непречено и овој грабеж над Галичник.

Премолчено од страна на власта се дадени можности за ваков ѕверски акт и непречено повеќечасовно пустошење во Галичник.

Албанците влегуваат со големи пукотници.

Иако жандармериската станица броела повеќе луѓе, вечерта останале на должност само тројца.

Каљош со неговата банда бил повеќе денови во непосредна близина на Галичник. Овчарите што биле впланина го забележале и ги известиле селските жандари, а поточно општинскиот службеник Лазар Фрчкоски. Фрчкоски го известил претседателот и школскиот надзорник Тодора Лепчески. Кога овој разбрал за арамиите, се здоговорил со една група галичани и отишол во среското началство, од што не се гледа корист.

Каљош и пред нападот на Галичник е веќе позната арамиска фигура, по лошиот глас што го бие. Познат е по пљачките и ѕверствата што ги вршел пред и по овој настан и по битолскиот реон и околните села. А пред да го нападне Галичник, неколку дена се врткал по планината Бистра и праќал абери и ултиматуми во Галичник, а пред се на фамилијата Муратовци како и на тогашниот претседател на општината Тихомир Крцкоски — Михајловиќ. Во тие абери арамиите барале да им се испратат илјада златни лири, а доколку не ги добијат застрашувале оти Галичник ќе биде нападнат и запален. Не е можно за сето тоа да не била информирана околиската власт и жандармериската станица, ако веќе за тоа е информиран споменатиот галички претседател. Покрај тоа и една селска делегација за случајот била во околиското началство на чело со Тодора Лепчевски — Димитриевиќ. Еве тоа како било:

Се знаело пред овој напад какво е расположението на дотогашните галички сејмени, а покасно соборци на Каљош, поради нивните чести негодувања за некои пари — сејменлак, што не им биле исплатени, а ги собрал по најраспространетата верзија, Јован Муратовски. Верзијата за Јована Муратовски, оти не им ги дал сите собрани пари на поранешните сејмени во Галичник, а кои покасно се здружуваат со Каљоша и вршат заеднички напад на Галичник, е верзија на сите галичани. Јас тоа не го тврдам, бидејќи нема пишани документи и се двоумев дали да го поместам во мојава книга. На крајот се решив да го поместам, бидејќи оваа верзија се раскажува и денеска во Галичник. Јован Муратовски преку банот Жика Лазиќ (бан на Вардарска бановина) успеал да земе околу двеста илјади динари неповратни средства за унапредување на сточарството. Ваква оштета друг не добил. За ова ми раскажаа Ружа Трајчевица Муратоска, Трајче Чапароски и Алекса Муратоски.

На неколку дена пред нападот на Галичник, срезот со седиште во Ростуше, со писмен акт издава налог на галичката жандармериска станица да се соберат од галичките куќи сите пушки легално издадени за одбрана. Изговорот бил оти ќе се заменат со нови. Овие наредбодавци многу добро го познавале расположението и готовноста на Галичник и галичаните за одбрана на сè што е нивно — луѓето, селото, бачилата и стадата. На спрема тоа и таквиот акт — наредба дали може да е случајност или перфидно смислена работа! Не е тешко да се извлече заклучок.

Нападот на Галичник го чуле и селаните од околните села, бидејќи тој е надвиснат над Радика и силното пушкарање одѕивало нadaлеку. Биле запалени повеќе куќи чиј пламен достигал огромна височина. Но поорганизирана потера се појавува дури петтиот ден, а ефектот, се разбира, бил — подобро да не ги малтретирале војниците.

Поголем отпор, покрај веќе наведените причини, не е даден и затоа, што неколку дена пред нападот се повлечени и заминати сите галички сејмени кои не биле малцина. Дали е и тоа случајно или е во дослух со самите арамии и со власта.

А еве пак во какви услови е извршен Кальошовиот арамилак.

Нападот е извршен длабоко во XX век, кога е веќе ликвидирано турското ропство, насилијата и башибозукот. Завршени се балканските и Првата светска војна кои давале одредени погодности и шанси за вакви и слични арамилации и ѕверства на пљачкашките банди. Бивша Југославија веќе е оформена држава со сите нејзини елементи и белези. Опседната е границата со војска и патроли. Постојат околиски и општински места. Во Галичник и во неговата околина постојат жандармериски станици.

На крајот уште да ја спомeнеме оценката за овој настан што ја дава Ристо Огњановиќ во протесните писма до претседателот на Народното собрание на Кральевина Југославија. Ристо Огњановиќ е инаку оној галичанец што повеќе пати велел: „Мене српството ми е над сè". Но еве еден цитат од тоа писмо: „Крајот кој во турско време има најмногу страдано од зулуми и пљачки ... беше Галичник. Но она што остана можеби незабележано ... е тоа дека Галичник дури од ослободувањето беше пепелиште на најчести напади и грабежи од пљачкашките банди составени од Арнаути. Доволно е да ви речам дека за првите три години од ослободувањето народниот имот во добиток е сведен на половина, а за двеве години по обединувањето е доведен на една третина". И понатаму во писмото вели: „За претрпената несреќа од овој напад, која далеку надмина сè што до сега се случувало, народот болно офна и си ја допушти слободата вината да ја фрли врз небрежноста на државните власти. . ."

Колку е тоа само „небрежност" на државнте власти или нешто повеќе, мислам дека доволно зборуваат аргументите што ги наведовме.

Еве како би изгледал еден преглед на изгубени животи од галичани во одбрана на своето постоење, развивање и живеење.

Прво да ги набројам некои заробувани лица заради уцена како што се Славко Бајрамоски, Вено Муратоски, Шпиро Бундоски, Доксе Филипоски, Тане Канчески,Томо Томоски, Ристе Дукоски и Тодор Чалоски. За сите овие лица на арамиите им е платен откуп.

А сега еве ги лицата кои се убиени од страната на арамии во најразлични услови:

Стојан Цинцароски, учесник во Илинденското востание и помагач на револуционерната организација, убиен е од албански арамии во 1911 година во месноста Покорита. Пане Куцулоски, убиен е 1898 година во месноста Смрдливи Вирови во борба со арамии Василко Чоланчески е убиен од албански арамии (не е утврдено кога и каде), Канчески... отепан во месноста Сама Бука близу Черешничето околу 1901 година. Со него се убиени уште двајца други галичани на кои досега не им ги утврдив имињата. Кајоски. отепан на месноста Света Стреда 1897 година од арамии Албанци. Барјамоски Михајлов Постол е убиен во селото Дебреште — Прилепско од арамии во 1911 година. Донесен е дома и закопан. Шулески... отепан е и опљачкан од арамии во местото Стопанче близу врвот при слегнување кон чешмата до Селска Ливада. Стариот Тане Канчески убиен е во месноста Стопанче префрлајќи го Крстец. Крсте Бабалиески убиен е во 1910 година во месноста Света Петка од Арнаути. (Во една борба пред да биде убиен убил двајца арамии). Јосе Писески убиен е во 1911 година заедно со Постола Барјамоски во село Дебреште, Прилепско, враќајќи се од пазар. Угрин Пендароски и Штерјо Пендароски, арамии ги убиле во Кочанско. (Таму оделе да лупат оризова арпа, а својата услуга ја наплаќале со ориз, кој го продавале во Галичник). Лукан Плешка арамиите го убиле над Трница околу 1915 година, кога се враќал од Албанија. Штилјан Јурумоски убиен е од арамии околу 1918 година во близината на Царева Чешма над Мавровскиот Орман. Тој тогаш се уште не бил оженет. Шушлески Стефо убиен е во близината на бачилото Никифорица како овчар кај Јована Филипоски, во 1909 година. Со него заедно арамиите убиле и едно дете од фамилијата Карговци. На истото место е убиен и син му на Крстета Бошњакоски. Јано Бислимоски арамиите го отепале на бачило. Насте Мауроски е убиен околу 1898 година од страна на албански арамии. Тој е брат на Матета Мауроски кој загинал во Солун. Филип Муратоски е убиен во 1879 година во Тесалија — Грција. Закопан е во село Аџилари, близу Лариса. Го убиле Арнаути. Подоцна неговата фамилија на местото каде што е отепан Филип подигнала мало црквиче, со платен човек да го одржува, а белезите негови и денес постојат. Се гледа дека арамиите систематски ги гонеле галичаните и убивале и надвор од Македонија. Рафаил Томоски, син на прочуениот галички првенец Тодор Томоски и внук на прочуениот Томо Томоски, убиен е во борба со арамии која се водела повеќе часови во месноста Чукнитопаница. Заедно со него е убиен и еден сејмен и

овчарот што ги пасел овците, а украдени се околу 4.000 овци. Водач на арамиите, во таа борба бил Весел Чука од Реч — Албанија. Според раскажувањата борбата траела повеќе часови, а загинале и арамии. Стојан Бисмилоски убиен е и ограбен од арамии 1900 година во Мавровски Орман. Во ова место арамиите царувале. Евге Каркински е убиен 1920 година во борба со арамиите на Кальоша бранејќи го Галичник. Велика Пулеска, ќерка на познатиот преродбеник Ѓорѓи Пулески, убиена е по Радика и опљачкана. Јас мислам дека е убиена поради нејзиниот татко. Рафе Черепналкоски убиен е од арамии во месноста Мала Влаиница во 1898 година. Го убил Азир од с. Орќуше — Гостиварско.

Последната пљачка над Галичник е извршена на 6 јуни 1946 година во месноста Афметковица. Станува збор за ограбувањето на бачилото од Апостол Черепналкоски. На бачилото бил и син му на Апостола, Владимир. Покрај другото на Владимир му зеле и златен саат десет илјади динари.

На овој поименичен список со голема сигурност може да се наведат уште десетици изгинати галичани во со векови водените борби со арамиите. Покрај нив не е мал бројот на изгинати чесни овчари кои во галичките стада ја гледале својата живеачка и кои кон нив се однесувале, во најголемиот број случаи, како спрема свои стада. Тие не случајно честопати ги жртвувале своите животи бранејќи ги своите газди и нивниот имот. Исто така не е мал бројот на загинатите чесни сејмени кои воделе борба со своите сонародници, бранејќи ја својата чест поради дадената беса и образот на нивните дерудеции.

Таков бил животот во Галичник: постојано во борба, неизвесност, страхувања и макотрпност.

## УЧЕСТВОТО НА ГАЛИЧАНИ ВО ИЛИНДЕНСКТО ВОСТАНИЕ

Слободарскиот дух во Галичник и Мијачијата доаѓа до полн израз и во Илинденското востание. Сите Мијаци, без оглед каде се, дали во мијачкото гнездо околу Бистра или се раселиле и нашле нови живеалишта во внатершноста на Македонија, активни се во подготовките за Востанието. Голем е бројот и на оние Мијаци кои што зеле непосредно учество во борбите.

Покрај директното учество во ослободителните борби тие со својата развиена, за тој период, економика, одиграле важна улога во снабдувањето на востаниците. Според некои сознанија, Смилевскиот конгрес сметал на нив во случај на евентуален неуспех, како на крај наполно предаден на Востанието. За таа цел покрај другото ги имале во предвид и многуте бачила по Бистра, Стогово и Кораб. Даме Груев престојувал во овој реон за да се договори со востаничките организации во него. Бидејќи тој е Мијак сакал и овие да земат видно учество во самото Востание. Еднаш, во една негова мисија во реонот помеѓу селата Тресонче и Галичник за малку ќе бил сардисан од страна на турскиот аскер. Се спасил благодарејќи им на вештите и смели жени од с. Тресонче кои навреме го предупредиле оти аскерот се подготвува да ги опколи. Така Даме Груев со неговата придружба благовремено се повлекол во внатрешноста на Бистра. Жениве, курурки од селото Тресонче ги фатил турскиот аскер и ги измачувал. Но тие ништо не кажеле.

За учеството на Мијаците и Галичник во Востанието и во подготовките за подигање, ќе ни укажат низа факти кои што ќе бидат подолу поместени. Посебно се знае за храбрите и сплотени смилевци. Добро биле организирани Мијаците од Крушево и ехловчани од Кичево. Во времето на Востанието сите жители на селата Галичник, Росоки, Селце, Тресонче, Лазарополе, Гари и Битуше биле ставени на располагање на Востанието со целиот свој потенцијал.

За да ја прикажам посликовито улогата на Галичник во Илинденското востание, ќе се послужам и со следниве показатели.

Големосрпската и големобугарската пропаганда во овој период, речиси беа отфрлени од страна на населението, бидејќи желбата беше голема за ослободување од јаремот на Турција. Месната орга-

низација го опфаќала целото село. На чело на Организацијата имало претседател, секретар и по правило, два благајника. Во организацијата членувале селани од сите маала. А имало и жени „десетарки“ и „стотарки“ и секоја од нив делувала во своето маало. Оваа селска организација одржувала врски со другите соседни села, пред сè со мијачките.

Толку бил силен авторитетот на месната организација, та дури повлијаел и врз многубројните ангажирани сејмени, Арнаути, во Галичник. Тоа може да се види од изјавите на некои сејмени дека биле исцело запознати со работата на меснава организација. И овчарите по галичките бачила се во најголем број од албанската националност, но не само што не прават пречки, ами честопати се домаќини на бачилата при посетата на востаниците.

Иако се знае дека галичките сточари не биле секогаш расположени за политички определувања и акции, пред сè поради карактерот на нивното занимање, сега, кога се работи за Илинденското востание и за борбата на македонскиот народ и тие наполно се сплотени со сите селани и дури ја имаат предводничката улога во селото за подготовките на самото востание.

Дури и таквите често превртливи карактери, како што е Павле Ажиески, приврзеник де на српска, де на бугарската пропаганда, сега кога се работи чисто македонската работа, како Македонец е на страната на Востанието и со својата куќа и семејство е ставен на располагање на месната револуционерна организација.

Галичаните ги ставиле на располагање и воденициите и валавиците по реката Гиневица. Тие честопати служеле како скривници за оружје, прехрамбени артикли и комити. Воденициите и валавиците исто така биле многу погодни за состанување на комитите.

Како се однесувал Даме Груев кон овие мијачки села се гледа и од искажувањата на Лука Церов:

„На 15 мај 1903 година, јас, Атанас Лозанчев и околу 20 други мина, отидовме од Битола за да учествуваме на Смилевскиот конгрес. Во тоа време се враќаа од обиколка од Кичевско Даме Груев и Борис Сарафов. Разменивме мисли за ситуацијата во Кичевско и Дебарско, револуционерни околии. Даме Груев многу настојуваше, непремено да се дигнат на востание мијачките села од Дебарско. Сакаше тоа да му го ветам. Тој ми велеше јас да преземам сè жените и децата од тие села да се префрлат во Кичево за да не настрадаат од арамилак и башибозук. Јас ја разбрав желбата на Даме Груев, како Мијак од село Смилево дека не можеше да се помири во мислата мијачките села да не земат учество во вооруженото востание.

За да не го огорчам, јас му ветив дека ќе појдам на лице место и дека ќе направам сè што е потребно. Како бивш учител во Кичевско и Дебарско и како еден од раководните фактори од Битолскиот револуционерен округ и раководител на Кичевско и Дебарско, јас бев запознат како стојат работите. Мијаците не беа вооружени. Оружјето пред сè се даваше од Кичевско во Охридско, што

се одрази и на Кичевско. Да ги преместам жените и децата во Кичевско значеше да преместам илјадници гладни за да ги ранат стотици гладни. Тоа значеше да подигам востание во мијачкиот крај, да ги подложам на беславна смрт и полно уништување, тие убави, храбри и родољубиви браќа. Затоа се ограничив, да приберам само по неколку души од секое село, а некои кои беа повидни да ги вратам назад за да не се откријат, како сина му на Трпка Гиновски идеалниот Јован, како би се избегнале репресалиите."

Понатаму Церов вели:

„Околу 5 јуни 1903 година се движевме со четата по селата Галичник и Тресонче и ловевме дебрани по патот Дебар — Скопје. По некое време имавме тежок бој на Јама со Лазарполскиот гарнизонот кој имаше околу 50 — 60 турски војници. Ние бевме сè на сè 28 души. Тука ги разбивме Турците, а посебно се истакнуваа борците стариот в'лк од село Гари, Алексо, со мала рана — драсканица во левата рака и Јанко Велев и Стојан Кузманов (Цинцароски — Р. Б.) од село Галичник како и Павле Кара Асан од Лазарополе и веселиот Климент Групчев."

И на други места во своите изјави Лука Церов е задоволен и полн со пофалби за храброста на борците од мијачките села: „Иако, како што реков, решивме да се бави официјалното востание во мијачките села, целото население беше секогаш на нога, готово да да ни помага во секој момент и со сè што му сакавме, и со еден збор, тие го исполнија својот долг како и останатите села во Кичевско".

Еве што тврди Церов во продолжението на цитираната изјава: „Завршувајќи ги овие редови го сметам како свети долг да изјавам писмено, дека издршката и опремата на четите беа исцело снабдени од Мијаците. По цели каравани пристигнува од Галичник, Лазарополе и од други мијачки села натоварени со храна и друга опрема.

Јас не можам да не ги спомнам браќата Ламбе и Митро Ѓиновски од Лазарополе, Луке Ников и Пејчин Арсов од село Галичник (се работи за Лукета Тортевски и Пејчина Томовски — Р. Б.), Марко од Битуше, кои иако не беа задолжени, останаа до крај на востанието претставувајќи ги достојно мијачките села. Сите храбри, трезни, невозмутени херои достојни за секоја пофалба. Како да измолам проштевање од сите други имиња за кои сега не можам да се сетам".

Завршувајќи ја писмената изјава на познатиот востанички раководител и учесник на Смилевскиот конгрес, Лука Церов, можам само да го додадам и следното: Мијаците како компактна племенска целина, како и низ целата историја, и во овие судбоносни денови на македонскиот народ се единствени и осведочени борци за слободата на татковината.

Од најпознатите галички востаници — комити и војводи ќе ги наведам само оние кои активно со пушка в раце се вклучија во редовите на Илинденското востание. Тие се: Пејчин Томоски, Тало

Цегоски, Стојан Цинцароски, Јован Дуков Пендароски, Јован Ѓиноски, Страте Чалоски, Луке Тортески, Стојан Чалчески, Марко Плешкоски, Раде Јанкулоски, Јаков Кеноски, Глигур Кеноски, Јаков Лерка и уште некои други.

Не е мал бројот на оние борци, галичани, кои повремено оделе во борба, зависно од потребата, а по престанувањето на битките се враќале назад како ништо да не било и си продолжувале со работа. Тоа дошло до полн израз особено во реоните Јама и Јадово.

Жителите на Дебар и Дебарско, кои претежно биле муслимани, немале антивостаничко држење и пак ќе повторам дека тоа е резултат на мудрото однесување на мијачките села и на решението од повисоките востанички тела во таа смисла. Еве што вели за тоа Хр. Сиљанов во списанието Ослободителните борби на Македонија: „Во Илинденското востание, дебарските Албанци одиграле видна улога. Тие не презеле никакво антиилинденско дејствие и билем одбиле секакво видно помагање на Турците. За тоа допринесло и држењето на мијачките села кон Дебар и со мирувањето. Мирувањето е активно, но без видни белези што би предизвикувале реакција."

Еве уште едно искажување за овие села мијачки, целосно свртени кон Востанието. Во „Илустрација Илинден" Асен Иван Јанков за војводата Максим Ненов од с. Тресонче меѓу другото вели: „Народот од Дебарско бил готов за борба со тиранот. При една средба со Максим, Марко Симонов Плешката од с. Галичник и Михаил Јуруков од с. Тресонче решиле да се земат мерки за заштита на населението при едно евентуално востание. Направен е план и решиле да се нападне и изгори турската кула во месноста Царевец во планината Бистра. Извршен е овој договор, а галичаните му припишуваат голема храброст на Максима и умешност во планирање и раководење со акции, а за Марка Плешката дека е ретко бистар и снаодлив галичанец, на кого Турците никогаш не можеле да му влезат во трагата иако знаеле оти е активен учесник — востаник. За него, во Галичник се раскажувани многу нешта сврзани со неговото лукавство, а особено во неговата курирска дејност".

Од досегашново искажување може со сигурност да се рече оти мијачките села, вклучително и Галичник, дисциплинирано ги извршувале сите задачи што пред нив се поставувани во тоа време. Помасовно учество во директните борби не зеле, бидејќи таков бил планот на востаничкото раководство, а што се докажува од понапред цитираните текстови и дадените пофалби на овие села и нивните храбри борци. Оние кои зеле видно, директно учество и се претставиле како прави синови на овие села со својата храброст и доследност до крајот на борбите против турскиот јарем, останале во сеќавањата на народот. Некои од нив биле тешко ранети и останале засекогаш инвалиди како што е примерот со Пејчина Томоски, Тала Цегоски и Нестора Силјаноски, наречен Њеро Комита.

Во борбите водени во Јадово Тало Цегоски е ранет во градите. Тој е останат жив, исклучиво благодарејќи на големата нега што му ја давале неколку месеци востаничките жени од селото Тресонче, кои го криеле облечен во женски алишта за да изгледа како болна жена. Тало доживеал длабока старост. За убиството на Нестора Силјаноски зборува во својата изјава Петревица Желческа: „Нестор е убиен во Јадово како востаник, носејќи ги собраните пари од Галичник што му ги дала месната револуционерна организација, со цел да и ги предаде на востаничката чета. Селаните го пронашле по шест дена и тоа само коските, бидејќи го изела дивината. Зад себе оставил жена вдовица со седум деца од кои шест женски и едно машко. Тој е убиен 1900 година“.

А сега нешто ќе речам за учеството на галичките жени во Востанието; оти нивната улога во него е навистина голема. Ќе наведам само неколку поединечни примери.

Ката Ажиеска била постојано на услуга на четите, а посебно во збирање храна и облека за востаниците. Овде повторно би го спомнал Павлета Ажиевски кој честопати „шенлучел“ со Турците на чардакот, па и сомневањата на неговата куќа биле најмали. Таквиот Павлев став бил од голема корист на меснава револуциоерна организација.

Раководител на „десетаркиве“ е, како „стотарка“, Васевица Чоланческа. За неа се смета оти е една од најписмените жени во Галичник во тоа време. Таа раководи со женската организација. За својата несметана активност го користи авторитетот што го имал кај Турците нејзиниот маж, ќеаја Васе Чоланчевски. И тој членувал во Организацијава. Извесно време Васевица била и благајник на Организацијата. Честопати присуствувала на состаноците од меснава организација и добивала задолженија, а исто така и поднесувала извештај за свршената работа. Од нејзината дејност Организацијата била задоволна.

Помеѓу похрабрите и поснаодливи жени е Дели Софка. Таа во ништо не се разликува од мажите и затоа е наречена Дели Софка. Била облечена во машки шалвари, широки бечви за надбечви, ги обиколувала селата и ја разнесувала поштата на Организацијава. Нејзината храброст и смелост се гледа во тоа што ноќе низ орманите одела за да ги изврши поставените задачи. Храброста си ја надополнувала со нејзината голема умешност. Честопати, по одобрение, се преправела во „питачка“ и крстарела по селата. Така успевала да помине и низ најгустиот турски аскер. Еднаш ја сретнал аскерот покрај Радика и на прашањето каде оди таа не одговорила туку ја подала раката барајќи притоа милостиња. Аскерите откако се увериле оти е питачка, ја пуштиле да си оди по патот. Со себе носела важна пошта. Ретко кој можел да ѝ се противстави и да и одбие било што. Во извршувањето на задачите и помогнало многу и нејзиното убаво зборување. На жените маалски им била „угич“ (предводник). Оваа храбра жена извршила безброј сложе-

ни задачи поставени од меснава револуционерна организација на Галичник.

Покрај Лукета Тортески, борец со пушка в раце била и неговата жена. Таа е вреден помагач на Меснава револуционерна организација. Покрај тоа што собирала материјали за востаниците, таа исто така, и правела опинци, кои им ги давала на комитите. Повеќе пати била ангажирана и како курирка и носела абери на организациите во другите мијачки села.

Покрај наведените имиња на лицата кои биле директни учесници во вооружените борби ќе наведам и некои лица кои биле ангажирани во меснава организација. Секако овој број се менувал — растел и опаѓал. Исто така секако некои имиња ги имам испуштено поради временската оддалеченост. Еве некои од нив за кои се смета оти биле ангажирани во Меснава револуционерна организација: Рапо Рапоски, Кузе Режоски, Трпко Ѓиноски, Васе Чоланчески, Постол Фрчкоски, Аврам Тортески, Овентија Фрчкоски, Штиљан Чапароски, Павле Будалевски, Рафаил Муратоски, Јаков Кеноски, Глигор Кеноски, Јаков Лерка, Стојан и Марко Плешкоски, Поп Авросија Попоски, Павле Ажиески, Димо Куцулоски, Трајан Ванкоски и многу други.

Галичаните секогаш биле вешти во искористувањето на личните пријателства, особено со дебраните. Павле Ажиески бил голем пријател со Шаќир—бег од Дебар. Шаќир—бег користејќи го својот авторитет и личната власт секогаш го известувал Павлета за движењето на турскиот аскер и потери по Галичник. Така Павле добивал многу користи информации од него и и ги соопштувал на месната организација, а и самиот бил подготвен, бидејќи и служел на Организацијата. Кога галичаните му дофрлале зошто толку често ја менува „политичката кошула“, тој им одговорил: „Ја не су дирек да стоја на едно место.“

И Павле Бундалески е член на меснава организација и истовремено и селски кмет и одборник за Река. Тој знаел сѐ што се случува в село. Но неговиот авторитет ѝ дава доста сигурност на Организацијата.

Активен учесник во востанието е и Данаил Фрчкоски, мајстор од тајфата Фрчкоска. Неговата активност не се одвива само во селото туку и надвор од село, на печалба, како влијателен мајстор пред другите печалбари. Данаил и Глигур Гочески во Плевен — Бугарија работат за целите на Востанието и собират парична помош која ја испратиле на востаницеве преку месната организација.

Исто така и солунските печалбари од Галичник земаат учество во конкретна организирана работа за целите на ВМРО. Еден број од нив ги даваат и своите животи во 1903 година, кога турската полиција врши масовна рација по случајот со солунските атентати. Голем број галички дуќани служат за одржување на состаноци, собирање парична помош и др. Според некои галички раскажувања само во тој период од страна на турската полиција биле

уапсени над сто галичани печалбари. Едни од нив и на лице место се убиени.

Мате Мауроски има дуќан во близината на банката која е дигната во воздух од страна на атентаторите. На денот на атентатот, бидејќи Мате бил под контрола од турската полиција, го убила в дуќан. Тој бил член на Организацијата и често криел илегалци на кои им била во потрага турската полиција. По убитството дуќанот му е разграбен.

Млекарски дуќан во Солун имал и Пејко Брезоски, исто така во непосредна близина на банката. По извршените атентати Пејко уште истиот ден е фатен и убиен.

Тасе Трбушкоски е исто така член на Македонската револуционерната организација во Солун. И тој е уапсен уште истиот ден: не признал ништо и по неколку дена измачување го стрелале.

Васе Бекташески е во исто време уапсен и стрелан. Тој бил честопати користен од страна на Организацијата, како курир. Еднаш бил испратен со доверливи материјали од Солун за Велес и еднаш од Солун за Цариград. Многу бил смел и снаодлив, а турскиот јазик го владеел солидно, така што лесно се пробивал насекаде.

Како што реков понапред, и галичаните печалбари и дуќанџии во Солун кои не биле директни членови на Организацијата биле на страната на отпорот. По масовното апсење многу од нив биле чувани и подолго време. Многу им помогнал дебранецот Ајрадин Пустина, кој бил во тоа време еден од командантите на безбедноста во Солун. Тој бил голем пријател со галичаните.

Во градот Кавала свој дуќан имал Димо Куцулоски. И тој меѓу галичаните е познат како истакнат револуционер. Неговиот дуќан во Кавала најмногу служел како „јафка" помеѓу организации од други места, па често куририте кај него преноќевале. Тој уживал авторитет и меѓу населението од Кавала, а особено пред еснафот. По некој ден од атентатите е уапсен и стрелан. Ништо не издал.

Од поактивните соработници со Македонската револуционерна организација во Солун од галичкиве печалбари се: Соломон Лакински, Стојан Кајоски, Паскал Брезоски, Рапо Рапоски и др. За Рапа Рапоски беше збор и како член на меснава организација во Галичник, што значи дека активноста ја продолжил и во Солун. Рапо држел дуќан во Френско маало. Кај него се одржувани многу состаноци. На некои од нив и тој учествувал, а најчесто стражарел. Галичаните за него зборуваат како за мошне снаодлив човек. Истиот ден кога биле атентатите тој успеал да избега и да си дојде во Галичник.

Невозможно е да се наведат сите имиња на галичани кои надвор од селото биле поврзани со револуционерната илинденска организација. Но едно може да се тврди, дека поголемиот број на галичани биле со сето свое сознание свртени кон востаниците и Востанието.

Уште еднаш ќе се навратам на Крушево и на населените галички потомства во него.

Еднаш веќе нешто реков за фамилијата Томалевци, а сега нешто би сакал да кажам повеќе за Наума Томалески и за неговиот род. Наум е македонски револуционер и општественик, роден во Крушево. Неговиот татко Христо Димов Томалески е роден во Галичник. Димо се преселил од Галичник по една тешка болест што ја преживува неговото семејство од што умираат повеќе членови на фамилијата. Оженет е со галичанка, а неговиот син Христо се оженил со Костадинка од селото Гари, ќерка на Ѓорѓе Макриев, познат мајстор копаничар кој соработува со мајсторите копаничари од родот Фрчкоски од Галичник. Основните податоци за оваа фамилија ги добив во Крушево. Потоа отидов во Софија за да приберам повеќе податоци кои мислам дека се важни за книгата. Преку Петрета Маркоски, професор во пензија, се поврзав со Ѓорѓета Томалески од Галичник по потекло од Димовци. Кога му ја кажав мојата цел тој многу се израдува и ми рече да настојувам да истраам во мојот потфат и ми се стави на располагање да ми помогне. Меѓу другото еве што ми изјави Ѓорѓе за брата му Наума Томалески:

Наум детството го поминал во Крушево каде што и завршил основно училиште. Тука се дружи со најнапредните младинци и се зачленува во револуционерниот кружок преку кој тајно се подготвувале за борба против турското ропство. Од Скопје оди во Софија каде што е на работа татко му, како мајстор претприемач, и воедно се запишува во класичната гимназија. По гимназијата посетува општествени науки во Младиот универзитет, каде исто така е член на револуционерниот кружок. Тука се запознава со многу револуционери, а најмногу преку Галеријата со дрводелска работилница на Васил Главинов. Тука се запознал со Гоце Делчев, Карев, Русинов, Јаворов и други. Од здравствени причини се враќа во Крушево и тука ја дочекува Крушевската Република и целото Востание. Тој бил член на Младинската интелектуална група во Крушево која многу активно и служи на Револуцијата. Во неговата куќа каде денес е сместен Историскиот музеј, заседава Горското началство на чело са Карев и Питу Гули. Сѐ до крајот на Илинденското востание тој е вклучен во сите акции на востанието. По Ракитнишката афера провален е од грчките наклоници. За тоа го предупредува еден млад Турчин, негов соученик од Скопје, и Наум успева да избега во Софија.

Од 1909—1910 година Наум престојувал во Швајцарија. Таму со голем успех го завршува филозофскиот факултет (литература). Покрај тоа го изучува француските јазик и ги чита француските и руските поети. Извесно време е професор во Кустендилската гимназија, каде понапред бил градоначелник познатиот македонски преродбеник Ѓорѓи Пулески. Во Балканската војна исцело му се предава на македонското дело и станува задграничен претседател на ВМРО. Ги обиколува сите европски престолнини и оди во Руси-

ја. Секаде е „апостол“ за слободата на македонскиот народ. Пред Првата светска војна Наум е и кмет во Крушево. Како таков остава добри спомени кај населението. Својот живот уште во раната младост го завршува во Софија. Над него е извршено ѕверско убиство од страната на псевдореволуционерната мафија, во Софија на 2 декември 1930 година.

Ѓорѓе Томалески, по потекло Димоски, мојов драг соговорник е професор во пензија писател. Има напишано повеќе дела помеѓу кои и „Крушевската Република“ (1968 г.) и „Мајстор Стојан Везенков“ (1964 г.). Посебно што ме изненади и израдува кај него е неговиот сочуван мијачки дијалект. Неколку пати мене ме поправи во изговорот на некои галички зборови. Роден е 1897 година во Крушево. Тој смета дека неговиот дедо Димо дошол од Галичник во Крушево околу 1750 година.

Што друго се даде Галичник за Илинденското востание овде нема повеќе да зборувам, бидејќи за тоа е кажано повеќе кај други автори.

## ГАЛИЧНИК ВО БАЛКАНСКИТЕ И ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА

По задушувањето на Илинденското востание, активноста на учесниците во Организацијата не замрела ни во Галичник ни во другите Мијачки села. Уште во 1904 година повторно била формирана Рекарската чета, а се воспоставени и месните селски организации. Но сега се чувствува и поделеноста на движењето под влијание на туѓинските пропаганди.

Слично на Бугарската влада и бугарскиот двор, кои се мешаа во македонските работи, тоа, набргу по Илинденското востание го сторија и српскиот и грчкиот двор. Во тешката состојба, во која и објективно се најде македонскиот народ, покрај врховистичките чети, врз грбот му налегнаа и српските чети и грчките андарти. Практички македонскиот човек се најде не само под ударот на османлиите, туку и под удар на вооружените банди на соседните државни пропаганди, па наоѓајќи се во тој процеп, народот се сврте кон вистинските револуционерни сили, левото крило на ВМРО, на чело со Јане Сандански, Димо Хаџи Димов и др.

Во таква состојба македонскиот народ ја дочека Младотурската револуција на која ѝ пријде со радост, верувајќи дека таа не само што ќе го реши македонското прашање во рамките на османлиската империја, туку и ќе ја ослободи од напаста на вооружените чети на соседите кои со македонското население се расправаа со кама и олово. Но, иако младотурците ги амнестирале комитите и многу говореле за слобода и ред, Галичник како и цела Македонија, не видел многу од ветувањето. Од толкуте борци, по амнестијата во Галичник не се вратил ниту еден. Разбојништвата и зулумите продолжиле.

Положбата уште повеќе се влошила во време на Балканските и Првата светска војна.

Бидејќи соодносот на балканските соседи што ја окружуваа Македонија, беше таков, што ниедна од нив немаше изгледи да ја заграби целата Македонија, тогаш, на зачудување на цела Европа, балканските соседи на Македонија, Србите, Бугарите и Грците, се договорија за борба против османлиите за поделба на Македонија. Така и почна Првата „сојузничка" балканска војна во 1912 година

која врвеше под парола ослободување на Македонија од османлискиот гнет.

Македонскиот народ, не знаејќи за тајните спогодби меѓу „сојузниците" ,балканските влади и дворови, тргна, каде што можеше, со всојузените во борба против османлиите.

Особено во тоа беа активни четите на федералистите, каква што беше таа на Јане Сандански и др. па во тоа ни Галичник не прави исклучок, туку многумина галичани се најдоа во редовите на „сојузничките" војски. Особено беа застапени печалбарите кои, кој каде се нашол во триве земји, се вклучуваат како доброволци и војуваат за слободата на македонскиот народ.

Меѓутоа, по победата над османлиите, сојузничката војна се претвори во меѓусојузничка, во 1913 година (Втора балканска војна) кога Бугарија сметајќи дека добила мал дел од Македонија, на Брегалница изврши препад над српската војска што беше го окупирала Повардарието и западниот дел на Македонија (па и Галичник).

Бидејќи голем дел од Тракија беше заземен од бугарските војски, а на Тракија претендираа и Грците, Грција која ја завлада цела Јужна Македонија со Солун, кон кој се стремеа и Бугарите, во сојуз со Романија, и притекнаа на помош на Србија, кое ја присили бугарската војска на понатамошни воени дејствија. Како резултат на тоа дојде до Букурешкиот мир, со кој Македонија беше поделена на три дела: најголемиот, јужен дел, ѝ припадна на Грција, нешто помалиот на Србија, а само Пиринскиот дел од Македонија со Струмица ѝ припадна на Бугарија.

Завладувањето на Галичник од Србите, доведе до продлабочување на сојузот меѓу самите галичани, од кои дел и пред тоа но особено по Илинден, беа врбувани од двете странски пропаганди, српската и бугарската.

Она што пред Илинден и формирањето на ВМРО беше „безопасно" да се служи како учител де во српското, де во бугарското училиште (како Павлета Ажиески и др.), бидејќи македонски школи не можеа да се отворат, оти немаше македонска црквена афтокефалност, во лицето на охридската архиепископија, сега кога се најде во границите на државните носители на пропагандата, работите се изменија откорен.

Српската држава, а после и бугарската (од есента 1915 година), за да фатат корен меѓу македонското население, а свесни за меѓусебно супернички влијание, се свртија кон оние сили — пред сè учители и попови — кои и пред тоа ги плаќаа и од нив изрично бараа да се пресметуваат со припадниците на другата пропаганда. Дел од овие сили, под притисок на српската власт и со нејзина помош, почнаа со прогони на тие што ѝ служеа на бугарската егзархија, за по 1915 година прогонителите да станат прогонети, само сега со помош на бугарската власт.

Како се однесоа Бугарите кон македонското население, најдобро се илустрира со раскажувањето на Вено Дракулоски од

Лазарополе за претерувањето на овците од Грција на летните пасишта:

„Во 1915 година бевме сите сточари од Галичник и од другите мијачки села што сакавме да си дојдеме назад во Бистра кај стадата. Тие што бевме одовде Вардар со нас околу 50 илјади грла овци и бевме околу 500 души сосе некои гурбетчии кои сакаа со нас да се префрлат. Покрај другите, колку што сега се сеќавам, беа Чаловци, Гиновци, Чоланчевци, Камиловци, Каркинци и др. Имавме и над 1000 коњи со нас. Дојдовме до над Битола до местото Герман, до самата граница. Грците мислеа оти бегаме сосе и не сакаа да нè пуштат на другата страна која беше под окупација на Бугарите. Повидните сточари од оваа наша група се собраа за да се договорат што да се прави во таа ситуација за да ја минеме границата. Отидоа во селото Герман за да ја убедат командата оти ние не бегаме, туку лете овците ги носиме на Бистра. За да бидеме поубедливи направивме и некои привидни бачила и др. Истата ноќ се состанаа и легално со Бугарите на самата граница, но и овие нејќеа да нè примат без одобрување од Софија. Им рекле оти по два дена ќе ни јават. Од Софија добиле одговор по секоја цена да нè префрлат и со сè да нè помогнат да ја поминеме границата. Една ноќ, по два дена, Бугарите влегоа на територијата каде што беа окупатори Грците. Се распоредија по врвиците, а ние сите со голема брзина ги потеравме имањето и се префрливме на другата страна. Не е можно Грците да не нè сетија, зашто бевме огромна „војска" од добиток и луѓе, но не се појавија да нè спречат. Кога влеговме на оваа страна, Бугарите за нивната „братска" помош правеа што сакаа. Колеа овци колку што сакаат и се гоштеваа само како што може да се гоштева со туѓа неплатена стока. Тогаш претрпевме големи штети и за целото време траеше таквото башибозучко однесување сè до нашето идење впланина па и преку целото лето. Ноќта, кога на брзина ги префрливме, овците толку се измешаа, што во месноста Нера, Битолско, моравме долго време да ги лочиме. Таа година од маките што ги извидовме, голем број овци есента се продадоа во Грција, а пак летото, како што веќе рековме, Бугарите нè доведоа скоро до пропаст земајќи сè што сакаат. Најголема штета претрпеа галичаните, што е и нормално, зашто тие го имаа најголемиот добиточен фонд".

Ваквиот начин на однесување не беше карактеристичен само за бугарските власти, туку тоа веќе го беа покажале и српските.

Колку се чувствувале, пак, на своја земја и едните и другите, нека ни послужат два цитати што ги земаме од книгата „Малореканскиот предел" од Глигор Тодоровски:

„Пред повлекувањето на српската војска од овој предел, српската воено-управна власт многу малку покажала грижа за месното население, за неговото обезбедување при повлекувањето. Воениот командант на Дебар заповедал да се соберат сите сомнителни лица од галичката околија и со стража да се испратат во Дебар како заложници. Понатаму истиот командант заповедал: „. . . да се соберат

сите обувки, да се реквирираат од целата околија, така што на месното население ништо да не му се остави. Да се собере сиот добиток и да се испрати за Дебар. Да се евакуира Галичник тогаш кога нашите трупи ќе се повлечат од провинциите и со нив да се отстапува.“

Со „воспоставувањето на бугарската окупаторска власт бил ангажиран голем чиновничко-полициски апарат, кој претставувал сериозен товар врз грбот на месното население. Само во околиската управа во селото Галичник, покрај постоењето на петмина службеници, постоеле 15-мина коњички полициски стражари и 20 млади пешачки стражари . . .

Поставувањето полициски и управен апарат го вршело и одобрувало Министерството на внатрешни работи на Бугарија. Во врска со ова карактеристичен е еден акт на посоченото Министерство кој во форма на окружен циркулар бил доставен до сите окружни, околиски и општински управи. Во него наведува дека поради военото време не било можно да се извршат избори за поставување службеници. Затоа била пропишана оваа наредба: „На чело на секоја општина и округ стои трочлена комисија која се состои од претседател, **кој за да биде непосредно запознат со дејствителните закони и наредби, ќе се зема од службениците од старите предели,** а другите двајца ќе бидат посочени од администрацијата“.

Во овој труд веќе станува збор за одредени успеси на бугарската односно српската пропаганда и повеќе години пред Балканската и Првата светска војна. Меѓутоа, токму измената на окупаторските режими: српски-бугарски-српски, доведе до најтрагични пресметки меѓу самите галичани, се разбира под благонаклоно покровителство на туѓинските власти. Во 1918 година убиени се четворица галичани: попот Овентија Фрчоски, Русе Бајрамоски, Евге Ванкоски — Католикот и Наќе Колоски. Убиството е иницирано од неколцина ортодоксни србомани и тоа како реванш за обидот за слични злодела од неколкумина приврзаници на бугарската окупациона власт.

Ќе се обидеме, преку добиените изјави од повеќемина анкетирани, да фрлиме поголема светлина за разјаснување на овие трагични настани што длабоко го потресоа Галичник, но и сите други села во околината.

Еве го најпрвин (според кажувањето на Вено Пачоски, роден 1906 година) составот на власта кога бугарите доаѓаат во Галичник во 1915 година*. Околиски началник за Галичката околија бил Апос-

* По протерувањето на Турција, кон крајот на 1912 година и во почетокот на 1913 година во Галичник се формира општинска управа. Ги изнесувам имињата на сите претседатели и некои чиновници на Галичката општина од 1912 до 1944 година.

1913 пертседател е Зафир Чадлоски. Следната 1914 година Иван Бундалески, а секретар Лазар Лоноски, Никола Хаџи-Ристов — Николче претседател е 1914—1915 година, а негов секретар е Љубомир Кариќ од Србија. Должноста благајник ја врши претседателот Николче. По капитулацијата на Србија, кон крајот на 1915 година, доаѓа новата окупаторска власт на Буга-

тол Фрчкоски. Старшии подофицери биле Ефто Муратоски и Тало Цергоски. Како полицајци и стражари биле ангажирани: Ѓорѓе Тортески, Глигур Гугулоски, Петре Желчески, Борис Куцулоски, Стамат Дукоски, Лазар Чалоски, Лукан Плешка, Пане Топузоски, Павле Ѓапоски, Доксе Жикоски и Русе Бајрамоски. Сите нив ги раководел приставот — старшијата Ефто Муратоски.

Секретар, бирник бил Игне Јурукоски. Со неговото име еден од анкетираните галичани, Ефре Брезоски — Глигороски, го поврзува самоубиството на Николче — Никола Николоски. Еве што ми изјави Ефре во разговорот што го водевме во мотелчето на Царева Чешма на 28 јули 1973 година пред Деспота Бајрамоски и Ќирета Негрески: „На Николчета му било наредено од страна на Бугарите секое утро да се јавува в општина со две букарињa полни вода и да му вели Игневе Јурукоски "добро утро". Пред отстапувањето на Србите Николче бил претседател на српската општина. Кога се повлекувала

рија. Се разбира и таа воспостави во Галичник општинска управа и тоа: 1916 претседател е Мијаил Томоски, секретар и благајник Шпиро Личеноски. Павле Ажиески претседател е во 1917 година, а секретар и благајник Шпиро Личеноски. Истиве се задржаа во општината сѐ до пробивот на Солунскиот фронт во 1918 година.

По капитулацијата на Бугарија во 1918 година и по пробивот на Солунскиот фронт во Галичник одново се формира општинската управа и тоа во 1918 и 1919 година претседател е Софре Лоноски, а службеник Лазар Фрчкоски. Стамат Шундулоски претседател е 1919 и 1920 година, а службеник Арсе Бундоски. Од 1920 до 1933 година претседател е Тихомир Михаиловиќ — Крцкоски, додека секретарите се менувале и тоа: Стефо Ажиески, Васе Серафимоски од Лазарополе, Доксе Ефтоски, Трајче Чапароски. Благајници се Симон Шундулоски и Трајче Чапароски.

Во 1934 година, по катастрофалниот пораз на изборите на Тихомира Крцоски, претседател стана Илија Пангоски, секретар Трајче Пачароски и благајник Симон Шандулоски. Следната 1935 година Илија се повлече и го замени Лазар Кецкароски. Во 1936 година Илија Пангоски беше суспендиран и повторно, со декрет, поставен и Тихомир Михаиловиќ — Крцкоски. Секретар беше Владо Русески од село Требиште. Оваа управа беше на власт сѐ до капитулацијата на бивша Југославија во април 1941 година.

За време на италијанската и албанската окупација одново се формира општинската управа и за прв претседател беше поставен, се разбира без избори, Рифат Дан Цами од Дебар. Исто така и секретарот Митре Мариноски беше од Дебар. Во 1944 година, пред ослободувањето, за претседател беше поставен Арун Дејари од Тетово.

Сега ќе дадам податоци за околиската управа на Околија галичка, од 1913 до 1941 година.

1913 година околијата се вика Реканска со седиште во с. Жировница. Околиски началник е Тодор Павловиќ — Мангароски, а полициски писари Коста Јосифовиќ и Јован Мелоски. Следната 1915, за околиски началник е поставен Стојан Ѓорѓевиќ. Во 1915 година околијата се премести во Галичник и се вика „Галички срез". До капитулацијата околиски началник е Воја Игњатовиќ, а полициски писари се Жарко Лазаревиќ и Тодор Ристиќ. Од 1915 година, со доаѓањето на Бугарија, за околиски началник беше поставен Апостол Христов Фрчкоски и за секретари Данаил Димчев од с. Лазарополе и Јанко Јанков — Колоски. 1919—1920 година околијата се повлекува во Ростуше, но пак го носи името „Срез галички".

Првиот околиски началник по Солунскиот фронт е Душан Витомировиќ, а полициски писари се Драги Михаиловиќ и Тодор Ристиќ. Живко Цветковиќ за началник дојде во 1922 година. Истата година полициски писари беа Шу-

српската војска и Николче сакал да се повлече со неа, но по гаранција на Трпка Ѓиноски и Аврама Дукоски, кој бил кмет, останал и не се повлекол. Се гледа оти даденава гаранција била слаба, па Николче од страв и здодевање се самоубил".

Ефре Брезоски, раскажувајќи за времето на бугарската окупација, споменува дека и меѓу самите бугараши кои се ставиле на услуга на властите, имало извесна неслога особено за тоа како треба да се постапува со галичките србомани. Апостол Фрчкоски, како околиски началник, имал доста коректно држење кон наклонетите за српската пропаганда. И еве што кажува Ефре во таа смисла: „За да му напакостат на началникот протураат вест оти кај местото Света Петка се дојдени српски комити галичани, меѓу кои божем бил и Тодор Мангароски. Тогаш уште Солунскиот фронт не бил пробиен." (При повлекувањето на српската војска преку Албанија, со неа се повлекле и неколкумина галичани, особено оние што во време на српската окупација 1912 до 1915 се експонирале како соработници со српската војска и што биле вклучени во српската администрација во овој реон. — Р. Б.) Во таа смисла некои од бугарофилите напишале лажно писмо во кое божемните српски комити ги викаат своите на Света Петка да се видат и да им донесат тутун, јадење и друго. Писмото го фрлиле во воденицата на Кузмана, а го нашла Кузманица. Таа му го носи писмото на Глигура, но овој кога го прочитал го искинал и никој не пошол на Света Петка. Бугарофилите не се откажале од намерата и напишале уште едно писмо кое Глигор му го пратил на Софрета Лоноски — Огња-

марац и Александар Буквиќ. Таа година се изврши смена и за околиски началник дојде Драгутин Протиќ, а за полициски писари Шумарац и Алекса Китановиќ. 1924 година околиски началник е Драгутин Вучевиќ, а полициски писари Младен Чемерикиќ и Петар Јовановиќ. Следната, 1925 година, за началник дојде Петар Цониќ од Тетово, а полициски писари се Данаил Динчиќ од Лазарополе и Вујанац. 1926 година околиски началник е Груја Грујиќ и полициски писари Јосиф Јанчиќ и Петар Јовановиќ. Во 1927 година се сменуваат тројца околиски началници и тоа: Војислав Кајиќ, Владимир Вујанац и Жарко Јефтиќ. Полициски писари се: Радмило Милиќ, Бранислав Цветковиќ, Михаило Маловиќ, Драгољуб Пешиќ, Бранислав Цветковиќ и Александар Вељковиќ.

Од 1928 до 1930 година околиски началник беше Влада Николиќ, а полициски писари Младен Чемерикиќ и Александар Вељковиќ.

Миливоје Соколовиќ за околиски началник дојде 1930 и остана две години. Со него полициски писари беа Драгољуб Пешиќ, Михаило Маловиќ и Стојан Лазиќ. Од 1933 до 1935 година околиски началник е Младен Ставриќ, а полициски писар Александар Ристиќ. Јагош Вукановиќ беше околиски началник од 1936 до 1940 година. Во тој период полициски писари беа Киро Чадиковиќ и Драгољуб Вељановиќ. Последен околиски писар Драгољуб Вељковиќ.

Паѓа в очи фактот дека околиските началници се менувани, со исклучоци, секоја година, а полициските писари останувале подолго. Исто така се гледа оти за целиот тој период ниту еден околиски началник не е од редовите на населението на Галичката околија. Додека околијата беше со седиште во с. Жировница околиски началник е Тодор Павловиќ — Мангароски.

Од месното население за целиот овој период полициски писари биле само два-тројца.

новиќ. Овој го запознал брата му Филипа, кој се посомневал да не е тоа некоја ујдурма, но Софре бил тврдоглав и брзоплет и се договорил со Тодорица Мангароска, Натаилица Брезоска, со Дука Цубалески и со Галета Којчески и незнам уште со кои за да одат на Света Петка да се видат со комитиве и да им однесат јадење и тутун. Жениве зеле свеќи за да изгледа оти одат во црквичето на Света Петка, а Дуко носел два коња товарени со храна и друго.

Кога овие пошле на местото опишано во писмото, „колце", одеднаш биле опколени од бугарски војници што ги упасиле и ги спровеле сосе товари. По овој случај на ден 28. 8. 1917 година од страна на бугарските провокатори уапсени се: Дуко Цубалески, Софре Лоноски, Филип Лоноски, Гале Којчевски, Невена-Тодорица Мангароска, Наста-Натаилица Брезоска, Кузевица Режоска и Николица Николоска. Ги затвориле во куќата Анѓекоска. Тука многу ги измачувале. Дуко е тепан најмногу. Другата вечер ги задржале в затвор Софрета, Тодорица, Дука, Галета и Кузевица. Другите ги пуштиле. Таа ноќ многу го тепале Галета и на крај го врзале, откако устата му ја затвориле со крпа и ноќта го носеле со намера да го ликвидираат. Гале некако успеал да ми се отргне и да ја ослободи устата и почнал толку силно да вика што сите куќи во селото ги запалиле ламбите и излегле по пенцериња. Поради вревата што ја надал, Гале не го ликвидирале туку пак го затвориле со другите. Потоа ги спровеле во Тетово во повисоката бугарска команда каде ги држеле некој ден и ги измачувале. Командантот на бугарската војска му наредил на еден старшија да ги однесе некаде надвор од градот и да ги ликвидира. Кога овој ги спроведувал некои нивни познати тетовчани виделе во што е работата и го потплатиле старшијата со педестина златни лири, па овој ги пуштил и им рекол да се засолнат неколку дена кај пријатели, а дека тој ќе припука и ќе рапортира оти се убиени. (Според изјавата што ми ја даде Стојан Козолоски, тој бугарски старшија бил роден од Осој, а како благодарност, Софре Лоноски сѐ до неговата смрт му давал парична награда во вид на пензија). Ослободените затвореници се скриле кај Рафета од Лазарополе кој живеел во Тетово. По една недела се дојдени дома во Галичник".

Што се однесува до фрлењово писмо во воденици, во Галичник постојат три раскажувања. Првото тврди дека писмава се фрлени во воденицата на Галета Којчески, според втората верзија писмата фрлени во воденицата Режоска, а по третата верзија се тврди оти се фрлени во обете воденици. Блаже Шотароски (роден 1903 година) во разговор ми изјави оти лажните писма ги пишувале Русе Вајрамоски и Марко Плешкоски. Лазар Фрчкоски кој од 1915—1918 година работел во околиската управа во Галичник како архивар, (додека во околиската управа началник е неговиот чичко Апостол Фрчкоски, а потоа работел во општината како писар кога претседатели се Софре Лоноски — Огњановиќ и Тихомир Крцкоски — Михајловиќ — Р. Б.) ми ја потврди во сѐ верзијата за Света Петка и додаде „Во времето од 1915—1918 година, полициски бугарски прис-

тав — раководител е Ефто Муратоски. Тој е човек од доверба и не можело ништо посериозно да се стори в село без негово знаење и негово директно учество. Според тоа Ефто знае за подготовките и за провокацијата во случајот Света Петка и е еден од наредбодавателите за опколување и фаќање на испровоцираниве србомани. Дали лично Ефто учествувал во пишувањето на провокативните писма фрлени во водениците, не знам, но може да се претпостави оти е и во тоа вмешан. Иако во тоа време беше началник Апостол, тој убаво се однесуваше со србоманите, па на оваа провокација може слободно да се гледа и како на акција што носи и дел против него, за да го компромитираат. Татко ми мој, кој во тоа време работеше и живееше во Тетово, и Апостол никако не се трпеа од повеќе причини, а пред сè семејни. Без оглед на сè тоа јас не можам, а да не му дадам признание Апостолу за неговото политичко чесно држење".

Како освета за оваа провокација на галичките бугарофили што соработувале со бугарската управа, во 1918 година, по завршувањето на Првата светска војна, односно по враќањето на српската управа, во Галичник, по достава на галички србомани, српските жандари ги убиваат четворицата споменати галичани: попот Овентија Фрчкоски, Евге Ванкоски — Католикот, Русе Бајрамоски и Јаков Кољоски, син на Наќета Кољоски кој е убиен од Србите во Дебар во 1913 или 1914 година во првото српско.

Постои уверување меѓу галичаните дека уште пред да биде пробиен Солунскиот фронт од страна на сојузниците, галичките србомани што учествувале на страната на српската војска, особено кога чуле за апсењето на нивните блиски при случајот на Света Петка, направиле план за освета и список на галичките бугараши што треба да бидат ликвидирани. Според некои кажувања на списокот биле ставени над 30 галичани, меѓу кои, се разбира, и четворицата убиени.

Му се извинувам на читателот што ќе оставам на него да се помачи да напрваи оценка на виновноста на поодделните актери во овие немили настани, односно да создаде целосна слика според изјавите од поодделни анкетирани. Во таа смисла јас се обидов само да ги наведам кажувањата на сите оние што би можеле да дадат колку може поверна слика. Но пред да ги изнесам исказите на моите соговорници, ќе ја пренесам изјавата на Вено Пачоски за да се види колкав одраз во времето имале овие настани и колку закрвеноста може да биде долговечна: „Јас во 1942 година добив писмо од Софија од Братството во кое пишуваше: „Ние на тебе сметаме како на свој човек и како таков треба да го ликвидираш Тодора Мангароски". Ова писмо ми го донесе Милош од Селце кој ми беше бацанак. Потпис на писмото немаше. Писмово не го кажав никому, а и Милошу му реков да молчи за него. Во тоа време, како и по која причина не знам, Тодор Манговски нешто како да насетуваше, или што би рекле галичани „си ја имаше мувата на капата". Мене често ми се умилкуваше и во разговор ми велеше: „За убиствата

1918 година крив е Лазар Лоноски и сите лоши работи од него потекнуваат". Не е ништо чудно, Тодор да беше известен од Софија за писмото што го добив. По ослободувањето јас за ова му кажав Боневе Мангароски, посинет од Тодора Мангароски, Јордану Шандулоски, баџанак Тодоров и Милану Цинцароски. Може би сум кажал и на некои друг, но не можам да се сетам".

Дека убиствата во 1918 година биле однапред подготвени и дека некои лица знаеле за оваа подготовка, потврдува и кажувањето на Ефре во споменатиот разговор на Царева Чешма: „Дедо ми Глигур и Евге Ванкоски — Католикот, беа побратими, без оглед на политичките погледи. Во 1918 година, кога се повлекуваа бугарските војски, кај нас дома во Скопје, беа Евге Ванкоски, Јаков Фрчкоски, Ефре Дукоски, Васе Росоклиески, Васе од Селце и уште некои други што ги имам заборавено. Татко тогаш му рече Евгеве пред мене да не се враќа во Галичник зашто е за него многу опасно. Дедо имаше нешто начуено за намерата на србоманите и го убедуваше Евгета да не се враќа во Галичник, но овој не послуша и велеше: „Зошто да не одам дома ,ништо не сум сторил". Татко му советуваше да бега заедно со бугарските војски. Кога Евге остана упорен и не послуша, при разделбата татко му рече: „ми е жал Евге, што лудо ќе страдаш". Евге отиде во Галичник и навистина настрада."

Набргу по завршувањето на Првата светска војна, во 1918 година во Дебар пристигнал српскиот војвода Јован Бабунски со околу 100 души четници. Во ова време галичките србомани, раководени од Софрета Лоноски — Огњановиќ и од Тодора Мангароски — Павловиќ, испраќаат во Дебар аберџија, Глигура Глигороски, при Јована Бабунски и го молат да дојде во Галичник со својата чета. Бабунски се одзива на поканата и со целата своја дружина доаѓа во Галичник и останува неколку дена. На пречекот излегле повеќе галичани, а тој оди право в општина каде околу него се собрале на разговор поглавните србомани.

По раскажувањето на Симона Попоски и неговата жена Анѓа, сестра Десова Бајрамоски, истата вечер кога пристигнал Бабунски, у Бајрамовци дошле некои луѓе и чукале на врата. Мијаил Бајрамоски, од претпазливост не отворил веднаш, туку прашал кој чука на врата. Однадвор се јавил Мијаил Јурукоски — Зрзоски со зборовите: „Отвори, имењак, јас сум Мијаил Јурук". Кога Мијаил ја отворил вратата веднаш навлегле околу 10 души четници со Мијаила Јурукоски, а надвор останале Филип и Лазар Лоноски. Бајрамоскиве многу се исплашиле, но сепак имале извесна надеж, оти со четниците биле и споменативе галичани. Веднаш по влегувањето, го посакале Русета. Русе не бил дома туку тогаш бил избеган во Скопје заедно со бугарската управа кога се повлекла. Мијаил им кажал оти Русе не е дома, но овие не му верувале и почнале да вршат темелен претрес. Бидејќи не го нашле Русета се нафрлиле на Мијаила, го обориле на земја и со навртени штикови на пушките му викале оти ќе го направат решето ако не го извади Русета. Мијаил

бил многу исплашен, а жените и децата почнале да плачат изгласевн. По извесно време Мијаила го зеле со себе и го повеле кон Скала со намера да го ликвидираат. Но по нив тргнала целата фамилија и почнале да плачат и да викаат колку што ги глас држел. На патот близу Укален потворно го обориле Мијаила и почнале да го мачат за да каже каде е Русе. Кога и самите се увериле дека Мијаил нема што да каже, го вратиле назад и го однесле право в општина. Присутните галичани ништо не помогнале за да му ја олеснат положбата на Мијаила.

В општина го задржале цела ноќ. Пред некој ден дојден бил дома од Скопје и Евге Ванкоски — Католикот, па истата ноќ и него го упасиле и го составиле заедно со Мијаила. Другиот ден двајцата врзани ги повеле кон Пеш и дошле до Дупен Камен. Овде подзастанале и тогаш од село дотрчал Лазар Цубалески и тука ги завтасал. Лазар почнал да се расправа со четнициве, а присутен бил и Тодор Мангароски — Павловиќ. Со четниците бил и нивниот војвода Јован Бабунски. Лазар му рекол Јовану: „Каде ги носите овие чесни луѓе? Јас со целата своја фамилија гарантирам за нив и барам да ги пуштите". Бабунски по расправијата со Лазара се согласил па ги пуштил Мијаила и Евгета да си одат дома, а притоа Мијаил дал ветување дека ако дојде Русе веднаш ќе јави в општина. Во тој момент, во расправијата Тодор му рекол Лазару: „Што се бусаш ти толку, ако беше прав Србин ќе беше на Солунски фронт". Но како и да е, благодарејќи на Лазаровата интервенција, сè се свршило донекаде добро.

Русе Бајрамовски во Скопје чул за овие незгоди што ги доживеал Мијаил и неговото семејство и се решил да дојде дома во Галичник. Кога домашниве го виделе на врата многу се исплашиле, а Мијаил му рекол: „Зошто си дојден. Од мене зедоа клетва да те пријавам". На тоа Русе му одговорил: „Јас сум чист во сè, а ако сум за нешто крив, нека ме извадат на суд и ќе одговарам".

Со Русета се вратиле и Овентија Фрчкоски и Јаков Колоски. Трајче Чачески и Марко Плешкоски се повлекле во Софија.

Кога Мијаил јавил, со согласност Русева, дека е Русе дојден дома, кај Бајрамовци дошол лично околискиот началник. По годолг разговор му рекол Русеве: „Седи дома слободно, само секој ден да се јавуваш во началството". Поради таквото држење на околискиот началник, Бајрамовци се поослободиле, ама не сосема. Русе подолго време секој ден се јавувал во околијата и така дошло еден ден да не се врати дома. Домашниве се исплашиле и почнале да се распрашуваат. И другиве двајца, попот Овентија и Јаков Колоски, секој ден се јавувале во околијата, но истиот ден кога Русе не се вратил дома и нив двајцата ги снемало.

Предвечер истиот ден дошол кај Бајрамовци Глигур Гугулоски и им рекол: „Дајте ми нешто за јадење за Русета и нешто за покривање оти ќе биде задржан во началството, а од утре сами да му носите јадење".

Всушност, Русе, Јаков и Овенитја истата ноќ биле однесени во местото Францола, во красјето помеѓу Трпченица и Кофилковица и тука биле ликвидирани. Нивните семејства без да знаат оти се отепани подолго време носеле јадење во началството мислејќи оти се нивните таму. По неколку дена, за да го закрие злосторството, власта залепила плаката на црквата во која пишувало оти тројцава избегале и дека се бара да се пронајдат.

На домашните на Русета кога ја прочитале плакатата, работата им станала сомнителна и почнале да се плашат. Набргу повторно го зеле Мијаила, но домашните не знаеле каде го чуваат. Во првата наредна недела, Мијаилица го праќа Деса Бајрамоски пред црков да го пречека Тодора Мангароски и да го замоли да им каже што е со Мијаила и со Русета. Деспот го пречекал Тодора и му го кажал тоа што го подучила баба му Мијаилица. Тодор Мангароски на тоа му рекол: „Дојди после кај тетка ти Јофка, сè ќе ти кажам". Деспот уште му рекол: „Овците наши се уште в планина, нема кој да ги потера. Те молиме барем деда Мијаила пуштете го". Кога отишол Десо у тетка му Јофка, Натаилица Дирлеска, прва комшија Тодорова, дошол и Тодор и му рекол: „Мијаил е в затвор во Дебар, а за Русета не можам ништо да ти кажам. За да го ослободат Мијаила ми треба 50 лири злато за да ги потплатам во Дебар". Старава Мијаилица, таа најарно знае како, собрала 50 лири злато, а Деспот му ги однесол Тодору Мангароски. Притоа Тодор му рекол: „За оваа работа никому ништо да не кажуваш, зашто е многу опасно."

Другиот ден откако веќе му дале Тодору 50 лири Мијаил си дошол дома но без Русета. Мијаилица сè му раскажала, а Мијаил вчудоневиден им рекол на домашните оти не бил во Дебар затворен, туку го држеле во манастирот Свети Јован Бигорски. И покрај платениве пари, таа зима Мијаил бил чуван во домашен притвор, а овците ги потерал Десо заедно со стадото на Милоша Јурукоски на зимување. Мијаил бил надгледуван од жандарите, бидејќи го познавале како смел човек и се плашеле да не им избега, зашто Мијаил прв пат кога Русета го зеле, ноќе отишол преку Скала во Тетово, во француската легација на поплака и од тој момент во Галичник се престанати ѕверствата.

Русе Бајрамоски, Овентија Фрчкоски и Јаков Колоски во општо не се пронајдени, ниту од домашните погребани. Најден е само Евге — Католикот од козарот Рамко, во крастите помеѓу Долна Нива и Кофилковица, отепан и нешто подзатрупан со камења.

За овие убиства јас се распрашував и во околните села, бидејќи Ранко козарот е од поодамна умрен. Демири Саде од Ростуше ми изјави: „Ние во Ростуше чувме за овие убиства. По некое време над месноста Францола најдени се од ростушани искинати алишта и една попска мантија распарталена. Сите во Ростуше се почудивме за тие ѕверства, зашто ние Галичник го знаевме во друга светлина и многу го ценевме и почитувавме."

За истата работа Крсте Кудузоски ми изјави: „Една вечер, во 1918 година се враќавме од Дебар јас и вујко ми Смиле Калачоски. Во темниот мрак бевме дојдени помеѓу Горна и Долна нива под Скала. Одеднаш ни излегоа четири жандари и ние многу се исплашивме ,а и на жандариве им беше многу незгодно. По вообичаеното добровечер, нѐ прашаа кај сме биле, а кога им кажавме оти си идеме од Дебар и тие се подослободија и заедно, без муабет, дојдовме в село и се разделивме. Утредента чувме оти таа ноќ е убиен Евге Ванкоски и дека го пронашол Рамко козарот. Ние со вујка си ја поврзавме оваа работа со појавата на жандарите".

Рамко козарот знаел каде се убиени и другите тројца, но не смеел никому да каже, а во првото време велел: „Зошто прашате за таа работа, чуму ви е, немојте да шчутите, поарно е да си молчите; било што било, не се враќа назад". Петре Плешкоски ми раскажа: „Рамко козарот едно време мене лично ми кажа оти кога ги носеле по Укален тројцава за ликвидирање, по нив, на извесно одстојание одел Тодор Мангароски — Павловиќ. Рамко имал тој ден изгубено неколку кози и бил во Кофилковица да ги бара, па лично го видел Тодора како оди по спроводов. И Тодор го видел Рамка и го застрашил со зборовите: „Ако некому кажеш оти си ме видел и тебе ќе те најде истава судбина". Петре ми рече оти со Рамка биле добри пријатели, па воделе и поверливи разговори. Петре верува оти Рамко сигурно има и на други кажано.

За настаните од 1918 година еве што ми изјави Васе Томоски: „Ние како млади печалбари од 1928 до 1931 година работевме во Белград. Во близината на нашето живеалиште, еднаш се запознавме со еден постар пензионер. Тој дознал оти сме ние галичани и еден ден ни пријде и почнавме да водиме разговори. Овој пензионер, нажалост му го заборавив името, покрај другото ни раскажа и за убиствата во Галичник во 1918 година и рече дека тој тогаш бил жандар и бил еден од директните учесници во извршувањето на овој злостор. Тој многу убаво се сеќаваше и за имињата на убиениве, а посебно за попот Овентија и за Евге Католикот. Тој дури ни кажа и за местото каде го убиле Католикот, како тој што рече, горе над Јанче. (Навистина ова место е над Јанче — Р. Б.) Тој исто ни кажа оти над него по ликвидирањето клале и еден голем камен. Кога видовме оти вистина ја знае целата работа, го прашавме да ни каже кој издал наредба за тие убиства. Тој, сосема отворено и категорички ни рече оти за убиствата наредба издале Софре Лоноски, тогашен претседател на општината и Тодор Мангароски — Павловиќ.

За сличен случај, а можеби и за истиот човек, се однесува и искажувањето на Лазар Бркоски: „Во Белград, мислам дека беше 1922 година, случајно во мојот дуќан се запознав со еден човек кој се викаше Живко. Србин беше. Во разговор ми рече оти бил жандар во Галичник во 1918 година и дека бил еден од извршителите на познатите убиства. За тие убиства се виновни Лоновци и Тодор Мангароски, а во тоа има извесно мешање и Мирче Цубалески, татко му Васев што избега по ослободувањето во Америка".

Пред да дадам општа оценка за настаниве во 1917 и 1918 година ќе го наведам искажувањето на Лазар Фрчкоски кое воглавно се поклопува со кажувањето и на Ѓорѓета Кежароски: „Кога дојде Јован Бабунски со четниците во Галичник, беше одреден на конак у Трпка Ѓиноски. Овде бил убаво и домаќински пречекан, и Бабунски бил многу задоволен. Утредента Тодор Мангароски му однесе список со околу 30 испишани имиња на галичаните кои по неговиот критериум требало да бидат ликвидирани како големи бугараши. Присутен бил во тој момент и Данаил Фрчкоски. Во списокот биле и Каре (Каража) Ѓиноски (според Ѓорѓе Кежароски во списокот бил и Трпко — Р. Б.) и Данаил Фрчкоски. Кога го прочитал Бабунски списокот, му се изнавикал Тодору со зборовите: „Зарем и мојов домаќин Каража е за ликвидирање. Овие многу добри домаќини, ако се такви, зошто ме одредивте кај нив на конак?“ Во тој момент Бабунски го искинал списокот и му рекол Тодору: „Дајте ми вистински виновници, а не овие чесни луѓе“. По овој себап не е извршен така масовен покољ како што од некои било испланирано.“

*

Сѐ до 1912 година иако и дотогаш била силна пропагандата во Галичник и од Србите и од Бугарите, не се ни сумени такви пресметки меѓу галичаните какви што се опишаните во 1917 и 1918 година. Сѐ дотогаш Галичник живее како една мошне компактна целина, како едно големо семејство. Нема црни дамки во своето минато со векови назад. Галичник и галичаните, како што се гледа од целиот труд, имале разни тешкотии и доживеале не малу тешки и кобни времиња, ама тие биле предизвикани од туѓи и надворешни елементи на кои Галичник им давал секогаш здружен и заеднички отпор. Ако се има предвид галичката меѓусебна поврзаност по родови, сојови и роднински испреплетености, не е чудно што во овој период од 1912 до 1918 година цел Галичник е разнишан и потресен поради појавата на меѓусебно физичко пресметување до вршење убиства поттикнати и потхранувани од двете еднакво мрачни пропаганди на српските и бугарските хегемонисти.

# ГАЛИЧНИК ПОМЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ (1918—1941)

Периодот помеѓу двете светски војни, од 1918 до 1941 година за Галичник, како впрочем и за Македонија во целост, а и за Југославија, е од особено значење. Со создавањето на новата држава, кралевината на Србите, Хрватите и Словенците, која покасно се нарече Кралевина Југославија, се извршени многу крупни и значајни промени кои најнепосредно влијаеја врз начинот на работењето и живеењето на населението во оваа земја, а особено во Македонија, па според тоа и на свој, специфичен, начин, тоа се одрази и врз развитокот и животот на Галичник и на галичаните воопшто.

Со создавањето на старата Кралевина Југославија се изврши уште едно распарчување на територијата на Македонија. Беше извршена уште една поделба на нејзината територија. Во текот на самата Прва светска војна една од главните причини за определбите за присоединување кон овој или оној воен сојуз што го направија балканските земји, Србија, Бугарија и Грција, беа и ветувањата што беа дадени за добивање на што поголема територија од Македонија. Војната заврши и секоја земја доби по едно „свое" парче, со кое можеби беше задоволна или незадоволна, но, го доби својот дел. А Македонија беше уште еднаш расчеречена, распарчена. Овој факт бездруго многу значеше за идниот развиток на македонскиот народ во целост. Тоа беше акт на уште едно ново поробување и од македонскиот народ бараше одново да влезе во тешка и полна со самопрегор и жртви борба за свое национално ослободување. Тој беше единствениот европски народ кој ни во дваесеттите години на дваесеттиот век не се здоби со своја национална слобода.

Новата поделба на Македонија и новите граници што беа создадени по формирањето на стара Југославија, на македонскиот народ, покрај национално поробување, му донесоа и крупни економски штети и загуби. Со распарчувањето на економската целост, некои региони на Македонија беа вештачки разделени со границата и не можеа економски да се развиваат така како што природните услови им овозможуваа. Тоа особено тешко се одрази на скопскиот, битолскиот, гевгелискиот, струмичкиот, егејскиот и пиринскиот регион воопшто. Новата поделба, многу негативно се одрази и врз економскиот развиток на Галичник. Како што на читателот

веќе му е познато, главното, основното, занимање на галичаните во минатото беше сточарството. И тоа еден специјален вид на сточарство — номадско. Бројните стада овци и ергелиња коњи преку летото пасеа на пространствата на Бистра, Стогово и Кораб, а преку зимата тие се преселуваа во топлите јужни краеви на Македонија, пред сè во Солунско поле. Сега, со создавањето на новата граница, исцело беше оневозможено стадата овци и коњите од Бистра во зимските месеци да престојуваат во Солунско поле. Тоа, се разбира, многу штетно се одрази врз сточарството во Галичник. Оваа гранка почна многу брзо да пропаѓа. Бројот на овците и коњите рапидно се намали. Многу галичани што се занимаваа со сточарство, се разбира оние посиромашните, беа принудени да бараат други начини за работа за да можат да ги прехранат семејствата. Главно се определуваа за печалбарство. А и што можеа друго? Тие немаа никаков занает.

Овчарството почна брзо да опаѓа уште во време на балканските, па се разбира, и во време на Првата светска војна. Нема повеќе сточари кои би имале по 12 000 и повеќе овци, по 250 или 300 глави коњи во ергелињата. Најзаможните сточари во ова време имаа само по 5—6 илјади овци и по 30 до 50 коњи. По Првата светска војна во Галичник вкупниот број се движи околу 80 илјади овци и околу три илјади коњи. Најголем број се ситни сточари, кои имаат по 100 до 300 грла овци и тие не можат да ја издржат конкуренцијата, не можат да се одржат поради ниските цени на сточните производи и тешките услови за стопанисување и сè повеќе се ориентираат кон печалбарството. Најнапред, доколку е семејството побројно, еден дел од машките членови останува да се занимава со овците и коњите, а другиот дел, пак, оди на печалба, за да можат да го издржуваат семејството. Печалбарите им помагаа на своите што се занимаваа со овците во време кога требаше да се набавува добиточна храна, а сточарските производи кога уште не беа продадени. А сточарите пак ги помагаа своите блиски, членовите на семејството што се наоѓаа на печалба, откога ќе ја продадеа волната, сирењето и месото. Но, поради стопанската криза што ја зафати стара Југославија, а особено Македонија, во тешка положба се најдоа и сточарите и печалбарите, па стоката сè повеќе се продаваше и бројот на печалбарите стануваше сè поголем.

Печалбарството отсекогаш било тешко, и не случајно се испеани многубројни народни песни кои го проколнуваат „тој прв што појде на печалба“. Во условите што беа создадени со формирањето на стара Југославија печалбарството воопшто и особено за галичаните стана уште потешко. И тоа од две причини:

Прво, со создавањето на новите граници се создадоа големи тешкотии да се добиваат пасоши за одење во друга земја, особено за оние што работале во Бугарија, па и во други земји. Поради тоа еден број од печалбарите галичани останаа таму каде што се наоѓаа кога заврши Војната. Тие или не сакаа или не можеа да се вратат во Галичник. Повеќето од нив по извесно време ги префрлија и сво-

ите семејства во тие земји и, на тој начин, започна еден многу силен бран на иселување од Галичник. Иселувањето на цели галички семејства не се врши само во други земји. Поради тешките услови за печалбарството некои галичани ги иселија своите семејства и во градовите што се наоѓаа во границите на стара Југославија. А тоа пред сè се однесува на Гостивар, Битола, Штип и особено Скопје. Откако се намали можноста да се оди на печалба во подалечни земји, голем број галичани почнаа да бараат работа во границите на Југославија. Во тоа време сè повеќе галичани почнуваат да одат на печалба и во Белград каде што пред почетокот на Втората светска војна работи голем број печалбари.

Оваа ориентација на печалбарење во границите на стара Југославија, можеби го ублажи, но не го намали иселувањето. Во овој период бројот на семејствата во Галичник опаѓа од 800 на 650. Овие и подоцнежните промени, што се случија во нашата земја, окупацијата и Војната, извршија пресудно влијание врз економската и социјалната положба на Галичник, чија последица беше масовно иселување. И, од ова време по бројот на жители Галичник постојано опаѓа со тенденција кон целосно иселување.

Второ, условите на работа на печалба во овој период се влошуваат. Тешката положба во која се најде стопанството во стара Југославија, а и во некои други земји во кои работеа галичани, како што се на пример, Грција, Романија, Египет и други, влијаеше да се отвораат разен вид работилници и продавници, во најголема мерка млекарски, но со многу мал обем на работа. Се појавија голем број ситни печалбари, кои и инаку беа сопственици на некоја работилница или продавница, одвај преживуваа. Поради тоа во уште потешка положба се најдоа оние галичани кои немаа никакви средства да отворат свој дуќан, туку работеа како наемници кај другите што имаа некоја мала продавница или работилница. Условите под кои работаа беа многу тешки, може да се каже невозможни. Работеа и по 18 часа дневно, а заработувачката беше многу мала. Овој факт на масовно осиромашување на галичаните и создавањето на сè поголем број работници, пролетери, имаше многу големо значење за идните политички определби на галичаните. И не само определби, туку тоа укажа влијание и за нивното активно вклучување во прогресивните и револуционерните акции што се водеа и во земјата и во самото село. Поради ваквата положба, тешкиот живот и експлоатацијата, галичаните, особено помладите, почнаа сè помасовно да стануваат симпатизери на прогресивните движења, да се поврзуваат со напредните синдикати, пред сè со УРС, кој беше под влијание на Комунистичката партија на Југославија, па во последно време и непосредно да се поврзуваат и да бидат вклучени во самите акции на КПЈ.

Веќе видовме колку тешки последици врз животот на галичаните и врз состојбата на селото имаше влошувањето на економската и социјалната положба која беше создадена по формирањето на стара Југославија. Но, тоа треба особено да се истакне, многу



Галичник по ослободувањето



Група галичани во Солун, снимани при крајот на 19 век



Група печалбари од Галичник во Египет



Група младинци на излет во црквата „Света Петка" — прв од лево стои Ристо Дукоски кој овие форми ги користеше за политичка активност.



Галички младинци на печалба во Белград — на сликата лево стои авторот



Галичка група на печалбари во Букурешт — снимена 1913 година



Д-р Милош Јаковлевиќ со својата сопруга Одет, по потекло францускиња, член на президиумот на АСНОМ



Борис Контевски — пионер, кој за цело време во НОВ врши многу значајни курирски и други дејности за време на Покретот.



Борис Канчески — еден од најстарите комунисти во Галичник. Многу активен во целиот гостиварски реон како и меѓу скопската интелигенција. Умрел 1947 година



Ристо Раваноски — истакнат предвоен синдикален активист и комунист. Умрен 1943 година како последица од големите малтретирања на Бугарската полиција.



Тошо Поповски — пред војната исклучен од сите школи во Југославија поради комунистичка активност и прв секретар на формираната ќелија на КПЈ во Галичник во почетокот на 1942 година.



Глигур Брезоски — погинат како партизан 1944 година



Данило Граоркоски — погинат како партизан 1944 год.



Томо Черепналкоски — погинат во борбите во Кичево 1944 година.



Аврам Писески — погинат во НОБ 1944 година, член на СКОЈ од 1941 година.



Генерал потполковник Тихомир Шаревски, Ванчо Бурзески, народниот херој Чеде Филипоски — Даме и авторот Ристо Бужароски сликани во село Вранештица.



Народна веселба во Галичник после одржаниот митинг во август 1944 год.

Вангел Чукалески — командант на Прва македонска ударна бригада говори на митингот во Галичник, август 1944 година.











Авторот Ристо Бужароски како заменик командант на Прва македонска ударна бригада сниман во село Радолиште

Група борци на Прва македонска ударна бригада во Галичник 1945 година

Тошо Поповски како комесар на бригада со штабот на Прва кичевско-дебарска допунска бригада.

Тодос Шушлески, Симон Камилоски и Ѓоко Крцкоски — храбри борци и раководители од Прва македонска ударна бригада во ослободениот Охрид.













Во ослободен Гостивар — прв од лево Тодос Шушлески комесар на чета со група борци од Прва македонска ударна бригада.

Ристо Бужароски на коњ — како заменик на командантот на Втора македонска бригада и комесарот на бригадата Тошо Атанасоски на Сремскиот фронт.

Тодос Шушлески со група борци на Сремскиот фронт со заробен германски тенк.

Група борци во ослободениот Охрид — меѓу нив стои Круме Контески — политички комесар на третиот баталјон на Прва македонска ударна бригида.

Група борци на Втора македонска ударна бригида на Сремскиот фронт.

Полагање на венци на споменикот во Галичник.

Првоборците во Галичник при откривањето на спомен плочата на илинденецот Пејчин Томоски првиот претседател на Народноослободителниот одбор — во средината сопругата и ќерката на илинденецот, учесници во НОБ.







На далеку познатиот галички кашкавал

Јагниња пред бачило

На прекрасните пасишта на Бистра







Група галичани во посета кај Едвард Кардељ

Лазар Колишевски во посета на Галичник





Посета на Петар Стамболиќ на бачилото „Смрека“

Родољуб Чолаковиќ во посета на Галичник





Ристо Бужароски со својата сопруга Ана Бужароска во својот сакан Галичник

Галичка свадба — невестата





Галичка свадба



„Тешкото“— во изведба на галичка играорна група

силно влијание врз политичкото расположение на галичаните имаше и грубата, безмилосна големосрпска буржоаска политика што се водеше во стара Југославија спрема работните луѓе и народот воопшто, а особено спрема Македонците. Трагичните настани што се случија во Галичник веднаш по завршувањето на Првата светска војна, крвавата пресметка со определен број селани, за што стана збор порано, застрашувањето и невиденииот терор што се вршеше врз народот, вонредно силно се одразија врз расположението на населението спрема новата држава и новиот режим. Наместо смирување и спокоен живот, што се очекуваше да настане по тешките војни, прво балканските потем Светската, новата држава донесе неспокојство и несигурност, страв за голиот живот и за егзистенцијата. Најголемиот број од населението не беше сигурен што ќе му донесе следниот ден. Таа несигурност отиде дотаму што беше овозможено, зашто не биле преземени соодветни мерки, разбојничката и плачкашката банда на Кањош Елези, да го нападне селото Галичник, да го пљачка и тероризира. И така новата, големосрпската Југославија, на Галичник му донесе пожари, грабежи, убиства, претепувања и киднапирање на десетина лица за да платат определена уцена. На тогашната власт, по сѐ се чини, дека ѝ одговараше една ваква состојба на страв и несигурност, за да може со преземаните репресалии да го држи народот во покорност и во мирно ропство. Па дури власта е рамнодушна и спрема акциите на разбојничките банди, како што е споменатата на Кањош Елези. Има дури индиции дека постоела и некаква врска меѓу овој разбојник и самите власти во Ростуше. Било како било, кога во Галичник, од страна на сточарите и селаните воопшто е поведена акција за да се собираат пари за семејни, кои би го штителе селото од плачкашките банди, тогашниот, а и вечитиот претседател на општината во Галичник, Тихомир, како тогаш што се презиваше Михајловиќ, односно Крцкоски, изјавил: „Ма какви сејмени, зарем со нивното организирање да ја срамиме српската власт и кралевината. Таа е силна и ќе го заштитува нашето село. „Но истата 1920 година бандата на Кањош Елези го нападна, опљачка и го опустоши селото. Новата власт не го заштити селото. Многу е интересно да се напомене дека во текот на пљачката што беше вршена во време на нападот на Галичник од Калошовата банда ни една куќа, освен на Лазар Цубалески, која им припаѓаше на србоманските семејства, не беше опљачкана. Не беше нападната и ограбена ни куќата на тогашниот претседател на општината Тихомир Крцкоски, кој толку самоуверено говореше дека селото ќе биде заштитено.

Сите овие и други настани и создадената положба со формирањето на новата држава и новата власт, по Првата светска војна, им ги отвори очите на галичаните и тие можеа најочигледно да се уверат дека со завршувањето на Првата светска војна и со создавањето на кралството на Југославија народот не беше ослободен, но напротив дека потпаднал под ново ропство. Беше сменет само господарот. Методите на поробувањето останаа исти.

Само две години по создавањето на новата држава и власт галичаните на многу драстичен начин сознаа дека божемното ослободување од дотогашниот безобѕирен големобугарски окупатор, всушност беше нова тешка окупација, создавање на држава и режим кој ќе врши грубо и тешко национално угнетување и социјална експлоатација. Тежок и драматичен пример кој тоа веднаш го покажа беа познатите политички убиства што беа извршени во Галичник. Некои постари селани говореа дека дури и османлискиот поробувач, што владееше пет векови, на Галичник не му донесе толку човечки загуби и жртви колку што му донесе само во една ноќ новата власт. Со такви крвави пресметки и уништувања што го направија новите „ослободители“ во периодот од 1918 до 1920 година, Галичник беше во црно завиен, тешко погоден, но и трагично поучен што во својата суштина претставува новата кралевина. Ваквото сознание до кое дојде населението во Галичник за вистинската природа на новата власт овозможи према неа соодветно да се однесува, а тоа значи, со резерва и недоверба, да ја сфатат како туѓа, а не своја. Сосема мал број луѓе се ставија во служба на режимот и беа застапници на големосрпската концепција на новата власт. Исто така сосема е мал бројот на оние галичани кои сметаат дека враќање на бугарската власт би значела подобро решение. Најголемиот број на галичаните, стануваат свесни дека треба да се бара трето решение: ни големосрпско ни големобугарско, туку свое, македонско. Затоа со право може да се каже дека во овој период настанува најголемото и најзначајното политичко и национално диференцирање на галичаните, или подобро речено, ослободување и дефинитивно раскинување со последиците на поранешните пропаганди, како со големобугарската, така и со големосрпската. Овие сознанија многу силно ќе влијаат врз идните политички определувања на населението од Галичник. Така почна да расте и да се развива напредното национално и социјално гледање на галичаните.

Во колкава мера беше раширено разочарувањето на галичаните од новата власт најдобро може да посведочи и фактот дека и некои чесни жители на Галичник кои, поради овие или оние причини, се чувствувале дека по националност се „Срби“ и кои учествувале како војници, борци, во Светската војна — беа незадоволни и револтирани со она што го донесе новата власт. Такви се на пример Тодор Димитриевиќ-Лепчески, Коста Јосифовиќ-Мангароски, Ристо Огњановиќ-Лоноски, Милош Јаковлевиќ-Брмбалески и други. Тие, всушност, се прогресивни интелектуалци. Јавно ја напаѓаат новата власт и државната управа. Тие постојано истакнуваат: „Го излагавме овој народ.“ Бездруго и тие самите биле измамени, зашто очекувале нешто што било нереално. Овие свои незадоволства тие ги искажуваат и во писмени протести упатени до некои раководители на новата држава, но, се разбира, без никаков успех.

Во подолгиот разговор што го водев со Тодор Димитриевиќ, кој живее како пензионер во Белград, а кој заземаше истакнати политички функции во стара Југославија, како во Демократската

партија, така и во Здружението на учителите на Југославија, покрај другото, ми рече: „Увидовме дека беше голема заблуда да чекаме некаква слобода по победата на сојузниците. Каква била таа слобода најдобро сведочат злоделата што беа извршени над нашиот убав Галичник во периодот 1918—1920". Тој е инаку уште 1921 година носител на листата на Демократската партија на парламентарните избори. „Да, вели Тодор, јас бев со српски погледи, бев во редовите на четниците 1912 и 1913 година, бев борец во познатата воена единица „1300 каплари", во која беше исто така и загина мојот најдраг другар Душан Јаковлевиќ-Брмбалчески, но не бев за таква Србија која ќе го замени поранешниот окупатор. Извојуваните победи на нашиот народ не му донесоа никаква слобода, народот беше измамен и затоа јас не бев за таква власт".

Со оглед на големината, но и поради значењето што во историјата го имал Галичник, поради неговото влијание врз пошироката околија, новата власт се погрижи да му посвети на ова село „специјално внимание". А тоа всушност, значеше да се организира така за да може исцело да ја контролира ситуацијата во Галичник. За таа цел беа преземени неколку одделни мерки. Прво требаше да се најде човек кој ќе биде претседател на општината, но таков кој исцело, без резерва, верно ќе ѝ служи на новата големосрпска, угнетувачка власт. Тој човек беше најден. И беше извршен добар избор. Верен и доследен слуга на големосрпската угнетувачка власт. Тоа беше Тихомир Михајловиќ-Крцкоски. Тој е брат на војводата Доксе Крцкоски, кој се бореше во редовите на српските четници. И живее од неговата слава. Но, се разбира, повеќе од својата готовност да стори сè за новата власт. И овој човек, со исклучок на еден период по 1934 година, е постојано раководител на власта во селото, сè до окупацијата од страна на Италијаните 1941 година. Па и дури и тогаш се става во служба на окупаторот. Тој човек има извршено низа незаконити акти и самоволија во однос на голем број галичани, особено на оние што не го подржуваа него и беа недазодоволни со новата власт. Обвинувачки и тежок е случајот што ми го раскажа Гапевица Чапароска. Таа вели: „Јас останав вдовица со две мали деца токму по вина на Тихомира Крцкоски. Тој се направи поголем Србин од српскиот околиски началник во Ростуше. Началникот ми дозволи да добијам пасош и виза за Софија за да го донесам мажот дома. Тихомир се спротивстави. И јас поради него не можев да појдам во Софија за да може да дојде со мене, а не беше дошол 6 години. Јас не отидов. Мажот тамо остана и по извесно време го прегази трамвај и тој умре . . ."

За илустрација ќе наведам и еден пример што се случи со мене. Тихомир според политичката определба на некои луѓе им овозможуваше да не служат војска. А некои пак, како што стана со мене, своеволно, без воен позив, ги испраќаше на вежба. Така јас, само два дена пред мојата свадба во 1939 година, добив покана „под итно" да одам на војна вежба во Кичево. Поканата ја добив во петок попладне, а свадбата требаше да биде во неделата. Немаше

како, морав да заминам. Заедно со Паре Бошнаковски и Ило Цубалески отидов во Кичево. Во саботата изутрина се јавив во командата на полкот и им ја изложив целата ситуација. Командантот ги погледа документите и ми рече: „Оди си назад дома, момче, и слободно жени се. Ние воопшто не сме те поканиле на вежба. Тебе те испраќа, не знам поради какви причини, вашиот претседател на општината. Кога ќе биде потребно ти ќе добиеш покана од нас".

Овој е само еден мал пример на разни самоволија и пресии што ги вршеше вечниот претседател галички и верен слуга големосрпски, столб на угнетувачкиот режим на стара Југославија во Галичник.

Но, се разбира дека самиот претседател не беше доволен да го држи селото под контрола. Режимот се обезбедуваше и на други начини. Најефикасниот беше секако преку жандармеријата. Токму затоа во Галичник беше лоцирана жандармериска станица со поголем број жандарми, за да може навистина целосно да се обезбеди полициска контрола. Колку внимание ѝ посвети режимот на жандармериската станица во Галичник, се гледа од фактот што изгради нова зграда за станицата и таа беше поставена над самото село, со широк видик на, речиси, сите куќи од селото. Слободно може да се рече дека визуелно беше обезбедена беспрекорна контрола на секоја куќа и на секакво движење во селото. Освен тоа во месноста Царева Чешма беше лоцирана уште една испостава на оваа галичка станица за да може да се контролира планината Бистра. Карактеристично е да се напомене дека режимот водеше и особена сметка за изборот на командирите на жандармериската станица во Галичник. Да го наведам примерот само со командирот кој беше на должност во годините до почетокот на Втората светска војна. Тој беше Филип Ајдачиќ. Порано бил на должност во источна Македонија и учествувал во масовните убијства што се вршени на населението од овие краишта под изговор на „гонење на бугарски комити". Тој често се фалеше како фрлиле живи луѓе во варници. Овој Филип Ајдачиќ во време на Народноослободителната војна е капетан во четничките единици на Дража Михаиловиќ, непосредно учествува во колежот на група заробени болничарки и партизански раненици во Босна, за што станува збор во Дневникот на Владимир Дедијер. Народната казна сепак не ја одбегна. По завршувањето на Војната е фатен, суден од народниот суд и стрелан.

Општата слика на економската, социјалната и политичката положба на Галичник, која во најкратки црти се обидов да ја дадам, во времето по создавањето на новата држава, Кралевина на Србите, Хрватите и Словенците, би сакал со неколку збора да ја дополнам и со определените прогресивни промени што настанаа во овој период во начинот на живеењето на населението во Галичник. Познато е дека галичаните, поради фактот што оделе на печалба или со стоката во градски средини или во економски, културно и социјално понапреднати општества, определен начин на живеење пренесувале во самото село, така што, иако Галичник бил типично селска на-

селба, во неговиот целокупен начин на живеење имало и многу градски елементи. Оваа еманципација уште позабрзано се развива токму во овој период за кој станува збор. Еве неколку илустрации.

Уште во 1927 година во Галичник се воведуваат приватни телефони по домовите. Воведени се 7 броја. Еден од сопствениците на приватен телефон е и сточарот Ѓино Лаќински. Уште порано говорев дека галичката жена играла многу значајна улога во животот, и во семејството и во селото. Таа е многу почитувана и ценета, но тоа и го заслужува зашто не само што е столб на домаќинството, туку е и активен учесник во сè она што е прогресивно. Таа е активен учесник во сите борби што ги води македонскиот народ, а во кои видно учество има и Галичник. Таа дури и во најстарите времиња е член на мијачкиот совет. Тргнувајќи од желбата да се внесува новото и прогресивното и во самото домаќинство, исклучиво по иницијатива на самите галичани, во 1936 и 1937 година во Галичник е отворен курс за млади девојки. Вложувајќи сопствени финансиски средства, селаните успеаја да донесат две учителки од Лесковац, Србија, за да раководат со курсот. Низ курсот поминаа над 150 девојки. Девојките беа поддучувани за современо готвење на јадења, одржување на домаќинствата, за хигиената и слично. Одделно е организиран и курс за кроење и шиење. Овие курсеви несомнено влијаеја не само за современо водење на домаќинствата во Галичник, туку и за еманципирање и на самите учеснички младите девојки, за ширење на нивниот поглед на светот околу себе.

Не треба да се заборави и фактот дека во Галичник во целиот овој период има лекар, дека постои организирана амбуланта, дека постои здравствена задруга, која располага и со најнеопходни лекови во својата аптека.

Голема сметка се води за изградување на хигиенски чешми за вода. Почнува да се гради селски водовод. Уште од порано еден многу богат галичанец изгради водовод за себе и за своето маало.

И уште нешто, што е од големо значење. Тоа е ориентацијата на галичаните, доколку им дозволуваат можностите, своите деца да ги школуваат. Токму поради тој факт и во минатото и во најновата историја Галичник давал голем број интелектуалци — научници, уметници, просветители, истакнати дејци што си го најдоа заслуженото место во историјата на македонскиот народ. Па и така и во периодот помеѓу двете светски војни голем број галички младинци и младинки се школуваат во Скопје, Белград и во други градови. Овие младинци во овој период ќе изиграат значајна улога и тоа не не само во културниот и научниот развиток, туку и во развојот, ширењето и организирањето на влијанието на комунистичките идеи, во активноста на Комунистичката партија на Југославија. И тоа како во самото село, така и во средините во кои учеле и живееле.

Поради сето ова може да се каже дека Галичник во овој период претставува не селска, во лоша смисла на зборот, назадна, конзервативна, населба, — туку напротив, таа е една развиена современа средина која е доста информирана и политизирана. За тоа

најдобро сведочат зборовите на Луј Адамич кој, по својата посета на Галичник е просто изненаден, па вели: „Галичник е можеби една од најкосмополитските населби на светот. Зборувајќи со мажите разбрав за работи што се случуваат во Грција, Италија, Австрија, Шпанија итн. Многу прашања од социјалните, економските и политичките услови за кои говореа, ми изгледаа идентични со оние што можат да се најдат во еден просечен европски весник или списание.“

Еве уште две искажувања со кои сакам да ја потполнам општата слика на состобјата во Галичник во периодов за кој станува збор.

Саво Вукановиќ, кој меѓу двете светски војни беше началник на даночната управа за галичка околија, а е брат на тогашниот околиски началник Јагош, во еден разговор воден во Белград ми рече: „Галичник од повеќе аспекти за мене беше право откривање. Како началник на даночната управа имав можност селото да го проучам од разни страни. Ние бевме службеници на тогашниот режим и тоа ни беше работа. Јас на секој чекор во Галичник чувствував напреден дух. Особено кај младината. И тоа еднакво и кај учениците и кај печалбарите. Се чувствуваше и комунистичко влијание, иако Галичник се сметаше за богато место, пред сè поради големите стада овци. Во такви услови комунизмот не би можел да проникне ако немаше такви младинци, кои дури беа помагани и од некои постари луѓе. Еднаш на Петровден, селската слава, дојде во Галичник и Душан Летица, тогашен министер на финансии на југословенската влада. Тој беше зачуден и воодушевен со Галичник. Дури ми рече: „Кога би се прашал јас, ова село би го ослободил од плаќање данок“. Младината во тоа време просто зачудувачки го диктираше темпото на животот во селото, напредниот живот ...“

Долгогодишниот учител во Галичник, потоа наставник во Белград Станиша Ќулафиќ, во еден разговор, што го водев за неговите сеќавања на Галичник, покрај другото ми рече: „Јас во Галичник ја познавав речиси секоја куќа, го познавав секое семејство, секој човек. Бев странец но се чувствував како да сум дома. Едно време не можев да разберам како е можно едно такво село, какво што е Галичник, да биде меѓу најнапредните во земјата. Селото беше богато во определена смисла, а во исто време беше многу напредно. После сфатив дека причината лежи во активноста на младината. Носителите на напредниот дух беа галичките младинци. Еднакво и тие што учеа на училишта и тие што беа печалбари, дури овие последните повеќе. Се разбира во селото постоеја луѓе со назадни, конзервативни сфаќања и по своите политички и по своите национални определби. Но тие беа во многу мал број. Младинците играа голема улога во сè што е напредно. Не може секој тоа да го разбере и да го согледа ако не навлезе подлабоко во познавањето на тие луѓе. Тоа за мене беше витален народ, а младината со непроценливи вредности. Таа на селото му даваше тон и изглед на град, како со своето однесување, така и со своите идеи. Ете таков Галичник јас познавам.“

И ете така, сето ова што го реков до сега имаше за цел да даде една најопшта слика на она што претставуваше Галичник во еден многу значаен период од неговата историја, периодот помеѓу двете светски војни. Дадени се основните податоци за економската, социјалната и политичката положба на Галичник од овој период. Бездруго во ова време се случија крупни промени во сите сфери на животот на Галичник и на неговите жители. Меѓутоа, по мое мислење, секако најзначајната промена е во тоа што во овој период Галичник и галичаните почнаа да ги прифаќаат напредните и револуционерните идеи, марксистичките сфаќања и да учествуваат најнепосредно во револуционерните акции раководени од Комунистичката партија на Југославија.

Постоеше, а во извесна смисла сè уште постои, мислење, кое е изразено во цитираните изјави на Саво Вукановиќ и учител Станиша Кулафиќ, дека е по малку чудно и противречно во едно село какво што беше Галичник, кое се сметаше за богато и патријархално, така силно да дејствуваат напредните сили со комунистичка идеологија. Всушност, покрај низа други фактори, кои во тоа време дејствувале, за едно вакво расположение на поголемиот број галичани, станува збор за една, би се рекло погрешна проценка на богатството на Галичник. За тоа веќе говорев порано. Галичник по Првата светска војна не е повеќе она што беше порано. Покрај тоа што новиот режим и новата држава многу грубо и остро ја спроведуваа својата големосрпска денационализаторска политика, треба да се има предвид и дека најголемиот дел од населението, како последица од војните и изменетите услови за одгледување добиток и за печалбарството, осиромаши и се најде во ситуација во многу тешки услови да се бори за својата гола егзистенција. Навистина Галичник сè уште е „село големо“ и на прв поглед кога однадвор ќе се гледаат куќите и облеката и начинот на живеењето, се чини дека е „село богато“, но не беше така. Тука се корените на привидната спротивност, — меѓу привидот и состојбата на Галичник и неговата вистинска положба. Затоа слободно може да се каже дека во Галичник постоеја основните претпоставки за развивање на револуционерни дејности. И тие најнапред постепено, а потоа сè позасилено и се одвиваа, беа сè поприсутни во животот на селото.

**Победа на прогресивните сили на општинските избори 1934 година**

Досега говорев главно за општата состојба во Галичник со цел да дадам една најопшта слика за она што беше Галичник во периодот помеѓу двете свестки војни. Сега би преминал на одбележување на најглавните настани и политички акции што се одиграа во селото во овој период.

Теророт што го вршеше новиот режим во новата држава, а особено по Обзнаната ,имаше свое влијание и врз можностите за изразување на политичките сфаќања и за преземање на какви и да

е позначајни политички акции. Таквите вонредно тешки услови за политичка дејност, во Македонија беа уште потешки, зашто режимот спрема македонскиот народ се однесуваше како спрема поробен народ, слично како што некои големи сили се однесуваа во своето владење во колониите. И при најмал знак дека некој изразува прогресивно определување и искажува незадоволство од новата власт, беше најсурово казнуван. Обвинувањата добиваа сосема други форми. Најчесто секој оној што и најмалку ќе ја манифестираше својата опозиција спрема режимот најчесто беше прогласуван за „бугараш", а тоа значеше дека е веднаш ставен вон законот и дека може најсурово да биде казнет. Па, сепак, и покрај ваквите услови, и од Галичник, а и од галичаните што живееја и работеа вон селото, во разни форми беше даван отпор на големосрпскиот, угнетувачкиот режим. Од гласање за опозициони партии, во времето кога беа изборите тајни, па сè до бојкотување на изборите, кога тие беа јавни. Некои галичани имаа смелост и јавно да го изнесуаввaат своето несогласување со политиката на угнетување, на експлоатација и терор. Таков беше случајот со учителите Тодор Лепчески и Косто Јованоски, кои поради свои истапи против режимот беа казнети со по 7 дена затвор. Навистина имаше и галичани, само неколкумина, кои, ставајќи се исцело во служба на големосрпската власт, добиваа и соодветни награди. Така веќе споменатиот вечен претседател на општината во Галичник, Тихомир Крцкоски, во време на воведувањето на диктатурата на крал Александар и Петар Живковиќ, беше поставен за член на банскиот совет на новосоздадената Вардарска бановина и тој тогаш станува, како што се вели „и бог и батина". Еден од најприврзаните подржувачи, па и актери, на големосрпското владеење, богатиот трговец галичанец Томо Лоноски, на секој собир во Белград запрашан од новинарите што мисли за диктатурата на Петар Живковиќ, што донесла таа, тој одговара: „Се ослободивме од Турците и од Бугарите, а сега се ослободивме и од куглиците." Значи граганите биле „ослободени" од гласање. Се разбира, ваквите луѓе беа навистина ретки исклучоци. А тоа недвосмислено го покажаа и резултатите од изборите за претседател на општина што се одржа во 1934 година. Тогаш беше искажано вистинското расположение и политичкото определување на, речи си, целото население на Галичник.

Како што веќе реков, од 1920 па сè до 1934 година претседател на општината во Галичник беше Тихомир Крцкоски. Во 1934 година беа распишани избори за општинска управа и претседател на општината. Тихомир, поддржуван од власта, од околиското началство, од жандармеријата и од неколку галички богати и реакционерни семејства, беше сосема самоуверен дека изборите ќе претставуваат само една обична формалност и дека тој повторно ќе стане претседател и ќе владее во селото. Но, се случи нешто што него и целата власт многу ги изненади и тешко ги погоди: Тихомир беше катастрофално поразен. Еве како стана тоа.

Група напредни галичани, со определено учество и на комунисти, и оценувајќи, дека Тихомир Крцкоски е навистина непопуларна и омразена личност во селото, се договорија да го истакнат како противкандидат на Тихомира Ило Пангоски. Тој беше една вонредно чесна личност, со прогресивни политички сфаќања, со напредни разбирања за начинот на животот воопшто, печалбар, кој беше навистина широко образован. Ило Пангоски беше многу ценет и почитуван во селото. Тој самиот немаше претензии подолго да се занимава со улогата на претседател, затоа за негов заменик беше истакнат Лазар Кецкароски, познат со своите чести опозициони истапи и активност, и кој, доколку беше носител на листата, со разни махинации ќе беше оневозможен да се кандидира.

Откако се изврши изборот на кандидатите, определен број прогресивни галичани започнува многу организирана агитација во прилог на опозиционите кандидати Ило Пангоски и Лазар Кецкароски. Организирана е предизборна активност во сите градови каде што беа галичаните на печалба. Некои од нив кои беа богати, а опозиционари и спрема Тихомира и спрема самиот режим, како што беше, покрај другите, случајот со Ѓорѓе Брезовски — на сиромашните печалбари им плаќаа возна карта за да можат да дојдат во Галичник и на изборите да гласаат против Тихомира. Откако се почувствува општата расположба на галичкото население и неговата решеност да гласа против дотогашниот претседател на општината, тогаш и некои негови подржувачи и прорежимски расположени галичани, како што беше случајот со учителот Тодор Мангароски, се определија да гласаат против Тихона. Целата оваа, да ја наречам, опозициона активност, донесе вонреден успех. Тихомир Крцкоски на општинските избори беше катастрофално поразен. Во селото неколку дена владее дотогаш невидена веселба. Се слушаат свирки, ечат тапани, се пеат песни. Се оди од куќа на куќа. Секој сака да почести за постигнатиот успех.

Бездруго за оваа победа голема заслуга имаат и самите опозициони кандидати, кои се познати, ценети и популарни во селото. Но исто така е факт дека на овие избори е изразено вистинското политичко определување на населението во Галичник, изразено е големото незадоволство со тогашната власт. Тоа е победа на големиот број прогресивни галичани. Победа над режимот. Тоа всушност беше политичка победа, а не победа извојувана против една личност, која беше и непопуларна и омразена. Тоа делуваше само делумно.

Дека оваа победа на општинските избори во Галичник 1934 година има изразито политички карактер и дека во нејзината подготовка учествуваат и напредни луѓе, и галичани комунисти, сведочи и една сочувана телеграма што Борис Канчески, тогаш веќе комунист, ја упатува во Загреб до Драган Муратоски, заможен галичанец, но со прогресивни определувања. Во телеграмата која е испратена на 16 октомври 1934 година од Гостивар е напишано: „Илија победи со големо мнозинство — Борис“. Поради сето тоа

слободно може да се каже дека оваа голема изборна победа на напредените сили во Галичник претставува многу очигледен показател како за вистинско политичко расположение на галичаните, така и за фактот дека во политичките акции почнаа организирано да дејствуваат прогресивно определените галичани и дека од оваа победа започнува нова фаза во политичкиот живот на селото. Во годините што следуваат, политичката определеност за прогресивните политички идеи, при тоа во голема мера за политиката на КПЈ, и револуционерната активност, е сè поорганизирана и сè помасовна. Тоа, впрочем, и ќе го потврдат настаните во селото за кои ќе стане збор.

Тогашната големосрпска власт разбра дека не станува збор за пораз на еден нивни доследен приврзеник, туку дека тоа значи голема победа на оние сили кои се непосредни противници на тогашниот систем на власта. Затоа и револтот беше голем. Поради тоа се бараа начини како да се надомести загубеното. Со оглед на фактот дека тоа не можеа да го направат по легален пат, на пример да распишат нови избори, зашто Тихомир би бил одново поразен, тие се решаваат тоа да го постигнат со сила, со кршење на постојните прописи. Така и останува.

Како што беше речено избраниот претседател Ило Пангоски немаше амбици да се занимава со политика и поради тоа, кусо време по изборите, се откажува од функцијата претседател. Го заменува Лазар Кецкарвски, кој со таа цел и беше определен како заменик. Тој успева некако, покрај многу пречки што му беа поставани, спротивставувајќи се на многубројни закани, да се одржи две години. Откако не успеаја плановите да се најде повод за сменување на Лазара Кецкароски, со административна одлука од управата на Вардарската бановина, Лазар Кецкаровски е суспендиран. Со друга одлука за претседател на општината е поставен Тихомир Крцкоски. Оваа одлука е спротивна на сите тогаш важечки законски прописи. Но, кој ги почитуваше тогаш прописите? Од тогашната власт-никој. Тие беа насочени само против народот. Против работниот човек, против Македонецот, против прогресот.

## Организирана револуционерна дејност и образување на СКОЈ

Во периодот од 1934 до 1941, до почетокот на Втората светска војна и народноослободителната борба и социјалистичката револуција, во Галичник настанаа низа промени во економскиот, социјалниот, па според тоа, и во политичкиот живот. Додека, во извесна смисла, сточарството доживува стабилизација, зашто поимотните сопственици на овци и коњи успеаја во долината на реката Вардар да создадат поповолни услови за зимски престој на стоката (тоа се однесува на мал број галички сточарски семејства), најголемиот број галичани беа принудени исклучиво да се занмаваат со печалбарство. Во овој период, значајно е да се укаже, многу галичани,

може слободно да се каже најголемиот број, работеа во Белград. Во ова време во Белград има голем број галички печалбарски, главно млекарски продавници и работилници. Во нив, покрај сопствениците, кои и самите не беа богати, работеа голем број млади луѓе како наемни работници. Тие работат и живеат во многу тешки услови. Еден ден, пак, од галичките младинци не можеа да најдат постојана работа, ни во спомenатите бројни млекарници во Белград, ни во некоја друга гранка. Извесен број од нив беа принудени, така да се рече, да торбарат, да работат на ситно. А тоа значеше во корпи да продаваат на улица портокали, мандарини, банани, костени и слично. Или пак да носат пресно или кисело млеко по куќи, на свои муштерии. Тие млади луѓе заработуваа одвај толку колку да преживеат. Спијеа во многу негодни и нехигиенски, мемливи и влажни соби, обично во сутерени и подруми. Освен тоа оваа категорија млади галички печалбари многу често беа подложени на прогони и рации од страна на белградската жандармерија, зашто торбарењето на улица беше забрането. Многу честа слика на белградските улици беа трките помеѓу печалбарите и жандарите. Слична ситуација, иако во помал обем, беше и во Скопје, и во некои други градови во Југославија и во Македонија.

Од многу големо значење за разбирање на идните политички активности е да се укаже на фактот дека токму во ова време, од 1937 година натаму, по идењето на другарот Тито на чело на КПЈ, во Белград, како и во другите градови и краишта на Југославија, започнува сè позасилена, сè поорганизирана револуционерна дејност раководена од КПЈ. Особено се активни белградскиот универзитет и белградските работници. Сè почести се разни револуционерни манифестации и акции, како што беа демонстрации и штрајкови со политичка насоченост. Овој политички вриеж, оваа масовна и секојдневна дејност на белградските работници, студенти и средношколци, беше масовно нагледно политичко училиште. А оваа и ваква политичка активност во Белград, Скопје и во други градови, имаше најнепосредно влијание и врз галичката печалбарска, работничка младина, врз студентите и средношколците. Овие имаа и свое влијание дури и на определен број сопственици на млекарници, кои во време на демонстрации и прогони, во своите дуќани ги прикриваа прогонетите. На тој начин еден поголем број галичани останаа симпатизери на политиката на КПЈ, а еден дел најдиректно се вклучија во револуционерната дејност, стапувајќи во редовите на СКОЈ и КПЈ.

Поради вака изменетите услови во животот и политичката определба на галичаните кои беа на печалба или на учење, сосема природно дојде и до значајни промени во политичкиот живот во самото село. Порано стана збор за успешната акција околу соборувањето од раководството на општината во Галичник на верниот режимски човек Тихомир Крцкоски. Но, тоа беше само една од почетните успешни акции на прогресивните сили во селото, и пред сè на младината. Младите галичани станаа главниот носител на

сите политички акции во селото, било да се работи за формирање на фудбалски клубови, било да станува збор за избор на управата на црковната општина во селото, зашто и таа институција имаше значајна улога во животот на селото. Младината го диктира темпото и начинот на животот во селото, а во прв ред на политичкиот живот.

Се случи една многу крупна и значајна промена во утврдениот, со векови неприкосновениот ред на решавањето за најбитните проблеми кои се од значење за целото село. Порано, главен и единствен пресуден фактор во решавањето на овие проблеми биле група постари и највлијателни галичани. Сега, во новонастанатите услови, тоа е изменето скоро, од корен. Главниот збор во одлучувањето за највиталните проблеми на селото го води младината. Се разбира дека и зборот на искусните постари галичани е уважуван, доколку е во согласност со она што го бара новото време, но монополот на оние „највлијателните", а тие обично биле и најбогатите, за раководење со селската политика е од темел изместен. Настанува едно ново време во кое во Галичник главните актери на политичката сцена беа други сили, галичани млади по возраст и политички прогресивно ориентисани. Таа активност на овие нови напредни сили може и континуирано да се следи сè до оној момент кога оваа дејност доби и сосема организирана активност од КПЈ, со формирањето на групата на КПЈ во селото и подготовката за образување на келија на КПЈ.

Еве неколку примери. Познато е дека во време на владеењето на Милан Стојадиновиќ како председател на владата на Југославија, по углед на фашистичките организации во Хитлерова Германија и Мусолиниева Италија, се направи обид да се формираат и фашистички организирани младински единици униформирани во „зелени" кошули. Тоа требеше да биде ударна сила на власта на Стојадиновиќ и гаранција за создавање на ново, фашистичко уредување и во стара Југославија. Оваа акција беше организирана низ цела Југославија. Па, ете, определени емисари дојдоа и во Галичник. Брат му на тогашниот народен пратеник за околија галичка Бранко Тодоровиќ, Драгиша, дојде во селото и со помош на жандарите и на општинската управа, на чело со Тихомира, почна агитација за создавање на одред на фашистичка младина. Најнапред акцијата беше водена со метод на убедување, објаснување и ветувања на разни привилегии, подобри работни места, стипендии за училишта,повластици во сообраќајот и слично. Но, оваа пропаганда остана без резултат. Тогаш се почна со акција на пресии и закани. Но, сета оваа дејност остана без успех. Галичката младина ја бојкотираше оваа акција за формирање на одреди на „зелени кошули". Секако тоа дојде како резултат од дејствувањето на други прогресивни сили среде младината, кои објаснија каква е вистинската цел на мисијата на Драгиша Тодоровиќ. И така овој со празни раце се врати во Белград. На своите наредбодаватели мораше да им каже дека во Галичник ,познато и прочуено село, не можело да се

најде ниту еден младинец што ќе стапи во редовите на униформираната фашистичка организација на Стојадиновиќ. А проценките биле подруги. Постоело широко раширено мислење во Белград дека токму Галичник, богато село, ќе ги прифати акциите на Стојадиновиќ. Оценките, тоа покажа практиката, биле сосема погрешни. Навистина еден помал број сточари од Галичник одржуваа „добри односи" и со народниот пратеник Бранко Тодоровиќ и со него водеа политика на тактизирање. Оттука можеби и погрешната оценка за политичкото расположение на галичаните. А овие галички сточари водеа политика на „добри односи" со Бранко Тодоровиќ не поради некакви политички симпатии кон него, па спрема тоа и кон Стојадиновиќ, чиј приврзеник и емисар беше тој, беше определен да биде народен пратеник во овој крај и како таков да ја спроведува доследно политиката на белградската големосрпска влада. За една таква „политика" спрема овој големосрпски мисионер неколкуте галички сточари имаа свои економски причини, бидејќи истиот тој Бранко Тодоровиќ беше и главен директор на здружениот сточарски сојуз за Вардарска бановина и како таков тој имаше решавачки збор за давање кредити на сточари, за откуп на сточарски производи и слично. Но овие „добри" односи спрема Бранко никако не значеа дека галичаните се готови целосно да ги следат политичките определби и акции на Тодоровиќ. Тие само имаа еден коректен однос спрема него кога станувааше збор за работи од доменот на проблемите на сточарството. И толку.

Да наведам, како илустрација еден свој пример. Мојот татко, Филимон Бужароски, беше вработен во сточарскиот сојуз како магационер, а јас, негов син, на изборите за пратеници гласав за противкандидатот на Бранко, Лазар Цубалески.

Еве уште еден пример на организирана прогресивна и антифашистичка акција на галичката младина. На Петровден, 12 јули, селската слава на Галичник, во 1938 година, во селото дојде еден Германец, од Хитлерова Германија, кој, со подршка на општинската власт и жандарите „за научни цели" средесело, пред хотелот, почна да врши антрополошки и други мерења. На минувачите им го мереше обемот на главата, земаше отисоци на прстите и рацете и други работи. Очигледно станувааше збор за човек кој овие испитувања ги врши со цел да ја докаже Хитлеровата расистичка теорија. И не само тоа. Тој имаше и определени чисто шпијунски задачи, особено во испитување на фортификациите на границата помеѓу Југославија и Албанија. Тоа покасно се потврди. Тој човек беше еден од раководителите на Гестапо во Македонија. Тој во таа функција јавно се појави веднаш по капитулацијата на Југославија и идењето на германските окупатори во Македонија. Но, акцијата на овој човек во Галичник младината ја бојкотира и ја оневозможи. Пред сè на населението му беше објаснето дека станува збор за земање на податоци кои треба да докажат дека ние Македонците, како Словени, сме пониска раса од германската, дека сме создадени да бидеме само робови. Освен тоа определен број

младинци и најотворено му се заканија на Германецот. И на крај тој беше принуден да го напушти Галичник, без да ја изврши својата мисија.

Во 1938 година беше манифестирана уште една успешна акција на прогресивните сили во Галичник. Тоа беше организирањето на опозициони гласови против државниот, официјалниот пратенички кандидат, споменатиот Бранко Тодоровиќ, кој беше задолжен да води политичка, големосрпска контрола во галичка околија. Како што е познато, во тогашните услови особено во Македонија, речи си беше невозможно да се истакне листа со некој припадник на опозицијата. Тој ќе беше по секоја цена со сила оневозможен. Затоа, само на листата на Стојадиновиќ, значи на официјалната листа, можеше да се истакне уште еден противкандидат на Бранко Тодоровиќ, а тоа беше Лазар Цубалески, еден од познатите галичани, кој беше во извесна смисла просрпски ориентисан, но, кој беше чесен човек и човек кој своето политичко определување ни најмалу не го користеше на штета на народот, на галичаните и пошироко. Затоа кандидирањето на Лазар Цубалески против официјалниот, белграскиот кандидат, беше еден вид отпор и предизвик на белградска угнетувачка политика, па и на турското однесување со кандидирање на луѓе кои никаква врска немаа со овој крај. Токму поради овие причини се поведе организирана акција да се бојкотира гласањето за Бранко Тодоровиќ, а да се гласа за Лазара Цубалески. За таа цел беше организирано доагање на поголем број млади галичани од печалба, за да гласаат против Бранка. Тогашниот председател на општината Тихомир Крцкоски, за да ја оневозможи оваа акција на напредните галичани, едноставно не сакаше да ја истакне листата на Цубалески. По извршениот притисок и гласачката кутија на која беше листата на Цубалески беше донесена на гласачко место. И така, за оваа, условно речено опозициона листа, гласаа преку 30 младинци, специјално за тоа дојдени од Белград и други градови, како и определен број други галичани. По извршеното гласање, брат му на Бранко, споменатиот Драгиша, организаторот на „зелените кошули", го праша напредниот печалбар, работник и комуниста по убедување, Крсте Пакоски за кого гласал а тој одговорил дека ќе покажат кутиите. Оценувајќи дека Пакоски е еден од организаторите на гласањето за ,,опозиционерската" листа Драгиша ги повикува жандарите и Пакоски го приведуваат во полициската станица. По пат групата ја среќава еден полициски писар, кој дошол од Ростуше, седиштето на галичката околија, и праша зошто го спроведуваат Пакоски. Тие му одговораат дека е агитатор против Бранко. Писарот го праша Пакоски како дошол во Галичник, кој му обезбедил возна карта, дали е дојден на групна карта, што ја имал издејствувано официјалниот кандидат Бранко Тодоровиќ. Крсте му одговара дека тој допатувал со карта што ја потпишал лично Мехмед Спахо тогашен министер за сообраќај. Секако ја погледнува картата полицискиот писар, е

збунет и на крај вели: „Пуштите го човекот, што го малтретираат без причина“.

Во овој период, од галичани што живееја во Скопје, а и од селото е образувана „Мијачка заедница“. Оваа организација е замислена како организација која ќе има културно-просветен карактер, која специјално ќе се занимава со културното богатство на мијачкиот крај и ќе придонесува за неговиот иден развиток. Тогашниот режим, апаратот на Вардарската бановина и скопската полиција, ја одобруваат оваа организација ценејќи дека ќе можат да ја искористат за свои цели, односно очекуваа дека ќе можат да ја стават во служба на големосрпската политика, како една од значајните полуги преку кои ќе дејствува тогашниот режим во својата денационализаторска и угнетувачка политика. Потврда за една ваква претпоставка тогашните раководители на власта во Скопје наоѓаа и во фактот што во заедницата членуваа и некои луѓе кои беа познати привrзаници на режимот. Меѓутоа, не беше така. „Мијачката заедница“, напротив, изигра многу позитивна улога токму во националното освестување на населението од мијачки крај и им овозможи на прогресивните луѓе своите напредни идеи да ги шират и да организираат акции под непосредно и посредно влијание на КПЈ.

На чело на оваа организација беше Милош Јаковлевиќ-Брмбалчески, познат лекар и прогресивен човек, кој по победата на Револуцијата и ослободувањето на Македонија, едно време е и член на Президиумот на Собранието на СРМ. Во управата се и некои други истакнати галичани познати по своите прогресивни сфаќања. Партиската организација во Скопје оценува дека оваа организација дава можност за организирана партиска дејност преку комунисти и членови на КПЈ, кои би биле и членови на оваа организација. Така и станува. Одделни комунисти многу успешно дејствуваат во организацијата особено во придобивањето на младите галичани за комунистичката идеологија. Преку оваа организација, за што ќе стане збор подоцна, во Галичник беше организирано и изведувањето на драмата од Антон Панов „Печалбари“ на македонски јазик. Со пропаѓањето на стара Југославија и германската и бугарската окупација, оваа заедница се преименува во Мијачко-реканско братство, раководено од Стамат Дукоски, Самоил Писески и Глигор Тулески, и служеше како платформа за добро и масовно организирана работа на скоевски групи и на партиската организација воопшто.

Покрај овие споменати револуционерни активности треба да се додаде дека во овој период, кога многу галичани беа повикувани на воени вежби, определена активност на антифашистичките и напредните млади луѓе, беше манифестирана и во војската. Тоа знам од сопствено искуство. Јас бев на воена вежба и во Дебар и во Кичево. Така, на пример во Дебар, во шаторите во кои спиевме по 40 војника, галичанецот Алекса Кржалоски, кој работеше во Белград и беше под влијание на прогресивните сили, говореше за

состојбата на светската ситуација. Јас со други другари галичани учествував во познатиот бунт на војниците во Кичево. Повод беше слабата храна. Во знак на протест го истуривме казанот со зготвено јадење, целата војска остана без еден оброк, а аѓутантот на командантот на полкот беше претепан. Организатори беа битолчани и стружани, но учествуваа сите галичани. Тоа е само уште еден доказ повеќе за расположението на галичката младина во овој период.

Но покрај овие, главно спонтани акции, во овој период се забележува и организирано дејствување на галичани кои беа веќе организирани како скоевци или членови на партија. Од 1937 година, па до Војната, оваа активност беше сѐ поорганизирана и помасовна. Така, на пример, во овој период во селото, преку летото, кога се собираше целата младина, се организираа масовни излети, кои беа искористени за пропагирање на прогресивни идеи, всушност на комунистичката идеологија, говорено е за светската ситуација и за ситуацијата во земјата, се пееја револуционерни песни, кои после се пренесеа на целата младина во селото, така што тие масовно се пееја на сите младински собири, игранки и слично. Освен тоа во овој период се организираат и фудбалски натпревари, играње на пинг-понг, кои, исто така се користат за ширење на комунистички погледи и за собирање на младината околу младинците комунисти. Акциите беа разновидни и многубројни. На пример, Стево Каркински, тогаш студент во Скопје, донесе дваесетина примероци на „Бели мугри“ од Кочо Рацин, кои беа растурени во селото. Во Галичник дојде и Антон Панов, авторот на пиесата „Печалбари“, претстојуваше во селото, и пак преку комунистот Каркински, продаде поголем број од книгата „Печалбари“. Неговиот престој даде идеја во селото да се организира и прикажување на оваа пиеса, што беше и направено. Многу коментиран и со големо влијание врз политичката атмосфера во селото беше ѕидниот хумористично-сатиричен весник „Стругало“, кој со помош на други комунисти и напредни младинци од селото, технички и содржајно го подготвуваше младинецот Славко Брезоски.

Сѐ на сѐ може слободно да се каже дека, особено по 1937/38 година, речи си целата младина и еден добар дел од постарите селани во Галичник беа под влијание непосредно организирано од комунистите во селото. Тие во своите раце исцело ја држеа политичката ситуација во Галичник.

Тоа никако не беше случајно. Зашто во изминатиот период наоѓајќи се на работа или на учење во Белград, Скопје и во други градови, одделни младинци галичани тесно се поврзани со револуционерното движење. Некои од нив беа непосредни учесници во разни акции на КПЈ, како што се демонстрации, делење на летоци, организирање на излети со политичка содржина и др. Некои се членовите на револуционерните синдикати, а некои од нив станаа членови на СКЈ и КПЈ. Тие членуваа во местата на работењето, учењето и живеењето, но, преку летото организирано дејствуваа

во самото село. Најнапред со договарање, а покасно се одлучи да се формира организирана комунистичка група која организирано ќе делува во селото. Така дојде и до нејзиното оформување.

За да можам што пообјективно да ја прикажам тогашната состојбата и самото образување на оваа комунистичка група, ќе ги наведам изјавите на некои од организаторите и од членовите на оваа група. Сметам дека на тој начин најреално ќе биде изнесена вистината, за овој и другите револуционерни дејности во селото. Изјавите на актерите ќе овозможат грешките да се сведат на минимум. Еве ги изјавите.

Изјава на Ристе Дуковски, член на СКОЈ пред Војната, покасно и член на КПЈ и член на Покраинскиот комитет на ПК СКОЈ на Македонија:

„Пред Војната во Галичник, во време на летото, се собираа голем број галичани младинци, печалбари, ученици, студенти. Тие престојуваа во селото два до четири месеци. Во тоа време, освен сточарите, сите други немаа определена работа. Главно се одмараа или подготвуваа испити. Наесен повторно заминуваа на печалба или на училишта и факултети.

Најголем број од овие младинци беа напредни и своето слободно време, покрај другото, го користевме и за дискусии за политичките настани. Се собиравме почесто користејќи ги традиционалните селски обичаи. Навечер се собираше најголем дел од младината било во дворот на селската црква, пред селската чешма Упија, која се наоѓа во центарот на селото, или пак на други места, и тогаш се пееја револуционерни песни. Освен тоа се организираа излети во околината на селото и тогаш, покрај пеење песни, се расправаше и за политичката ситуација во светот и кај нас. Во овие активности најголемо учество имаше печалбарската младина која работеше во Скопје, Белград и во други места. Поголемиот дел и од младината што учеше во средни училишта или студираше, пројавуваше револуционерна определеност.

Во една таква политичка клима и при таква активност, во 1939 година во селото се создадоа услови за формирање на организација на СКОЈ. И пред оваа година во селото постоеја помали групи, на чии состаноци се читаше, и се разработуваше марксистичка литература и се водеше дискусија за тие материјали, а и воопшто за ситуацијата во светот. Организацијата на СКОЈ се формира во периодот мај-јуни 1938 година. Членови на оваа организација беа: Тошо Поповски, ученик во учителско училиште во Белград кој поради комунистичка активност порано беше апсен и исклучен од училиштето, Крсте Паковски, работник, Стево Каркински, студент и Ристе Дуковски. За секретар беше избран Ристе Дуковски. Состаноците ги одржувавме во нашите домови, а често и во природа, надвор од селото, под форма на излет. Оваа организација се формира по иницијатива на Тошо Поповски и Ристо Дуковски. Состаноците беа мошне редовни и чести, зашто располагавме со сло-

бодно време колку да сакаш. Дневните редови на состаноците главно беа: ситуацијата во светот и во земјата, состојбата во селото, методот и начинот како да се опфаќаат младинците, а и постарите луѓе и друго. Според приликите.

Оваа организација на СКОЈ набргу даде резултати. Пред сè околу неа се собраа голем број симпатизери. Се организираа разни форми за собирање на галичаните, особено на младината. За тоа особено се користеше спортот, чии дејности беа од порано организирани. Се организираа разни спортски натпревари и со младината од соседните села, со што се постигна подобро меѓусебно запознавање и зближување. При овие средби се пееја револуционерни песни, речи си со сите, особено со младинците од Лазорополе, Тресонче, Гари, Битуше, Ростуше и др. Се формира драмска секција која беше доста активна и покрај другото, наспроти пречките што ѝ беа правени од страна на власта и жандармеријата, успеа да ја прикаже пиесата напишана на македонски јазик „Печалбари" од Антон Панов. По иницијатива на групата на СКОЈ се издаваше сатиричниот весник „Стругало", пишан со рака. Во него преку мноштво карикатури и кратки текстови се исмејуваше селската власт, режимот и одделни поединци. Може слободно да се каже дека огромниот дел на младината стоеше на антифашистички позиции. Во тие години и покрај сите настојувања на ЈРЗ да најде свој повереник во селото не успеваше, а за друго збор да не станува.

За формирањето на СКОЈ во Галичник, преку Ристо Дуковски, беше информирана и партиската организација во Скопје. Од таму ни испратија три глави на Историјата на СКП (б) која беше разработувана во групата. Орце Николов испраќаше и други илегални материјали за оваа агрупа на СКОЈ. Орце Николов требаше во 1940 да дојде во Галичник и да формира и организација на КПЈ, но беше спречен поради неговото апсење".

Изјава на Крсте Паковски, работник, познат комунистички активист, кој во Белград е поврзан со организацијата на КПЈ и е избран за кандидат за член на КПЈ:

„Повеќепати во Скопје и Галичник се среќава со Ристо Равановски. За време на парламентарните избори во 1935/36 повеќепати се дружевме со него и заземавме ставови во предизборната пропаганда за гласање против Јефтиќ, односно за гласање за опозицијата. Повеќепати сме дискутирале со него, Ристо Дуковски, Тошо Поповски, Стево Каркински, Миле Тортевски и други. Се расправаше за улогата на КПЈ, синдикатот и работничкото движење во целост. Тие разговори имаа карактер на организирана работа, зашто сите сме од едно село, Галичник, а сите бевме организирани комунисти и се договаравме за тие состаноци.

Во летото на 1938 година ваквата дејност доби и сосема организирана форма, се образува една организирана група на комунисти, која беше во вид на партиска група. Групно ја разработувавме

Историјата на СКП (б), разна друга марксистичка литература, летоци, прогласи и други илегални материјали. Некои од материјалите ги дававме на читање и на нашите симпатизери, во прв ред на младината. Во таа група бевме: Тошо Поповски, Крсте Паковски Стево Каркински и Ристе Дуковски, кој ја раководеше партиската група. А секогаш кога ќе дојдеше во селото Ристо Равановски и тој учествуваше во работата на групата. Покрај разработувањето на партиските материјали, оваа партиска група се занимаваше и со партиско-организациона работа. Ја собираше и во комунистички дух ја воспитуваше галичката младина преку разни форми на дејствување: фудбалски надпревари, надпревари во пинг — понг, излети, пеење револуционерни песни на селски собири преку издавање на ѕидниот весник „Стругало", давање на драмски пиеси, како што беше случај со „Печалбари" од Панов и друго".

Изјава на Тошо Поповски, ученик, член и секретар на СКОЈ во Учителското училиште во Белград, затворен од белградската полиција и од 1939 година член на КПЈ:

„По пуштањето од затвор во Белград, ме посетија Ристо Дуковски и Боро Личеноски. Тие беа дојдени како претставници на прогресивните комунистички ориентирани.студенти. Така почна познанството и соработката со Ристо Дуковски. Покасно се запознав и заедно дејствувавме со комунистички определениот и активниот работник печалбар Крсте Паковски, кој во тоа време е веќе опфатен организирано и работи во комунистичката група со која раководи Веселинка Малинска. Во добри пријателски и другарски односи бев и со комунистички ориентираниот и член на СКОЈ студентот Стево Каркински. Потоа бевме блиски и идејно-политички едномисленици со младинците Ладе Чапаровски, Славко Брезовски, Ристе Кецкаровски, Софре Марковски, Ацо Чапаровски и други.

Во 1938 година летото во договор со Ристо Дуковски, од нас организирани комунисти, во Галичник беше создадена организирана партиска група во која членуваа: Ристо Дуковски, како секретар, Крсте Пакоски, Стево Каркински и јас. Тесно поврзани со нас беа: Ладе Чапаровски, Славко Брезовски, Ристе Кецкаровски, Ацо Чапаровски и други.

Јас во тоа време оваа група ја сметав, и ја сметам, како организација на КПЈ, организирана со специјална намена од организирани комунисти. За цело време на дејствувањето на оваа партиска група ние државме и непосредна партиска врска преку Борис Канчески со Гостивар. На врска често доаѓа и ни носи илегални материјали Миле Тортевски. Во 1940 година во Галичник требаше да дојде Орце Николов и официјално да оформи постојана селска келија на КПЈ. Орце Николов не дојде затоа што беше затворен. Врската со него ја држеше Ристо Дуковски".

Идентична изјава има дадено и Стево Каркински, член на оваа организирана група, така што изјавите на актерите на создавањето на првата, организираната комунистичка организација во Галичник

се идентични. Постои една мала нијанса во именувањето на постојаната група. Таа се именува или како група на СКОЈ или како партиска група. Но суштинска разлика тука нема, зашто и едното и другото именување има свое оправдување. Оваа група ја сочинуваат веќе оформени и примени членови во редовите на СКОЈ, а делумно членови и кандидати на КПЈ. Но, останува непобитен фактот дека таа група е организирана, дека е поврзана со постојната организација на КПЈ во Македонија, како со Орце Николов така и со Борис Канчевски во Гостивар. Оваа организација одигра многу значајна улога, особено во опфаќањето со комунистичко воспитување на младината во Галичник, што подоцна во текот на НОБ и Револуцијата ќе има многу позитивни последици. Од друга страна оваа група подготви услови и кадри за образување на постојана келија на КПЈ во селото, која требаше да ја оформи Орце Николов. До тоа не дојде поради објективни причини, односно поради апсењето на Орце. Така формирањето на партиска келија во Галичник беше одложено, па тоа стана во текот на НОБ, пролетта 1942 година.

Ми се чини дека е добро, како илустрација на големото влијание што оваа партиска група го изврши, заедно со сите напредни младинци и по возрасни луѓе во селото, да го наведам примерот со изведувањето на пиесата „Печалбари" од Антон Панов, за што беше спомнувано порано. Пред сè треба да се укаже на фактот дека изведување на пиеса пишувана на македонски јазик во времето на големосрпскиот режим беше тешко, дури и невозможно. Затоа требеше прво да се најде начин како да се добие дозвола од месната власт и од полицијата, односно од околиското начелство. Тешкотите беа дотолку поголеми поради фактот што веќе по лошо споменатиот претседател на галичка општина, Тихомир Крцкоски, беше доставил до околиското начелство пријава за комунистичка активност на една група галички младинци. Токму за оние што беа носители на активноста. Но, сепак се најде решение. За тоа беше искористен извесниот личен ривалитет на некои луѓе од тогашната власт и ангажирање на неколку младинци, кои беа прогресивни, но потекнуваа од семејства приврзани за тогашната власт. Тие се јавија како потписници на барањето до околиското начелство за одобрение за прикажување на драмска претстава. Тогашниот командир на жандармериската станица, Филип Ајдачиќ, за кого веќе стана збор, за да обезбеди контрола над работата околу подготовката на драмската изведба на „Печалбари", односно за да спречи тие собири да се користат за „комунистичка пропаганда" — постави еден од жандарите постојано да присуствува на сите подготовки и проби за изведување на пиесата.

Потоа требаше да се совладаат и некои проблеми околу самата подготовка на пиесата, како што беше на пример материјал за маскирање, сценографија, изнаоѓање на соодветни актери за улогите и слично. Но, сето тоа беше решено на задоволувачки начин. Така, на пример, Стево Каркински отиде дури во Кичево да набави

мастикс и вештачки бради и мустаќи. Ристо Равановски и Славко Брезовски ја изработија сценографијата. Еден вид режисери беа Тошо Поповски и Стево Каркински. Во подготовките и во самото изведување на пиесата зедоа учество голем број младинци и младинки: Ристо Равановски, Ристо Дуковски, Љубица Дуковска, Љубица Чудуловска, Васка Сижимоска, Цвета Пендаровска, Тошо Поповски, Крсте Пакоски, Владо и Ацо Чапаровски, Ристе Кецкаровски, Славко Брезовски, Велимир Брезовски, Ристе Бужаровски, Ѓико Филиповски, Стево Каркински, Бранко Лепчевски, Доксе Лоновски и други младинци и младинки. Главните улоги со голем успех ги толкуваа Ристо Равановски, Ристо Дуковски, Љубица Дуковска, Љубица Чудуловска, Крсте Паковски, Ацо Чапаровски, Цвета Пендаровска, Бранко Лепчевски и јас. Покрај улогите што ја имав соло ја испеав песната „Бог да бие кој прв почна . . ."

Пиесата се изведе на 28 септември 1940 година. Прикажана беше во салата на училиштето во Галичник. Посетата беше незапамтена. Салата беше толку преполнета, што еден дел од публиката стоеше и околу бината, па постоеше опасност гредите под салата да не издржат и да се случи катастрофа. Од влезните билети се собраа тогашни 2500 динари, кои исцело беа наменети како народна помош за Комунистичката партија. Претставата со пригоден говор ја отвори доктор Милош Јаковлевиќ — Брмбалчески, кое на сета акција ѝ даде поголемо значење и остави впечаток и кај оние галичани што со определена резерва гледаа на активностите на младинците.

Оваа акција на комунистите и прогресивните галичани навистина беше еден многу очигледен показател на нивната вонредно успешна работа, зашто речи си целото село на некој начин беше собрано околу оваа комунистичка и прогресивна група на младите. Тоа не беше само израз на еден интерес за драмска претстава, што, беше реткост во селото, туку сето тоа носеше очигледен политички белег, имаше силно политичко влијание врз галичаните, и по национална линија, со прикажувањето на пиеса на свој мајчин македонски јазик, и со социјалната содржина од печалбарскиот живот преку кое без изразени класните разлики во тогашниот живот. Тоа многу јасно, можеби само со мало задоцнување, го учи и тогашната власт. Зашто уште истата ноќ, веднаш по изведената претстава, беше уапсен еден од главните организатори и актери на оваа акција, Ристо Равановски. Изговор беше дека за него има потерница за политички престап дојдена од Скопје. Тој утрината рано стражарно беше спроведен за Ростуше, во околиското начелство. Дента по претставата командирот на жандармериската станица Филип Ајдачиќ ги повика на сослушување Ристо Дуковски, Тошо Поповски и Стево Каркински. Ним им е речено дека има пријави од претседателот на општината, Тихомир Крцковски, дека вршат комунистичка дејност и дека таа достава е пратена и до околиското начелство во Ростуше. Но, тој, исто така, им рече дека постојат и други индиции за нивна комунистичка дејност. На крај заклучи дека овој

пат не мисли да презема санкции, но дека следниот пат тие нема да изостанат. Целта на ова повикување на сослушување беше очигледна — да се изврши притисок врз некои од актерите на комунистичката дејност и да им се стави до знаење дека „полицијата не е слепа".

Кога говориме за револуционерната дејност на галичаните и особено на галичката младина во селото, ми се чини дека и историски би било необјективно и неточно и нецелосно ако макар и бегло не се одбележи револуционерната активност на галичаните и галичката младина во оние места и средини каде што живееле, работеле или учеле, каде што престојувале поголем дел од годината. Тие всушност и во тие места или се здобиваат со напредни и марксистички сознанија или пак таму стануваат активни во револуционерното движење врз основа на сознанијата што ги здобиле при летниот престој во селото. Во секој случај при општата оценка мора да се зема предвид овој значаен факт — мигрирањето на галичаните кое е постојано. Но, тоа обврзува подетално да се изучи и нивната револуционерна дејност вон селото. Овде ќе кажам само неколку збора и ќе наведам неколку кратки податоци за на поистакнати револуционерни дејци од Галичник.

Веќе постојат голем број историски податоци и литература за вонредната улога во развивањето на револуционерната и комунистичката дејност во Гостивар и Гостиварско на галичаните Борис Канчевски и Миле Тортевски, потоа на браќата Ѓиновски и на други.

Многу активна улога во разни револуционерни партиски и синдикални активности во Скопје имаат Ристо Дуковски, Стево Каркински, Ристе Равановски, во Скопје познат како Ристо Млекарот, Ладе Чапаровски, Блаже Трошановски. Оваа група на чело со Ристо Дуковски има голема улога во организирањето на демонстрациите на 27 март 1941 година, по повод потпишувањето на Тројниот пакт со фашистичка Германија.

Со револуционерната активност во Белград се истакнуваат Крсте Паковски печалбарски работник, кој станува и кандидат на КПЈ, учествува во многу демонстрации, во делење летоци, создавање на просветни групи од млади галичани работници и слично. Тошо Поповски исто така се вклучува во белградската организација на СКОЈ, станува секретар на организација на СКОЈ во белградското учителско училиште, поради што е апсен и исклучен од сите учителски училишта во земјата, а после му е одобрен одделен упис. Во Белград со револуционерното движење се поврзуваат и браќата Контевски Круме и Тодор. Приврзаник на комунистичките идеи е и Аврам Кецкаровски, студент. Галичани комунисти има и во Битола, како што е Коле Бундалески — Млекарот. Ги има и во Штип како што се семејствата на Ристо Тулески и Крсте Николоски. Ги има во Софија, а меѓу нив е и внукот на легенадарниот Ѓорѓе Пулески, кој го носи неговото име.

Но, треба да се истакне дека покрај овие и голем број други галичани, особено печалбари, а и ученици и студенти, учествуваат

во низа револуционерни активности во градовите во кои работеле. Тие се поврзуваат со месните партиски, скоевски и синдикални организации или се членови на некои здруженија, кои се под раководство на Партијата. Тие масовно учествуваат во штрајкови, демонтрации, одат на излети организирани од Партијата, растураат летоци и слично.

Следниве страници ќе бидат посветени на изнесување на кратки биографии на некои од поистакнатите и по познатите револуционерни дејци и комунисти од Галичник, кои дејствуваат во овој период, а и подоцна.

Борис Канчевски е роден во Галичник. Татко му е печалбар, а мајка му домаќинка. Завршува фармација во Загреб и работи како аптекар во Гостивар и во други места, каде што бил протеруван од големосрпската полиција. Тој станува марксист и организационо се поврзува со КПЈ на студиите во Загреб. На него најнепосредно влијае фармацеутот — револуционер од Титов Велес, Васил Ѓоргов. Борис Канчевски израснува во крупна револуционерна фигура која дејствува на целата територија на Македонија, па и надвор од неа. Особено крупна улога има во пропагирањето на марксизмот и во организирањето на организациите на КПЈ во Гостивар, и во гостиварскиот крај, а посебно и во самото село Галичник и влијае врз галичаните воопшто. Еве неколку изјави за оваа негова улога.

„Прв пат со идеите на комунизмот — вели во својата изјава Тошо Поповски — се запознав во 1934 година под влијание на Борис Канчевски. Татко ми беше учител во Гостивар, а со стан беше кај родителите на Борис. Јас често го посетував татка ми и така се запознав и со Бориса. По неколку средби и разговори со Бориса веќе бев запознат со основните идеи на марксизмот. И не само тоа, Борис успеа не само да ме заинтересира за марксизмот, туку и да станам симпатизер на оваа идеја. Контактите меѓу мене и Борис беа постојани, тој настојуваше да одржува врски со мене и кога не бев во Гостивар. Така есента 1934 година ме посети во тетовската гимназија, каде што бев ученик, и ми донесе на читање марксистичка литература“.

„Со Борис поодблизу се запознав — вели генерал потполковникот Тихомир Шаревски, — 1941 година во Гостивар, директно на состанок. А покасно се сретнавме и во Месниот комитет на КПЈ. На првиот состанок бевме 15—20 души. Впечатоците што на нас ги остави Борис беа вонредни. Делуваше како смирен, тих, симпатичен освојувач на маси. Јас него го познавав како аптекар, но овде на состанокот остави на мене неизбришливи впечатоци.

Борис беше носител на развојот на движењето во гостиварскиов крај. За него може да се зборува само најарно, како за предвоениот период, така и за време на НОБ. И сè додека беше во нашиот крај, по првиот контакт, јас со него повеќе пати сум се среќавал по разни поводи. Можам слободно да речам дека од Борис многу сум научил во смисол на марксистичкото воспитување“.

„Во 1934 и 1935 година преку летото — вели Крсте Паковски, имав прилика Борис Канчевски повеќепати да го слушам и да разговарам за време на неговиот престој во селото. Го слушав како разговараше со селаните за тешкиот живот на македонскиот народ, за неподносливите услови за работа на печалбарите и работниците, за газењето на политичките права и слободи на луѓето. Тој говореше со едноставен јазик и го привлекуваше интересирањето на слушачите. Говореше сосема отворено и не се плашеше од власта. Во една прилика го слушав како на бачило разговараше со овчарите. Тој им говореше за причините на нивниот тежок живот и им укажуваше дека до промена, до подобрување на условите на работата и живеењето, може да дојде само со борба. Овие и други искажувања на Борис оставија на мене многу силен впечаток. Тие имаа големо влијание врз моето политичко и идејно определување, за моето пристапување во револуционерното и комунистичко движење. Тоа влијание на Борис на мене беше ефикасно и поради фактот што јас бев работник, бев експлоатиран и неговите зборови ми открија каде лежат корените за таквиот живот на работниците и дека само со борба може да се постигне вистинско ослободување на работниците“.

Борис уживаше голем авторитет во целиот гостиварски реон. Беше од народот почитуван и ценет и вршеше значајно влијание врз голем број луѓе од овој крај, влијаеше врз нивното прогресивно определување. Беше големо задоволство да се слушаат неговите искажувања било да се работи за разобличување на ненародниот режим, било да стануваше збор за состојбата во светот, за опасноста од фашизмот. Тој беше многу низок по раст, тоа се забележуваше се додека не почнеше да говори, а потоа стануваше огромен. Тој ги пленеше слушателите. Галичаните многу го сакаа. Тие при секоја посета на Гостивар наоѓаа време да се сретнат со Бориса, било во аптека, било дома, и да поразговараат со него“.

Еве уште една изјава, на Мино Миновски.

„Кај Борис особено беше забележителна неговата умешност и комуникативност со луѓето а за тоа му помагаше неговиот благ, ненаметлив однос, неговата хуманост, неговата тесна поврзаносот со комунизмот и со Партијата. Преку Боро луѓето многу лесно добиваа и доверба и спрема Комунистичката партија. Тој беше материјално добро обезбеден, а доследно се бореше за сиромасите, за експлоатираните. Тој негов однос имаше големо влијание врз луѓето. Таквиот негов однос влијаеше врз подигање свеста кај луѓето. Тој умееше вонредно да ги шири напредните идеи среде народот. Борис има многу големо значење за напредното движење и за развитокот на партиската организација во овој, гостиварскиот крај“.

Со оглед на фактот дека во ширењето на марксистичките идеи и организирање на револуционерни и партиски дејности во Гостивар и Гостиварско има и Миле Тортевски и дека тој со Борис Канчевски дејствуваа заедно, ќе ги изнесам накусо неговите биографски податоци а потоа ќе изнесам низа конкретни активности во ре-

волуционерната дејност, кои ги изнесува во својата изјава Миле Тортевски, а кои се заеднички преземани со Бориса.

Миле Тортевски е роден 1913 година во Галичник. По завршувањето на основното училиште, во детството, заедно со татка му оди на работа во Гостивар. Успева некако да заврши четири класа гимназија во Тетово, но, поради недостиг на средства, го прекинува учењето и се вработува во Гостивар. Најнапред во млекарница, потоа во бакалница. До првите револуционерни сознанија доаѓа преку контакт со напредни, револуционерни работници кои работеле во Гостивар, а биле политички прогонети од други краишта. Тоа е во периодот 1927—29 година. По Шестојануарската диктатура се образува прогресивна група на младинци во која се, покрај Милета, Љубе Исахиев, Андон Дабевски, Мишко Филиповски и Стојан Јовановски. Во 1931 година се поврзува со комунистички определениот работник и револуционер Мино Миновски од Битуше кој им дава илегални материјали за читање. Им праќа „Комунист", „Пролетер" и друго. И така Миле преку Мино станува привразник на марксизмот и комунистичките идеи.

Во 1929 година и Борис Канчевски доаѓа постојано да живее во Гостивар. И тој се запознава со Мино и, преку Милета, со напредната младинска група, но потоа оди на студии во Загреб. Сепак дејствува и во Гостивар. И затоа дејноста на Миле и Борис е испреплетена и заедничка поради тоа и сеќавањето на Миле се однесува и на акциите на Борис. Врските стануваат се појаки и материјалите побројни. Меѓу другите ги разработуваа: „Како се калеше челикот", „Железна петица", „Мајка", „Развитокот на општеството", „Анти Диринг", „Умовање на здравиот разум" и многу други. Во тоа време младината главно го врвеше времето по кафеаните. „Се договоривме, вели Миле, да отвориме читална во Гостивар, зашто на тој начин полесно би можеле да вршиме влијание врз младината. Во 1933 година успеавме. Читалната се издржуваше од членски влогови и доброволни прилози. Името ѝ беше „Доситеј Обрадовиќ". За претседател на читалната е избран Миле Тортевски.

Се формира музичка секција и драмска група. Преку нив се активираа и некои постари луѓе. На воспитните групи кои набрго се оформија се читаа книги од Гологажа, Горки, Рацин, Кершовани и други.

Во месец ноември 1934 година станува провала. Борис го апсат во Загреб и стражарно е донесен во Скопје, Миле Тортевски и Седек Костовски се уапсени во Гостивар, па и нив ги носат во Скопје. По петнаесет дена истрага, што ја води во Скопје познатиот крвник на скопската полиција, Батричевиќ, а поради доброто држење на сите, казнети се само со по месец дена затвор. Го издржуваат во Гостивар. По тој повод е затворена и читалната.

Работата на оваа група го раздвижи политичкиот живот во Гостивар и создаде доста позитивни погледи кај повеќе луѓе во градот. Резултат на тоа е големото апстинирање на изборите во 1935 година. Ставот на Партијата беше да се врши бојкот. Околис-

киот началник изврши голем притисок врз апотекарот Горчо Каписозовиќ за да му даде на Борис отказ од работа. Преку стручното здружение на аптекарите во Белград, Борис добива работа во Призрен. Но него го следат и полициските извештаи, затоа не може да остане подолго време ни во едно место. Од Призрен оди за Ресен, а од тука во Крагујевац. Во тоа време и Миле оди во војска, поради што во голема мера се намалува револуционерната работа во Гостивар. Кон крајот на 1937 година и двајцата се во Гостивар.

Со голема помош на тогашниот школски надзорник, многу чесен човек, галичанецот Коста Јосифовски — Мангароски, одново ја отвора читалната. Повторно претседател е Миле, а секретар учителот Сарџо Исовски.

,,Одделно треба да се напомне нашата работа со Галичник и со галичката младина, како и со другите мијачки села", вели Миле Тортевски. „Особено активноста ја одвивавме преку „Мијачката заедница", формирана во 1938 година во Скопје, на чело со доктор Милош Јаковлевиќ, кој, без оглед што беше „југословенски" настроен, поради неговата чесност, уживаше доверба кај народот. Таа заедница ни послужи како многу зговден параван за револуционерна работа и делување врз напредната галичка младина, како и врз младината од другите мијачки села. Преку разни форми.

За време на изборите во 1938 година, за разлика од оние во 1935 година, добивме задача да се гласа за Здружената опозиција на чело со Мачек. Носител на листата во Гостивар беше Божидар Влаиќ, адвокат од Белград. Пред изборите се организираа разговори со него како и со Драгољуб Јовановиќ, лидер на Земјоделската партија. Разговорите се одржаа во кафеаната „Сибирија". Иако однапред знаевме каков ќе биде одговорот, Борис Канчевски им постави прашање за односот на демократите и земјоделците по македонското прашање. Одговорот беше категоричен: „Македонското прашање е решено на Кајмакчалан". Целта на Борис беше јавно да се чуе каков ќе биде одговорот. Преку две илјади жители гласаа за опозиционата листа и покрај сиот терор и притисок. Во тоа време одржувавме врски и со некои напредни лица од турското население, како: со учителот Хикмет, кафеџијата Реџеп, сајџијата Абдул Фета, продавачот на зеленчук Јусуф и со други.

Како резулат на нашата активна работа во Гостивар дојде и до формирање на партиско поверенство. Во состав на тоа поверенство влегоа: Борис Канчевски, Миле Тортевски и Санде Груевски. Поверенството го формира Блажо Орландиќ.

Во своите сеќавања, Перо Тиквар, член на тогашниот Покраински комитет на КПЈ, во извештајот поднесен на партиското советување на Македонија во јуни 1940 година, и на Петтата земска конференција на КПЈ одржана во Загреб 1940 година, меѓу другото вели: „Меѓу другите места во Македонија, во Гостивар има партиско поверенство од три члена, кое треба да прерасне во месен комитет".

„Поверенството, кажува Миле, уште повеќе ја активира работата: преку читалната, преку воспитните групи и разни секции, преку разни приредби, се придоби големиот дел на младината. Се даваа разни претстави како „Власт“ од Нушиќ, Јазовец пред суд“ од Кочиќ, „Кир Јања“ од Јован Стерие Поповиќ, и многу други.

Меѓу другите, многу напредни поединци, беа Здравко Брајковски од село Беличица, кој работеше во Нови Сад, а учесник е во НОВ од 1941 година, Добре Исовски од село Леуново, кој е стрелан во логорот на Бањица — Белград. На сите овие, кога престојуваа во нашиов крај, им се давал и материјал за читање. Настојувавме да продреме и во албанското население“.

Мене далеку би ме однело да ја опишувам сета активност а тоа и не е моја цел. Напротив, целта како што неколку пати реков е да ја опишам предвоената активност на галичаните онаму каде живееја и работеа и каде што ги извршувале партиските задачи. Сакав да се види што дал Галичник во тоа време во поширокиот регион отколку што е самото село. Еве, и овде, во Гостивар, се гледа каква е улогата и активноста пред сè на Борис Канчевски и Миле Тортевски, на браќата Гиновски — Бислимовски, Анте и Крсте и на други. Покрај другите прогони и малтретирања од страна на режимската полиција, Миле Тортевски заедно со Мишко Филиповски и Љубе Исакиев во 1940 година се испратени во воениот работнички баталјон во Струга, а во јануари 1941 година испратени се Миле Тортевски, Мишко Филиповски и Седек Костовски во концентрациониот логор во Ивањица.

Ќе ја наведам и изјавата на познатиот револуционер Мино Миновски за револуционерната дејност на галичаните во Гостивар.

Мино Миновски е роден на 5. V. 1905 година. Потекнува од сиромашно работничко семејство, од убавото мијачко село Битуше. Уште во раната младост ја осетува сета мачна и горчлива печалбарска туѓина, за да заработи леб за себе и своето семејство. Како градежен работник оди секаде каде што има работа, низ целата територија на стара Југославија. Се зближува и се поврзува со напредните работници и интелегенција во поголемите и помалите места каде што работи, а особено во Скопје, како и низ цела Македонија. Уште како млад работник е во редовите на најнапредната работничка младина, како изразито смел борец за правата на работничката класа и за слободата на македонскиот народ.

Сега е заслужен пензионер и е носител, покрај други високи признанија, и на „Споменица од 1941 година“. Селото Битуше даде и многу добри борци со што се вбројува во многу напредните мијачки села. Еве што изјави Мино за активноста на споменатите другари за предвоениот период:

„Моето прво запознавање со Миле Тортевски беше случајно, во 1931 година, во Гостивар, во нивната бакалница. Контактот што го создадовме со Миле беше постојано одржуван. Миле во Гостивар претставуваше сигурен ослон за понатамошното развивање на на-

предните идеи во овој крај. Сета литература со која располагавме во тоа време му ја давав на Миле".

Еден од посветлите ликови во предвоениот период, во вистинска смисла на зборот, син на работничката класа, е Ристо Равановски.

Роден е во 1913 година во Галичник. Произлегува од сиромашно занаетчиско печалбарско семејство. Веднаш по завршувањето на основното училиште, уште како дете, според мачната традиција галичка, оди да бара работа и да се кали во животната борба далеку надвор од своето село. Таму, во туѓина, се судрува со сите тешкотии и маки што може да ги трпи еден необезбеден младешки живот. Тоа му подпомогнува уште во раната младост да стане борец за правата на работничката класа.

Најголемиот дел од животот го поминува во Скопје. Овде работи сè што може со нешто да му придонесе за неговото одржување за издршката на неговото семејство. Овде набргу се поврзува со напредното движење на работничката класа, и набргу, пред сè поради големата решителност што ја пројавува, станува миленик меѓу напредните младинци во Скопје и меѓу печалбарската галичка младина. Целото свое искуство несебично го пренесува на младите галичани печалбари, како и во самото село Галичник. Неговата преданост на работничката класа, набргу го поврзува со редовите и на напредната училишна младина. Тој и меѓу нив се здобива со нужниот авторитет и станува сакан. Се повеќе станува влијателен меѓу работниците и интелегенцијата. Таков станува зашто насекаде во сите средини и прилики води бескомпромисна борба за правата на работничката класа и на македонскиот народ.

Забележителна улога зема во штрајковите, не само како учесник туку и како поттикнувач и организатор. Учесник е и тоа во првите редови, во демонстрациите против фашистичката окупација на Албанија. Тој е еден од најистакнатите синдикалисти, пројавува активност во разни форми, а со сето свое сознание и настојчивост работи за разобличувањето на опасностите кои идат од фашизмот. Неуморен е во разобличувањето на развој кој владее во земјата и кој набргу станува продолжена рака на тој фашизам. Посебно се истакна во демонстрациите на 27 март 1941 година, кога застана во првите редови на демонстрантите.

Ристо Равановски по природа е многу жив, весел, правичен и толерантен. Затоа и се здобива со уште поголеми симпатии меѓу скопската, галичката и мијачката младина. И кога е во своето село и мијачкиот крај или кога е надвор од него, меѓу печалбарската и училишната младина, тој е постојано активен. Талентиран е за пеење а свири и на музички инструменти, прим, гитара и армоника. Тоа му помага околу себе секогаш да има поголеми групи млади луѓе. Ристо тоа го користеше за револуционерна работа. Честопати говореше: „Само преку сојузот на работниците, селаните и напредната интелегенција ќе можеме да се избориме за слобода,

а работниците се единствено способни да создадат нова народна држава".

Како резултат на неговиот темперамент и весела нарав, во Скопје беше еден од најсмелите агитатори за организирање младински излети во соседните погодни места. Секогаш на тие излети Ристо има и една од главните, предводнички улоги. Како таков набргу е ставен под контрола на скопската полиција. На еден илинденски, организиран излет, а Ристо е еден од организаторите, ми се чини тоа беше во 1936 година, уапсен е од полицијата. Држан е повеќе денови во затвор. Тоа не само што не го обескуражува, туку уште повеќе го очеличи. Но воедно тоа му е и голема поука дека во методите на работа треба да биде и попретпазлив. Неговиот стан и дуќанчето што го отвара во Скопје, му служат како место за собирање на комунисти и млади скоевци.

Во 1939 година одново е апсен, по еден состанок кај еден негов соборец. Одново е чуван во затвор повеќе денови при што е и измачуван. Но, поради неговиот однос кон движењето и неговото челично држење, поради недостиг на посериозни докази, набргу е пуштен од затвор. И во 1940 година, поради неговата политичка отворена активност во Галичник, како што беше понапред речено, а по изведбата на пиесата „Печалбари", на која беше и еден од организаторите и артистите, жандармеријата го апси во Галичник и го спроведува во Ростуше. Потоа е протеран од своето родно место во Скопје. Полицијата непрестано го гони и дури веднаш по капитулацијата на стара Југославија новиот непријател во лицето на бугарскиот фашистички окупатор Ристо одново го апси. Окупацијата ја доживува со големо здобиено револуционерно искуство, подготвен е за секаков вид борба против окупаторите: се грижи за сокривање на илегалци во Скопје, собира секаков вид помош, раступа и организира да се растураат летоци, собира оружје и учествува во сите акции што уште во првите денови на окупацијата ги организира и спроведува СКОЈ, и КПЈ, со нему својствената доследност во извршувањето на тие задачи. И подоцна е апсен, претепуван, но, пак поради недостиг на материјални докази по извесно време пуштен.

Како што се гледа, во предвоениот период некаде од 1931 година, па сè до 1941 година, Ристо е со сето свое битие во редовите на работничката класа, како истакнат член на синдикатите, а подоцна и како член на КПЈ. Неговата активност е осведочена и забележана, а како што рековме, неколку пати ја има почувствувано врз себе полициската и жандармериска чизма. Од сето тоа станува уште попрекален. Со својата политичка активност во Галичник и во редовите на печалбарската младина во Скопје, придобива многу млади работници, галичани и скопјани за револуционерна дејност, ги предводи, ги поучува и им ја укажува потребата за борба против сите тогашни работнички непријатели и ги подготвува за скорешните акции. И јас сум ја почувствувал неговата љубов и омраза.

Често сум бил во негова средина. Еднаш, во мое присуство на татка ми Филимона му рече:

„Чичко Филимоне, зашто работиш кај Бранка Тодоровиќ? На тоа куче никој не треба да му служи! Што бара тој од некаде, да биде пратеник за нашата околија. Зарем ние немаме свои луѓе“? Јас по тоа забелешка изречена од него, уште повеќе го засакав и мислам дека неговиот став ми придонесе да гласам против Бранка, за што беше понапред збор. Еве пак што вели Крсте Паковски за Ристо Равановски во предвоениот период:

„Повеќе пати во Скопје и Галичник се среќавав со Ристо Равановски. Во тоа време тој беше познат во Скопје како оформен борец за правата на работничката класа. Беше истакнат масовик, организатор на многу масовни работнички излети и секогаш најотворено настапуваше во полза на работничкото движење и за КПЈ како авангрillада на работничката класа. За време на изборите во 1935 — 36 година повеќе пати се дружевме со него и заземавме ставови во предизборната пропаганда за гласање против Јефтиќа. Гласавме за опозицијата. Повеќе пати сме дискутирале заедно со него, Ристо Дуковски, Тошо Поповски, Стево Каркински, Миле Тортевски и други, за улогата на КПЈ, за синдикатот и за работничкото движење во целост. Тие разговори добиваат карактер на организирана работа, зашто однапред се договаравме за тие разговори и состаноци. Равановски секојпат беше еден од најуочливите дискутанти во изнесувањето на свои ставови.

„Со другарот Ристо Равановски, вели Мино Миновски, се запознав во 1938 година. Неговата мала и неугледна млекарница беше врталиште на многу другари од напредното движење во Скопје. Ристо беше една немирна природа, готов во секое време за борба да се спротивставува на непријателите на работничката класа, како да сме пред барикади. Тој е весел песнопоец, вонредно способен да организира журови, вечеринки, да собира младинци и младинки и да ги развеселува со однапред подготвени разни нови форми и со пеење напредни песни, да подготвува и составува „врапчиња“, како што тогаш се практикуваше, а тие имаа содржина од културно — воспитен и политички карактер. Тој имаше исклучителни способности да пронајде куќа каде ќе се одржи жур — седенка, да прибере младинци и младинки. Неуморен беше во неговата агитаторска работа и многу омилен кај сите присутни. Посебно доаѓаше до израз неговата способност да организира излети во околните места, како во Матка, Рашче, Бел Бунар, манастирот Свети Илија, Катланово и во други места. На сите излети и седенки Ристе беше прв, на чело. Вешт за досетки, брзо создаваше расположение и во таквото расположение присутните ги повикуваше на борба против режимот. Особено голем успех имаше кај младината. Луѓето од неговото село Галичник и од крајот, блиските роднини и пријатели, неговите познаници, беа секојпат покрај него и никој не можеше да го одбие, а да не дојде на организираните вечеринки. И јас сум присуствувал на неколку од него организирани собири, па затоа и

ми е позната неговата голема активност. Таков начин на работа беше и една од методите на скопската партиска организација, а Ристо беше најгоден човек за таквата активност".

Немам намера да ги изнесувам многуте поситни детали за активноста на галичката младина во временскиот период од 1918 — 1941 година, било да се работи за пројавената активност во самото село Галичник или надвор од него бидејќи тоа би одзело многу голем простор. Затоа тој временски период би го завршил со следниов заклучок.

Во условите во кои растеше и се развиваше, селото, во начинот на живеењето и во традицијата, при одредена економска моќ и при услови на масовно печалбарење, со сите специфичности и противречности, селски и временски, младината даде многу во борбата против ненародниот големосрпскиот режим кој владееше во овој период, а значајна е и нејзината улога во ширењето на марксистичко — лењинистичките идеи и на комунистичкиот поглед на животот и светот. Младината многу даде на културно-просветното поле, во развивањето на спортскиот живот, во кршењето на сите стари синџири и стеги. Младината ја продолжи традицијата на стремежот на галичаните да се борат против сè што влече назад, против конзервативните сфаќања и старите навики во животот. Таа го продолжува патот на Ѓорѓи Пулески, Панајот Зографски, Панајот Ѓиноски, Томо и Тодор Томоски, на големата плеада на галичките борци за националните права и за слобода на македонскиот народ и на народностите и на оние што дадоа голем придонес за развитокот на македонската култура.

Во таа борба и активност во предвоениот период, како организирани младинци, членови на СКОЈ и КПЈ за Македонија, посебно се истакнуваат: Борис Канчевски, Ристо Равановски, Миле Тортевски, Крсте Паковски, Тошо Поповски, Ристо Дуковски, Стево Каркински, Ацо и Владо Чапаровски, Блаже Трошановски, Ѓорго Пулески, Круме Контески, Славко Брезовски, Велимир и Драган Ѓиновски, Методија Стојанчевски, Ристо Кецкаровски, Велимир Ванковски и други.

Постоеја и поистакнати младинци и симпатизери кои заедно со напред спомнатите активно учествуваа во развитокот на спортскиот, културниот и просветниот живот во селото и надвор од него. Тие беа како од редовите на школската така и од работна печалбарската младина. Еве кои се: Тошо Контески, Борис и Павле Бундалески, Ристо Бужароски, Бранко Лепчески, Нико Филипоски, Блаже и Петре Јанкуловски, Косто Бундоски. Блаже и Крсте Пангоски, Љубица Дуковска, Љубица Чудулоска, Петре Ажиески, Алекса Кржалоски, Велимир Брезовски, Јован и Кире Дуковски, Аврам Писески, Стојче и Блаже Росоклиоски, Јован, Сере и Веле Граолкоски, Никола и Шпиро Дренкоски, Трпко Ѓиноски, Паре Бошнакоски, Ристо Лулески, Тодос Шукриоски, Трајче Филипоски, Косто Жикоски, Митре Муратоски, Методија Чадлоски и други.

Исклучиво во спортските активности во селото учествуваа: Стрезо и Митре Цубалески, Доксе Лоноски, Боне Мангароски, Моне и Томо Муратоски, Павле Филипоски, Толе и Симон Камилоски, Павле Бундалески, Мето Чалоски, Божидар Черепналкоски и други.

Покрај споменатите две напредни младински групи, кои го движеа целиот напреден политички живот, имаше и една група постари луѓе, кои со големи симпатии гледаа на сите напредни манифестации во селото и често беа наклонети кон тие младинци и ги помагаа нивните акции. Поистакнати постари лица беа: Аврам Пендароски, доктор Милош Јаковлевиќ, Стојан Стојанчески, Ристо Стојанчески, Доксе Евтоски, илинденецот Пејчин Томоски, Ико Пангоски, Лазар Кецкаровски, Постол Бужароски, Никола Ванкоски, Веле и Ламбе Ванкоски, Арге Каркински, Васе и Ѓорѓе Кежароски, браќата Пандил и Блаже Кржалоски, Драган и Нестор Черепналкоски, Косто и Драган Филипоски, Никола Шаклески, Борис Ѓозински, Глигур Чадлоски, Борис и Томо Бундалески, Софре и Рафе Бундалески, Крсте и Иван Гегоски, Блаже Јурукоски, Постол Бошнакоски, Ќире Куцулоски, Блаже Јурукоски, Павле Чалоски и други.

Акцијата на напредните сили му даваше тон на новиот начин на живеење во селото и во тој правец продолжи онаа стара традиција од пред 1900 година, а тоа е меѓусебно сплотеност, која постојано се манифестирала меѓу галичаните. Разликата сега, во овој период, е во квалитетот што го даваше напреднава галичка младина и некои постари, како што напред стана збор. Таквиот однос во селото ќе даде подоцна во текот на НОБ и свои плодови, зашто, и покрај извесна политичка диференцираност и различни погледи, во селото потешки последици не се појавија. Нема изразити судири, нема предавства.

Сето тоа говори дека во овој период, како и понапред, Галичник дава слика на компактна политичка целина, без оглед што внатре има и дел галичани со конзервативни политички погледи. Сепак доминира прогресивното, селото дава слика на едно морално јака, прогресивна човечка, меѓу себе поврзана, целина. Еве пак да го цитирам Луја Адамича кога вели: „Во врска со ова морам да споменам дека моралните закони во Галичник се меѓу највисоките и најстриктните„. Или пак како што вели чешкиот писател Лудвиг Куба: „За еден миг сум се нашол во еден пријателски дом. Домашните ме дочекаа многу искрено и топло и така ја почнав мојата еднонеделна посета во ова прекрасно место. Многу сум се радувал за мојот престој во Галичник и верувајте не сум се разочарал. Дури моето престојување во Галичник ми изгледа како да сум доживеал некаква приказна“.

Така високите оцени давани за селото не се од некоја си куртоазност. Тие се плод на големата хармонична сплотеност пред сѐ кај младината, која нема зад себе ништо старо напластено, ништо, што би ги подвојувало и затоа се оддава слика, како што вели Куба „како да сум доживел приказна“. Или понатака кога



(Снимил: Томе Димовски)

*Галичка свадба — традиционална туристичка манифестација*

тој самиот извикнува: „Во градите ми се стегнало, осетив голема тага а воедно и желба да останам за секогаш тука. Да сум далеку од градската врева". И тој како и Адамич, за моралните квалитети на Галичник вели: „И таа, нивната верност кон својот дом, се манифестира на нивните високи морални квалитети. Меѓу себе многу се почитуваат и тоа го наследиле од нивните прадедовци. Живеат како едно големо семејство, судови не им требаат а нивниот чесен збор е над сè".

Дејноста на галичката младина не беше локалистичка, младината од Галичник со младината од околните села одржуваше контакти, особено преку спортски натпревари, и така меѓу себе поарно се запознаваа. Во 1939 година, на еден натпревар во селото Лазарополе, на нивната селска слава Илинден, Ристо Дуковски одржа состанок со околу 15 младинци од Лазарополе. Им зборуваше за историјата на Илиден 1903 како за голем македонски национален празник и за вонредната важност на Илинденското востание за историјата на македонскиот народ. Сослушан беше многу внимателно. Лазарополската група ја предводеше Ташко Грујовски кој од секојпат беше со напредни погледи. Јас и тој инаку бевме големи другари. Ташко и Бранко Лепчески, во скопскиот театар, на претставите „Печалбари", беа статисти, а Ташко Грујовски и јас работевме заедно во скопскиот тутунов комбинат. Ова посебно го истакнувам за да се сфати подоцнежната врска меѓу Ташка и мене за време на НОБ.

Слично на предавањето што го одржа Ристо Дуковски пред Лазарополската младинска група по повод на Илинден 1903, одржа и Стево Каркински пред поголема група помлади и постари галичани поседнати на софра у Ѓиновци за време веридбата на Велимира Ѓиновски, кој исто така беше напреден младинец и спаѓаше во напредната група. Излагањето на Стево за значењето на Илинден беше многу внимателно сослушано од сите присутни и поздравено беше од сите. Тоа предавање е одржано по директива на селската партиска група на ден Илинден во 1940 година.

Последните две години, 1940 — 1941, до капитулацијата на бивша Југославија, беа исполнети со организирање на многубројни револуционерни акции. Тогаш во селото беше и најмасовно присутна и печалбарската младина, поради честите воени вежби. Еве да направам еден краток преглед на овие акции за кои стана збор и порано:

Распродавање на книгата „Бели Мугри" од Кочо Рацин. Се продадоа поголем број примероци во селото преку Стево Каркински.

Се издадоа на рака пишувани повеќе броја на сатиричнохумористичниот ѕиден весник „Стругало", со многу успешни карикатури, преку кои се исмејуваа власта во селото, режимот и поединци. Весникот го уредуваше Славко Брезовски со помош на други младинци. Се истакнуваше на јавни места во селото.

По престојот во Галичник на Антон Панов се изведе пиесата „Печалбари“ и се продадоа дваесет примероци на неговата книга, на јавно место, пред црква, а продавачот е Стево Каркински.

Младината масовно учествуваше во изведбата на пиесата „Печалбари“ пред многуброен аудиториум. По изведбата последува стражарно протерување од селото на Ристо Равановски и сослушување во жандармериската станица на Ристо Дуковски, Тошо Поповски и Стево Каркински како и повикувањето на Ристо Дуковски и Тошо Поповски од страна на тогашниот претседател на општината Тихомир Михајловиќ Крцкоски.

Неколкуте судири со општинската управа и жандармерската станица поради јавните манифестации во селото како и поради пеење револуционерни песни на јавни места.

Организирано работеше партиската група. На нејзините состаноци се разработуваа трите глави од Историјата на СКП (б) како и материјали на Покраинскиот комитет на КП за Македонија. Исто така се разработуваше „Развитокот на општеството“, од Филип Филиповиќ, се читаа и разработуваа: „Што сум видел во Советскиот Сојуз“, „Уметност и критика“ и многу други напредни изданија. По разработувањето на овие материјали во организацијата, давани се на читање на поголем број симпатизери.

Организирани се бројни масовни излети, спортски приредби, собирана е народна помош. Пеени се револуционерни песни, а најчесто се пееја песните. „Старци белобрадци“, „Вањка — Вањка“, „Песната за трудот“, „Лонци нам се кују клети“, „Билеќанка“, „Митровчанка“ и многу други, како и песната за Матија Губец и други. Во пеењето на овие песни, кои воглавно ги лансираше Стево Каркински и други младинци, се истакнуваа: Трпко, Велимир и Драган Ѓиноски, Младен Милошески, кондураџија од Селце, Ристе Бужаровски, Ацо Чапароски, Методија Стојанчевски, Никола Ванкоски, Ѓорѓе и Васе Чалчески и многу други. Овие песни на селските масовни собири ги пееја и галичките младинки.

Покрај пиесата „Печалбари“, од драмската група беа давани скечеви, пеани „врабци“ на актуелни теми и слично, кои исто така беа изведувани пред голем број присутни селани.

Големо значење има секако партиската група која беше главниот двигател во селото, а е формирана во 1939 година. Како што рековме, таа организација ја сочинуваа: секретар Ристо Дуковски, членови: Тошо Поповски, Стево Каркински и Крсте Паковски. На овие состаноци редовно, кога е в село, присуствува и Ристо Равановски а од време на време и Ладе Чапарески. Основниот двигател беше групата на КПЈ, но ѝ помагаа насобрани околу неа голем број напредни младинци, кои понапред ги наведов, а некои сигурно се испуштени. Ристо Дуковски вели: „Кога би могло сите да се набројат, бројот на напредните младинци би изнесувал помеѓу 150 и 200 души. Секако цифрата е за секој почит, посебно ако се имаат предвид многуте специфичности, и сложености и противречности на селото, кое брои околу 650 домаќинства.

Како што и на другото место реков, во предвоениот период Галичник е посетуван од многу странски гости и туристи од земјата и од надвор. Меѓу нив доаѓаа и напредни луѓе кои, секако, си го чинеа своето. Во 1940 година, во придружба на познатиот уметник и прогресивен галичанец, Лазар Личеновски, на петровденските свадби, доаѓа во селото и Пјер Крижаниќ. Се сместува во куќата на Стамата Дуковски. По два изминати дена во свадбарско расположение, Крижаниќ му вели на Ристо Дуковски:

„Одушевен сум од свадбиве. Убави песни се пеат. Само, Ристо, се чувствувам како да сум на Коларчев универзитет и тоа тогаш кога има напредна манифестација. Ја чувствувам истата антифашистичка атмосвера. И овде како и таму се пеат најнапредни борбени песни". Или како што мене еднаш ми рече Филип Брајковски: „Јас многу другарував со Аца Чапаревски и идев во Галичник на свадбите петровденски. Аџо беше многу напреден, а во Галичник, покрај другото, масовно се пееја револуционерни песни, јавно, по свадбите".

Таков Галичник ја дочекува 1941 година.

## ГАЛИЧНИК ВО НОБ И ВО СОЦИЈАЛИСТИЧКАТА РЕВОЛУЦИЈА 1941 — 1945

Понапред видовме во какви прилики Галичник ја дочека капитулацијата на стара Југославија, како и окупацијата на целата земја. Фашистичките окупатори ја поделија територијата на Македонија на два дела. На линијата Групчин, близу Тетово —Челопек, близината на Кичево и помеѓу Охрид и Струга, се постави граница помеѓу бугарскиот и италијанско-албанските окупатори. Според тоа, Галичник потпадна под италијанско-албанска окупација.

По самото паѓање на стара Југославија, по напуштањето на фронтовите и бегањето, за да не се падне во заробеништво, голем број галичани, воени обврзници, од разни страни си дојдоа в село. Дојдоа и оние кои беа на подалечни реони и фронтови, како и еден дел од воените обврзници кои беа распоредени по долината на Радика, Дебар и Кичево. Тие се дојдов в село сосе оружје пред се со пушки.

Набрго по капитулацијата, се чини дека во Галичник никогаш порано не биле собрани заедно толку мажи во селото. Си дојдоа и оние кои не беа мобилизирани во војска, туку беа на печалба во повеќе градови низ земјата и во странство. Војната ги принуди да ги затворат своите дуќани.

Возраста на дојдените беше различна — од деца до старци. Секако нај многубројна беше младината, како печалбарската, така и школската.

Поради фактот што најголем број луѓе се вратија здрави и живи во своите домови, радоста во селото е голема. Но наскоро почна да владее неизвесност и стравот. Сточарите со своите стада овци се уште не беа дојдени, а тоа голем број семејства ги загрижуваше. Зашто и некои печалбари не беа дојдени, посебно оние кои одеа на печалба во подалечни места, Галичник повеќе денови остана без да влезе кој да е окупатор, без никаква власт. И со тоа беше зголемена неизвесноста и несигурноста. Но најмногу загрижуваше иднината. Не се знаеше не само каква власт ќе дојде туку и каде ќе се оди на работа, од што ќе се живее. Војната го оневозможи печалбарството во други земји, па и во други краишта од земјата.

Во Белград не можеа да се вратат најголем дел од печалбарите. Не можеа ни во Солун, ни во Софија, ни во Каиро. А и за сточарите новите граници создадоа големи тешкотии.

Во тоа време одделни луѓе почнаа да прават разни политички шпекулации околу тоа што е подобро за селото, — да дојде оваа или онаа власт. Првата јавна и помасовна дискусија што се поведе тие денови во селото се однесуваше на прашањето какви знамиња да се истакнат на јавни места, од кои окупатори. Едни беа да се истакнат германски и бугарски знамиња, други беа за италијански, и албански знамиња. Во тој момент, а бидејќи сè уште окупатор не беше дојден в село, младината истапува со прва забележителна акција. Една поголема група младинци, и огромно мнозинство потпомогнати од напредни постари луѓе, категорично се спротивстави на истакнување знамиња на кој и да е окупатор.

Во една таква жолчна расправија младината беше нападната од Тихомир Крцкоски, вечниот претседател на општината. Тој рече: „Вие сакате да создадете безредие во селото"! Младината успеа да се наметне и ниедно знаме не се истакна сè до идењето на првите претставници на италијанските окупатори. Тоа стана десетина дена по капитулацијата.

Во тие моменти, пред да дојде окупацијата во селото, за да се разбере нешто повеќе за општата состојба, Стево Каркински беше испратен до Ростуше да ја проучи ситуацијата. Некои други беа испратени и во Скопје. Кога се вратија, на сите им стана јасно дека овој реон ќе остане под италијанско-албанска окупација.

Еден поголем дел печалбари беа принудни повторно да тргнат во потрага за нова работа, за да ја обезбедат егзистенцијата на своите семејства. Еден дел и од младината замина да бара работа. Најголем број во Скопје. Сточарите набрго дојдоа со стадата овци. На тој начин во извесна мера се надомести заминувањето на еден дел од печалбарите.

Дезориентацијата сè уште е голема. Во селото почна да се слушаат радио — вести во овие семејства кои имаа радио апарати на батерии, бидејќи селото немаше струја.

Вестите од фронтовите говореа за фашистичките успеси. Тие брзо се пренесуваа низ село. Тоа загрижуваше и создаваше неизвесниот и несигурност. Сточарите, поради страв од нова појава на арамилаци, а поучени од минатото, почнаа да бараат излез во ангажирање на сејмени и дерудеџии од барјактарските албански семејства. Старите дерудеџии набргу сами се јавија.

Наскоро по доаѓањето на италијанските карабинери, во селото се оформи и албанска општина. За прв претседател беше поставен Рифат Цами, член на познатата барјактарска фамилија Цамовци од Дебарско. За секретар на општината е назначен Митре Марини од Дебар. Рифат не е само претседател туку е и еден вид селски дерудеџијаослонет на авторитетот на брата му, бајрактарот Уке Цами. Во тоа време како селски пандур и чувар на шумите бе-

ше Вено Пачоски. Тој владееше со италијанскиот јазик, поради што беше земен и за толкувач на италијанската карабинерија. Уште во почетокот да речам дека Вено имаше чесно однесување спрема селаните и спрема НОП за целиот воен период. Тој со многу нешто ја помагаше селската партиска организација. Вено, како многу друштвен и весел човек, ловец, набргу се зближи со карабинерите, а тоа подоцна многу му користеше за да може да помага на народноослободителната борба; преку Вена однапред разбиравме за некои акции на италијанската полиција.

Кусо време по формирањето на окупаторската власт дојде една италијанска коњичка единица на чело со еден капетан, со задача да изврши детален претрес во селото и да го собере оружјето од селаните.

Пред да почне со претресот, на собраните селани пред карабинерската станица, капетанот ни одржа еден говор. Тој ја фалеше италијанската војска и ги величаше нејзините успеси. Подвлече дека во претресот ќе се зема само оружје и ништо друго. Цел ден вршеа претрес и навистина не направија некое поголемо зло. Најдоа само неколку пушки. Некои од војниците земаа по нешто од куќите. Така, на пример, од куќата на Лазара Цубалески зедоа две многу убави седла и ги однесоа пред станицата. Младинците Ацо Чапаровски и јас се договоривме да ги земаме седлата назад. Дојдовме до станицата и ги дигнавме седлата. Кога капетанот не праша што правиме, Ацо му одговори: „Вие рековте дека само пушки ќе замате. Овие седла не се пушки и затоа си ги земаме назад". Капетанот се најде во незгодна положба. Ништо не одговори и не нѐ спречи Ацо и мене да ги однесеме седлата у Цубалевци. Кога ги виде Лазар, се изненади и се почуди. Оваа акција на нас двајца ги окуражи селаните, а посебно младината. Овој настан во селото беше многу коментиран.

По овие две наведени акции, што ги изведе младината во првите денови по окупацијата, со знамињата и седлата, набргу во летото беше една значајна акција. Група напредни младинци многу отворено и категорички се спротивставија на намерата на некои сточари собраните пари од селските планини да ги дадат на власта. Се предложи тие пари да бидат поделени на сиромашните семејства во селото. Записничари од собирот на кој се направи распоред на парите беа Стево Каркински, член на СКОЈ и Миле Чапароски. Во таа акција голема помош на младината ѝ дадоа и некои постари галичани, како: Нико Кукоски, Пејчин Томоски, Аврам Пендароски, Јордан Стојанчески и други. Наведениве селани на акцијата на младината гледаа со симпатии. Јордан Стојанчески јавно, пред општината, рече: „Галичник треба да се гордее со ваква правична младина". Акцијата околу парите наполно успеа. Инаку, едниот дел од парите се предаде на власта, а другиот, поголемиот, се раздели на сиромаштијата. И во таа акција најактивен противник беше бившиот претседател Тихон Крцкоски. Тој веднаш по акцијата отиде да се жали на карабинерите. На Тихомира тоа не му беше прв слу-

чај да му служи на окупаторот. Тој и пре тоа, веднаш по самото идење на фашистичките карабинери, оди в станица и им предава еден список на сомнителните галичани, со околу дваесет и пет имиња. Кога Вено Пачоски, преведувачот го прашал: „Зошто тоа го чиниш и зошто не го искина списокот?“ — Тихомир му одговорил: „Ваков список секогаш треба власта да го има во свои раце“. Тие дваесет и пет имиња како сомнителни се воделе во старата големосрпска општина, како можни криминални или политички престапници. Ете каков беше овој „слободарски“ настроен монархист.

Во овој временски период во селото сѐ уште немаше организирана комунистичка организација .Споменатите акции се изведуваа повеќе спонтано од страна на напредните младинци и одделни комунисти.

По извршениот напад на фашистичката Германија на СССР, првата земја на социјализмот, настанува значаен пресврт во политичкото расположение во селото, особено меѓу младите. Се почувствува јакнење на увереноста за конечната победа над фашизмот. Одтука и готовноста за отпор против окупаторите е се поприсутна, иако не постои цврста организација на Партија.

Прилика да се покаже на дело готовноста за отпор беше идењето на Шемзи Мури. Пред да дојде злосторникот Шемзи Мури во Галичник, се пренесоа гласови за неговите крвнички методи што ги применувал по селата околу Дебар и во Долна и Горна Река. Со закани, уцени и претепувања, собирал пушки. За тоа имал посебно овластување од окупаторските власти.

Поради неколкуте споменати јавни акции што пред овој настан ги изведе младината, некои младинци, како сомнителни, биле ставени на списокот што му бил даден на Шемзи Мури. На тој список покрај останатите бевме запишани Велимир Ѓиновски јас. Беше назначено да предадеме, Велимир пушка, а јас пушка, пиштол нагант и крагуевачка бомба. Драган Шулески како и Доксе Евтоски се први мои комшии. На два дена пред идењето на казнената експедиција, двајцата дојдоа дома и во присуство на семејството ми кажаа за Шемзи Мури, за неговите методи и за тоа дека сум на списокот ва да предадам оружје и почнаа да ме убедуваат дека треба да го предадам оружјето, дека е тоа за мое добро и добро за селото.

Откако одбив, беше ангажиран стариот и уважуван мој роднина Меле Брезоски. Но, без успех.

Вториот ден в село дојде Шемзи Мури со неговата придружба во која беше и Акија од Присојница, познат окупаторски слуга, подоцна ликвидиран. Сред село, пред новата црква, ги собира сите машки жители од шеснаеест до седумдесетгодишна возраст. Во присуство на повеќе карабинери и на нивниот командир Гвардо Салваторе, ги построи сите селани во два реда. Беа присутни преку двесте мажи галичани, меѓу кои и сите повидни првенци. Тој одржа кус говор. Рече дека секој што ќе биде прозван по списокот треба да оди дома, да го земе оружјето и да го донесе пред стројот. Оние пак што не ќе

бидат прозвани во текот на ноќта да го извадат ужјето и да го остават на селскиот пат. Народот беше преплашен.

Вечерта, пред да дојде Шемзи, во кафеаната на Ристо Мелоски, се собравме една група младинци и на мој предлог се договоривме никој да не предава оружје. Доколку Шемзи почне да напаѓа, ние него да го нападнеме. Во таа група, покрај мене, беа младинците: Велимир Ѓиноски, Тодор Контески, Ацо Чапароски, Блаже Јанкулоски, Никола Дренкоски, а од постарите Исо Режоски, Аврам Пендароски, Пејчин Томоски и други. Вено Пачоски ни соопшти дека италијанскиве карабинери на Шемзи не гледаат со арни очи, зашто ги срамел пред вишата команда дека не се способни да го соберат оружјето. Тоа ни даде уште поголем поттик за смелата замисла и договор. Да напомнам дека тогаш јас не бев ни член на СКОЈ, ни член на КПМ.

Кога почна прозивката, прв беше прочитан Дело Каркински, стар човек, сточар. Го извади од строј и го прати дома да ја донесе пушката. По него го повика Лазара Цубалески и уште неколку селани. Шести или седми по ред бев прозван јас. Шемзи Мури до збор ми рече: „Ти имаш пушка, пиштол нагант и една бомба, оди да ги донесеш!“ Стравот од него во селото беше навистина голем. По сите прозори и дворови беа наизлезени жени и деца да гледаат што ќе стане со нивните мажи. Јас излегов пред стројот и застанав пред Шемзи и му реков гласно, сите да чујат: „Јас немам никакво оружје, а и кога би имал тебе сигурно не би ти го дал!“ По таквиот мој истап во стројот се создаде бркотница. Шемзи разлутен ја повтори наредбата додавајќи: „Јас сигурно знам дека го имаш ова оружје, дури и која марка е, и каде го чуваш!“ Кога јас му ја повторив првата изјава, уште му додадов: „Ако знаеш каде е, оди и земи го!“

Навистина, како што Шемзи рече, јас имав пушка, нагант и три бомби крагуевки. Со таа пушка често и на лов одев и со неа, во мај месец 1943 година, отидов во партизани, во Мавровско-кичевскиот одред.

На таквото мое држење, Шемзи Мури ми се доближи, го крена камшикот, со кој вршел претепувања и во други села, со намера да ме удри пред целиот строј. Јас бев така облечен за да бидам готов за евентуално бегање од село. Кога го спушти камшикот да ме удри, јас го фатив за другиот крај, а со другата рака ги распетлав градите и му реков гласно: „Со камшик не обидувај се да удираш, ете имаш пиштол во појасот со него можеш да пукаш!“ По таквото држење, стројот се растури. Луѓето се насобраа околу нас двајца. Се вмешаа и карабинерите, а Шемзи остана збунет, не очекувајќи таков отпор во Галичник. Неколцина постари луѓе, на чело со Пејчина Томоски, му даваа на Шемзи гаранција оти јас ќе го донесам оружјето, сега ништо да не ми прави. Тој им рече да не даваат никаква гаранција, зашто нема да донесам никакво оружје. Потоа, карабинерите ме тргнаа настана и на барање на Шемзи ми извршија темелен претрес. Доживувајќи таков неуспех, Шемзи на сите присутни им рече: „Еве ќе ве пуштам да си одите дома, но сите да го извадите оружјето и да го оставите на патот“.

Со тоа се заврши овој собир. Карабинерскиот наредник ми рече да си одам дома. Се чинеше оти со тоа е сè свршено, но јас, иако ослободен, до навечер бев претпазлив. Истата вечер, по вечера, некој чукна на врата. Јас веќе ја имав подготвено пушката и бомбите. Ми се јави Вено Пачоски со зборовите: „Ристе, немој ништо да правиш отвори и јас ти гарантирам оти ништо нема да ти стане". Имајќи доверба во Вена Пачоски, како и понапред што реков, го оставив оружјето и ја отворив вратата.Жените беа толку возбудени и уплашени што почнаа да плачат. Вено и двајца карабинери влегоа внатре. Откако испивме кафе, ме зедоа со себе и ме однесоа на станица, каде беше и Шемзи Мури во весело расположение заедно со карабинерите. Сите беа поднапиени. Одново ме претресоа, ми го извадија ременот од бечвите, опинчаниците од опинците и ме затворија во малото собиче, кое им служеше како затвор. Над бетонот истурија вода за да не можам да седнам. Јас си помислив дека со мене е свршено и почнав да правам план за бегање, ако ме носат по месноста Скала за Ростуше. Кај мене дома се собрале роднини и комшии и веќе почнале да ме плачат.

Во станицата сè уште се пие вино и полупијано се пее. На неколку пати ноќта Вено незабележливо влезе кај мене и ми рече: „Ако јас загинам, тогаш тебе ќе ти сторат нешто". Вено веќе имаше добиено доверие кај карабинерите. Кај мене влезе и еден постар карабинер и тој ме окуражи и ми рече „монче њенте" (нема ништо). Пред зора веќе убаво поднапиени ме носат во собата кај што пиеја. Шемзи Мури ми вели: „Јас тебе ќе те ликвидирав, но, еве Вено и карабинериве велат оти ним ќе им ја предадеш пушката и затоа те пуштам дома". Вено ми ги даде одземените работи и ме извади надвор велејќи ми: „Оди слободно, јас ќе вардам сè додека не стасаш дома". Одам дома пред зора и ги наоѓам своите и комшиите, сите расплакани, зашто тие сметале на најлошото. Утредента Шемзи Мури си отиде од селото со несвршена работа во Галичник и со разнишан авторитет.

За ова смело спротивставување на јавно место што го изведов, по ослободувањето на земјата, галичката осмолетка со наставниците, а под раководство на управителот Исо Чапароски, го снимија на лента целиот исказ за настанот од 1941 година.

Организација сè уште нема во селото. Сите отпори сè уште се вршат спонтано, со мали организирани облици, но не канализирани. Во селото веќе се знае за борбите што ги водат партизаните во сите реони на југословенската територија под водство на КПЈ. Се чу дека во Кумановско, Прилепско и на други места се воделе борби и дека имало излезени партизани. Јас, пред сè поради случајот со Шемзи Мури и мојата омраза спрема окупаторот, се договорив со Петре Јанкуловски да се префрлам преку граница. На здоговорениот ден во Гостивар не се најдов со Петрета, туку со Трајчета Канчевски и со еден стар Кумановец, кој се викаше Митре. Јас имав намера да одам во Куманово и да барам врски за одење во партизани. Трајче се

согласи да ме земе со себе, и сите тројца одевме преку Сува Гора. Пред самата граница не открија италијанските цариници, нè фатија и нè однесоа во Тетово, во затвор. Бидејќи Трајче имаше со себе текстилна стока за продажба, сите тројца нè прогласија за шверцери. По близу месец дана лежење во затвор нè ослободија и јас се вратив во Галичник.

Наскоро по доаѓањето од затвор, дојде едно дете и ми кажа дека ме вика Борис Канчевски да дојдам кај Ќупевци. Јас одам и ме пречекува Борис ,облечен во галички алишта. Насмеан како што Борис знаеше да се смее и да плени. По кус разговор ми вели: „Сум слушал за тебе и за твоето држење и затоа тебе те викнав. Сакам со тебе да соработувам, а ако ти е страв, можеш да си одиш и со ништо да не се согласиш".

Како одговор на тоа јас го зедов Бориса со себе и го однесов дома. Вечерта Борис спа кај мене. Ноќта водевме долги разговори. Таа цела ноќ Борис неуморно ми зборуваше откривајќи ми ја платформата, решеноста и начините за борба против окупаторот. Борис ме плени и тогаш за прв пат дознав нешто повеќе за улогата на КПЈ. Ми раскажа за борбите што се водат во сите краишта од земјата и дека треба и ние да се готвиме за вооружена борба. Јас со големо задоволство му реков дека на мене може да смета во секое време, со што Борис беше наполно задоволен. Ме испрашуваше за други напредни селани. Јас му ги посочив, Блажета Јанкулоски, Никола Дренкоски, Ладета Контески, како и некои постари, како Аврам Пендароски и илинденецот Пејчин Томоски и уште некои на кои би могле да сеослонат. Бидејќи Борис многу арно ги познаваше галичаните, беше задоволен од дадената процена за наведените лица. Тој ми го изнесе планот за следниот ден: да одиме на разговор и за собирање парична помош за движењето кај Аргета Каркински, сточар, кај Лазара Цубалески, Томо Лоноски, двајцата трговци и кај Аврама Пендароски, за да се сретне со Пејчина Томоски. Кога чув каде намерава да одиме, право да речам, јас по малку се зачудив, но Борис ме смири. Утредента изутрина, пред да тргнеме, го викнав на кафе и да се види со Бориса Драгана Шулески, Дојде и по разговорот даде 1.000 албански лека помош.

После тоа отидовме у Аргета Каркински, кој многу љубезно не прими и не само тоа, туку му рече на Бориса: „На мене секогаш можете да сметате. Навистина треба да се води борба против окупаторот." На жена му, Аргевице, и на постарата ќерка, Даница, им рече секогаш да ни излегуват во пресрет, а на Борис му даде 3.000 албански лека помош за НОБ. Од тука отидовме кај Аврама Пендаровски и кај Јакова Бундоски. И овие убаво не дочекаа и дадоа парична помош. За кај Цубалевци и кај Лоновци рече дека е поарно сам да оди и се договоривме вечерта пак да дојде кај нас.

Кога се врати, ми кажа дека убаво поминал и дека овие дале парична поомш. Посебно беше задоволен од држењето на Лазара Цубалески. Ми кажа дека се видел и со Пејчина Томоски и дека му

кажал за мене. Борис седеше три дена. Тој на мене изврши такво големо влијание што јас исцело се определив за НОБ. Тие три дена за мене преставуваа како да сум бил на еден краток марксистички семинар. Пред да замине, Борис ми рече од тој ден да се сметам за кандидат на КПЈ. Јас сè уште не го знаев вистинското значење на тоа. Третиот ден Бориса го испратив до Куповци и до тука, во придружба со стариот Купе, замина за Беличица или Маврово, не сум сигурен каде.

Идењето на Бориса Канчески, како што се виде понапред, вроди со голем плод. По заминувањето на Бориса, како тој што ми рече, почесто се видувавме со Пејчина Томоски. Борис таа есен повеќе не дојде во Галичник, а јас на два пати се видов со него во Гостивар и го информирав за селската состојба.

Во овој временски период Тошо Поповски беше во Скопје член на КПЈ за Македонија во студентската келија во Скопје. Во истата келија членови се и Ристо Дуковски, Живка Стунска и Славка Фиданова. По налог на Борка Талески — „Црниот", кој е член на ПК КПЈ за Македонија, Тошо е префрлен во новоформирана партиска ќелија чиј секретар е Маќеларски, а членови се Свето Томиќ, Деса Кутурец и др.

Тошо, покрај друго, имаше задача да формира кандидатски и просветни групи во Скопје. Тоа го прави и формира неколку такви групи од претежно млади галички печалбари. Групите ги раководи преку Крстета Пакоски. Во тие групи покрај другите за кои се сеќаваат се: Косто Бундоски, Милош Жеваироски, Круме и Тодор Контески, Ладе Чапароски, Софре Марковски и други. Сè ова се одвива од месец јуни до крајот на ноември 1941 година. Во овие групи активен е и Блаже Попоски, а еден од раководители на групиве е и Стево Каркински.

Во тоа време, Ристе Равановски донесе од Галичник бланко крштеница и со неа му прават документ на Колендиќ Антон. На Колендиќ му се дава име Ристо Цифроски — галичанец. Всушност, оваа работа со Колендиќа ја изведуваат заедно Ристо Дуковски и Стево Каркински. Стево Каркински во тоа време има врска и со Ристе Равановски. Понапред рековме за Стева дека е во Галичник сè до август 1941 година, кога илегално се префрла за Скопје во група со: Ристо Кецкароски, Ацо Стојаноски, Методија Чадлоски и др. Веднаш се поврзува со партиската организација во Скопје каде останува и работи сè до месец јуни 1943 година. 1946 година објавена е една статија во весникот „13 ноември" што го издаде Градскиот одбор на СЗБ од НОБ на Скопје, од Стево Каркински и Ристе Кецкароски, во која се вели:

„Поради тешките услови за живеење во Галичник и од стравот кој владееше, мораше да се оди на печалба, за да се обезбеди егзистенција. Познати се убиствата што ги извршија арамиските банди над учителот Крсте Мироновски од село Тресонче и попот Ѓорѓе Штер-

јоски од село Селце. Поради ваквиот живот, бегајќи од балистичкиот терор и арамиите во 1941, 1942 и 1943 година, многу жители од западните краишта на Македонија, а особено од мијачките села Галичник, Лазарополе, Тресонче, Селце, Росоки и Сушица, — бегаа и се засолнуваа во Скопје.

Со нивното доаѓање, а посебно на младината, се создадоа услови за формирање на скоевски групи, воспитни и читачки. За тоа допринос дадоа подготвените младинци од работничката галичка младина, средношколската и студентската, кои уште во стара Југославија беа организирани во СКОЈ и КПЈ во Скопје, а некои од нив беа и во Урсовите синдикати во Скопје и Белград. Така не беше тешко во Скопје да се оформат скоевски и младински групи од галичката печалбарска младина.

На 10 септември 1941 година се формира првата скоевска група составена од галички младинци кои живееја во Скопје, а беа пребегани од италијанската окупирана територија. Во таа група влегоа: Крсте Панговски, Ристо Кецкароски, Блаже Поповски, Софре Марковски, Круме Контевски и Перо Јанкуловски. Оваа група формирана е под директива на Градскиот комитет на СКОЈ, а секретар на групава е Аврам Писевски од Галичник, студент. Кон крајот на септември групата се прошири со нови членови и тоа: Душан Аврамовски и Раде Филиповски, а со оваа група раководеше секретарот Ристо Кецкаровски. На врска беа со Аврама Писевски, а нешто подоцна со Панчета Кондев.

Покрај оваа скоевска група се формира и актив на галичкобегалскиот сектор од следниве другари: Крсте Панговски, Ристо Кецкаровски, Блаже Поповски, Раде Филиповски и Блаже Жеваировски кои беа воедно и членови на првата скоевска група. Подоцна се формираа вкупно шест групи со следниве членови:

Првата група: Блаже Панговски, Стамат Чаловски, Душан Аврамовски и Ристо Кецкаровски (секретар). Втората група: Ѓорѓе Кецкаровски, Спасе Ажиевски, Кузе од Лазарополе и Крсте Панговски (секретар). Трета група: Ванчо Пендаровски, Ристе Аврамовски, Анатол Кутревски, Трпе Дуковски и Раде Филиповски (секретар). Четврта група: Миле Апостоловски, Никола Муратовски, Елена Брезовска — Кецкаровска, Блаже Поповски (секретар). Петта група: Лазар Бајрамовски, Блаже Лаќински, Ќипро Тортевски, Јован од село Росоки, и Блаже Жеваировски (секретар). Шеста група (женска): Даринка Ажиевска, Елена Брезовска, Ружа Муратовска, една другарка од Дебар и Крсте Панговски (секретар). Или вкупно шест скоевски групи со 26 члена.“

Подоцна ќе видиме како се развиваат овие групи и како расне бројот на членови галичани во 1942—1943 година. Тоа што во статијата го опишува Стево, се надополнува и се поклопува со изјавата на Тошо Поповски, Крсте Паковски и други за галичката мобилност во полза на целите на НОБ во Скопје.

Покрај наведените активни младинци и скоевци во Галичник и Скопје, треба да се одбележи и големата активност во секој однос и исцело припадноста кон НОБ на младинецот Ацо Чапаровски, кој неустрашливо работеше во полза на револуцијата сè до неговата кобна и прерана смрт во 1942 година. Неговиот лик е останат во убава светлина и сеќавање кај сите активисти и напредни младинци од Галичник.

Воедно во оваа прилика е неопходно да се каже дека и во Гостивар галичаните играа голема улога во партиската дејност во 1941 година. Членови на КП се Борис Канчевски, Миле Тортески, Арсена Колаческа, браќата Ѓиноски (Бислимоски), Анте и Крсте, Магда Ќипроска и други активисти. Тие не се само членови на КПЈ, туку се и раководни лица во КП за гостиварскиот реон. Во 1941 година има галичани кои се исто така истакнати припадници на движењето на отпорот и во Софија. Меѓу нив е најистакнат Ѓорго Пулевски, внук на стариот македонски преродбеник Ѓорго Пулески, како и Блаже Паковски, а подоцна и Стојан Кумевски. И оние галички младинци што биле во тоа време на привремена работа во Софија активно се вклучени во движењето на отпорот и во многу имаат допринесено во развојот на софиската организација на отпорот.

Да се вратам повторно на Гостивар. Покрај наведените другари, во Гостивар уште од 1941 година револуционерно дејствува поголема група млади галичани, меѓу кои се: Ѓоко Кузманоски — Крцкоски, Љубе Тримчески, Блаже Тримчески, Вита Тримческа, а подоцна, во првата половина на 1942 година, опфатени се од партиската организација и активно работат Славка Бундалеска, Неда Ќипроска, Грозда Пендароска — Спироска, Деспот Колачески. Еве што изјави за нив Стево Матевски:

„Доста галичани во Гостивар уште во 1941 година беа вклучени во движењето и активно придонесоа за развивање на идеите на НОБ. Таа галичка група не беше мала и претставуваше убаво јадро во Гостивар. Најистакнат револуционер, уште од предвоениот период, е Борис Канчевски. Тој беше вонредно активен и редок комунист и многу допринесе за продорот на комунистичките идеи во гостиварскиот реон. Тој беше своевиден авторитет не само кај младите луѓе, туку и во целата гостиварска чаршија и во целиот овој крај. Беше изграден марксист и доследен борец, а едно од најголемите својства му беше отвореноста и пристапноста. Исто така не помал удел даде и Миле Тортески. Миле, за разлика од Бориса, беше потих, позатворен, а инаку беше олицетворение на скромност од почеток па сè до крај. Навистина овие двајца посебно придонесоа за развојот на марксизмот како и на народноослободителното движење."

Покрај наведениов број во Гостивар, без малку сите галичани, постари и помлади, се определени на страната на НОБ. Меѓу постарите посебно се издвојува Силјан Колачески, чие цело семејство уште од првите денови на НОБ активно дејствува во полза на него. За таквиот позитивен однос и пројавеност на галичаните секако го-

лема е заслугата и авторитетот пред сè на Борис Канчевски и на Миле Тортески.

Во Скопје уште од 1941 година многу се активни во извршувањето на сите партиски задачи младинците Трпе Јаковлевски, — Камилоски, по старото галичко презиме, и Негрија Новаковски — Негрески. Трпе Јаковлевски учествува во познатата акција во атентатот на Мане Мачков. Двајцата се истакнуваат во повеќе акции. Негрија е и еден од најмладите скопски партизани. Двајцата се носители на „Споменица од 1941 година“.

Тошо Поповски, до неговото доаѓање во Галичник, одржува партиски контакти во Скопје и со Методија Котевски сега генерал во ЈНА, со Перо Тиквар, Мирче Ацев и со Страшо Пинџур. Во месец ноември од Кузмана Јосифовски-Питу добива задача да замине за Галичник и да формира партиска организација во селото, а потоа таа да се прошири и во другите мијачки села. Особено му нагласил дека тој дел на Македонија има посебно значење за развојот на НОБ за целата западна територија. Во почетокот на месец декември 1941 година, Тошо доаѓа во Галичник. Истиот месец е воспоставена и партиска врска со мавровската партиска организација преку Заре Лазаревски. Тој му носи илегален материјал за растурање. На Тошо му е наложено да држи врска со партиските организации во Маврово и Дебар. Во Дебар се поврзува со секретарот на Месниот комитет. а потоа со Вељо Барутовски и со Петко Тодоровски. Понатака Тошо изјавува:

„Штом дојдов во Галичник, почнав политички да работам и да вршам подготовки за формирање ќелија на КП. Меѓу првите што ги вклучив во активна работа беше Ацо Чапароски. Потоа го ангажирав Драгана Ѓиновски, кој веќе беше скоевец. Исто така и Велимир Ѓиноски. Во тоа време извесна активност покажа и Ѓорѓе Чалчески. Веднаш по идењето во Галичник, а и понапред во Скопје, имав слушнато за определени јавни антифашистички акции на Ристо Бужаровски, чие отворено спротивставување при собирањето за оружје од еден познат окупаторски злосторник, предизвикало во селото многу позитивни коментари и дејствувало мобилизаторски. Кога тоа станало јас бев во Скопје. Исто така во тоа време водев разговор со илинденецот Пејчин Томоски, кој изрази готовност да се бори за ослободување на македонскиот народ.

Во куќата на Аврам Пендароски водев разговор и со доктор Милоша Јаковљевиќ — Брмбалчески, кој исто изрази готовност за борба против окупаторот и рече дека е готов да учествува во НОБ. Тој наскоро отиде да живее во Скопје, па потоа во Тетово. Аврам Пендароски исцело се согласи со идеите на НОБ и се вклучи во активна соработка. Нешто подоцна стапив во контакт и со Исо Режоски, печалбар, во тоа време воденичар, кој подоцна одигра значајна улога во НОБ сè до конечното ослободување. Сето тоа се одвива на крајот од 1941 година во Галичник. Така беа извршени сите подготовки за формирање на партиска ќелија.

Се чекаше да дојде некој од повисок форум. Во април месец 1942 година добив порака оти во Галичник ќе дојде некој раководител за да формира партиска ќелија. На 24 април 1942 година, преку Беличица, зашто врската веќе беше префрлена од Маврово на Беличица, дојде Кузман Јосифовски-Питу. Спиеше кај мене дома. Таа вечер формиравме партиска организација во Галичник. Јас станав секретар, а членови Драган и Велимир Ѓиновски. Другиот ден Питу замина. Претходно тој ми постави низа задачи. Меѓу првите беа: омасовување на партиската организација, создавање на скоевски и младински воспитни групи, формирање на народоослободителен одбор, АФЖ и слично. Ми стави во задача да одржуваме редовна врска со Дебар, на што Кузман му придаваше големо значење. Една од најглавните задачи која тој ја постави пред галичката ќелија беше: пробив во другите мијачки села. Таму исто така да се создадат партиски организации и воспитни групи.

Формираната ќелија, по кратко време, го измени составот. Драган и Велимир Ѓиновски немаа од што да живеат во Галичник и отидоа во Скопје. По нивното заминување јас формирав нова ќелија составена од другарите: Ристо Бужароски, Блаже Јанкулоски, Никола Дренкоски и јас како секретар. Тоа стана во првата половина на мај 1942 година. Нешто подоцна за член на КП беше примен и Исо Режоски. Оваа група комунисти ја понесе главната тежина на револуционерната дејност во селото.

Во втората половина на истата година се пробивме и во другите мијачки села. Најпрвин и најуспешно во Лазарополе. Кон крајот на октомври во Лазарополе се формира актив на кандидати за КП од следните луѓе: Ташко Груевски, Доксе Сере Доликоски, Ѓене Јосифоски, Блаже Груевски и уште еден до два другари. Во село Селце беа опфатени Сaржо и Драган Несторoски, а во селото Росоки Андон. Селото Тресонче беше во најголемиот дел иселено, по нападот и убиствата што ги извршија арамиите. Оваа работа ја организира Ристо Бужароски, кој има и најголема заслуга за остварување на задачите што ни ги опстави Кузман Јосифовски, во освојувањето на другите мијачки села. Тој многу успешно се проби во наведените села и создаде први организации на НОО.“

Активноста што ја разви оваа партиска ќелија во Галичник, овозможи во втората половина на 1942 година, во месец септември, да се формира првиот народноослободителен одбор во чиј состав влегоа: Пејчин Томоски — претседател, Исо Режоски, Постол Бужароски, Ладе Контески, Тошо Поповски, Ристе Бужароски, Крсте Маркоски, Аврам Пендароски а, нешто подоцна, и Јован Дојчиноски од селото Јанче, Овој одбор набргу разви жива политичка и организациона активност во селото. Се осети политичко раздвижување и придобивање приврзаници за НОБ што ја развија партиската организација и месниот народноослободителен одбор. За илустрација на ова, за одбележување е организираниот масовен излет на Први мај 1942 година. Тој излет се изведе многу масовно во месноста Стопанче. Таму цел ден се играше и се пееја револуционерни песни, без

оглед што беа присутни и италијанските карабинери, стационирани во селото. Тој организиран излет претставуваше видна политичка манифестација која и подоцна имаше моќне позитивен одраз и делуваше мобилизаторски врз целото население.

Голема помош на партиската организација и на месниот ослободителен одбор во прво време дадоа Невена Бошнакоска и нејзиниот син младинецот, Ладе Бошнакоски, Вено Пачоски, кој на време не известуваше за сè што станува во карабинерската станица. Тој не извести, на пример, дека постои полициска потерница по Борис Канчески, а подоцна и по Илија Антески — Смок. Голема помош во сместување на илегалци дадоа Огненица, Ѓиновица, Стрезовица, Бундалески, стари жени, од кои последната помагала и во Илинденското востание, потоа Јордан и Нестор Луканоски. Вредна и забележителна помош ни дадоа и Ружа со ќерка и Ратка Бундалеска, семејтсвото Каркинци. Помош добиваме и од други семејства, како од: Арге Каркински, Крсте и Иван Гегоски, Арге Бундалески, младинката Ружа Черепналкоска, Доксе и Доксевица Евтоски, семејството Шаклевци, Васе и Ѓорѓе Кежароски, Славко Бајрамоски, кој за цело време го помагаше движењето со сè што од него се бараше, Србиница и Ружа Жантески и од многу други. Забележителна беше помошта на НОБ на Ѓорѓе Чалчески, кога престојуваше во селото, а врската постојано ја одржуваше со Тоша Поповски. Тој вршеше со Ацо Чапароски и курирски задачи, Ладе Контески, Исо Режоски и Пејчин Томоски беа исцело ангажирани во секојдневната дејност на организацијата.

Во прикажувањето на револуционерната дејност во Галичник во периодот на НОБ и учеството на одделни галичани сепак би сакал на некои особено да укажам.

Фамилијата на Исо Еежоски, на чело со него, беше со сите свои многу скромни материјални можности исцело ангажирана во борбата. Нивната куќа, во која живееја, беше воедно и куќа на партиската организација и на движењето во целост. Посебно истакната улога во целиот тек на НОБ одигра воденица, која беше лоцирана на селската река Ѓиневица, на влезот од селото, зад Пеш

Оваа воденица беше главната јавка преку која се изведуваа низа задачи на партиската организација. Во неа често се чуваа разни илегални материјали, претстојуваа и преку неа се поврзуваа повеќе илегални партиски работници, кои идеа на врска и работа со партиската организација. Во селото или во целиот реон таа беше курирска станица. Во зимско време во Исовата воденица се чуваа скии кои служеа за курирска работа и за премин преку Бистра за Беличица и Маврово. Клучот од воденицата стоеше на договорено место што го знаеја Исо и оние кои требаше да ја користат. Неа најповеќе ја користеа Круме Контески, Ѓоко Крцкоски и Ладе Контески, како и други од месната партиска организација. Во истава оваа воденица првиот ден и ноќ, како тешко ранет, престојував и јас додека не се воспостави врска со организацијата во селото. Во неа имаат престојувано другарите Елисие Поповски,

Исо Режоски потекнуваше од сиромашно печалбарско семејство. Воденицата што е опишана погоре му служеше како извор на средства за издршка уште на татка му. Исо, уште во почетокот, по капитулацијата на бивша Југославија, се стави во редот на напредните галичани. Во 1941 година беше постојано во друштво со напредните младинци и во сè беше солидарен со нив. По формирањето на партиската организација, во почетокот на 1942 година во состав Тошо Поповски секретар и членови Ристо Бужароски, Блаже Јанкулоски и Никола Дренкоски набрго беше примен за член на КП Македонија и Исо Режоски. Неговата активност како член на КП е постојана, настојчива и успешна сè до конечното ослободување на селото, СР Македонија како и СФРЈ. Тој беше неуморен син на Револуцијата. Неговата другарка Санда, иако оптоварена со повеќе ситни деца и во голема сиромаштија, даде сè од себе во помагањето на НОБ. За жал Исо целосно не се израдува на слободата, во која целиот се вгради, зашто набргу падна тешко болен од парализа и како таков во голема мака почина.

Пејчин Томоски, за кого е во целиов труд повеќе пати зборувано, а посебно како многу храбар борец во Илинденското востание, војвода во песна испеан, е еден од светлите револуционерни ликови во времето на НОБ сè до конечното ослободување на нашата земја. Уште со престојот на Борис Канчески, уште во 1941 година, Пејчин без двоумење се стави целосно на страната на НОБ и стана активен борец против фашистичките окупатори. Подоцна, во 1942 година, тој ѝ беше на располагање на Галичката партиска организација која го искористи неговиот голем углед во селото и богато животно и борбено искуство. Со формирањето на месен одбор, во втората половина во 1942 година, Пејчин беше избран за негов прв претседател. Многу успешно го раководеше и затоа одборот набргу постигна крупни резултати во популаризацијата на НОБ и во разобличувањето на окупаторите и селските колебливци, кои сепак не беа многу.

Иако во длабока старост, не само тој туку и неговата куќа беше во целост ставена на располагање на месната партиска организација и НОБ. Неговата другарка, исто така во одминати години, се однесуваше како да е наш врсник. Секогаш бодра и полна со оптимизам сè правеше за доброто на движењето, иако нивното семејството одвај егзистираше поради големата сиромаштија. Во нивната куќа, од 1942 година сè до 1945 година, речиси немаше илегалци кои престојувале во селото а макар една вечер да не отседнале. Затоа не би ги набројувал. Голем број состаноци се држани во нивната куќа, а состаноците на Месниот одбор беа држани претежно таму, покрај другото и поради тешката подвижност на Пејчина, кој беш останат инвалид од Илинденските борби и поради староста.

И неговата ќерка Олга многу е активна во целиот период на НОБ. Таа е и член на првиот женски актив кој е формиран во втората половина на 1942 година, во состав: Ана Бужароска и

Костадинка Контеска. На почетокот на 1944 година примена е за член на КП во месната организација, додека порано, во 1943 година е член во првата скоевска група. Како што се гледа, Пејчин со неговото семејство е исцело врзан за движењето во целиот период на НОБ и навистина даде сè што може да даде еден прекален Илинденец во неговите години на староста. За него треба да се рече дека е од својата рана младост сè до конечното ослободување на вечно измачениот македонски народ доследен народен борец. Тој беше предложен да биде делегат на Првото заседание на АСНОМ, но, поради неговата тешка подвижност, не се реализира предлогот.

Целосно врзано за НОБ е и семејството на Ладета Контески, како и неговите браќа Тодор и Круме Контески. Прво би почнал со податоците за Круме Контески.

Круме е роден на 26. VII. 1917 година. Потекнува од сиромашно терзиско семејство. Уште во раната младост ја почувствува сета горчина што ја дава печалбарството. На печалба е во Белград. Крумевата вродена ведрина и развиеното чувство за другарување уште во раните години го зближува со други галички млади печалбари и напредни студенти. Честопати со нив го дели и она малку што самиот го има, тешко спечалениот динар. Неговиот хуман и другарски однос кон сиромашните студенти му придонесува и тој да се здобие со нови и напредни сознанија и револуционерни погледи. Уште во 1940 година Круме е директен учесник во познатите демонстрации во Белград — Кошутњак, наречени „Осмосептемвриски колеж", учесник е во други демонстрации што во Белград ги изведуваат студенти и работничката класа против ненародниот режим. Во дуќанот каде што работи како наемник често се среќава со членови на КПЈ од кои сега некои се познати генерали на ЈНА. Тој врши разни услуги за револуционерното движење и извршува разни задачи што му ги поставуваат. Со галичката печалбарска младина во Белград е во постојан допир и секојпат делува како напреден младинец. По капитулацијата на бивша Југославија Круме доаѓа во Скопје и набргу се поврзува со Ристо Дукоски, со Аврама Писески, Крстета Пакоски, а подоцна и со Милета Тортески и Борис Канчески. Сите задачи што ги добива од нив беспрекорно ги извршува. Во Скопје останува сè до септември 1943 година. Тогаш Круме, поради провала, е принуден да се префрли за Галичник. Овде набргу се поврзува со Тошо Поповски, Ѓока Крцкоски и со илегалецот, партискиот работник, Томо Кутурец. Неговата готовност за продолжување на борбата против окупаторите набргу доаѓа до израз. Во октомври 1943 година е примен за член на КП во месната организација. До неговото одење во партизани, во пролетта 1944 година, Круме ги извршува сите партиски задачи и е неуморен агитатор меѓу младината. Еден е од најактивните членови на КП во собирање на материјална помош, во обезбедување сместување на повеќе илегалци, меѓу кои се: Живко Брајковски, Томо Кутурец, Аризан Несторовски и многу други. Тоа го прави било во нивната стара и напуштена куќа, било во други галички куќи. Секако во

тоа му е олесната работата, зашто, како што ќе се види подолу, целото нивно семејство е директно и мошне активно врзано за НОБ уште од почетокот на 1942 година.

Пролетта во 1944 година по враќањето на Првата македонско-косовска бригада во Дебарца, Круме оди во партизани. Овде уште повеќе се изразуваат неговиот доследен однос и приврзаност кон КП и личната храброст. Набргу станува делегат на вод, четен комесар и политички комесар на баталјон. Подоцна, по формирањето на Првата македонска ударна бригада, во нејзиниот состав, а во рамките на XV македонски ударен корпус, учествува во сите борби на Сремскиот фронт за конечното ослободување на нашата земја. Личната храброст, другарскиот однос, неговиот весел и секогаш насмеан лик, му овозможуваат да стане сакан од борците и раководителите во бригадата. Круме не потклекна ни во еден момент, ни тогаш кога беше најтешко. По ослободувањето, во редовите на ЈНА, со редовно напредување, се здобива со чин потполковник и како таков добива и повеќе одликувања и заслужена пензија.

Ладе Контески, најстар брат на Круме, со другарка му Костадинка и малиот син Борис, уште од почетокот на 1942 година се исцело ставени на располагање на НОБ и на месната партиска организација. Иако неговото семејство е повеќедетно, со мали и незгрижени деца, доста сиромашно, Ладе не жалеше ни труд, ни себе си, во совесно извршување на сите задачи што му се поставуваа. Неговата голема снаодливост погодуваше и за курирска должност. Неговите две куќи, таа каде што живееше со семејството и другата, старата напуштената, беа, како и понапред што се виде, најмногу користени како база за илегални партиски работници. Во старата куќа држани се и голем број партиски состаноци. Безбедноста беше на висина. Ладе и сопруга му Костадинка редовно стражареа, а најмногу беше на стража пионерот Борис. Често пати тие го делеа последниот залак во илегалците. Да набројам некои од нив: Томо Кутурец, Живко Брајковски, Елисие Поповскии, Веселинка Малинска, Аризан Несторовски и други. И јас, како тежок ранет, подолго време престојував во нивната празна куќа, наполно обезбеден. Ладевото семејство е исцело активно и одано на делото на НОБ и на Народната револуција, и даде максимум што може да даде едно семејство, честопати ставајќи ги и своите животи во неизвесност. Нема партиска задача која не беше прифатена и извршувана со сета сериозност. Посебно треба да се истакне улогата на малиот Борис. Мене ми е тешко да најдам адекватни зборови за тоа со оглед на неговата младост. Тоа дете беше како да е од челик создадено, млад по возраст, а со сериозност на возрасен човек. Исполнуваше такви задолженија, за кои и постар би се подзамислил. Пред малиот Борис селската галичка партиска организација немаше тајни и со сите илегалци беше во контакт.

И средниот брат на Ладе и Круме, Тодор Контески, даде виден придонес во борбата против фашистичките окупатори. Пред Војната, на печалба во Београд и Тодор му припаѓаше на напредното движење. Јас со него сум служел заедно војска во стара Југославија, во Целје. Таму беше и Боге Кузмановски. Тодор уште таму се истакнуваше со големо дружољубие и веселост. Пред Војната се поврзува со напредната младина и во Галичник. Тодор беше мошне ангажиран спортист и еден од најдобрите фудбалери во Галичник. Сето тоа му придонесуваше да биде со задоволство приман од најголемиот дел на галичката младина. Од Белград во Скопје доаѓа во октомври 1942 година и се поврзува со Ристо Дуковски. Ристо го поврзува со Аврам Писески и со Славко Брезоски. Почнува да ги извршува сите задачи што му се поставуваат, а пред сѐ работи со галичаните кои се во Скопје. Добива задача да ја проучи фашистичката граница помеѓу бугарскиот и италијанскио-албанскиот окупатор за да се оспособи за префрлање на илегалци од едниот на другиот дел на македонската територија. Таа задача му ја дава Ристо Дуковски, а Тодор успешно го прави тоа. Оди илегално за Галичник и го проучува граничниот реон. Во Галичник стапи во контакт со Тошо Поповски, Ристо Бужароски и Блаже Јанкулоски. И повторно се враќа во Скопје.

Во месец април 1943 година добива задача од Ристо Дуковски и Круме Наумовски, од Тетово, преку граница да однесе писмена порака во Тетово на јавка кај „Јајчарот" во месноста Два Бреста. Истиот месец добива задача за Тетово да ги префрли Драган Спировски, Васко Поповски и Александар Белински. Во тој момент е во Скопје и Ладе, брат му, па заедно ја извршуваат оваа задача. Повеќе пати Тодор префрлува илегалци од Скопје за Тетово, Гостивар и Галичник. Меѓу нив се: Добривоје Радосављевиќ, Ванчо Зафировски — Чанак, Кочо Рацин, Владо Малевски — Тале, Елисие Повоски — Марко, Веселинка Малинска и др.

Тодор со тешкотии и со големи ризици, многу успешно ги извршува овие задачи кои беа сложени и одговорни, бидејќи се работеше за безбедно префрлување преку граница на истакнати раководители на КП и Револуцијата. Тодор ги пренесе во Галичник и некои галички комунисти: Круме Контески, Крсте Пакоски и Веле Поповски. Тодор е активен и во Галичко-реканско братство во Скопје. По задачите што му ги давал Ристо Дуковски активно работи и со галичките младинци и скоевци меѓу кои се и: Блаже Поповски, Блаже Жеваироски, Ристо Кецкароски, Толе Кутрески Деса Кутурец, Славко Брезовски и многу други.

На 14 мај 1944 година, по една провала, паѓа в затвор во Идризово. В затвор е до 3. IX. 1944 година кога бега со група комунисти галичани, што беа исто така затворени, и оди на Солунска глава со: Блаже Поповски, Раде Филипоски, Гале Бошкоски, Блаже Билински, Миле Бајрамоски, Толе Кутрески, Лазар Бајрамоски и Коле од Дебар. Таму на бачило ги прифаќа галичкиот сточар Иван Гегоски, кој е од порано активен помагач на НОБ во Галич-

ник. Внукот на Ивана, Ѓорѓа Гегоски, ги носи во село Дренов во штабот на Велешкиот одред, каде што во неговите боречки редови се приклучува целава група. Потоа се префрлени во XIV скопска бригада. Тодор набрго станува командир на митролеска придружена чета и учествува во сите борби што ги води оваа бригада сè до ослободувањето на Скопје. Потоа поставен е за шеф на мобилизациски отсек и се здобива со воен чин капетан. Во 1946 година, по лично барање, е домобилисан. Ете и со примерот на Тодора се комплетира приказот на револуционерното Контеско семејство, кое исцело е ставено на страната на НОБ и дава голем придонес за слободата на својот народ.

Целата 1942 година во Галичник беше исполнета со забележителни активности. Партиската организација беше носител на целиот политички живот во селото кој масовно се раздвижи. МНОО беше наполно активен и со успех ги извршуваше сите задачи што ги поставуваше партиската организација и на тој начин политичката ситуација во селото беше во знак на доминација на симпатиите за НОБ. Истата есен се создадоа услови за работа и во селото Гари, со помош на Ташко Груевски, и така се прошири влијанието на КПМ во целиот мијачки крај.

Во 1942 година се постигнаа огромни резултати во масовното популаризирање на целите на НОБ и КПЈ. Се придобија голем број активни симпатизери и помагачи на НОБ. Покрај понапред наведените приврзеници, беа и: Васе и Ѓорѓе Кежароски, Петре и Нестор Луканоски, Деспот и Тофе Кецкароски, Драган Муратоски, кај него и Борис Канчески еднаш престојуваше, Бранко и Бошко Лепчески, Дамјан Чапароски, Наумица Николоска, Лазарица Бошнакоска, младинецот Миле Граоркоски, Русевица Бундоска, семејството на Павлета Кипроски, кое особено го спомагаше моето семејство, го сокриваше пред најавени претреси и потери. Потоа Русе Мицоски и браката Караѓоровци особено Крсте Караѓозоски, Чалчевци и младинецот Ладе Канчески и други. Како што се гледа и покрај селските специфичности, што постојано го следат ова село и сите противречности, успехот во работата на партиската организација е голем и забележителен во оваа година. Тоа ќе создаде и уште попогодна клима за революционерна работа и ќе се овозможи престој на голем број истакнати другари илегалци во селото.

Во 1942 година беше формиран реонски партиски комитет за мавровскиот крај, чии членови се: Тошо Поповски, Живко Брајковски од Беличица, кој е и секретар, а членови се и Крсте Марковски од Никифорово и Павле Црниот од Леуново. И тоа придонесе да зајакне движењето и во Галичник со помошта на реонскиот комитет, особено преку Живко Брајковски, кој често идеше на состаноци на партиската организација во Галичник.

Во тој временски период уште повеќе се масовизираат скоевските и просветните галички групи во Скопје, како и комунистите галичани во Гостивар. Галичаните во Скопје особено се активирани

и со идењето на Борис Канчески, при крајот на 1942 година, кога за Скопје го префрлил Круме Наумоски. Тој ми изјави:

„Јас го префрлив Борис Канчевски од Тетово за Скопје. По кусо време Борис стана секретар на Месниот комитет на КПМ во Скопје. За него, за Борис, имам многу добар впечаток. Беше многу тактичен и одмерен и многу пристапен".

Потоа Круме Наумоски ми изјави: „Многу галички младинци во Скопје беа врзани за НОБ и активно работеа. Јас со Ристо Дуковски се познавам уште од предвоениот период, кога беше ученик во Тетово и играше фудбал во клубот „Љуботен". Тој уште тогаш му припаѓаше на напредното движење. Од 1941 сè до неговото паѓање во затвор, имаа врска со него. Беше целиот за НОБ. Преку него го користевме и дуќанот, ми се чини дека беше Дукоски, кој беше до урнатиот хотел „Македонија". Од тој дуќан преку Ристо добивавме храна, до која тогаш тешко се доаѓаше. Целиот персонал во дуќанот беше врзан за нас и ние имавме големо доверба. Многу галичани младинци беа членови на СКОЈ. Јас сум ги заборавил нивните имиња, а се секавам за Милоша Жеваироски, Тодор Контески и брат му Круме кои ни помагаа во префрлање илегалци преку граница и служеа како водич".

Разговарав и со другарот Боге Кузмановски за работата и улогата на галичката младина во Скопје. Еве што ми изјави тој:

„Галичката печалбарска младина, како и онаа од другите мијачки села беше активна во НОБ во Скопје. Со Ристо Равановски се знам уште од 1939 година. Тој имаше едно дуќанче во „Маџар маало" и во него често држевме состаноци. Ристо беше многу интилегентен како работник. Беше доста начитан и изграден и на него партиската организација и синдикатот сметаа во секое време како на комуниста и стар синдикалист. Многу беше комуникативен и смел революционер. Задачите лесно и предано ги извршуваше, иако беше слаб со здравјето".

Еве што вели, во својата изјава Миле Тортески за наведениов временски период:

„По моето доаѓање во Скопје во 1942, се поврзав со Ристо Дуковски ,со Крсте Пакоски и со Велимир Ѓиноски, кои членуваа во една партиска организација, која ја раководеше Ристо Дуковски. Ми се чини дека едно време беше и Стево Каркински. Во самиот почеток на 1943 година, Борис Канчески доби задача во Скопје да формира нов градски комитет. Го формира ,а покрај него беа членови Мицко Сименов, Благоја Николовски и други, а до месец јуни бев и јас член на овој комитет. Потоа, како компромитовен го напуштив Месниот комитет, а бев на лична врска со Борис Канчески, по специјални задачи. Во тоа време преку Блаже Трошановски имавме врска и со Битола. И Блаже беше на лична врска со Борис. Тој дојде од Софија во 1942 година, кога е и примен во КП. Потоа јас работев во партиската ќелија со: Крсте Пакоски, Блаже Трошановски, Круме Контески, Даринка Арсова, и со други. Покрај тоа водев група на народноослободителен одбор составен

од следниве галичани: Трпко Ѓиноски, Перо Ажиески, Алекса Кржалоски и уште некои. Преку Љубен Цветков од Прилеп, кој работеше во комесарството, добивав купони за леб, шеќер и масло и ги предавав на Методија Котевски. Купоните се даваа на сиромашни другарски фамилии. Во овој период галичките младинци беа многу активни".

Изјава на Ванчо Цветковски:

„Васил Гривчев и Миле Тортески, со кои одржував врска, поднесуваа извештаи за состојбата и револуционерната активност меѓу галичаните во Скопје, за дејностите што се одвиваа во „Галичкото братство". Јас за тоа го известував партискиот комитет. „Галичкото братство" беше користено како легална форма за револуционерна работа. Постоеја голем број галички младинци кои беа членови на СКОЈ и на КП. Во 1943 година една група младинци галичани се пријавија и се подготвуваа да одат во партизани. Со нив работеше Васил Гривчев.

Исто така треба да речам дека меѓу галичаните во Скопје се собираше голема народна помош, особено во пари, за кои се купуваше разна стока и облека за партизанските единици.
Васил Гривчев беше многу активен во народноослободителното движење во Скопје. Кај него го сместивме Кузман Јосифовски-Питу и тој беше многу задоволен од приемот. Во тоа време, 1943 година, Васил стана и член на КПМ".

Покрај другото и од предните изјави се гледа дека галичката печалбарска младина во 1942 година во завиден број е вклучена во НОБ и активно учествува во револуционерната работа и надвор од селото, а пред сè во Гостивар и Скопје.

Пред крајот на 1942 година, галичкава месна партиска организација добива голема помош со идењето на партискиот инструктор, илегалецот Илија Антевски-Смок. Тој дојде преку врска од Беличица и престојуваше кај мене. Неговото револуционерно искуство и теоретска изграденост делуваа мобилизаторски на членовите на ќелијата и МНОО. Можам слободно да речам дека јас многу научив од него. Смок, беше неуморен во револуционерната дејност, беше вонредно храбар и смирен. По цели ноќи сме седеле и Смок со мене неуморно теоретски работеше. Тој период сега ми се чини за мене беше курс на идејно-теоретски и политичко образување. Ме испитуваше за да се увери што сè сум разбрал и научил. Не беше можно тој да не се слуша внимателно, зашто на чудесен начин знаеше да предизвика внимание.

Многу убаво пееше. Често навечер ќе го викнев младинецот Владе Бошнакоски и мајка му Динговица и со моето семејство ќе пеевме тивко со затворени капаци на прозорците или пак покрај огниште. Тој самиот интелектуалец, често ми велеше: „Јас имам голема доверба во работници, сиромаси работници. Што не значи дека во школците и интелигенцијата немам доверба."

За него, за Илија Антевски — Смокот, може многу да се раскажува и пишува. Тој беше скромен и едноставен човек. Ако другарка ми Ана зготвеше нешто подобро за јадење, тој ќе станеше и ќе речеше: „Урда, посен грав или посен бакардан, за нас е доста." Тоа го говореше поради тоа што ја знаеше нашата немаштина. Таков беше Смок, човек и револуционер за голема почит.

Со него, во зимата 1942 — 1943 година, покрај неговата работа со нас во селото, на два до три пати ги обиколивме и селата Селце, Лазарополе и Росоки. Понапред од мене создадените кандидатски групи прераснаа во ќелии на КП. Смок и таму одигра голема улога како во зацврстување на организација, така и во теоретско-воспитната работа. Во февруари 1943 година, во екот на најголеми снегови, тргнавме за Лазарополе со скии, преку селото Селце. Јас не бев добар скијач. Скиите ми служеа за да не пропаѓам во снегот. Со здравјето бев слаб и на околу два километра пред селото, добив висока температура. Смок беше и физички јак и настојчив во извршувањето на задачите. Ги зеде двата пара скии, ги носеше на рамо, а мене повеќе ме носеше под рака одколку што сам одев. Патот од Галичник до Селце се оди за помалку од два часа, а ние го одевме четири часа.

Стигнавме околу полноќ во куќата на Саржо Несторoски во селото Селце. Ни стоплија чај и го распалија огнот. Татко му Саржов, стариот Петре, што сè не направи за да ме излечи. Неколку пати ноќта ме испоти и пресоблече. Другиот ден останав тука и Смок целото време го помина работејќи со браќата Саржо и Драган. Другата вечер, од како се стемни, тргнавме за Лазарополе, а за секој случај со нас дојде и Саржо. Јас од понапред имав договорен знак со Анѓа, стара жена и мајка на Доксета и Ерета Долиќовски. Куќата е на крај на селото. Знаев каде спие Анѓа. Таа под прозорот чуваше долг стап. Со него требаше три пати да се чукне и три пати да се повтори. Таа стара жена мене ми беше како втора мајка. Беа сиромаси во имот, ама многу богати со дух. Во Лазарополе бази за престој ни беа и куќите на Ташко Груевски, исто така сиромашна фамилија, која не пречекуваше со големо внимание, а посебно жените Паруска — Ташковица и Блажевица; куќата на Ѓенета Јосифовски ни беше исто така, сигурно засолниште, зашто и неговата мајка се грижеше многу за тоа. Крсте Раликоски и неговата жена ни беа често на услуга, а неговата жена, како и Мара Долиќоска ни беа од голема помош. Треба да се подвлече дека Лазарополе исто така даде голем придонес во развојот на НОБ и одигра видна улога во целиот револуционерен период.

Како што се гледа, партиската задача што Кузман Јосифовски-Питу му ја поставил на Тошо Поповски за пробив во другите мијачки села, со голем успех и релативно рано се оствари благодарејќи на галичката партиска организација.

Покрај помошта што ѝ ја даде на организацијата Ињо Антевски — Смок, есента во 1942 година и зимата 1942 — 1943 година, во Галичник дојде и познатиот шпански борец Марко — Елисие

Поповски. Првиот пат со него беше и Веселинка Малинска, а ги донесе Тодор Контески и се сместија во празната стара куќа Контеска. Беше повикан и Тошо Поповски и се одржа еден мал состанок. Вториот ден беа префрлени за Беличица, ги префрли Јордан Лукановски. Елисие Поповски, со својот огромен авторитет, исто така одигра голема улога во Галичник и во другите мијачки села за развојот на движењето во 1942 — 1943 година. Тој набрзо се здоби со авторитет и почит како шпански борец. Сите внимателно го слушаа кога ќе раскажуваше за борбите во Шпанија, како и за учеството во тие борби на многубројните југословенски комунисти, доброволци во Шпанија.

Во зимата и пролетта 1943 година со голем успех беше продолжена активноста на партиската организација и МНОО во Галичник. Уште повеќе зајакнаа врските и со другите мијачки села, а посебно со Лазарополе. Преку Галичник беше одржувана партиска врска и со Дебар, како и со Беличица и Маврово, во двете насоки. Покрај Илија Антевски — Смок и Елисие Поповски — Марко, во Галичник беше испратен на партиска работа и Томо Кутурец — Драган. Тој беше во слаба здравствена состојба и тешко се движеше во зимските денови. Покрај работата и големата помош што ѝ ја даде на галичката партиска организација, престојот во ова село придонесе и здравствено да закрепне. Исто така во текот на неговиот престој во Галичник тој даде придонес за развојот на НОБ и во другите мијачки села. Главната база му беше во Галичник. От тука одеше да ги обиколува селата Лазарополе, Селце, Тресонче, Росоки, Гари и Осој. Сè до 1944 година Томо Кутурец, едно време, особено капитулацијата на Италија, толку често престојуваше во Галичник, што може слободно да се рече стана еден вид постојан жител. Речиси легалню се движеше и целото село го познаваше. И тоа е уште еден голем доказ дека во селото Галичник, како и во другите мијачки села, во тој временски период, иако постоеше реакционерна активност, немаше предавства и поголема предавничка соработка со окупаторот, сè до ослободувањето на СР Македонија.

Изјава на Томо Кутурец:

„Присутно ми е сеќавањето за револуционерната антифашистичка борба во 1943. Таа година, во раната пролет, кога во кратерите на Бистра планина уште се белееја латици снег, мојата партиска врска, другарот Тошо Поповски, ме пренесе од село Беличица во Галичник, каде, во првото време, престојував во неговата куќа како илегалец на партиско-политичка работа на тој терен.

Галичник е претежно сточарско и печалбарско место. Машкото население принудено е да бара животна егзистенција на четирите страни на светот. Растурена насекаде по континентот во потрага по работа, младата генерација при враќањето во своето родно место го пренесува и сè она што видела, научила, дознала, доживела и чула при нијзиниот макотрпен печалбарски живот. Пренесуваа и она што било прогресивно: револуционерните идеи на Руската ок-

томвриска револуција, политичката и класната борба на пролетаријатот, националното сознание за својата самобитност.

Општо, земено, во текот на НОБ партиската организација во Галичник беше главниот организатор и двигател за реализација на идеите и целите на НОБ и на Народната револуција. Кон крајот на 1943 година партиската организација осетно ја консолидира својата структура со новодојдените членови на Партија од Скопје: Круме Контески, Ѓоко Кузманоски, Крсте Пакоски, Стево Каркински, како и со други новопримени. Со тоа се прошири активноста на партиската организација меѓу народот преку пропагирање на политиката на НОБ. Беа создадени добри услови за разни собирни акции и помош и за праќање борци во партизанските одреди.

Галичник како најголема населба на мијачијата, беше еден вид гравитационен центар, крстопат, каде поминуваа по задача курири, борци — партизани и партиски работници. Галичник служеше исто така како пункт каде се одржуваа и состаноците на Околискиот комитет на КП за тој крај, а исто така од време на време и на Обласниот комитет на КП од тоа подрачје, како и други политички собири за проблемите и задачите на партиските организации и народноослободителните комитети, за делото на Народната револуција.

Галичник, со мал исклучок на поединци, беше за НОБ и го помагаше НОБ.

До која мера населението на Галичник беше поврзано за НОБ, ќе илустрирам со еден од многуте карактеристични случаи: Во 1943 година требаше да заминам по задача од Галичник за село Гари, ноќе, во придружба со другарот Ѓоко Кузманоски, член на партиската организација од Галичник. Одејќи по една од патеките покрај галичката река, одненадеж се судривме, лице в лице, со една албанска жандармериска патрола, која припука на нас, а потоа почнаа викотници и пукање од жандармериската станица, која се наоѓаше на ридот над селото, на патот спрема Јанче, а која била алармирана. Другарот Ѓоко и јас во тој момент се изгубивме. Мене ништо друго не ми остана туку да се вратам назад во селото и бидејќи беше опасно да се вратам во куќата од каде што излегов, отидов право во куќата на Пејчин Томовски стар илинденец и активен помагач на НОБ. Целото село беше вознемирено таа ноќ, бидејќи знаеше дека во него постојано престојуваат партиски работници и партизани, и се плашеше некој да не настрада таа ноќ. Моето движење кон куќата на Пејчин беше следено од многу очи. Но и во овој случај, како и во ред други слични ситуации во мојата партиско-политичка работа, како во Галичник така и во другите седум мијачки села што беа во мој делокруг на работа, сè беше покриено со строга масовна конспирација.

Улогата на Партиската организација и нејзино политичко влијание од ден на ден стануваа се посилни. Народноослободителниот комитет во Галичник, раководен од Партијата, во почетокот на 1944 прерасна во вистинска народна власт. Ги имаше скоро сите атрибути на таа функција. Покрај другото првенствена задача на власта

беше организирање самоодбрана на селото од разни балистички банди кои се готвеа да го нападнат. За таа цел Партиската организација и Народноослободителниот комитет формира една месна вооружен чета за одбрана на селото. Таквите мерки беа доста ефикасни за да го одвратат непријателот од неговите намери.

Носител за оживотворување на идејно-политичките цели на НОБ и Народната револуција беше Партиската организација во Галичник, со нејзините членови, првоборците Тошо Поповски и Ристо Бужарски, потоа, Круме Контески, Гоко Кузманоски, Крсте Пакоски и други.

Активно организирано учествуваа и ја помагаа Народноослободителната борба: Пејчин Томоски, Исо Брезоски и многу други.

Покрај наведените партиски работници и илегалци кои престојуваа во Галичник во повеќе наврати, таму престојуваше и Ванчо Бурзевски — Лазо. Најголем дел од времето го престоја во мојата куќа. Тој целата 1943 година идеше и одеше од селото. За него, покрај активот и соработниците, знаеја голем број галичани, а по капитулацијата на Италија, тој исцело се легализира во селото. Дури тогаш, кога јас отидов во партизани, пред крај на мај 1943 година. Ванчо Бурзевски и понатаму одседнуваше во мојата куќа, каде работеше и на партиската техника. Ми се чини дека и тоа е голем доказ за поранешната констатација дека и покрај сите противречности и политичко шаренило, во селото немаше предавници.

Во втората половина од 1943 година уште повеќе зајакна партиската организација и сè помасовно почна да се шири движењето во селото. Од Скопје дојдоа во Галичник другарите Крсте Пакоски, со неговата другарка Трпана, Круме Контески, Стево Каркински, младинецот Тодос Шушлески и од Гостивар Ѓоко Крцкоски. Наведениве другари дојдоа во Галичник со веќе богато револуционерно искуство и набргу беа вклучени во организацијата. На тој начин таа се омасови и сè повеќе се разви активноста. Не беше мал придонесот на предниве другари, а посебно на Ѓока Крцкоски, кој пред да дојде во Галичник беше секретар на партиската организација во Гостивар. И младинската група, како и женската, се повеќе се проширувашe. За месниот МНОО може слободно да се рече дека не ја смали својата активност и врз него исцело се потпираше месната партиска организација.

Во месец август 1943 година кај мене дома дојдоа Елисие Поповски, Крсте Црвенковски и Веселинка Малинска. Останаа 3 дена и стапија во контакт со повеќе луѓе од селото кои беа повикани на разговор во мојата куќа.

Со нив и јас се повлеков зашто бев во постојана придружба на другарот Елисие Поповски. Во секој случај нивниот престој во селото многу позитивно се одрази за понатамошната работа. Тоа е уште еден доказ дека во Галичник беше создадена таква клима, што престојот на кој и да е илегалец и раководител не беше доведен во опасност.

Изјава на Веселинка Малинска:

„Со задоволство се сеќавам на моите два престоја во Галичник. Преку граница мене и Елисие не пренесе другарот Тодор Контески. Беше големо невреме и тој другар навистина стори сè безбедно да ја преминеме границата и нè однесе во Галичник. Во куќата каде што бевме сместени многу љубезно не пречекаа и бевме наполно безбедни. Тоа беше првиот пат. Вториот пат бевме сместени во куќата на Ристо Бужароски, каде што бевме со големо внимание пречекани. Во текот на тој престој имавме можност да се сретнеме и да разговараме со неколкумина постари галичани кои Ристо ги повика.

Во текот на овие мои два престоја во Галичник можеше да се почувствува и види оти ова село е тесно поврзано со НОБ. Ние во Галичник се чувствувавме наполно безбедни, независно од тоа што во селото постоеше окупаторска власт. Затоа моите впечатоци за Галичник и галичаните се многу добри".

Изјава на Крсте Црвенковски:

„За Галичник сум читал уште пред Војната, како за село кое има значајно место во нашата македонска историја, особено во XIX век. Ова село даде многу истакнати фигури во македонската просвета, култура и уметност. Со Галичник директно се сретнав во 1943 година. Тогаш бев секретар на Окружниот комитет на КПМ за западна Македонија. Првиот пат бев на 12 јули, селската слава Петровден, а вториот пат сред самата капитулација на Италија. Од двата престоја ми останаа многу добри впечатоци, а бев сместен во гостољубивата куќа на Ристо Бужароски. Како во 1943, така и во 1944 година имав можноста да ја следам активноста на Галичник во НОБ, затоа можам да кажам дека ова место во текот на целиот период на Народноослободителната борба што ја водеа нашите народи, безрезервно ја поддржуваше таа борба и беше активно вклучена во неа. Сите ние што како илегалци престојувавме во Галичник се чувствуваме наполно безбедни. Се движевме слободно. Одржувавме состаноци и разговори јавно, со знаење на целото население. Галичаните беа свесни дека македонскиот народ се најде пред историска пресвртница за конечно да се здобие со долго чеканата национална слобода и ново општество со социјална правда."

Како што понапред реков, во овој временски период, од 1941-1943 година, а и подоцна, повторно на сцена стапуваат арамиските и пљачкашките банди. Тие пак почнаа да царуваат и покрај големиот број ангажирани и убаво платени дерудеции и сејмени. Токму беа ангажирани по сите околни села. И тоа создаваше страв и несигурност кај селаните. Луѓето сè повеќе се несигурни, било за овците, било за личните животи. Таквата состојба ги тераше луѓето да бараат начини за одбрана од арамиите.

Еве да изнесам еден нецелосен преглед на извршените пљачки и арамилаци во Галичник во времето од 1941 до 1943 година:

## 1941 година

| | | |
|---|---|---|
| Во јули украдени на Ѓ. Топузоски два коња со вредност од | 6.500 | алб. лека |
| 16 август украдени на Д. Буцески пари и облека во вредност | 7.000 | “ |
| “ На Јосе Жикоски “ “ | 1.500 | “ |
| “ На Пане Жикоски “ “ | 2.500 | “ |
| “ На Димо Чалоски пари и облека, вредност | 2.500 | “ |
| “ На Тане Канчески “ “ | 6.000 | “ |
| Во Септември на браќата Крцкоски, Кузе и Борис, украдени се 750 овци | 150.000 | “ |
| Септември на Каркинци и Камиловци — 140 јагниња | 22.000 | “ |

### ИЗДАДЕНИ РАСХОДИ ЗА ДЕРУДЕЖИИ И СЕЈМЕНИ ПО БАЧИЛА

| | | |
|---|---|---|
| „Говедарник“ — Куковци и други селани | 15.000 | “ |
| „Русин“ — Буцевски и други | 12.000 | “ |
| „Салтаница“ — Марковци и други | 8.000 | “ |
| „Чаушица“ — Поле Черепналкоски | 22.000 | “ |
| „Кирилевец“ — Косто и Тодор Бундалески | 20.000 | “ |
| „Жерноничка“ — Русе Черепналкоски | 12.000 | “ |
| „Чукни гопаница“ — Ј. Филипоски и други | 16.000 | “ |
| „Полце“ — Браќа Муратовци | 22.000 | “ |
| „Пашиница“ — Каркинци и Камиловци | 20.000 | “ |
| „Ахметовица“ — Браќа Чаловци и други | 20.000 | “ |
| „Богдевска“ — Арге Каркински | 9.000 | “ |
| „Маздрача“ — браќата Крцкоски | 25.000 | “ |
| „Враца“ — Санда Ќипроска | 15.000 | “ |
| „Карбула“ — Ѓино Лакински | 5.000 | “ |
| или се: | 419.000 | “ |

Предниов преглед, иако е годината почната од половината, очигледно докажува дека Галичник пак ја доживува историската судбина на плачки, разновидни ограбувања и дигање на стада овци и коњи. Секако некоја штета е и пропуштена и непријавена од разни причини и стравувања, но и оваа не е мала. Со овие издадени вонредни расходи и парична вредност на опљачканото во тоа време, по тогашните пазарни цени, галичаните можеа да купат 2.950 овци. А еве пак како оди понатаму:

### ВКУПНИТЕ ШТЕТИ ВО 1942 ГОДИНА

| | | |
|---|---|---|
| Јуни месец украдени пари Угрин Булбулоски | 2.000 | “ |
| “ за откуп за киднапираниот Доксе Ѓ. Филипоски | 45.000 | “ |
| “ за откуп на киднапираниот Тодор Т. Томоски | 10.000 | “ |
| “ за откуп на киднапираниот Блаже Ј. Јурукоски | 5.000 | “ |
| Август — откуп за киднапирани три овчара на Р. Черепналкоски | 45.000 | “ |
| “ украдено на браќата Муратовци 150 јаловици овци | 60.000 | “ |
| Септември — пак на Муратовци, украдени 340 овци | 140.000 | “ |
| Август на Т. Бундалески и Ѓ. Лаќински украдени 11 коњи | 36.000 | “ |
| “ “ “ “ 150 овци | 80.000 | “ |
| “ на Нико Кукоски украдени 3 коњи | 10.000 | “ |
| “ на Поле Черепналкоски украдени 12 коња | 38.000 | “ |
| Септември — на Санда Кипроска украдени 150 овци | 60.000 | “ |

**ИЗДАДЕНИ РАСХОДИ ЗА ДЕРУДЕЖИИ И СЕЈМЕНИ ПО БАЧИЛА**

| | | |
|---|---|---|
| „Селечка" — браќата Муратовци | 75.000 | " |
| „Краишта" — Н. Кукоски и Чалоски | 35.000 | " |
| „Смрека" — Поле Черепналкоски | 75.000 | " |
| „Салтаница" — С. Маркоски и други | 15.000 | " |
| „Русин" — Д. Буцески, Геговци | 25.000 | " |
| „Солумуница" — Косто Бундалески | 65.000 | " |
| „Ахметовица" — Р. Черепналкоски Д. С. Чалоски | 60.000 | " |
| „Чукнитопаница" — Јован Филипоски и други | 65.000 | " |
| „Пашиница" — Каркинци и Камиловци | 45.000 | " |

За селото Галичник платени пари и издршка од 1942 година до мај 1943 во вкупна вредност од 36.000.

| | | |
|---|---|---|
| Октомври месец украдено на В. Муратоски во разни работи | 16.000 | " |
| " Меле, Славко и Јован Кукоски | 22.000 | " |
| " Трајко Попоски ограбен | 5.000 | " |
| " Л. Канчески ограбен | 4.000 | " |
| " Борис Бундалески ограбен | 6.000 | " |
| Ноември — на Г. Филипоски украдени 19 овци — вредност | 8.000 | " |
| во 1941 | 419.000 | " |
| или се — 1942 | 1.128.000 | " |
| Вкупно во 1941 и 1942 г. | 1.547.000 | " |

Со оваа висока сума галичаните можеле да купат, по тогашните пазарни цени, 9.300 овци. Или, не со незголемена, туку со тогашната вредност, галичаните, во време на окупацијата, произлегува дека се оштетени за околу 25.000 грла овци, само од грабежи и расходи за наводна борба против грабежи.

Како што и понапред реков во предниов преглед не се собрани сите издатоци, туку е тоа само еден дел на ограбувања и пљачкање, како и трошоци за сејменски и башибозучки гоштевања. Ако би се набројала и пресметала сета штета што ја трпел Галичник во тој временски период, осигурено е дека бројката би изнесувала вредност од над 30.000 овци. Стравот и големата неизвесност за враќањето по секое тргнување од село, а особено кога е тоа правено поединечно, не се измерливи со никаква парична вредност. Сето тоа ги терало галичаните како и во понапреждните времиња да се зближуваат, заеднички заштитуваат и да се бранат од сите наезди, не само со давање одпор со пушка, туку и на овој начин со платено „заштитување". Многу пати галичаните се просто приморни да ги земаат сејмените, иако се однапред свесни оти се тие, или биле, во дослух со јавните арамии, и макар што често нивното ангажирање значело, како галичанецот да нагазил на склопчени змии отровници. Наемањето сејмени донекаде значело и однапред подготвување терен за полесни и побезболни пљачки за арамиите.

Предните податоци ми ги подготви Алекса Муратоски, анкетирајќи и други лица.

Во првиот дел на мојов труд, дадов пошироки објаснувања за толку пати спомнативе сејмени. Сега ги повторив уште еднаш и во овој дел за читателот да добие појасна претстава. Сејмениве не се галички производ, тие се зло издадено од време на поранешни услови за опстанок затоа не може да се одбегне. Тоа важи и за сите други околини мијачки села, како и од Долна и Горна река, дури за оние кои многу помалку имале што да заштитуваат отколку Галичник.

За уште поочигледно да се согледа во какви услови се развиваше и работеше партиската организација во Галичник, ќе наведам уште еден пример, кој во 1943 година, го потресе целото село. Тој се одигра многу слично како оној од 1920 година, кога Галичник го нападна злогласниот арамија Каљош од Зајас, со помош на сејмените ангажирани да го бранат Галичник. Овој разбојнички напад е исто така организиран однатре, од селото, од страна на албанскиот полицаец Бајрам, од Присојница. Тој уште од 1941 година е поставен за албански полицаец, уште при самото формирање на албанската окупаторска општина во Галичник. Тоа му овозможи целото село добро да го запознае. Тој се здружи со една албанска — арамиска група и изведува 1943 година еден ненадеен ноќен напад на селото, специјално на куќата на Славко Бајрамоски. Сејмените што се во селото не го спречиле нападот. Единствено самиот Славко даваше отпор. Сепак, напаѓачите успеале да го киднапираат и да изнудат уцена.

Сето тоа ја правеше тешка климата за работа на партиската организација. Зашто по случајот на грабнувањето за уцена на Славко Бајрамоски, тоа се повтори со Доксе Филипоски, Блаже Јуруkоски, Тодор Томоски и Крсте Караѓозоски и други.

Неоспорен е и фактот, дека сè побезобѕирниот однос на окупаторот како власт, слободните акции на арамиите, дејноста на балистите, сè повеќе им ги отвораше очите на луѓето и сè повеќе ги свртуваше кон НОБ. Сестраната помош во пари и натура, одзивите за извршување на низа задачи што ги преземаше зајакнатата партиска организација и МНОО, беа сè повидливи.

Во овој период галичаните дадоа голема помош и покажаа готовност за соработка со партиската организација.

Оваа 1943 година е активна година и за галичките бегалци како и за оние кои се од порано настанети од Скопје. И понапред беше збор за таа активност, која не малку придонесе за јакнењето на партиската организација и СКОЈ во Скопје. Меѓу организираните Галички активности голем придонес дадоа и многуте печалбари. Покрај тоа за работа на скопската партиска организација во многу има придонесено и галичкиот пункт, таканареченото „Галичко братство“. Еве за тоа што ми изјави Симеонов Мицко — тогашен член на Месниот комитет во Скопје:

„По образувањето на ЦК КП за Македонија настапи една поголема мобилност и раздвиженост во популаризирањето на народноослободителната борба и прибирање на симпатизери во сите можни пунктови каде за тоа постоеја услови. Таков еден кункт беше таканареченото „Галичко братство", во кое беа собрани бегалци од Галичник и тие што беа дојдени порано во Скопје. Познато ми е дека во 1943 година ова братство беше еден значаен резервоар на симпатизери и активности од кои се собираше народна помош, на кои им се делеа илегални материјали, летоци и радио весник. Организирано е и изнаоѓање станови за состаноци и престој на илегалци кои доаѓа во Скопје, собирни акции меѓу членството на Братството во материјални потреби, за испраќање во партизанските одреди и друго. Сето ова ми е познато од извештаите што беа поднесувани на Месниот комитет на КПМ во Скопје во 1943 година од членовите одговорни за тоа, и тоа: прво од Миле Тортески, потоа од Методија Котевски и на крајот од Ванчо Цветковски. Знам дека извесна активност со жените и женската младина имаше во тоа време Љубица Дуковска. Исто така на поединечна врска беше и другарот Васил Гривчев, кој околу себе имаше еден актив од работници во работилницата за килими, што беше лоцирана до грчкиот конзулат. Сето напред речено се одвиваше во 1943 година."

Во меѓу време јас, по директива, одам во партизани и учествувам во тешките борби што се водат во есента 1943 година. Во тие борби, кои многу храбро ги водеа групата баталјони на Првата македонско-косовска бригада со многу надмокниот непријател, пред да се префрли во Грција, тешко бев ранет во главата, како командир на партизанска чета. Јас поради тешката рана не бев способен за понапорно движење и по решението на штабот на бригадата бев преку врска префрлен со партизанска придружба преку Гари и Осој за Галичник. Во селото Осој ме прифати Томо Кутурец — Драган и тука останав два дена. Од тука по врска бев префрлен во Галичник. Мојата задача беше да се излекувам, да се поврзам со Партиската организација и со Реонскиот комитет и доколку дозволат општите услови, да формирам скијачки одред за делување во зимата 1943 — 1944 година. До тоа не дојде од повеќе причини.

Со моето идење како илегалец во Галичник за да се лекувам, ѝ се создаде проблем на Партиската организација. Прво бев сместен во празната куќа на Ладе Контески. Секретар на партиската организација во Галичник беше Ѓоко Крцкоски. Поради мојата слабост и тешка подвижност, повеќето партиски состаноци се одржуваа во куќата на Контевски, на кои често присуствуваше и Живко Брајковски и Аризан Несторовски — Мали Марко, од Беличица. Партиската организација беше одново зајакната со дојдените другари од Скопје. Организацијата јакнеше и во другите мијачки села.

Во месец февруари 1944 година, добив од реонскиот комитет задача да се легализирам во селото, со цел уште повеќе да зајакне партиската работа. Јас едно време не се согласував и давав отпор, поради опасноста што произлегуваше од таа одлука, зашто власта беше информирана дека сум во партизани.

За да не се даде повод за интервенција на власта, организирано низ селото се пронесе глас дека сум дојден од Скопје. Но, таа замисла не успеа. Претседателот на окупаторската општина лично, во придружба со двајца сејмени и споменатиот полицаец Бајрам ме уапсија и од дома ме спроведоа во Ростуше, во окупаторската околија. В затвор бев два дена. По голема интервенција и гаранција што за мене ја дадоа Осман Незири од Ростуше и Изеир од Јанче, јас бев пуштен од затвор, дури и без поголемо сослушување. Првата вечер спав во Ростуше кај Османа. Од таму Изеир од Јанче лично ме донесе во Галичник. Треба да се одбележи дека Осман и Изеир, кај албанската окупаторска власт уживаа огромна доверба, а беа големи пријатели со татка ми Филимона Бужароски, уште од времето на власта на Бранка Тодоровиќ, пратеник од пред Војната. Сето тоа придонесе да поминам без потешки последици. По враќањето од Ростуше ја извршив директивата и се легализирав во селото.

Истата зима во Галичник дојде по илегален пат Јаким Синадиновски, родом од Гостивар. Како што ми кажа, бил испратен од претставниците на Главниот штаб на Македонија, кои беа останати на нашата територија, да се поврзе со Реонскиот комитет. Носеше писмо, што и мене ми го покажа а потписник во името на Главниот штаб ми се чини беше Мајски. Содржината беше дека јас се поставувам за командант на IV-та оперативна зона, за комесар Јаким Спировски од Охрид, а дека за заменик комесар се одредува Јаким Синадиновски. Јаким по врска преку галичката организација отиде во Беличица. После од оваа информација ништо не стана. Сигурно од оправдани причини, кои на авторот не му се познати.

Во април 1944 година, пред враќањето на Првата Македонско-косовска бригада во Дебарца, јас веќе излечен, повторно отидов во партизани со Тошо Поповски. Се приклучивме прво кон групата на Тихомир Шаревски, која беше отсечена од Првата македонско-косовска бригада. Во бригадата повторно станав командир на чета, потоа командант на придружен баталјон и заменик командант на Првата македонска бригада. Едно време вршев и должност командант на Првата македонска бригада, го заменував Тихомир Шаревски, кој беше на покус воен курс. На таа должност бев сѐ до тргањето на Македонскиот XV корпус за Сремски фронт. На Сремскиот фронт сум заменик на командант на Првата македонска бригада, заменик командант на Втората македонска бригада и заменик командант на XIV младинска ударна бригада. Во тие борби сум уште двапати лесно ранет, но немав последици. Со доаѓањето од Сремски фронт префрлен сум во штабот на Скопската армиска област

во службата КОС. Во ЈНА останав сè до 1953 година, кога на свое барање се демобилисав во чин на потполковник.

Пролетта 1944 година, кога за прв пат дојде Првата бригада во Галичник, се водеше борба со албанската жандармериска станица каде и загина еден партизан од Битола.

Само еден ден по заминувањето на бригадата од Галичник, селото е опколено од многу голема група балисти, предводени лично од злогласниот Џемо од Гостивар. Сејмените, во знак на голема благодарност на Првата бригада, поради тоа што, на мој предлог, не ги ликвидира, се впуштаат во нерамна борба со балистите за да го заштитат селото. И средсело, пред кафаната на Крсте Пендароски гине сејменот Селим Афмети. Балистите не успеаја да му се одмаздат на Галичник. Го зедоа само кафеџијата Крсте Пендароски и во месноста „Сама Бука“ го убија.

Со заминувањето на бригадата од Галичник, на повик на Штабот, во нејзините редови стапија галичките младинци Томо Черепналкоски, Бошко Дукоски, Симон Камилоски, Круме Контески, а нешто порано, Доксе Филипоски, Тодор Шушлески, Трпко Дукоски, Софре Маркоски, Славко Брезовски, Нове Бундоски, Крсте Караѓозоски, Исо Чапароски, Крсте Бундоски, Тодор Јурукоски, Тофе Кецкароски, Бошко Лепчески и други.

Нешто подоцна во борбите во и околу Кичево што ги водеше Првата македонска бригада со балистите и германците, како храбри борци погинаа младинците: Томо Черепналкоски, Бошко Дукоски, Трпко Дукоски, Софре Маркоски.

Еве за нив, за галичките борци што изјави генерал потполковникот Тихомир Шаревски, командант на Првата македонска бригада:

„Покрај Ристе Бужароски, кој беше истакнат борец и раководител и мој заменик командант на бригада, во 1944 година стапија во нашата Прва македонска бригада повеќе младинци од Галичник. Сите тие беа храбри борци. Повеќето од нив беа членови на СКОЈ и членови на КП. Без оглед што сите храбро се бореа, посебно би ги истакнал Круме Контески, Тодос Шушлески и Симон Камилоски. Сите беа добри младинци и другари. Неколкумина од нив загинаа храбро во борбата што ги водеше нашата Бригада во Кичевско. За сите нив имам само добри спомени и сеќавања Еден дел од нив, живите, ги продолжија борбите сè до конечното ослободување на СФРЈ и израснаа во раководни лица, командири и комесари. Меѓу нив посебно ги издвојувам Круме Контески, Симон Камилоски, Тодос Шушлески, Доксе Филипоски, Ѓоко Крцкоски и др., чии имиња сум ги заборавил. Сите тие храбро се бореа и си го дадоа својот удел за нашата слобода.“

Може слободно да се рече дека во 1944 година Галичник беше целиот за НОБ а особено по идењето на Бригадата во селото. Партиската ќелија, скоевската, младинската и женската организации се омасовија.

Во тој период се формира и месна чета во селото од околу 25 души. Основната задача ѝ беше одбрана на селото и извршување на низа задачи на Месниот одбор. Исцело се измени климата во полза на НОБ. Сеопштата помош што ја даваше Галичник, вклучувајќи ги и сточарите, е сè помасовна и повидна. Со еден збор во 1944 година Галичник исцело го менува ликот и станува сигурен ослонец на НОБ, и може да се каже полуслободна територија, што беше и порано.

Во 1944 година, направен е обид да се фати Тихомир Михаиловиќ — Крцкоски, кој беше осуден од партиската организација, со цел да биде ликвидиран. Но, во тоа не се успеа, — Тихомир бега од селото и оди најнапред во Битола, потоа во Белград и Рума.

Во 1943 година, за што беше збор, како и 1944 година, галичаните во Скопје и во другите места сè повеќе се активни и масовно се вклучени во НОБ. Особено во Скопје. Покрај големиот број младинци печалбари и ученици, кои беа активно вклучени во СКОЈ и КП, голема помош даваа и возрасните галичани за кои беше збор порано. Сосема мал беше бројот на оние кои се дистанцирани од НОБ, па тие не заслужуваат ни за нив да стане збор. Во Скопје скоевските групи се зголемуваат. Покрај другите понапред споменати уште првата половина од 1943 година активни скоевци се и: Павле Бужароски, Васе Караѓозоски, кои ги раководи Миле Бајрамоски. Како што пишуваат во реконструкцијата на СКОЈ во Скопје во 1943 година, Васил Гривчев и Панче Кондев, од Галичник и мијачијата тогаш имало околу 90 младинци активни членови на СКОЈ.

Од бројните галичани што се замени во партизани, во борбите се загинати: Аврам М. Писески, Трпко П. Дукоски, Бошко Е. Дукоски, Данаил С. Граолкоски, Томо И. Черепналкоски, Глигор К. Брезоски, Вено С. Бислимоски, Коста Г. Росоклиоски, Анте Г. Ѓиноски, Крсте Г. Ѓиноски, Ацо В. Гривчески, Трајче М. Черепналкоски, Софре Д. Маркоски, Миле Р. Папатанасоски, Кире Б. Ефтимоски, Ѓорѓе Б. Ефтимоски, Гале И. Стаматоски, Саве Д. Силјаноски.

За сите нив, во знак на почит и благодарност, Галичката месна организација и Земјоделската задруга „Бистра“ од Галичник, на 11. X. 1953 година средсело во Галичник, над чешмата Упија им е подигнат споменик на кој се испишани наведените имиња како трајно сеќавање за оние кои ги положија своите животи за слободата на македонскиот народ и народностите како и за целата татковина СФР Југославија, за победата на социјализмот. Меѓу нив исто така на споменикот е запишано името на Ристо Раваноски, кој е умрен во Скопје во 1943 година, како истакнат комунист и револуционер.

Како што се гледа, во целиот период на НОБ, од 1941 година сè до конечното ослободување во 1945 година, Галичник со успех и со гордост ја продолжува старата традиција. Масовно и непоколебливо се определува за целите на НОБ и на Народната револуција. Тоа е логично продолжување на ајдуството уште од XVI и

XVII век, логично продолжување на славните илинденски денови, логично продолжување на борбата што во сите времиња ја водат галичаните и другите мијачки села за слободата на својот народ, а посебно од 1912 —1918 сè до 1941 година, со сите ненародни и окупаторски режими.

Во периодот 1941 — 1945 година, Галичник се вбројува во редовите на востанички места во Македонија, што може да служи за гордост на идните поколенија. Би могле да се редат уште многу редови што укажуваат на низа личности и за овој временски период како и за целиот историјат на ова познато и истакнато македонско село. Тоа оставам други да го кажат. А има уште многу да се кажува и пишува. Ова е само еден прилог да се даде најопшт приказ за развитокот на Галичник од најстари времиња до денес.

СОДРЖИНА

I

1. Белешка за авторот — — — — — — — — — — — — — — VII
2. Кон оваа книга — — — — — — — — — — — — — — — XI
3. Предговор на авторот — — — — — — — — — — — — — XIII

II

Стр.

1. Населувањето на Галичник — — — — — — — — — — — 1
2. Сточарство — — — — — — — — — — — — — — — 15
3. Печалбарство — — — — — — — — — — — — — — — 33
4. Занаетчиство и услужни дејности — — — — — — — — — 45
5. Иконописци и копаничари — — — — — — — — — — — 51
6. За галичката жена — — — — — — — — — — — — — 60
7. Писменост, просвета и култура — — — — — — — — — — 67
8. Покрстување — 1843 година — — — — — — — — — — — 98
9. Арамилаци над Галичник — — — — — — — — — — — — 107
10. Учеството на галичани во Илинденското востание — — — — — 120
11. Галичник во Балканските и во Првата светска војна — — — — 129
12. Галичник помеѓу двете светски војни (1918—1941) — — — — — 142
— Победа на прогресивните сили на општинските избори 1934 год. 151
— Организирана револуционерна дејност и образување на СКОЈ — 154
13. Галичник во НОБ и во социјалистичката револуција 1941—1945 — — 180

ИЗДАВАЧ:
ООЗТ КНИГОИЗДАТЕЛСТВО
„НАША КНИГА“ — СКОПЈЕ

*

Ристо Бужароски
ГАЛИЧКА ПОВЕСТ

*

Лектура
Александар Христовски

*

Коректор:
Снежана Спировска

*

Корица и техничко обликување
Бранко Костиќ

*

Печатено во Печатница „13 Ноември“ при
НИК „Наша книга“ — Скопје
Тираж: 3.000

*

Ова издание според чл. 36, став 1, точка 7 од Законот за оданочување на производи и услуги во промет е ослободено од плаќање на данок на промет со решение на Секретаријатот за култура на СРМ, бр. 03-611/1 од 17. 5. 1973 година.